МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

НОВА ПАРАДИГМА ЗА НОВОТО ВРЕМЕ-

НОВ УНИВЕРЗАЛЕН НАУЧЕН ПРИМЕНЕТ МОДЕЛ ЗА ИНТЕГРАЛЕН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Меѓународното право - основа на новата Парадигма за новото време

СТУДЕНТ: АНА БОБИНКОВА МИЈАКОВСКА
БРОЈ НА ИНДЕКС:M237006
МЕНТОР: ПРОФ.ДР. ЈАГОДА МИТРЕВСКА

Свети Николе, 2025

АПСТРАКТ

„Старата парадигма“ на владење и управување со светот, со луѓето, со општествата и со државите, експоненцијално ги поткопува и ги руши темелите на меѓународното право, кое е гарант на човековите права и слободи.

Тоа е доминантниот политички начин и парадигма која се спротивставува на здравиот, достоинствен и возвишен човечки развој и хумано еволуирање и реализација на највисоките хумани, културолошки, образовни и духовни принципи, визии и цели на човештвото.

Во таа политичка парадигма е зададен голем удар на општеството и на науката, на живеењето и на создавањето, на образованието и на воспитанието на младите, со далекусежни негативни последици за општеството и за идните генерации.

Неопходното пренасочување, од негативната парадигма кон позитивна, на општествено и на цивилизациско ниво се прави најпрво со подигање на поимот на научната парадигма од полето на филозофија на науката и општествен концепт, на ниво на универзален применет научен модел, кој функционира во сите времиња, а не зависи од различни и спротивставени временски прејавени или условени концепти или теории.

Целта на овој магистерски труд е научно изведување и дефинирање на парадигмата како универзален научен применет модел.

Подигање на поимот на научната парадигма од полето на филозофија на науката и општествен концепт, на ниво на универзален научен применет модел, кој функционира во сите времиња, а не зависи од различни и спротивставени временски прејавени или условени концепти или теории.

Старата парадигма ја побива овој Универзален применет научен преродбен модел за интегрален одржлив развој, со помош и заедно со Новата парадигма за новото време, која особено се вообликува и надградува во образовниот систем, а преку него и во општествениот и во политичкиот систем. Кои заедно се во функција на создавањето, заштитата и примената на високите вредности во сите области и на интересите и целите на заедницата, народот, општеството и државата, но и на човештвото и на човечката цивилизација.

Два значајни сегменти од новата парадигма како применет универзален научен модел се и: *1. „Откриениот начин на кој создавале генијалците“* и *2. „пронајдениот применет системски начин на прекинување, спречување и сузбивање на коруптивно-криминалната пракса на сите рамништа и во сите сфери“*[1] , кои се потребни, соодветни и вистинскиот правилен начин за да се направат потребните промени и реформи низ самиот воспитно-образовен процес и соодветно применето знаење.

Главниот субјект кој ја прави таа промена на системското рамниште се некорумпираните млади, воспитувани и растени во духот на развивање на високите фактори во човекот, за спознавање, истражување и создавање, низ самиот воспитно-образовениот процес, кој е потребно исто така да е најсоодветен, за да го овозможи тоа: младите, низ воспитно-образовниот континуум да се формираат во тој дух и да го применуваат светогледот заснован врз темелните правни и морални принципи и норми (спротивен на коруптивниот и на криминогениот, кој е дел од старата парадигма), во својот личен и професионален развој како и во семејството, општеството и државата. Тоа е природно, логично, засновано, научно, правно, оправдано, еволутивно, перспективно, развојно.

Системски, стручно, принципиелно, истиот да се имплементира и реализира во општествените, во развојните, во политичките и во изборните процеси во државата.

Овој модел има поголем учинок и придонес и е на повисоко рамниште од досегашното практикување на политичко-партискиот начин и приод, заснован на старата, неодржлива и деструктивна парадигма.

Затоа нема и не може да има потребни и квалитативни промени, сè додека не започне пренасочувањето во и од овој витален сектор, од старата парадигма кон новата и доследност на образовните институции, нивната цврста определба и приоритет за создавање високостручни и високоморални академски граѓани и кадри, кои ќе бидат способни да ги предводат и донесат најдобрите и суштествени промени и реформи во просперитетна, перспективна земја, здрави и среќни луѓе, здраво и функционално општество и држава на благосостојба. Почнувајќи од нашата, македонската држава и од

[1] Изворни/оригинални авторски творечки откритија, идеи, концепти, начини и сегменти на Интердисциплинарното истражувачко иновативно творештво и систем „Гениусистемс“ со 20-тина сегменти, на авторот Ристо Мијаковски, мултимедијален уметник, академски сликар, интердисиплинарен истражувач. Со*здадени* во творечките процеси, како резултат на посветеноста на континуирани повеќедецениски истражувања на творечките процеси и системи во творецот. Истите се поместени во повеќе книги на авторот, од кои се и: *„Демистификација на тајните на генијалноста“* и *„Применета наука и философија за живеењето и за создавањето“*, во која е содржана и *Науката за внатрешните склопови во човекот*, како и коавторската книга *„Значењето на преднаталниот период за развојот на личноста“* на авторите Ристо Мијаковски и Ана Бобинкова Мијаковска, кандидатот за одбрана на овој магистерски научен труд.

македонското општество, и примена на парадигмата за новото време како универзален научен ,применет модел и на глобално, меѓународно ниво и на ниво на човечката цивилизација.

Сите стручни кадри, авторитети, професори, академици, функционери, експерти, досега кажуваат и пишуваат научни и стручни трудови, како треба, но, сепак, во праксата продолжува да се случува спротивното.

Дали младите треба да ја поддржуваат и применуваат таа стара неправна и ненаучна коруптивна и штетна парадигма или ќе ја менуваат, заедно и со помош на своите професори?

Тоа е начинот со кој ќе се стопира исселувањето, бегањето на младите, поради бесперспективноста и негрижата на самиот систем за нив и за нивната иднина во Македонија.

За да имаме свесни, совесни, достоинствени, професионални и одговорни, доблесни градители на нашата држава и општество, наспроти актуелните уривачи, разградувачи и уништувачи.

За таа цел, во општествените, во политичките и во изборните процеси, со помош на новиот системски начин ќе се применува легитимниот уставен начин за изборно кандидирање на младите преку непратиски и натпартиски, независни листи од група избирачи (како што е досега дефинирано во законот) односно во најоптималната и најсоодветната форма која би се дефинирала понатаму, со активно учество во тој процес на промени.

Тоа значи, високите образовни, стручни, општествени и цивилизациски заложби на прогресивниот мнозински македонски некорумпиран народ и суверени (кои се мнозинство) да се реализираат со помош на пронајдениот применет модел и системски начин, во кој младите се главен носител, заедно и со помош на своите професори и родители.

Оттука, општествената и академската заедница, заедно градиме успешен применет начин, во кој клучно и важно место има Меѓународниот славјански универзитет „Св. Николе“ - Свети Николе и на тој начин би се реализирал истиот применет модел и системски начин на самиот универзитет. Со примена низ научно-истражувачкиот процес и создавање трудови, научни, стручни, магистерски, докторски,

меѓу другото и врз основа на создадените творечко-истражувачки авторски сегменти, концепти, начини, методологија и методи (кои се откриени во творечко-истражувачките процеси) и имаат цивилизациска димензија и вредности.

Клучни зборови: парадигма, новото време, универзален, генијалност, научен, применет модел, систем, образование, човечки капитал/ресурси, интегрален, одржлив развој, општество, меѓународно право, владеење на право, суверенитет, држава, соработка, цивилизациски, творечки, истражувачки, идентитет, суверена, држава, доктрина, миротворство, траен мир.

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ .....

Клучни зборови:.....

СОДРЖИНА..... i

ВОВЕД.....1

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ 7

1 ПОИМ НА ПАРАДИГМА..... 7

1.1 Поим на научна парадигма..... 13

1.1.1 Оригиналниот концепт на научната парадигма на Томас С. Кун 14

1.2 Оригинален концепт на новата Парадигма за новото време - Универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој 24

1.2.1 Поставување на проблематика на тезата 25

1.2.2 Основните елементи на парадигмата како научен применет модел за интегрален одржлив развој.....34

1.2.3 Начин на функционирање и остварување на НПУНПМ 35

1.2.4 Применет модел за младите 40

1.2.5 Одржлива парадигма и решенија 42

II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....55

2 МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ.....55

2.1 Историско - компаративни истражувања 56

2.2 Цели на истражувањето 61

2.3 Хипотетска рамка 66

2.3.1 Општа хипотеза и посебни хипотези 66

2.3.1.1 Општа хипотеза 66

2.3.1.1.1 Посебна хипотеза 1 67

2.3.1.1.1.1 Поединечна хипотеза 1 67

2.3.1.1.1.2 Поединечна хипотеза 2 67

2.3.1.1.2 Посебна хипотеза 2 67

2.3.1.1.2.1 Поединечна хипотеза 1 67

2.3.1.1.2.2 Поединечна хипотеза 2 67

2.3.1.1.2.3 Поединечна хипотеза 3 67

2.3.1.1.3 Посебна хипотеза 3 68

2.3.1.1.3.1 Поединечна хипотеза 1 68

2.3.1.1.3.2 Поединечна хипотеза 2 68

2.3.1.1.3.3 Поединечна хипотеза 3 68

III. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 69

3. МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО - ОСНОВА ЗА НОВАТА ПАРАДИГМА ЗА НОВОТО ВРЕМЕ.....69

3.1 Задолжителните (императивни) норми на Меѓународното право - основа на новата Парадигма за новото време - Универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој 74

3.2 Незаснованоста и неодржливоста на старата парадигма со кршењето на меѓународното и националното право.....78

3.3 Пазарно- економската парадигма и парламентарната демократија.....96

3.4 Политичките номенклатури - дел од старата парадигма.....121

IV. ПРИМЕНА НА НОВАТА ПАРАДИГМА ЗА НОВОТО ВРЕМЕ ВО МАКЕДОНИЈА, ЗА ИНТЕГРАЛЕН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 127

4. ЗАПУШТЕНИ, ВОН УПОТРЕБА, НЕИСКОРИСТЕНИ ОБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 127

4.1 Нова парадигма на „јавно“ и „приватно“ 135

4.2 Одржливиот развој како концепт и цел 143

4.3 Одржување на мирот и безбедноста 163

4.4 Суверена државна и економска доктрина 165

4.5 Нова парадигма на вештачката интелигенција во новото време.....167

ЗАКЛУЧОК.....171

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....175

ПРИЛОЗИ.....193

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1 и 2: Царина..... 191
Слика 3: Царина..... 191
Слика 4: Катланово..... 192

ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Писмо на намери до министерката за култура (2010).....193

Прилог 2: Иницијативно барање за промена на Изборниот законик на РМ (2024).....195

Прилог 3: Отворено писмо до пратениците, Собранието, ОБСЕ, медиумите и јавноста, од Независната листа (2024).....197

Прилог 4: Претставка против дискриминација на избирачко право (2024).....199

Прилог 5: Иницијатива до Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста на Изборниот законик на РМ (2024).....201

Прилог 6: Мировна иницјатива - Хумано алтернативно писмо (2024).....203

Прилог 7: Наградено дело: Продолжение на циклусот Цивилизација - ГОЛЕМИОТ ДУХОВЕН ПОРТАЛ - 2025 Ристо Мијаковски.....208

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

лат.- латински

грч.- грчки

анг.- англиски

рус.- руски

ЈПП – јавно- приватно партнерство

САД – Соединети Американски Држави

ЕУ – Европска унија

МП – меѓународно право

МО – меѓународни односи

ООН – Организација на обединети нации

ОН – Обединети нации

НПУНПМ – Нова Парадигма - Универзален научен применет модел

СБ – Светска банка

ММФ – Меѓународен монетарен фонд

МСУ – Меѓународен славјански универзитет

ЦОР – Цели за одржлив развој

НРС – Национална развојна стратегија

НАТО – Северно атлантска организација

САД – Соединети американски држави

СССР – Сојуз на советските социјалистички републики

ДЗР – Државен завод за ревизија

СЗО – Светска здравствена организација

ДКСК – Државна комисија за спречување на корупција и криминал

ИИК – Интердисциплинарна истражувачка колонија

ДИК – Државна изборна комисија

ЕБОР – Европска банка за обнова и развој

АФБР – Африканска банка за развој

ВОВЕД

Нашиот свет е свет без експлоатација, без финансиско и друго ропство, оружје и војни. Свет во кој владее правото, трајниот мир, создавањето, суверенитетот и соработката на суверените народи и држави.[2]

Ана Бобинкова Мијаковска

Современата меѓународно - правна доктрина е рационалистичка. Таа се темели врз утврдените основни правни принципи и норми во правната наука, во меѓународното право, почнувајќи од највисокиот правен акт, Повелбата на ООН, донесена со согласност на волјите на државите основачки и потписнички - членки, со сите сегменти на меѓународното право (понатаму во текстот: МП): јавно, приватно, договорно, меѓународно право за правата на човекот, меѓународно хуманитарно и воено право, меѓународно арбитражно право, мирно решавање на спорови, како и националното, домашно право: Устав, закони, акти и јуриспруденција (судска пракса и судски одлуки), кои сите заедно се извори на меѓународното право.

Во тој меѓународно - правен систем се регулирани, уредени и пропишани со норми сите правни начини на однесување и на постапување на субјектите: 1. Државите и меѓународните организации (во меѓународното јавно право) и 2. Другите субјекти-граѓаните, физичките и правните лица во меѓународното приватно право, дипломатското и конзуларното право, во националното право, како и 3. Односите помеѓу истите.

Оттука и единственоста на меѓународно - правниот систем, кој го сочинуваат меѓународното право и меѓународните односи.

Меѓународното право и националното право се во взаемен однос на субординација, на националното под меѓународното.

[2] Мотото на Светска банка: 'Working for a world free from poverty' („Работиме за свет без сиромаштија“)

Уставот или друг акт (во некои држави) е највисок акт во државата и сите закони треба да бидат во согласност со истиот и со МП.

Основните/фундаментални и највисоки принципи и норми на МП, а во прв ред задолжителните норми *јус когенс*, кои континуирано се прошируваат, се со универзално и генерално/општо важење, за сите: *ерга омнес*.

Ние сме сè уште цивилизација во очекување, да ги исполни сите свои потенцијали. Тоа не е можно и во сегашниот 21-ви век, бидејќи меѓународниот поредок сè уште се заснова на постојано кршење на МП и на војни (од секаков вид) помеѓу државите, во кои гинат и страдаат луѓето и народите, наспроти основната цел и заложба на ООН за мир и за безбедност во светот.

Затоа, живеењето и создавањето во мир, миротворството и правото на мир, се во основата, во коренот на новата Парадигма за новото време, за остварување на својот полн потенцијал и на стремежите на човекот и на човештвото, на човечката цивилизација и на секој народ, а со тоа и на секоја држава. Во правото не постои мала држава, сите се рамноправни и суверени држави, субјекти на МП - *суверена еднаквост* и како такви е потребно сите заедно да придонесуваат за вистинскиот интегрален одржлив развој.

Во овој магистерски труд елаборирам за научната парадигма како *универзален научен применет модел*. А, целта е да го истражам ова научно поле, со помош на повеќе научни области, дициплини: филозофијата на науката, теоријата на науката, науката за знаењето (епистемологијата), методологијата и научниот развој и да се постулира новата Парадигма за новото време, како консекветен парадигматски научен универзален применлив модел за интегрален одржлив развој.

Во *првиот дел*, го елаборирам поимот на парадигма, поимот на научна парадигма, филозофско-научниот поим на парадигма и оригиналниот филозофско-научен пристап во нејзиното дефинирање и воспоставување како научна категорија и верификација за секое автентично и високо творечко и научно вредносно откритие, со научна валидност и вредност.

Елаборирам за оригиналниот концепт на *научната парадигма* на Томас Кун, американски научник и филозоф на науката, кој за првпат научно го истражува самиот

поим и основните елементи на парадигмата, кои се поставени во почетната научно-истражувачка фаза во неговиот капитален научен труд и дело „Структура на научните револуции“ (1962 г.)[3], со кое го поставува научниот поим на парадигмата односно поимот „промена на парадигмата“ - *shift of a paradigm*.

Во овој дел, се опфаќа и навлегувањето во филозофијата на науката, социологијата, политичката филозофија и политичката теорија, за да се види начинот на кој се одвива процесот на промена на концептите односно на парадигмите или моделите, врз основа на нови откритија кои ја менуваат владеачката парадигма во областите, воопшто.

Визави истото, во *третиот дел,* исто така, следува и проблемското истражување на и за воспоставувањето и функционирањето на одредена филозофска, научна и политичка теорија и идеологија спроведена во пракса, во разни периоди од последните 200 години во историјата на човештвото, откако е воспоставена, *либералниот плурализам* или *повеќепартиската парламентарна демократија*, како преовладувачки модел за уредување (општествено - политички систем) и управување со државите.

Во првиот дел, исто така, се истражува и докажува *подигање на поимот на научната парадигма* од полето на филозофија на науката и општествен концепт, на ниво на универзален научен применет модел, кој може да функционира во сите времиња, а не зависи од различни и спротивставени временски или историски пројавени и/или условени концепти и теории.

За, оттука, понатаму да следи *оригинален концепт* на новата *Парадигма за новото време - Универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој (*понатаму во текстот: НПУНПМ). Во овој дел, прво, како парадигматски научен концепт, за во *третиот дел* да биде доследно изведен научен модел.

В*ториот дел* го опфаќа методолошкиот пристап на истражувањето, методите и целите на истражувањето и поставување на хипотетската рамка, општата хипотеза и посебните хипотези на магистерскиот труд.

[3] Kun, T.S. (1974). *Struktura naučnih revolucija,* Beograd: Nolit

Во т*ретиот дел с*е одвива анализата на истражувањето на тезата за меѓународното право - основа за новата Парадигма за новото време - универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој. За потребата од *ефективна примена* на МП за да е возможен одржливиот развој, на сите нивоа и во сите области и сегменти на национално и на меѓународно и цивилизациско ниво.

Во *четвртиот дел*, кој се однесува на применетиот (правен, општествен, творечки, стопански, економски . . . - интердисциплинарен) дел од магистерскиот труд, се истражува на полето на фундаменталните човекови права кои се подигнати на права како норми во МП (кои само ги потврдуваат и нормираат инхерентните, неотуѓиви својства на човекот). Како права: право на живот, право на слобода, право на мир, право на развој, право на здрава животна средина, право на одлучување (кои се најфундаменталните во МП).

А, *правото на мир*, како право кое е *неопходно* да се оставарува или *sine qua non* за да ги овозможи односно за остварувањето на сите други права.

Односно, за *владеењето на правото* како клучен фактор за исполнување на сите Цели на одржливиот развој (ЦОР).

Се поврзуваат, концептот на новата парадигма за „јавно“ и „приватно“ со одржливиот развој како концепт и цел и одржување на мирот и безбедноста, со *миротворната иницијатива* и со *суверената државна и економска доктрина*.

На крајот, во *Заклучокот*, консеквентно, врз основа на премисите, вградени во општата хипотеза, помошните и поединечните хипотези, ја изведувам и потврдувам новата Парадигма за новото време - Универзален применет научен модел за интегрален одржлив развој.

А, всушност, во овој труд, но и во дејностите, таа е на почетокот, како концепт, кој е во согласност со дефинирањето на научната парадигма со концептот и поимот на *откритието* во науката, коешто со филозофско-научната истражувачка работа на Кун добива научна заснованост и валидност, која до ден-денес не е надмината, односно се потврдува во науката, во творештвото и во другите видови на дејности.

Всушност, се ревоспоставува и научно се рехабилитира *изворната врска* на парадигмата со *оригиналното откритие*, до кое е дојдено во творечките процеси и во

творечката и научно-истражувачка пракса и дејност, со којашто се докажува *првенството и интегралната вредност на откритијата,* кои како такви, во својата целовитост, како комплетна вредност и резултат може да се применуваат и ползуваат во разни и во повеќе области, како во творештвото и во науката, така и во општеството и во државата, зависно од видот и применливата вредност на откритието.

Но, во науката, кај нас, во Македонија, сè уште имаме меѓусебна изолација на научни и творечки области, дејности и примена, а врз основа на воспоставениот актуелен научно-образовен систем и научен и културолошки пристап. При што истражувачите, творците и научниците, со изворни оригинални откритија и создадени високи и генијални вредности, не ја добиваат соодветната потребна творечко-истражувачка и научна рамка, со цел истите да бидат валоризирани и реализирани во постигнување на највисоките цели и заложби на творештвото и на науката, за општествена, суверена (на народот и на државата) и за цивилизациска добробит.

Магистерскиот труд ги опфаќа и третира токму овие системски бариери во нашето општествено и институционално функционирање (коешто е актуелно), при што се согледуваат и евидентираат најголемите штети што истото ги предизвикува за своите граѓани, како крајни корисници, од една страна, и од друга страна за творците и дејците во сите сфери и за своето општество и држава. Институциите, кои ,,не знаат“ да ги користуваат со највиско ниво на ефект нивните откритија, иновации, постигнувања и високите творечки, научни и цивилизациски вредности, кои потоа ги искористуваат другите држави и општества, но првенствено за себе, за своја корист и добробит.

Во овој контекст треба да се каже дека најголемиот дел од тие оригинални творештва со високи вредности (и во науката и во уметноста и во сите области и дејности) го носат кодот и духот на добронамерност и придонес за општото добро (различно се дефинира и прифаќа во различните политички теории кои ја третираат оваа вредност), а не само за индивидуална корист и заработка од истите. Па, затоа, може да се каже дека со таквиот (сè уште актуелен) однос, губат најмногу општеството и државата од каде се истите произлезени.

Магистерскиот труд завршува со насоките за конкретна примена на новата Парадигма за новото време - универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој, во Македонија. Во овој случај за и со општествена акција и преку

ревитализација на капацитети и објекти кои долго време се вон употреба, како и за создавање нови капацитети, а на начин на кој ќе се користат за воспоставување на новиот применет вредносен систем и модел за интегрален одржлив развој, за суверена државна и економска доктрина и за придонесот што го има Новата парадигма за новото време.

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1 . ПОИМ НА ПАРАДИГМА

Што е парадигма?

Зборот ,,парадигма“ (лат. *paradigma*, анг. *paradigm,* рус. *парадигма*, мак. *парадигма*, старогрчки: *παράδειγμα* [*parádeigma*] : образец, пример) се формира од старогрчкиот глагол *παραδεικνύναι* [*parádeiknunai*] чиешто значење е ,,да се покаже едно до друго“.

,,Парадигма“ е поим со значење на модел, матрица, начин, пример или шаблон кој опишува, дефинира, објаснува или решава некое прашање или проблем односно начин на функционирање на одреден систем, организација, однесување, поведение, уредување, во разни области.

Поширокото значење и примена на поимот ,,парадигма“ е филозофски и научен поим, модел, метод/и и методологија/и, што е особено и многу развиено на ниво на посебните науки, дисциплини, теории, стратегии, дејности и активности од различни области.

Оттука, потесното значење на поимот ,,парадигма“ е: ,,филозофска и теоретска рамка на научна школа или дисциплина во која се формулираат теории, закони и генерализации и експериментите извршени во нивна поддршка“. Додека „широкото значење е филозофска или теоретска рамка од каков било вид“[4].

Исто така, и дека со него не се означува конкретен вид на модел или пример и затоа нема еднозначна дефиниција на парадигмата. Но, со самото тоа се забележуваат различни милсења и дебати главно околу двете стојалишта (потесното и поширокото значење): 1. ,,типичен, извонреден или совршен пример“, 2. „теоретска рамка“ или ,,*егземплар* која ја користи научната заедница, што му се припишува на американскиот научник и филозоф на науката, Томас С. Кун и неговото антологиско дело за парадигмата, Структура на научните револуции (1962, второ издание 1970)“, 3. „збир

[4] Достапно на https://www.merriam-webster.com/dictionary/paradigm

на теории кои го објаснуваат начинот на кој се разбира одредена тема во одредено време“.[5]

Уште попродлабочено е толкувањето на парадигмата како *суштествено име* како „концептуален модел или структура на мислење, кој помага за разбирање на одредена тема или појава“.[6]

Во филозофијата и филозофското значење, согласно платонистичката традиција, прадигмата е изворен образец на секој сетилен предмет, односно таа е индивидуален , партикуларен случај на општото или идејата.[7]

Според руската лингвистка, Олга Владимировна Акимова, парадигмата поврзува и обединува неколку основни елементи и може да се зборува за стрктура на парадигмата: *вредности* - она што се смета за важно, *модели* - како стекнуваме знаење, *примери* - обрасци на решенија на определени/одредени проблеми.[8]

Со поимот парадигма суштествено се поврзува и таа добива поважна дефинираност со синтагмата *„промена на парадигмата„* или *„подигнување на парадигмата“* (анг. *shift of a paradigm;* рус. *парадигмальный сдвиг*) и означување: „важна промена што се случува кога вообичаениот начин на размислување или правење нешто се заменува со нов и поинаков начин“.[9]

„Овие нови парадигми прават повеќе од само обликување на нашите ставови за специфични прашања. Тие нè принудуваат да ги преиспитаме самите темели на нашиот поглед на светот. Промените во парадигмите на кои сме сведоци денес не се само промени во научната дисциплина. Тие се револуции во нашето размислување што нè принудуваат да поставуваме нови прашања и да бараме нови одговори“.[10]

---

[5] Достапно на https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/paradigm

[6] Достапно на https://getidiom.com/dictionary/macedonian/%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%B3%D0%BC%D0%B0

[7] Достапно на https://www.enciklopedija.hr/clanak/paradigma

[8] Достапно на https://www.championat.com/lifestyle/article-5949942-paradigma-chto-eto-prostymi-slovami-chto-znachit-primery.html

[9] Достапно на https://www.merriam-webster.com/dictionary/paradigm%20shift

[10] Достапно на https://www.championat.com/lifestyle/article-5949942-paradigma-chto-eto-prostymi-slovami-chto-znachit-primery.htm

„Под парадигма ги подразбирам признатите од сите, научни достигнувања коипшто со тек на време обезбедуваат модели за поставување и за решавање на проблеми на одредена научна заедница“.[11]

Придавка: *парадигматичен, парадигматски* - кој се однесува на парадигма или модел, образец; примерен, типичен, стандардизиран.[12]

Но, за најсуштествената и фундаментална димензија, суштина, значење и примена на поимот парадигма во филозофијата и во науката (во многу сродни филозофско-научни подрачја: епистемологија, филозофија на науката, теории на науката, правни теории, социолошки теории и на другите сродни хуманистички или општествени науки: психологија, право, социологија, менаџмент, кибернетика, т.н. науки за животот или life sciences, сè уште не е цврсто филозофски и научно етаблиран и изграден, што резултира со сè поголеми оддалечувања, отклонувања во самите стојалишта, заснованост и втемеленост на науките во својот развој и особено во „новите“ или „пост“ стадиуми или фази на науките, теориите, дисциплините, идеологиите и моделите кои тие ги градат и ги применуваат во праксата, во општеството и во цивилизациски рамки/на цивилизациско ниво.

Понатаму, тоа резултира во замена/супституција на фундаменталната, суштинска парадигма или парадигматско (мета-парадигматско) ниво на воспоставување, истражување, сознанија, согледувања, креирање на неоспорен, заснован, втемелен светоглед или парадигма како длабока основа (со продлабочен приод и увид, со помош на такви продлабочени творечко-истражувачки методи и методологии, како што е *генетичкиот/та*, и објективна, која одговара на севкупната стварност и овозможува објективен соодветен одржлив развој, со овие посебни парадигматски теории, идеологии, стратегии и модели, кои ја немаат таа објективна, реална и пред сè потребна хумана и цивилизасиска моќ и димензија, а кои ни се наметнуваат како такви, моќни, униформни, глобални, па дури и безалтернативни!?

Тоа е видливо на сите рамништа, на национално и на меѓународно, па затоа и тезата на овој магистерски научен труд е поврзана со докажувањето на неодржливоста

[11] Kuhn, T. S. (1962,1970). *The Structure of Scientific Revolutions*, 2nd edition. Enlarged. Chicago: University of Chicago Press, pg. 10

[12] http://drmj.eu/show/%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%B3%D0%BC%D0%B0/%D0%B6

на *старата, постојната, владеачка парадигма* на глобално и на цивилизациско рамниште.

Оттука, исто така, лесно ќе согледаме дека тоа што се прави и се случува на ова филозофско-научно-теориско рамниште, се случува и на глобално идеолошко и стратегиско рамниште, на меѓународно и на национално ниво, во меѓународниот систем и поредок и во општествено-политичкиот систем и институционалното функционирање.

Па, така, наместо почитување на универзалните, задолжителни *јус когенс* норми на МП, кои важат за сите - *erga omnes,* тие се кршат со правото na посилниот (светските сили), а кои се, сепак, делот кој сака да завладее со целината.

А, на национално ниво, политичките партии, со своите програми и идеологии сакаат да завладеат со државата и со општеството, па и да ги продадат, вовлечат во војна, уништат и да го срушат уставно-правниот поредок и да направат геноцид врз својот народ. А, сето тоа, правејќи го синхронизирано, на тој начин што од еден светски центар, глобалистичкиот и неолибералниот, како што е сегашната владеачка парадигма во светот, се диктира и наметнува оваа парадигма или визија, и во согласност со неа и стратегијата и политиките што треба да ги спроведуваат сите земји и држави во светот.

Загадочно е колку самиот термин ,,глобално“ е ставен во оваа негативна конотација и употреба, злоупотребен, и самиот станувајќи несреќен супститут на светската и цивилизациска разноликост и богатство на култури и цивилизациски вредности, супресирајќи ги, воопшто не давајќи им можност за нивно слободно и хумано развивање и одржливост (согласно продлабочената и фундаментална парадигма на човековиот опстој и интегрален одржлив развој). Доказ за тоа е самата формулација и дефиниција на ,,глобализацијата“ како надворешно-политички концепт на САД или американска *Стратегија за ширење.*[13] Којашто ги погазува сите стремежи, визии и надежи за иднината за вистински заснован светски хуман и цивлизациски развој. Бидејќи, таа, како таква е зададена и нејзината цел е спротивна на хумаката, миротворна и цивилизациска парадигма, која сето тоа го овозможува.

[13] Нацев, З. и Котовчевски, М. (2005). *Дефендологија, Куманово:* Македонска ризница; стр.178

Од оваа основа, нема порелевантно научно и филозофско прашање од суштинското научно третирање на парадигмата и од колкава важност и значење е тоа за вистинската насока во која треба да се движи човештвото и човечката цивилизација. Исто така и сознанието за креирање на штетна парадигма, со фатални и антихумани последици.

Затоа, и во рамките на науката и особено во примената на науката е најприоритетно прашањето на парадигмата и нејзино воспоставување во основата на нашето севкупно научно и творечко истражување и делување, која го насочува, и овозможува да се движи во високо хуман развој и создавање на врвни и генијални вредности и дела.

Целата на овој труд е да придонесе во овој аспект на научниот развој и примена на науката во живеењето и во создавањето, согласно даденоста и природната положба на човекот во светот и создавач на високите и генијални човечки и цивилизациски вредности и дела и на човечката цивилизација. Коешто е спротивно на робувањето, потчинетоста на зададени парадигми и стратегии, кои се антицивилизациски и нехумани и геноцидни, кои ги водат општествата и човештвото во пропаст.

Во нашиот случај теоретскиот концепт/парадигмата е изразена со дефиниција. Затоа е важно контекстот, значењето, смислата на одреден концепт и неговото употребување во точното значење и за утврдена цел. А, не само пренесување, аплицирање и користење на дефиниран концепт со одредена општост, за поширока примена, којшто не е издржан и внесува нејаснотија, конфузија и ненаучност, бидејќи се применува на нешто за што не постои оправданост ниту пак е истражена и утврдена потребата од таа примена во животот, во општеството, во одредна состојба или за одредена цел или цели.

Затоа, *поимот на парадигмата* го дефинираме како *мета-теориски концепт*, кој не зависи од теориите туку од пофундаменталните принципи, закони и норми, кои се неоспорливи и врз чија основа може да се засноваат издржани, оправдани теории односно да се повика на незаснованост на неиздржани и неоправдани. Тоа е и насоката и средиштето на проблематиката и тезата која ја истражувам и треба да ја потврдам.

За да се објасни тој поим, концепт, се користат концептот и принципите на *идентитет, сувереност, независност, јус когенс, слобода, правичност и праведност,*

еднаквост, мир, одржлив развој, владеење на право, мирољубивост, почитување на МП.

Низ развивањето на тезата, истовремено, се врши соодветниот тип на истражувањето и на концептот. Така се гради структурата на трудот, оригинално, отколку само со вообичаени посебни оддели за објаснување на поимот и концептот на парадигма.

Тоа е сложен, повеќедимензионален концепт, кој не тежи кон целосно теоретско објаснување, но го прави објаснувањето од мета - ниво и со изведување на применет модел - парадигма, со кој во реалноста и во праксата (како и во теоријата) можат да се надминат тешкотиите на посебните теориски концепти или парадигми. Исто така и на теорискиот концепт на парадигмата во науката воопшто и менување на постоечката или владеачка парадигма: *во науката* (она што Кун го нарекува ,,нормална наука", правци, теории); *во општествено-политичкиот живот (*општествена теорија, идеологија, политички концепт, договор, агенда, стратегија, визија, цели и тн.: глобализација, деглобализација, пазарна економија, отворено општество, суверенизам и тн.).

Во овој магистерски научен труд се прави органско поврзување на тесниот и на широкиот концепт на парадигмата:

1. На *научно мета-теориско рамниште* и

2. Како *конкретен применет модел, во секое општество и држава, во секоја општествена и локална средина, ситуација и потреба.*

На тој начин го решава секогаш присутниот проблем на старата парадигма, запаѓањето во теоретизирање, одржување на нефункционална парадигма, која е несоодветна да се примени во конкретна средина и околности, спрема која треба да се прилагодуваат сите чинители, наспроти лошите резултати и последици од таквата состојба. Туку, сите субјекти -чинители да станат активни креатори на начинот и моделот со кој се овозможува слободен квалитетен пристап и осмислување и овозможување на придонесот на активните чинители - субјектите, за интегрален одржлив развој .

Во овој модел, одредени концепти и теории кои се релевантни за решавање на конретни проблеми во одредена област може да имаат своја примена на тоа рамниште, но, не и да бидат темелна и водечка парадигма, што едноставно не се и ја немаат таа парадигматска моќ за подигање или за промена на парадигмата, на општествено, но и на глобално цивилизациско рамниште.

Во спротивно, ако продолжи таквата нивна примена, како модел со поголема општост во однос на неговата реална моќ и надлежност, тогаш најчесто имаме ситуација кога недозволени, неиздржани и противправни, незаконити дејства и ,,решенија", ги нарекуваат ,,реформи". А, тоа е далеку од вистината, особено од вистината за фактичките состојби.

И, всушност, тој доследно изведен научен модел е и новата Парадигма за новото време, кое ја разрешува/укинува старата (актуелна, доминантна, владеачка и сл.) парадигма која е спротивна на принципите на парадигмата како модел за вистинскиот човеков развој и напредок и за неговата суштина, која може да се остварува во соодветни услови за развој, непопречуван од никого и од ништо, како мировно суштество, кое соработува, креатор на мирот и на слободата во светот, кои му се инхерентни својства, а не како суштество кое војува, се спротивставува, се антагонизира и го прави злото.

Мировната парадигма се заснова врз најјаките темели и инхерентни својства на човекот, за создавање и процвет, преродба, ренесанса, во континуитет на своето живеење, суштествување и постоење, онтогенетско и филогенетско, како постојан жив извор на творечката енергија и инспирација, со која најпрво создава предуслови и услови за својот оптимален развој, опстој и одржливост, за да може да се исполнува и имплементира опстојот и одржливоста на човечката цивилизација, во својот најоптимален вид/форма. Создавање изворни и високи, генијални човечки и цивилизациски вредности, без уништување, а коешто е возможно во траен мир и без војни.

1.1 Поим на научна парадигма

За дефинирање на поимот на научна парадигма може да послужи следната изведена дефиниција (врз основа на истражувањата и дефинирањето на парадигмата во научен контекст од страна на Томас Кун, во делото *Структура на научните револуции,*

1962,1970): „консензус меѓу научниците за основните онтолошки обврски, објаснувачките принципи, општата методологија, истражувачките приоритети и упатствата што треба да се следат, со други зборови, кога научниците споделуваат парадигма . . . во фаза на „нормална наука“ “. Но, поврзано со концептот на „промена на парадигмата“, што всушност го означува развојот на науката низ научни револуции.[14]

Сепак, во науката постои закономерен развој и надминување на рамките на претходните теории и парадигми, иако новите сознанија и резултати произлегле од тој супстрат, но во таков вид што ги стават под прашање истите и нивните темели односно предизвикуваат криза во оние парадигми од коишто потекнуваат. А, проблемите кои се појавуваат, ја артикулираат кризата на истите. Тие резултираат со пролиферација на ривалски теории за кои е веќе откриено дека ја пратат кризата.[15] Дека претстои историска позадина и за настанувањето на новите теории и парадигми, а тоа е вистинскиот научен развој.

1.1.1 Оригиналниот концепт на научната парадигма на Томас Кун

Во своето дело (Кун: 1962, 1970), американскиот научник, филозоф и историчар на науката, Томас С. Кун, ги изнесува важните сознанија и аспекти за научните откритија, парадигмата или неопходната научна теорија која го овозможува доаѓањето до научните откритија и развојот на науката. Тој, на потребен начин го согледува прашањето и проблемот на напредокот на науката преку своевидни *научни револуции* кои се случуваат кога во науката се јавуваат скокови до кои не може да доведе еден востановен и прифатен приод и теорија (парадигма) во одредена научна заедница. Може да помине долго време, а научниците дури и да не ги забележат важните појави и да не ја предвидат (антиципираат) потребата од промена на својата теорија или парадигма на истражување, за да можат да дојдат до посакуваните резултати и до *научно откритие*. Тие периоди Кун ги нарекува *нормална наука*. Затоа е потребна *промена на парадигмата*, за да се случи *научен напредок* или *научна револуција*.

За да ја објасни оваа промена, Кун го користи принципот на *несомерливост*, дека тие се различни визии, слики или рамки со кои се опфаќа стварноста и феномените кои ги истражуваме. Ако ја немаме потребната парадигма, теорија или

[14] Достапно на https://www.ijhssnet.com/journals/Vol_6_No_10_October_2016/8.pdf, pg. 48
[15] Ibid., footnote 14, pg.125

рамка не е можно да се откријат одредени законитости или да се утврдат одредени факти за појавите или за причините на појавите. И затоа не постои нивна поврзаност и зависност една од друга, а таа промена не е лесно прифатлива од научната заедница која функционирала и ја развивала науката во постојната парадигма.

Затоа, ова дефинирање на парадигмата може да изгледа контрадикторно, бидејќи сепак, научникот (истражувачот) во својата научна работа не може да ги исклучи, напротив, и самиот Кун ги признава влијанијата од претходните научници, мислители, кои со своите учења, теории, ставови и парадигми влијаеле на него и на неговото дело. А, всушност, и историјата на науката, како и историјата на филозофијата, го содржи и го покажува тоа.

Од друга страна, пак, е концепцијата на парадигмата во науката, како слика и доаѓањето до ,,одлучувачки пресврти во сликата на науката со која сме сега опседнати“.[16] Затоа целта на книгата односно есејот/огледот, како што ја смета Кун, е ,,да направи скица на еден сосема поинаков поим на науката кој може да искрсне од самото историско сведоштво за самата истражувачка активност“.[17]

Тој јасно го согледува прашањето и проблематиката на самата парадигма и нејзиното значење во науката, како примарна, дури и да не се поставува експлицитно. Самата е содржана, имплицитно, во професионалното образование, кое ни ги пружа ,,поимните преградоци“ во кои ја втерува или ја сместува природата.[18]

Оттука, бидејќи е многу важна за спознанието на стварноста, светот, постојано се одвива тој процес на научното познание, во фази: предпарадигматски, парадигматски и постпарадигматски или научните револуции. А, тоа значи постојано поставување, но и отфрлање на теориите врз кои науката нормално работела и замена со или присвојување на нова теорија, која е неспоива со првата односно ,,бара реконструкција на претходната теорија, како и преоценување на претходните факти, што во суштина е револуционерен процес, кој ретко кога е во состојба поединец да го изврши, а никогаш прекуноќ “.[19]

[16] Достапно на https://www.academia.edu/35156211/Tomas_s_kun_struktura_naucnih_revolucija, str.40
[17] Ibid.
[18] Ibid., str.44
[19] Ibid., str.47

„Научниот факт и теоријата не се категорички раздвоиви. Тоа е причината што неочекуваното откритие не е по своето значење просто фактичко и што светот на научникот квалитативно се преобразува, како што и кванитативно се збогатува со новини на фактите или во теоријата“.[20]

Според Кун, тој процес, особено откритието кое е поврзано и ја воспоставува новата парадигма во науката, не може секогаш да се датира прецизно и не е изолиран настан, бидејќи може повеќе научници во различно време и со различни прадигми да дојдат до еден аспект или димензија на откритието, кое се јавува на крајот во дефинирана и препознатлива форма и тогаш да му се припише на некој научник, а не и на друг иако тој за првпат дошол до тоа откритие, но во поинаква форма и не било доволно артикулирано или запрел на одредено ниво, од кое понатаму продолжил да истражува друг научник, а сето тоа треба да го апсолвираат историчарите на науката.

Но, многу поважен аспект, во овој контекст, на кој се задржува и Кун е примената на новите појави или факти на актуелните ситуации во кои знаењето се стекнува, прифаќа или присвојува, а за него тоа е од особено значење во епистемологијата (наука за знаењето), социологијата или социјалната психологија на научникот. А, дека токму со постојниот, дотогашен или стар приод или парадигма тие обиди за примена стануваат проблематични.[21] А, тоа е поради важечката начелна дихотомија на историјата на науката, која е дескриптивна и на теоријата на знаењето/науката, којашто се заснова врз теориско-практичен научно-истражувачки пристап, докажување на хипотезите и теориите за научното знаење и за неговиот развој и примена согласно заснованоста на научната вистина врз законитостите на објективната стварност, којашто науката има должност да ги почитува и научно да ги верификува и да ги применува сознанијата.

Обично, во праксата доминира прифатената теорија и врз неа воспоставена историја на науката, врз класични дела од претходни векови и учебници, кои: 1. немале претходен пример или парадигма и 2. се отворени за проблеми за решавање. Врз основа на тоа Кун ја изведува и едната од дефинициите на парадигмата:

[20] Ibid.
[21] Ibid., str.49

„Достигнувањата кои ги поседуваат овие две карактеристики, во иднина ќе ги нарекувам „парадигми“ (кој поим) е во тесна врска со терминот „нормална наука“.[22]

Во ова свое дело Кун, исто така, го објаснува и применува поимот парадигма како замена за поголем број познати поими и низ компарација на парадигми, како основни обрасци во една наука (на пример, за светлината, во физичката оптика: бранова, корпускуларна, браново - корпускуларна теорија). „Тие преобразувања на парадигмите на физичката оптика претставуваат научни револуции, а постојаното преминување од една на друга парадигма по пат на револуција е вообичаен развоен образец на зрелата наука“.[23]

Според Кун, за развојот на науката е важно да се постигне универзално прифатена парадигма. Теорија којашто објаснува сè што треба. Заедничка парадигма за истражувањата на научниците (на пример, во специјализираните научни области на една наука).

Тој, исто така, смета дека останува отворено прашањето кои делови од општествените науки досега воопшто стекнале такви парадигми.

Во отсуство на парадигма, сите факти се подеднакво релевантни, како, на пример, во предисторијата на науките, првобитното собирање податоци. Но, во подоцнежниот научен развој не е така.

За разлика од претходната т.н. „природна историја“ - изоставување детали кои се специфични и важни извори за рассветлување на прашањата/проблемите, во средниот век се јавува новата наука или новата парадигма во науката, со појавата на делото на англискиот филозоф, државник и научник, Френсис Бекон, „Големата обнова“ од кое вториот дел го носи насловот „Нов Органон“ (1620) и се однесува на новиот индуктивен метод во науката, системска индукција или т.н. Беконов метод за доаѓање до суштината/сознанието за нешто, по пат на редукција и индуктивно размислување, внимателно посматрање, систематско собирање на податоци, наместо простата индукција и дедуктивниот метод и силогизам, на Аристотеловиот „Органон“. Новите факти во науката, собрани на таков начин дозволуваат настанување на првата

[22] Ibid., str.51
[23] Ibid., str.53

парадигма во научен контекст. Неговиот истражувачки метод се смета за прва формулација на модерниот научен метод, а самиот тој за основач на модерната наука.

Најдобрите и најефикасни аргументи теоријата ја прават парадигма. А, исто така за да биде парадигма таа мора да биде подобра од своите конкуренти.

Но, всушност, *во севкупното наше постоење, создавање и делување е потребно да се насочиме и да придонесуваме кон создавање, прифаќање и воспоставување на најдобрата парадигма,* што е и темата на овој магистерски труд.

Во денешно време и поради глобалните правци на владеачката парадигма, таа не одговара по повеќе суштински аспекти да биде прифатлива воопшто:

1. *нефункционална*, 2. *ненаучна*, 3. *антицивилизациска*, предизвикува штета во цивилизациски размери. Поради тоа и начинот и нашиот однос кон истата, владеачка или стара парадигма, треба да биде дециден за нејзиното отфрлање.

Ова е многу важен аспект за оценувањето на одредена парадигма, дали ќе биде прифатена или отфрлена. Имајќи предвид дека решението зависи од парадигмата, ,,парадигматичка теорија која ќе го дефинира проблемот и ќе го гарантира постоењето на стабилно решение“.[24]

Врз основа на ова, може да заклучиме дека *во отсуство на валидна парадигма немаме можност за валидни истражувања и добивање релевантни факти и сознанија од кои зависат решенијата кои ни се потребни за нашето живеење, опстој и одржлив развој.* Од друга страна, евидентни се појави и процеси во општетството/вата и во државата/те кои се факти (производ) на постојната парадигма која навлезе и во науката, во која делувањето се одвива спротивно на научните и на моралните принципи и на вистината која е дел на објективната стварност, а не само логичка категорија, а сето тоа е стандард за научна вистина за објективната стварност. Со други зборови, науката и научната вистина се научен *однос* кон стварноста и кон вистината, кон која се движат/приближуваат и ја опфаќаат, доаѓајќи до знаење, резултати, решенија и одговори на научните проблеми и прашања. Научниот развој е поврзан, се темели и зависи од творечкиот аспект, начин и развој. Парадигмата го одредува и насочува вистинскиот творечки и научен развој. Научниците *овие творечки и*

[24] Ibid., str.71

интелектуални орудија не ги учат апстрактно, туку секогаш поврзано со нивно применување, во единство. Теоријата е секогаш споена со примената, за да биде прифатена.

Еден пример за промена на парадигмата, кој го наведува Кун, е примерот со францускиот научник, математичар и хемичар, „татко на хемијата“ Антоан Лавоазие, за којашто придонело не толку откривањето на кислородот (давајќи му го името, 1778), туку на кислородната теорија на согорување. Клучен елемент за преформулација на хемијата, хемиска револуција или нова парадигма за хемија. Била потребна крупна промена на парадигмата за да го види тоа што британскиот хемичар Џозеф Пристли (со своето откритие на кислородот, пред него (1774)) не можел/не успеал да го види до крајот на животот, како што заклучува Кун.

Во овој контекст, *промената на парадигмата е важна и оди од:*

1. Разјаснување на природата на откритието, кон

2. Условите под кои тие откритија во науката настануваат.

Овој образец на промена на парадигмата во природните науки, кои ги опфаќа Кун во ова свое дело, се покажува и во случајот со уште два различни примери: х - зраците и со Лајденовата боца. Х - зраците, како класичен образец на случајно откритие на германскиот научник Рентген (1895), дека неговиот ефект не зависи од катодните зраци, туку од некој агенс кој има барем некоја сличност на светлината.[25] Лајденова боца, како образец на менување/ревизија на флуидната парадигма со парадигмата на електрицитетот (кој е полнење, а не флуид/течност).

Кун ги издвојува/наведува *карактеристиките* на сите видови откритија од кои искрснуваат нови видови на појави:

- Претходна свест за неправилноста,

- Постепено симултано настанување, како на посматрачкиот така и на појмовниот увид,

[25] Ibid., str.105

- Соодветна промена на парадигматските категории и процедури, што често е проследено со отпор.[26]

Тој пружа ,,една едноставна и убедлива шема за процесот на научното откритие“. Тоа или новото се јавува придружено со тешкотии кога постои отпор во однос на одредени очекувања (според познатиот или стар начин или модел). Отпрво се доживува само тоа што е антиципирано и вообичаено дури и во околности во кои подоцна ќе биде приметена неправилноста и ќе се настојува на прилагодување на поимните категории за опфаќање на неправилноста, која на тој начин и самата ќе стане антиципирана. Според Кун со ова завршува откритието. ,,Колку повеќе парадигмата е попрецизна и далекусежна, толку повеќе ни дава поосетлив покажувач на неправилноста, а со тоа и прилика за промена на парадигмата“.[27]

Во контекст на новата Парадигма за новото време - Универзален применет модел за одржлив развој *која е и самата откритие* до кое е дојдено во творечко-истражувачки процеси тоа е *продлабочено, генетичко истражување* и откривање на новото.

Но, важно е дека, воопшто, научното познание и науката е темелна и води и самата кон патот на својата промена (закономерност).

Иако самите откритија се показател на постоењето на кризата во науката и за промени на парадигмите, тие не се единствен извор на промените на парадигмите. Многу поважни поместувања предизвикува смислувањето на новите теории. Всушност и двата чинители се поврзани и клучни и се преклопуваат во развојот на науката. Особено тоа е случај кога има отстапувања кои не можат да се решат со усогласување на теориите или парадигмите и е потребна нова теорија или парадигма која ќе ги објасни и ќе го даде решението за одреден проблем.[28]

Во овој контекст е и неодржливоста на актуелната стара парадигма од хипотезата на овој магистерски труд, додека истата ни се прикажува како единствена прифатлива парадигма, теорија, светоглед на денешницата.

[26] Ibid., str.111
[27] Ibid., str.114
[28] Ibid., str.115

И денес, сме исправени пред нашата обврска и задача да се спротивставиме на „чудовиштето“, како и Коперник, кога ја отфрлил старата астрономска парадигма, Птолемаевата астрономија, која, според него, низ вековите создала вистинско чудовиште и не ја говорела вистината за природата.

Проблемите кои се јавувале долго време биле признати, но истовремено се сметаат како решени (во старата парадигма), што е присутен став и во нашава ситуација, на ниво на глобалната стара парадигма, која сè уште самоуверено „ги решава проблемите“, а всушност создава сè понови, поголеми и посериозни од претходните. Па, имаме ситуација на разочарување или да нè погоди неуспехот, но не и изненадување.

Решенијата се антиципирани од проблемите уште во периодот кога нема криза во науката, но тогаш проблемите се игнорираат и затоа не се доаѓа до решавање на проблемите.[29]

Но, и обратно од ова, може да се каже дека во нашиот случај, во сегашните состојби на криза на старата парадигма, игнорирањето е уште посериозно и значи неодговорност на главните актери во старата парадигма. А, следствено, тоа повлекува нивна одговорност, согласно МП и домашното право, во земјите.

Нема каде да се бега од востановените основни и задолжителни норми на МП. Но, сепак, за да се спасат, за да продолжат со делувањето на сцена настапуваат МО, дипломатијата и сите дисциплини на политиката или политичкото на сметка на правото и правното.

Тоа е генерално научен и цивилизациски проблем, за кој можат да поминат две илјади и сто години, за да се артикулира на современ начин (како, на пример хелиоцентризмот на Аристарх во 3 век. п.н.е до Коперниик во 18-от век), што е поразително, до колкава неправда и манипулација може да се снижи и да се доведе во прашање човечкиот ум, дух и дело, под таквите регресивни инструирања и влијанија и занемарување на достигнувањата на истражувачите, на творците, на научниците за вистинитото познание и исправно делување, што е и должноста и смислата на

[29] Ibid., str.125

човековото постоење, ослободување од заблудите, од лагите, од ропството, од диктатурите и од владењето со луѓето и со народите.

Признатата криза во прв ред може да се смета одговорна за иновација и за промена (на парадигмата).

Игнорирањето Кун го поврзува и со пропусти во соочувањето на едните со другите, некомуникација, неуважување, незапознавање со она што е пројавено како проблем во нечии истражувања. Ова е востановена и актуелна пракса. Неприфаќање и неодговарање и на доставени документи за тие важни нови и појави во општеството, во работата и во творештвото на творците и истражувачите од сите области, вклучително и на научниците, како творци во својата област и наука и неприменување и нереализација на нивните достигнувања и придонес.

Една од причините за неартикулација на неправилностите и за непромена на парадигмата, како што укажува Кун, е и тоа што научниците доколку ја отфрлат парадигмата во која научно делуваат тогаш би требало и да престанат да бидат научници. Овде е пофундаменталната димензија на парадигмата (научната) кога научниците се идентификуваат со истата, иако тие се и ќе бидат поголеми и признати научници доколку самите иницираат, со своите резултати промена на парадигмата, а не дека парадигмата односно владеачката научна парадигма ги прави нив да бидат тоа што се - научници. Оттука можеме да ја согледаме целата сериозност на ,,владеењето“ на парадигмата, зашто оние најскапоцени и најважни научни столбови - научниците, кои ја носат и ја развиваат науката, можат да се скршат од таа внатрешна криза на парадигмата, што укажува на искривено сфаќање за науката воопшто, а особено за нејзиниот развој и напредок и во функција на човечкото и цивилизациското живеење и опстојување.

Значи, ова може да го сметаме за сериозна криза на научната парадигма, коешто и денес ни се потврдува. Најсвеж пример, експеримент од глобални и епохални размери, беше ковид-пандемијата в 2020 година, како една криза, која наместо да ја смени парадигмата, ја злоупотреби и ја понижи науката и човештвото, што резултираше со голем број жртви на антинаучното и ненаучно поведение и делување. А, исто така, многу долго време, на глобален план се одвива спроведувањето на

родовите политики, кои ја принудија науката да делува спротивно на самата себеси, на својот повик и на својата цел и, повторно, на штета на човекот и на човештвото.

Субјектите, кои навистина ги антиципираат проблемите и кризите на парадигмата, можеби повеќе од научниците, се уметниците односно творците, кои ги опфаќаат и двете групи за коишто Кун смета дека ,,мораат повремено да живеат во исчашен свет, кој не можат да го сменат иако ги антиципираат проблемите, пред да бидат очигледни и извесни за сите, која тој ја опишува како ,,суштинска напнатост“ која е имплицитна на научното истражување, но и тоа е посреден доказ за отфрлање на парадигмата.[30] Тој заклучува дека отфрлањето на една парадигма, ако истовремено не се замени со друга, значи отфрлање на науката, што е особено гледиште, имајќи предвид дека во таа парадигма науката се дефинирала себеси. Дека тоа се одразува не на самата парадигма туку непосредно на научникот, кој нема да биде вистински научник без своето орудие кое го користи и користел дотогаш.

За разлика од природните и егзактни науки, во општествените науки, тоа соочување на теоријата со праксата е многу очигледно преку секојдневните манифестации и феномени во општеството и може да биде лесно за истражување, но исто така е поголем отпорот за промена, поради поголемите можности за јавна манипулација, без одговорност, што лошата политика (во сите свои форми: теории, стратегии, институции . .) го дозволува, а која владее со општеството и со државата.

Парадигмата пружа отпор бидејќи не функционира праволиниски решавањето на проблемите, а коешто го ослабнуваат и повеќе појавени верзии на парадигмата, поради што не може да се артикулира проблемот, „загатката“ како контрапример, со што ќе нѐ доведе до промена на парадигмата.

Авторот Туркан Фиринчи Орман (2016: 51), смета дека размислувањата на Кун за научниот развој и научната револуција може подобро да се разбере ако неговиот средишен/централен концепт за парадигмата се дефинира детално, имајќи предвид дека тој прави разлика помеѓу *примарна, потесна смисла* на терминот (примерок - дефинитивно , конкретно достигнување) и *поширока* (дисциплинарна матрица или работна рамка), а коишто потоа ќе се поврзат во една дефиниција која би изгледала вака: *,,Парадигмата е специфична теоретска ориентација, заснована на одредена*

[30] Ibid., str.130

епистемологија и методологија на истражување, што ја одразува одредена научна заедница во одредено време од историјата. Таа, исто така, ја обликува/врамува и насочува природата на видот на истражувачки прашања генерирани од таа теоретска ориентација, како и обезбедува фундаментална основа за оценување на резултатите од генерираното истражување.[31]

1.2 Оригинален концепт на Парадигма за новото време - Универзален применет научен модел за интегрален одржлив развој

Главна цел е да ја востанови новата парадигма како универзално применлив научен модел во сите области и науки. Од тој аспект, досега, парадигмата во науката или научната парадигма не е истражувана и не е воспоставена.

Тоа е можно, на тој начин, што *се разликуваат рамништата (мета нивоа)* на кои во науката се развиваат *посебни научни парадигми* (во одредена наука), најчесто врз основа на тесната специјализација и посебни методи развиени во секоја од тие научни области и потесни подобласти/подрачја и *науката сфатена како единствена научна сфера* која е поширока, повисока (над нив) и подлабока, во своето втемелување. Која, во крајна линија ги приближува, ги обединува, ги поврзува разделените области и науки во едно единствено *цело*, во кое сите тие и нивните сознанија се осознаени и истражени аспекти на целината или вистината, како онтолошка категорија, која го овозможува нашето вистинско постоење и развивање во светот и на човечката цивилизација.

Во овој магистерски труд, елаборацијата е ставена на тоа заедничко тежиште, основа, средиштето на општата *научна парадигма*, која е и *цивилизациска парадигма*, а не на посебните парадигми во науките или елаборација на парадигмата на подлабоките разработки на одредни научни парадигми кои „*работат' и даваат* високи резулати во односната област. Теориски и филозофски пристап кон овие посебни научни парадигми во научните области може да се даде и тоа би можело да биде тема на посебни научни трудови, затоа овде тие ќе бидат опфатени во еден обем во компаративната анализа, а не како посебни делови.

---

[31] Firinci Orman, T. (2016). "Paradigm" as a Central Concept in Thomas Kuhn's Thought, *International Journal of Humanities and Social Science* Vol. 6, No. 10; pg.51 Достапно на ijhssnet.com/journals/Vol_6_No_10_October_2016/8.pdf

Од друга страна, пак, за да се покаже како работи научната парадигма како универзален применет научен модел, според спецификите, параметрите и елементите/ упориштата/темелите на кои се заснова таа, што е и општата хипотеза којашто треба да ја потврдам, тогаш е неопходно тој универзално применет и применлив модел да се примени на конкретен начин, а не општо и апстрактно, теориски или само методолошки. Со сите потребни *менливи* во дадена ситуација (*простор/место, време, цел, заложба, проекција, проект, програма, визија за одржлив развој)* што е составен дел на овој научен парадигматски модел и неговото реално и вистинско функционирање во дадените услови и со зададените менливи, кои се *уникатни*, за *секоја дадена ситуација или цел.*

Затоа е важна оваа *уникатност и особеност на научната парадигма како универзален применет научен модел, што не е можно таа да се пресликува со менливите, туку само со константите.*

Оттука произлегува дека таа нè воведува во сферата на *прочистената* наука и творештво од некритички прилепени делови кои претендираат на светоглед или парадигма, но искривен/а. А, исто така и во однос на други научни или филозофски, социјални, политички термини или идеологии кои се раѓаат во одреден историски миг, во една постојна реална констелација на сфаќања, достигнувања, ставови, норми, светоглед, верувања, откритија, пронајдоци. Тие е потребно да ги толкуваме онака како што биле толкувани во тоа време, во времето на своето појавување и дијалог со тогашната стварност, научна, историска и општествена. Особено кога тоа се однесува на појавените идеологии. А, не да ги протегаме истите пошироко и подалеку од она што самите го содржат и на што се однесуваат или се однесувале во времето во кое се појавиле со своите својства, квалитети, убедувања, предрасуди, и како такви (непроменети) да се наметнуваат во денешно време и констелации, на денешното човештво. А, всушност, тоа се прави, имаме влијанија на комунистичка, либерална, неолиберална, фашистичка идеологија до ден денес, онака како што е зачната во тоа време, во тие други околности, коишто немаат никаква допирна точка со нас, со сегашноста. Тоа значи анахронизам на севкупната мисла, наука и делување. Сведочиме и ги доживуваме последиците од тоа.

1.2.1 Поставување на проблематиката на тезата

Најпрво се поставува прашањето за тоа, дали новата *Парадигма за новото време - Универзален применет научен модел за интегрален одржлив развој (НПУНПМ)* започнува од сосема нови основи или заедно со стари основи кои се во согласност и кои може да бидат исто така функционален дел од сега веќе новата парадигма?

Дали тие, стари основи, всушност, се поуниверзални, предпарадигматични основи, во однос на старата парадигма, но и воопшто во однос на секоја парадигма, во овој случај на НПУНПМ? Во тој случај, веќе *во основата на парадигматичноста, постои непроменлива, константа, објективно дадена основа за човековата положба во објективниот свет, со зададени законитости и својства и координати во кои е можно човекот да постои и на начин на кој може да функциионира, да создава, да делува и да се остварува и развива како човечко суштество со своите човечки потенцијали, кои се неограничени.*

Тоа е основата или парадигмата за човековото создавање/творештво, дејности и вредности, како човечки вид.

Оттука, ако таа основа е непроблематична, дадена, за нас луѓето, тогаш нашето севкупно постоење и делување е зададено како наше опстојување и остварување на својата човечка природа во нашата природна средина, планентата земја, а со ползување на природните услови и добра, од една страна и создавањето и развивањето на нашиот човечки свет и човечката цивилизација, од друга страна. По тој принцип, целото наше човечко постоење е целисходно, со однапред иманентна, внатрешно содржана цел, којашто е развојна, еволутивна (а, не статична и вештачки зададена или со друга цел, која нема своја подлога во природниот жив, животворен и творечки систем во човекот): еволутивен развој на човековата природа и на човечката цивилизација, а тоа е всушност нашиот самоодржлив развој.

Од аспект на современата положба на човекот, а таа современост е секогаш актуелна, во секое дадено време, *таа самоодржливост е највисок приоритет во човечкиот свет и за секоја личност, човечка заедница и општество, а со тоа и на државата, која е формален израз и носител на тој неприкосновен човечки суверенитет.*

Во современиот свет и во меѓународното право човечкиот суверенитет е неприкосновен, основен и се изразува преку човековите права, кои уживаат заштита од

државата и од меѓународната заедница/општество и поредок. Но, исто така и државата која е субјект на меѓународното право има изведен суверенитет од суверенитетот на нејзините припадници: народот, граѓаните (како политичка категорија). Тоа значи дека и нејзината целисходност е предодредена од човечката суштина и вредност и како таква нејзина примарна приоритетна цел е заштита на човекот, на народот, на граѓаните и овозможување на нивниот одржлив развој, на општеството, на државата, како и на меѓународната заедница, во целина.

Во нашето современие, особено сме сведоци, дека и кога државата делува на тој начин, за заштита на човекот и на граѓанинот во однос на неговите фундаментални човекови и граѓански права, постојат друг групи и активисти за „човекови“ права, кои директно атакуваат врз оваа неприкосновена човекова суштина и идентитет, кој ни е даден со самото раѓање и се обидуваат да го менуваат односно делуваат со деструкција на истиот.

Таа *основна зададена парадигма,* се претпоставува и се смета за *аксиоматска* на човечкото постоење, но проблемите настануваат кога се создаваат разни теории, модели и приоди кои ја поткопуваат и таа неприкосновена темелна основа на човечкото постоење, неговиот идентитет, кои го постулираат и неговото непостоење или неговата излишност, непожелност, сведувајќи го на „грешка на природата“ или појавен „случај“ или „случајност“, одрекувајќи ја неговата неприкосновена онтолошка втемеленост.

Во тој случај, доколку го прифатиме човековото постоење како една појава или аномалија, а не аксиома, тогаш не следува дека постои негова целисходност и самоодржливост, па така овие опционални теории, добиваат значење, моќ и статус на парадигми со кои слободно можеме да го зададеме светот и постоењето или непостоењето, па и исчезнувањето на човекот, човештвото и на човечката цивилизација, како непожелни, пречка во „ одржливиот развојот“, кој во овој случај нема свој субјект. Ако имаме предвид дека и одржливиот развој е човечка смисловна и целисходна конструкција и парадигма, која претпоставува човечка и општествена организација и планирање.

Но, во современиот свет, е присутна, се повеќе и повеќе, стеснета и дефектна визија за човекот, не како автентичен природен творец и супервизор/контролор туку

како испомошник/калфа на високата и вештачка технологија и интелигенција, како потенцирано „несовршено суштество“, агресивно, крволочно, примитивно, болно, ирационално, деструктивно, кое треба да се органичи во својата пакост и уништувањето што го прави. А, тоа може и, всушност, се прави со промоција и примена на најсофистицираните технолошки производи за чиешто производство се впрегнати најголемите умови и стручњаци на човештвото, кои ќе и служат на таа цел сè додека вештачката интелигенција, роботите не се осамостојат и не ги преземат и репродуцираат сите витални човечки функции. Затоа, сведочиме и слободно можеме да кажеме дека, ние човештвото, се наоѓаме во фаза на ропство на високата технологија и нејзината злоупотреба и врз нејзината основа прозилезените и создадени разни видови идеологии: на трансхуманизмот, родова еднаквост и други, од една страна, но и либерализам, глобализација, неолиберализам и други, од друга страна. Сè на сè, во сите сфери и области на човековото живеење и создавање, пред многу стотици години, а особено во последните 70 години, се иницирани и се произведени самоуништувачки, автодеструктивни механизми и модели/стратегии со кои ќе сме требале да го спасиме светот од самиот човек, од самото човештво и од човечката цивилизација.

Ние сме, всушност, тие луѓе, тоа човештво, кои сме предодредени да бидеме последните на земјата.

Дека ова не е ,,теорија на заговор“ или апокалиптична визија без покритие доказ се самите теории ((не)научни и политички) кои се ставени во оптек и сериозно негативно и деструктивно делуваат во нашето сегашно човечко и општествено постоење и се во основата на современите меѓународи односи и на современите политички системи.

Вистината е уште пообјективна, кога се знае, дека на тој начин, преку политичките системи, тие се во зацврстена позиција да делуваат во секој поглед, во сите правци и на сите полиња, согласно нивната стратегија и стратешките цели кои, за чудо и за голема несреќа, сите држави и општества во светот се приморани и веќе ги прифатиле!?

Но, легитимна научна проблематика, легитимно прашање и цел е сè уште прашањето на проблемите на научното познание, на парадигмата во науката и на

човечкото создавање и дејствување. И дали онаа парадигма која и самите нив ги доведува во прашање е легитимна научна и филозофска парадигма и применета наука!?

Одговорите на ова *основно парадигматско прашање* ги давам во овој магистерски труд, а најпрво поаѓајќи од фактот дека науката и сите други дејности се производ и резултат на човековата духовна, умствена, творечка, мисловна и практична дејност - на човековата природа како субјект и носител, па бесмислено е дека тие ќе продолжат да постојат и да произведуваат дела и вредности (какви и да се) без него или по пат на негово укинување, во неговиот природен вид и потенцијал. Апсурдноста на оваа трагична современа положба на човекот, исправен пред заканата на сопствените дејности и вредности, се чини, доаѓа во својот краен вид и стадиум. Тоа е точката на „сегашниот пресврт“ на отфрлање на овие трансхумани и антицивилизациски феномени и „вредности“, кои недопустливо, недозволиво и криминогено беа пуштени во оптек кај луѓето и преку злоупотреба на високите творечки, на научните, на духовните и на цивилизациските вредности го дестриуираа и го деградираа човекот и светот во кој живееме и создаваме.

Како што, со и по пат на негација и деструкција на вистинските природни потенцијали на човекот, истиот се (само)уништуваше и сквернавеше, на разни начини и со разни монструозни методи, така и по обратниот пат и начин, *цивилизциски и суверен*, тој ќе се воздигне со најчистите човечки дарби и моќи, за добробит и за сопствениот одржлив развој и на општеството и државата.

Целта на новата *Парадигма за новото време како универзален применет научен модел за интегрален одржлив развој е да го ревоспостави(ме) нашето природно, иманентно единство и целовитост, во нашата сопствена личност и во нашето општесвено живеење и создавање, исто така и по пат на создавање на нов модел и систем на општествено и државно уредување и фукционирање. Надминувајќи ги деструктивите и непримерени, антихумани тесни рамки на старата парадига, во овој случај, моделот и стратегијата на пазарната економија и на парламентарната повеќепартиска претставничка демократија и кризата на легитимитетот и суверенитетот, засновани врз истата.*

Потребно е да се развијат соодветни политики во една (секоја) земја и држава. А, нив треба да ги развиваат најдобрите стручњаци, од прв ранг, во земјата и државата, длабоко запознати со тоа и коишто работат доследно на решавање на проблемите на истата. Исто така и независни советници, кои не се ниту во меѓународните организации, за да може да се смета на поголем успех за земјата и за дражавата и за нејзиниот развој.

Ова е контекстот кој нè доближува до важните аспекти на НПУНПМ, а тоа е неговата *универзалност, отвореност и капацитет да одговори на различните услови и потреби на секоја земја/држава и општество.* Којшто оди заедно со другата компонента, со иста важност, а тоа е н*езависни и одговорни носители на должност, на кои, пред сè, им се интересите на својот народ и на земјата/државата и од таа суверена и достоинствена позиција, да ги склучуваат и да ги поставуваат своите барања и услови до другите страни во договорите*. Тоа го забележува и добитникот на Нобеловата награда за економија во 2001 година, Јозеф Е. Штиглиц (Stiglitz, 2002:36), со примерот, кога се договарале Етиопија и Боцвана за да ги склучат договорите под ММФ, за експлоатација на скапоцени камења, пред се благодарение на „нивните лидери посветени на добробитта/благосостојбата (*well-being*) на нивните народи, да креираат нови животи за нив . . . врз основа на колонијалното наследство, коешто ги оставило без институции и без човечки ресурси“.[32]

Со денешната глобализација - глобален неоколонијализам, на местото на тогашните колонијални службеници - администратори (*servants*) сега делуваат т.н. *советници*. Тоа е еден начин, кој продуцира и овозможува општа, растечка, неконтролирана корупција *(rampant corruption).*[33]

На тој начин го пресликуваат колонијалистичкиот модел, уште постара парадигма, на која се засновува актуелната „стара парадигма“. Веќе, во тоа е очигледна намерата или отсуството на основниот принцип на договарањето и соработката на земјите: „во добра верба“ (анг. *in good faith;* лат. *bona fide).* Оттука, *поради почетниот колонијалистички принцип или основа на оваа стара парадигма, е невозможно да очекуваме дека резулататите ќе бидат поинакви и со поинаква вредност од онаа што е содржана во таа почетна појдовна основа, концепт, теорија и пракса.* Но, задачата

[32] Stiglitz, J.E. (2002). *Globalization and its discontents,* pg.36 Достапно на http://digamo.free.fr/stig2002.pdf
[33] Ibid.

на политиката е тоа да го менаџира и да го прикажува на прифатлив начин, истовремено сметајќи на тоа дека со самото тоа што е прифатливо (според тоа мислење) е и оправдано. Но, тоа е спротивно на принципите и на нормите на МП, иако е допуштено во меѓународните односи (понатаму во текстот: МО) на истиот овој дезавуирачки начин, во однос на МП.

Оттука, *може да заклучиме, дека суштинскиот проблем е во основната (и актуелна) парадигма или моделот кој сето тоа го овозможува и го брани, но кој кога самиот ќе биде доведен во прашање, поради неговата фаличност и несоодветствување на реалниот свет, на реалните потреби и на правата на луѓето, како и со МП, се покажуваат неговите несовмесности, незаснованоста и штетите со несогледливи широки размери, а кои се и причината за дисбалансот и дестабилизацијата, за војните и за деструкциите од секаков вид во светот.*

Тоа ни укажува само на едно, дека промената на парадигмата е веќе содржана однатре во самите услови кои се создавале и постојат и сега на теренот. А, од друга страна, бидејќи актерите и носителите на оваа стара парадигма и модел/и не можат од таа своја позиција и удел во светскиот неред и криза, да делуваат спротивно на овој начин, а тоа се разните воспоставени структури кои го држат човештвото во потчинетост, во ропство и под диктатура, под моќта и насилието на „посилниот“, тогаш носители на развојот врз основа на новата парадигма, коишто воедно и се нејзини креатори, ќе бидат оние повисоки доблесни и вредносни слоеви на општествата и на државите, на светот и на човечката цивилизација во целина, кои ги создаваат позитивните, високи, па сè до генијални вредности, кои се во служба и во функција на човекот и на човештвото. А, тоа е, исто така, еднородно и компатибилно со НПУНПМ, која е хумано творечки и духовно вредносна и не отстапува од овие зададени или богодадени параметри на човекот и неговата природна положба во светот/космосот, од кој е тој негов органски дел.

Со тоа ја потврдувам тезата дека ниту една политичка теорија и врз неа изградена парадигма, не може да го решава севкупното постоење, функционирање и одржлив развој на човекот и на човечката цивилизација. Туку, попрво, обратното. И врз основа на тоа, потребата од НПУНПМ, во која е и надежта за ова длабоко репресирано и разнебитено, атакувано, тероризирано и убивано човештво. Доказите ни се пред нашите очи и на денешниот ден и секој ден на владеењето на оваа падната и

нехумана геноциодна парадигма. Најпрво, актуелниот воен геноцид, кој старата парадигма го оправдува, но тој е спротивен и на т.н. „дозволени“ интервенции и дејства на СБ на ООН. МП ја има допуштеноста и гласноста за постапување за овие недозволени и недопуштени состојби и дејства, кои човештвото веќе не може да ги трпи и гледа, а да не може ништо да стори!?

Новата парадигма и новите цивилизациски приоди, новите сојузи за хумана соработка и добробит, човекољубие и мирољубие, се создаваат низ годините и заедно со хуманиот дел од човештвото, кој, патем, е мнозинскиот на земјата и во светот, се надеж за иднината и истата ќе ја озвозможат по мерка на човечниот човек и човечната човечка цивилизација.

Ова е разликата со НПУНПМ во однос на старата „владеачка“ парадигма и нејзиниот приод, како „една величина им одговара на сите“ *"one-size-fits-all"*. Поединостите, менливите се разликуваат, а не обратно.

НПУНПМ треба да одговори на прашањето не само како нешто функционира (систем, парадигма, модел, институција, програма), туку *зошто, поради што.* А, уште поважно е и *заради што (*како позитивна заложба и насоки) нешто треба да се воспостави и да функционира. А, така поставеното прашање ќе нè доведе до изворната причина и до главните мотиви за таквото функционирање. Бидејќи НПУНПМ, како нов универзален научен применет модел *ги истражува причините и се насочува кон решенијата. Нивното осознавање е валиден научен факт и премиса за промена на парадигмата од тие темелни позиции, како што станува и задолжителна промената на парадигмата.* Ако тоа не е валиден, признат и прифатлив процесот на напредокот на научното сознание и неговата примена во животот и во функционирањето на општествата и на светот во целина, тогаш би се оспорил легитимитетот на науката воопшто, а и на образованието. Со други, зборови, ако се следи тој процес на заобиколување, игнорирање, забошотување, „негледање“ и непримена на научното спознание и научните откритија и резултатите до кои тоа нè доведува, тогаш логична последица на таквиот однос и став спрема истото е да признаеме дека нашиот свет и човечката цивилизација е длабоко деструирана и дека е во сигурен тотален колапс/пад и дека сите институции не го оправдуваат своето постоење. Дали сме подготвени, ова, на ваков начин да го признаеме како вистина и да исчезенеме засекогаш како цивилизација!?

Доколку не сме, *потребно е науката и образованието да ги преземат работите во своите раце, оспорувајќи ги и одземајќи им ги актуелните ингеренции на властите, кои нè водат во погрешна насока со фатални последици, на светско ниво, прифаќајќи ги незаснованите погрешни и деструктивни политики кои владеат со човештвото преку конкретните меѓународни организации, транснационални компании, фондови, тинк-тенкови, корпорации итн.*

Оттука, разбирајќи го и вреднувајќи го како суштинско парадигматско научно откритие, кое истовремено го доведува во прашање стариот парадигматски начин - модел на практикување и функционирање на меѓународниот светски економско-финансиски и политички поредок, кој влијае во практикувањето на власт, ги условува народите и државите и ја црта политичката карта на светот според своите научно незасновани и неоправдани тези, модели, правила и практики, нанесувајќи му непоправливи вековни штети на човештвото, на народите и на поединците, кои биле приморани, од таквиот воспоставен меѓународен систем и поредок да ги прифатат, но поточно, ги трпат тие наметнатости и насилието.

Во ова време, нашата сегашност, достоинствениот научен и образовен одговор на оваа глобална манипулација и насилие е тие да се прекинат! Осознавајќи ја потребата за *нов приод и нова Парадигма за новото време - универзален научен применет модел за одржлив развој*, која е откриена и произлегува врз согледувањето и оспорувањето на постојните претпоставки и премиси како темел на старата парадигма.

Всушност, *новата парадигма е напредок, заснована на објективната и научна вистина за хуманиот развој врз основа на високите хумани принципи и вредности и на надминување на недостатоците и на проблемите на старата парадигма, во времето кога тие (недостатоци и проблеми) се апсолвирани, како и штетите од нејзиното дејство, а истите се земаат како докази во постапката за нејзино оспорување.*

Таа постапка *вклучува и правни консеквенции,* што ја воспоставува и применетата димензија на новата парадигма како модел за интегрален одржлив развој, *заснован врз докази за оправданост и за штети од одредена парадигма*, теории, идеологии, модели, методи и слично. Во овој случај, *наспроти доказите - состојбите до кои доведе и сè уште доведува примената и практикувањето на старата парадигма, чија крајна форма и зададена цел врз тие незасновани и неоправдани*

основи е целосното уништување на човештвото и на неговиот принципиелен праведен правен општествен, државен и меѓународен поредок.

Релевантен и легитимен субјект кој може целосно да ја воспостави оваа нова парадигма во пракса и нејзината примена во сите сфери на живеењето, создавањето и дејствувањето на човекот и на општествата, е државата и државниот општествен и уставно-правен систем и уредување, институциите на државата, кои се одговорни и должни:

1 . *Да ги утврдат недостатоците и неодржливоста на наметнатиот квази-општествен и уставно-правен поредок. Преку професионално и стручно ангажирање на сите релевантни чинители, во прв ред, од научно-образовната сфера,* за тоа какви научни и образовни содржини и програми се реализираат и се во оптек во научно-образовниот систем, кои некритички ги усвојуваат овие ненаучни концепти и програми;

2 . *Да воспостават научно-образовно релевантни образовни и научни содржини, врз основа на автентични творечко-истражувачки и научни вредносни сознанија и добиени резултати во научните и творечко-истражувачките процеси во сите области на човековата интелектуална и практична дејност и творештво,* со кои сите тие придонесуваат и може да се гради вистински одржлив развој и *ослободување на човекот - личноста, суверенот, граѓанинот, од наметнатите експлоататорски и робовладетелски теории и модели (парадигми).*

Покажувајќи и докажувајќи/потврдувајќи дека *оваа ,,стара парадигма“ е еден необјективен и сепаратен начин (парадигма) кој, всушност, ги создава и ги толкува и светските кризи, независно од другите сфери и области, поаѓајќи само од економските интереси и бенефити на проектирачите на овие програми*. Новата парадигма - Универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој го застапува и креира токму спротивното.

1.2.2 Основните елементи на парадигмата како научен применет модел за интегрален одржлив развој

Новиот применет модел за интегрален одржлив развој е доследно изведен научен модел врз основа на концептот на новата *Парадигма за новото време* како *откритие*, кое *и самостојно* има универзална применливост и интердисциплинарност.

НПУНПМ ја разрешува/укинува старата парадигма, која е спротивна на принципите на хумана парадигма, по мерка на човекот, на парадигмата како модел за вистинскиот човеков напредок и неговата суштина како слободен, творец, мирољубив и миротворец, кој соработува, кој е креатор на мирот и на слободата во светот кои нему му се инхерентни (вродени) човечки својства, со кои тој ја развива својата човечка природа, култура и духовност, создава/креира најнапред вредности за сопствениот саморазвој, а не како суштество кое е неслободно, поробено, владеено, кое војува, кое се спротивставува, се антагонизира, прави зло, геноцид и уништува.

Оттука, *мировната парадигма се заснова врз најјаките темели и инхерентни својства на човекот, за создавање и процвет, ренесанса, преродба, во континуитет на своето суштествување и постоење, онтогенетско и филогенетско. Како постојан жив извор на творечката енергија и инспирација, со која најпрво создава предуслови и услови за својот оптимален опстој и самоодржливост, за да може да се исполнува и да се имплементира опстојот и самоодржливоста на човечката цивилизација, во својот најоптимален вид/форма. А, тоа е создавање изворни високи човечки и цивилизациски вредности, без уништување, а коешто е возможно во траен мир, без војни.*

1.2.3 Начин на функционирање и остварување на новата Парадигма за новото време како универзален научен применет модел за одржлив развој.

Еден од најважните аспекти во НПУНПМ е *спречувањето на лошите дејства и практики, бидејќи се раскинува тој паралелен од и ,,несреќававање,, на теоријата и практиката, во автентична и дејствена примена во сегашноста.* Којашто на најоргански и оптимален начин ги разрешува овие историски антиномии и никогаш недоведени до „творечко помирување“/,,творечка синтеза“, која се одвива на повисоките и на највисоките квалитативни и вредносни рамништа на создавањето. Коешто, изворно и на нов оригинален начин ја обединува теоријата и праксата, во нов применет модел - парадигма за интегрален одржлив развој. *На теориско рамниште, како мета-теорија и мета-парадигма, а на применето рамниште, како оригинален модел на создавање, со сите човечки потенцијали, во секоја дадена област и дејствување. Овој модел е компатибилен со состојбите и потребите во стварноста и сегашноста, со објективната реалност, кон кои се приоѓа активно и со преземање на*

потребните соодветни и научно и меѓународноправно засновани дејства во актуелните состојби.

Условите за живеење и за севкупното наше постоење и делување, во рамките на старата парадигма, се рестриктивни и се држат на таа позиција, за да не може никогаш да се исполнат и да се остварат потребите на човекот и на општествата. Секоја таква парадигма е ригидна, фалична, ненаучна, регресивна и деструктивна, поради тоа што ги нарушува основните принципи на целесообразно живеење и создавање и одржлив развој.

Меѓусебната исклучивост на парадигмите, во овој случај, на овие два модела, укажува на важноста на ова парадигматско прашање, од кое зависи севкупната поставеност, позиција и насочување во секоја област и начинот на функционирање. Иако не е секогаш таков случај, сепак, тоа укажува дека тоа сфаќање преовладува, а со тоа има важни импликации во сите аспекти и области на живеењето, создавањето и на функционирањето, на внатрешен и на надворешен, меѓународен план.

„Неработењето“, дисфункционалноста односно неодржливоста на старата парадигма (или старите парадигми, произлезени од оваа фундаментална парадигма) е присутно во сите области. На пример, во МО: „Ако, на пример, се усвојува традиционалната дефиниција за меѓународните односи како проучување на државите, безбедноста и војната, а потоа прашањата за сложена меѓузависност и глобализација се маргинализирани, а оние кои сакаат да се фокусираат на овие пристапи се прикажани како да не се подготвени да се справат со вистинската агенда. И сепак, токму прашањето за тоа која е вистинската агенда е она што не е разгледано“.[34]

Ова е клучното: да се идентификува, да се дефинира вистинската агенда којашто стои зад меѓународните односи и поредокот.

Оттука, кон поврзаноста со националните, државни политики и надворешните односи на земјите, меѓузависноста, притисоците, насилни практики итн. Наместо посебни приоди, во секоја област, а внатрешно, во секоја подобласт и насока во науките, се разработува главната или владејачка парадигма во или над меѓународното право и меѓународните односи. Којашто ја одржуваат или поточно „туркаат“ како

[34] Brown, C. with Ainley, K. (1997,2001,2005). *Understanding International Relations,* Third Edition, New York: Palgrave Macmillan, pg.25 Достапно на http://ndl.ethernet.edu.et/bitstream/123456789/5681/1/51.pdf

агенда (видлива, а во потконтекст, реално, и невидливата), поради којашто и не е возможна реалната, објективната потребна промена на парадигмата во меѓународните односи и во развојот на човечката цивилизација. А, истата е започната, насекаде во напредната човечка, творечка и научна мисла, во индивидуалните научни и творечки откритија, но и на институционално рамниште, но кои немаат гласност, немаат моќ, дури и се репресирани, изолирани од главниот курс *(mainstream)* во политиката, во медиумите, во транснационалните компании, коишто ги оштетуваат државите и народите/нациите со нефункционалниот и нехуман поредок, политики, агенди и милитаристички/воен поредок и (не)безбедност.

Јавно се достапни податоците дека најголемите земји и светски сили профитираат од војните (објективни показатели се годишната заработка на нивните економии, како главна причина за водење на војните). Но, војните ги водат и поради друга, подлабока причина, за да не одговараат кривично и за геноцид, криминалците кои биле и се на власт, против кои се поведени или треба да се поведат кривични постапки (Бенџамин Нетанјаху, Урсула Фон Дер Лајен и други), а на овој начин се легитимираат преку „оправданоста“ на војните во разни делови од светот, нивното потпалување, иницирање. Една од особеностите, како карактеристика, е „изненадувањето“, никој не знае, никој нема одговорност!? Ова се сегашни случувања, во нашето, во новото време.

Иако изгледа парадоксално, дека НПУНПМ е своевидно „обезличување“, всушност тоа значи подигање на парадигмата над сите концепти и „изми“, како и над социолошко, историски, политички, научно ограничените теории и практики, и *значи осуштествување на вистинскиот аспект и значење на парадигмата како безвремен, но секогаш применет модел*, во кој неприкосновено значење имаат *константите,* додека особено важно применето значење имаат *менливите*, кои се *подлогата во дадениот општествен, историски, научен, политички и друг контекст, од кои не може да се избега, се дадени, во просторот и времето, во сегашноста и во реалноста, независно од нашиот став или суд за неа*, и дали ни се допаѓа или не, сами по себе. Иако е дискутабилно, дали и во колкава мера истите се должат и на нашето какво и да било учество и придонес и одговорност за тоа, да бидат какви што се. Но, кои самите, исто така, не ја менуваат парадигмата сфатена како модел, и затоа овој научен модел на парадигмата се јавува како двостран:

1 *Константа* - неменлив модел и

2 *Варијабла (менлива)* компонента која се подига или менува, но со јасно утврдени параметри и места и меѓузависност во константата.

Тогаш е можно научната парадигма како неменлив применет модел - константа да ги дава потребните резултати врз основа на менливите кои се клучни во даденото време.

На овој начин, *со овој модел, нема преклопување и влијанија на некомпатибилни теории, терминологии, анахроност и неразбирање, несомерливост, спротивставеност (од аспект на изворните значења на овие концепции/ теории), зашто ги задаваме како менливи постојните собитија (во моментот), значења, вредносни модели, научни аспекти и не се движиме и не ги мешаме времињата, поимите, термините, дефинициите.*

Кога, на тој начин располагаме со она што во моментот è, се случува и се одвива, и начините на кои функцинираат постојните модели (колку и какви и да се, но во сегашноста), со сите последици и учиноци, резултати и влијанија (позитивни, негативни, неутрални) што ги имаат врз луѓето, општеството, и во светот, тогаш ние истовремено вршиме/започнуваме процес на промени/измени. Она што не функционира и внесува застој, деструкција и дава несоодветни, неточни, неприфатливи резултати, да се заменува со спротивна компонента - менлива на одредено место, област, позиција, во тој модел на севкупно функционирање.

Овој модел, новата научна парадигма како универзален научен применет модел истовремено може да се применува на разни начини и да има различна појава во нашето живеење и создавање. Зависно од специфичките на менливите, кои ѝ ја даваат сушноста и физиономијата на парадигмата за новото време. Димензионираноста и опфатот на истата исто така се различни.

Но, она што е важно и значајно и специфика на Парадигмата за новото време како универзален научен применет модел за интегрален одрлив развој е тоа што таа навлегува и остава излез за надградби и продолжување во сите сфери на живењето, создавањето, дејствувањето и функционирањето, иако *може да почне од една област* како *јадрен модел*.

Со него се постигнува целта на овој магистерски труд, да го истражи воошто полето на значењето и функционирањето на парадигмата како универзален конкретен применет модел, со менливи од сегашноста и во сегашноста, од и во сопствената средина и општество. Со реална примена на моделот во живеењето во разни области.

Затоа, оваа магистерска теза се брани на студиите по Меѓународно право и меѓународни односи, а по предметот Современи политички системи. А, *ова научно истражување има за цел да внесе ново разбирање и редефинирање на политичкиот систем и политичките процеси, односно на изборните процеси како клучни, и тоа во вистинска смисла на зборот, парадигматски, и нивното поврзување и непосредно влијание од примената на новиот модел - парадигмата во функционирањето и во другите области во општеството.*

Парадигма за новото време - универзален научен применет модел на научна парадигма го разрешува и решава проблемот на промена на научните парадигми и постојаната борба на спротивтавените концепти и нивната меѓусебна исклучивост, а како резултат на анахронизам, мешање и примеси и примена на веќе нефункционални парадигми, модели за кои нема никаква научна поддршка и оправданост. Уште повеќе, што сето тоа ја зголемува штетноста, ненаучноста и деградацијата на науките и на реалното човечко живеење и општество, на микро и локално рамниште и на макро и на глобално рамниште, на човештвото, на светот и на човечката цивилизација. Оттука и проширеното значење и примена (екстензија) на Моделот е како универзален применет научен модел за одржлив интегрален развој.

Развојниот пат на парадигмата како применет научен модел, а не само како менување на научен модел во одредена наука или област ги надминува недостатоците и на самата научна теорија/ парадигма на Кун, бидејќи истата не го решава проблемот на унивезално научно применето рамниште туку претежно на рамниште на научната теорија и во рамки во кои секој истражувач, научник/ци може да го направи тоа, зависно од неговите намери, интенција, мислење, што е доста несигурно, непредвидливо, несистемски и научно недоразвиено.

Во новиот модел, истражувачот, научникот, се става во улога и на комплетен *менаџер* или *лидер* на Моделот за интегрален одржлив развој, заедно со другите менаџери и лидери во секоја од областите и сферите на реализација. Тоа се однесува

точно на секоја област, а и особено во делот на теориските, неприменети науки, за да ги доведат на тлото на применетата теорија и наука, што е еден од столбовите на одржливиот развој, онака како што се одвива и пулсира во секојдневниот реален свет и живот. Само така сме на патот да има објективна позитивна промена на анахроните, *статус кво* и влошени состојби, поради неадекватноста на парадигмата/моделот за развојот, односно за интегралниот одржлив развој.

1.2.4 Применет модел за младите

Тоа е новиот системски концепт и начин, како Парадигма за новото време и Парадигма за иднината на младите во Македонија и применет систем на општествено, национално и на меѓународно рамниште, во меѓународните односи.

Всушност, тоа е универзална концепција за човештвото, со продлабочен приод и метод, кој навлегува и ги развива подлабоките и значајни аспекти на функционирањето на човекот со развивање на своите потенцијали до највисоки нивоа и стадиуми, на кои е можно да се создаваат генијални вредности, творештва и дела, за што секако е потребно да се создадат соодветни предуслови, најнапред во самиот поединец. Од преднаталниот период и потоа низ постоењето и до создавањето на повисоки па сè до генијални вредности. Оваа концепција ги третира и ја уважува важноста на овие суштествени процеси на создавање и имплементирање во личноста на секој човек и творците, а во средината (помеѓу нив) е целата филозофија на живеење, создавање и делувањето. Тие два аспекта, може да се каже дека се одредници, но и основа на севкупното наше постоење, квалитативен, вредносен и цивилизацски аспект, од што зависи и курсот по кој се движиме, како поединци, но и како општество и држава, каде одиме и како и со што можеме да стигнеме до остварувањето на целите (на личносно, професионално, семејно, општествено и цивилизацско рамниште; на национално и на меѓународно).

До пронаоѓањето на овој системски начин и начинот на кој создавале генијалците е дојдено во длабоките творечки процеси и развивање на високите фактори во човекот или системите со кои создавале и создаваат генијалците.[35]

[35] Мијаковски, Р. (2005). *Применета наука и филозофија за живеењето и за создавањето*, кн. I Едиција: Македонска книга за животот. Македонско евангелие. библиофилско издание, печатено рачно, создадено во Марков манастир, Скопје: Центар за применета уметност

Особено, тоа се однесува на сегментот *„Демистификација на тајните на генијалноста“* (исто така помесетен во истоимената книга од авторот Ристо Мијаковски), што освен кај нас, во Македонија и во ова авторско интердисциплинарно истражувачко иновативно творештво, немаме сретнато дека некаде во светот е направено. Со него е поврзан и другиот значаен и потребен аспект: „З*начењето на преднаталниот период за развојот на личноста“* (исто така, поместен во истоимената книга од авторот Ристо Мијаковски), кои се комплементарни. И двата се особено применливи за подготовка и особен ангажман на стручните кадри (на лично, професионално и на општествено ниво). И потребата, овој начин да се имплементира, да се гради и развива и реализира во сите сегменти на живеењето и создавањето во општеството и државата, за што Универзитетот го има потребниот капацитет, ресурси, професори и за афирмација и на меѓународно ниво.

Самиот начин и модел, како дел од магистерската теза, може да се разработува на ниво и во рамките на Универзитетот, во интеракција и соработка со највиските професионални, стручни и интелектуални потенцијали: професорите, студентите и кадрите прозилезени од Меѓународниот славјански универзитет „Свети Николе“ - Свети Николе (МСУ).

За таа цел, во општествените, во политичките и во изборните процеси, со новиот системски начин ќе се применува легитимниот уставен начин за изборно кандидирање на младите преку независни листи од група избирачи.

Тоа значи високите образовни, стручни, општествени и цивилизациски заложби на прогресивниот мнозински некорумпиран народ (некорумпираните кои се мнозинство) и суверени да се реализираат преку пронајдениот модел, во кој главен носител се младите, заедно и со помош на своите професори и родители. Системски, стручно, принципиелно да се имплементира и да се реализира во општествените и во развојните процеси (и политички и изборни), кој има поголем учинок и придонес и е на повисоко рамниште од досегашното практикување на политичкиот и на партиско-политичиот начин и приод.

Оттука, заедно градиме успешен применет начин, во кој клучно и важно место има МСУ и на тој начин би се реализирал истиот модел и на самиот универзитет. Со примена и со создавање трудови, научни стручни, магистерски, докторски, меѓу

другото и врз основа на создадените творечко-истражувачки авторски сегменти, концепти, начини, методологија и методи (кои се откриени во творечко-истражувачките процеси) и имаат цивилизациска димензија и вредност.

1.2.5 Одржлива парадигма и решенија

Надвор од овој заглавен корпус и од кругот на талкањето на човештвото во светот на сузбиените потенцијали и можности или на старата парадигма, која не овозможува автентичен одржлив развој, создадена е нова парадигма за новото време - универзален применет научен модел за интегрален одржлив развој.

Таа позитивна насочна линија, на надежта за иднината, за ослободување и за рехабилитација на човекот од неприродните и нечовечки притисоци и наметнувања на разни непримерени модели, концепти и парадигми на живеење кои ги оддалечуваат човекот и човештвото од својата суштина, е присутна во многу научни концепти и системи, од кои некои се и на ниво на парадигма. Еден од нив е делото и системот на рускиот научник, Побиск Григориевич Кузњецов (еден од колонијата на руски/советски научни умови во Гулаг), кој е ,,синтеза на поглед на свет, теорија, метод и технологија, кои се страни на еден творечки процес на проектирање на идниот свет. На кој тој му дал име - ПРОЕКТОЛОГИЈА НА ИДНИОТ СВЕТ“. [36] ,,Во модерната/современата наука постои хиерархија на имиња за различни форми на знаење: светоглед, теорија, технологија, дизајн. Неверојатно е, но факт е дека ги имаме сите овие различни форми на знаење во делата на П. Кузњецов. . . . кој ,, успеа да комбинира различни форми на знаење во единствена структура и да ѝ даде на оваа синтеза квалитативно нова дефиниција“.[37]

Прашањето околу тоа што е новото што тој го донесува во научниот светоглед е тоа што неговите научни истражувања и откритија се резултат на неговата теорија со која се прави суштествена разлика помеѓу затворен и отворен систем. За првите, основата на научниот светоглед се физичките закони на природата: законот за сочувување на енергијата, законот за раст на ентропијата и др., додека за животот - што е отворен систем, сè уште отсуствува општ закон за развојот на Животот - како фундаментален закон на природата, како и систем од општи закони на природата

[36] Большаков, Б.Е. и Кузнецов, О.Л. (2008). П. Г. Кузнецов и проблема устойчивого развития Человечества, Международный журнал. Устойчивое развитие: наука и практика S1 (1), 81 : 49-85 Достапно на https://sciup.org/pg-kuznecov-i-problema-ustojchivogo-razvitija-chelovechestva-14121804

[37] Ibid.

изразени во универзални мерки. А, дека откритијата на П. Кузњецов ја пополнуваат оваа празнина. Исто така, и во однос на утврдените научни методи за проверка на научното знаење (метод на проба и грешка, статистички методи, методи на формалната логика, методите на теоријата на динамичните системи и други), кои постоеле и пред делото на Кузњецов, „но никој дотогаш не ги испробал за да се потврди стекнатото знаење, општиот закон за развој на Животот и затоа знаењето стекнато со овие методи не можеше да се процени од гледна точка на нивниот придонес кон развојот на системот како целина. Познавањето на овие методи не може да ја гарантира способноста за дизајнирање на идниот развој во системот природа-општество-човек на долг рок“.

Проектологијата како наука и уметност на креативноста/создавањето/ творењето, која значи „„„обожување“ на процедурите за мерење при набљудувањето на природата, сметана за производ на создавањето, што е единствениот начин да се разбере намерата на создавачот, единствениот начин да се разбере чинот на креативност.“[38]

На таа линија на истражување на светогледот и научниот светоглед е и познатиот руски научник Владимир Иванович Вернадски, врз чии идеи и парадигма се развиваат и оние на подоцнежните големи руски научници (Кузњецов, Субето и др.). Според него не е случајно ниту едно откритие или изграден некој уред или машина. Секој уред и секоја генерализација е природна креација на човечкиот ум. Иако многу од нив биле откриени, заборавени со векови, а потоа повторно репродуцирани во модерното време. Не е доволно само да се докаже еден феномен туку потребно е и неговото разбирање, при што треба да се земат предвид повеќе услови за тоа, како што се надворешното социјално опкружување, расположенијата и навиките на луѓето што размислуваат за науката. Во таа смисла, дека целата историја на науката е доказ за тоа дека за одделни личности - научници, истражувачи, творци, создавачи, се покажало дека нивните уверувања, сознанија, мисла и творби/дела биле точни, но потешкиот дел е како тоа да го разберат современиците и за што е потребна подолга работа. Но, исто така и дека се јавува совпаѓање на исклучителни поволни околности, во секоја земја и во светот во целина, за да се постигне тоа и тие да бидат соодветно применети.

[38] https://www.rypravlenie.ru/wp-content/uploads/2015/07/01-Kuznetsov.pdf

Во овој контекст, важна е новата фаза на еволуцијата на биосферата, а тоа е ноосферата, на разумот. Изворно тој не е творец на терминот, но навлегол длабоко во оваа суштина на развојот на земјата под влијание на разумот на човекот и со неговата творечка моќ. Основните концепти за ноосферата ги дава во своето дело *„Научната мисла како планетарен феномен“*(1977).

Според Вернадски, некои од големиот број специфични услови кои се неопходни за формирање и постоење на ноосферата, се:

„- еднаквост на луѓето од сите раси и религии, зголемување на улогата на масите во решавањето на прашањата од надворешната и домашната политика, слобода на научната мисла и научните истражувања од притисокот на религиозните, филозофските и политичките структури и создавање услови во општествениот и државниот систем поволни за слободна научна мисла,

- зголемување на благосостојбата на работниците, создавање реална можност за спречување на неухранетост и глад, сиромаштија и ослабување на влијанието на болестите, разумна трансформација на примарната природа на Земјата со цел да се направи способна да ги задоволи сите материјални, естетски и духовни потреби на бројно растечко население,

- елиминација на војните од животот на општеството“.[39]

Неговиот следбеник, П.Г. Кузњецов, во своето писмо до Владимир Путин, во 2000 година, ја сумира својата научна визија и системот кој го создал како потрага по смислата на нашето човечко постоење и дека сите пристојни научници се должни да ја поврзат својата научна работа со „борбата против растот на ентропијата, против вториот закон на термодинамиката. Токму ова е вистинската задача на човештвото како целина“.[40]

„Најпрво, имаме предвид дека општиот закон за развој на Животот работи за развој, а не за деградација и смрт. Можеби не го знаете или не го користите, а потоа ќе

[39] Достапно на https://www.tstu.ru/win/kultur/nauka/vernad/uchver.htm

[40] Шилин, Г. А. (2014). Электронное научное издание *Устойчивое инновационное развитие: проектирование и управление* том 10 № 2 (23), ст. 10; 153-164 Выпуск подготовлен по итогам Международной научной конференции «Проблема устойчивого развития Человечества в системе «природа – общество – человек», посвящённой 90-летию выдающегося отечественного учёного П.Г. Кузнецова (29 мая 2014 г.). Достапно на https://ww w.rypravlenie.ru/wp-content/uploads/2014/08/10-Shilin.pdf

го имате она што го имате. Но, ако се користи правилно, неговата последица е зголемување на слободното време и енергија, зголемување на слободата од потреба“.

„Постојат многу научни откритија кои влијаеле на нашиот поглед на светот. Но, како по правило, сите тие се со двојна употреба. На пример, откритијата во нуклеарната физика, кои влијаеја на научниот поглед на светот од 20 век, можат да се користат и за добро и за штета на развојот на човештвото. Фундаменталната карактеристика на откритијата на П. Кузнецов е тоа што тие работат само во корист на човекот. Ова е нивната антигеноцидна и максимално морална суштина“.[41]

„Човековите права постојат и ова е огромно достигнување на светската заедница и на Обединетите нации. „ Законите на правото можат да бидат укинати, но законите на природата не можат да бидат укинати. Само вие можете да знаете како правилно да ги користите или не. На ист начин, можно е да се укинат човековите права или да се заменат некои права со други. Правото на човештвото како целина да го одржува развојот не може да се укине, исто како што не може да се укине ниту природниот закон.

„Да живееме создавајќи нешто што нашите потомци ќе го зачуваат од уништување. Само пред таква супер-задача може да се ослабне вкупниот број конфликти што го растргнуваат човештвото“. „ Горенаведеното може да се нарече свест за космичката мисија на Умот. Оваа свест им дава универзална човечка скала на сите видови човечки дејства. И прашањето: „Зошто, за што живееш?“ – ќе станува сè порелевантно. И ние ја гледаме нашата задача како помагање во едукацијата на луѓе за кои радоста на креативноста ќе биде смислата на животот“.[42]

Истражувајќи во својата област, физиката, Кузњецов доаѓа до откритија со кои се подига парадигмата на развојот на човечката наука. Поаѓајќи од фактот и состојбата на науките во своето современие, тој исто така, како и многу други научници и мислители, го утврдува досегашното континуирано постоење и развивањето на науките како посебни области, коишто ги истражуваат појавите и предметот на своите интересирања во рамките на своите науки и потесни или специјализирани области и

[41] *Ноосферизм – новый путь развития*: коллективная научная моногра фия. В 2-х кн. / Под науч. ред. Г.М. Иманова и А.А. Горбунова. – Санкт-Петербург: Астерион, 2017. – 920 с. – Книга I., стр.362 Достапно на https://pureportal.spbu.ru/files/10088807/_._._1.pdf
[42] Ibid., str.363

дисциплини. Тој приод или парадигма на научно истражување, откритија и сознанија доведува до сè поголемо оддалечување и ,,умртвување“ на објективниот тек, реалноста и животот во самата наука, а со тоа до истиот таков приод и однос кон човечкиот живот и на човечкото општество. Иако и самата наука, всушност е за *откритијата* на законитостите на нашиот материјален и духовен свет, објективен и субјективен, во кој живееме односно се одвива нашиот живот, кој самиот е еден непрекинат синџир, континуум на живо и живототворно одвивање, создавање и дејства. Всушност, во тоа е и тезата, важното откритие, кое Кузнецов го поставува како научен постулат во неговиот научен систем или научна парадигма: *животот е отворен систем, за разлика од науките кои се затворени системи*. Иако оваа вистина и факт е одамна позната и содржана во многу духовни и филозофски учења, тој врз основа на истата го изградува целиот природен/космички - *ноо, животен* и *живототворен систем*, во кој и човекот и општеството се клучни фактори и функционираат на повисоко рамниште од она на кое се сведуваат во постојната наука и општествена пракса, а поради воспоставената, наметната и неодржлива стара политичко - економска и од неа насочувана и контролирана научна (епистемолошка) парадигма.

А, од таа основна научна (епистемолошка) парадигма зависи секој друг вид на теорија, мисла, учење, идеологија, кои се на пониско ниво од тоа парадигматско, мета ниво.

Затоа, целта на овој магистерски труд, потврдување на хипотезата, е дека проблемите и причините за проблемите и за негативните искуства, пракса и состојби и последици/резултати од истото, во нашето живеење, воопшто, а посебно во конкретното и реално живеење, во сегашноста, не се наоѓаат и не можат да се решаваат во спротивставените научни, политички, општествени теории, концепти, идеологии, системи и сл., туку во основна воспоставена, прифатена *парадигма над парадигмите, која самата не се доведува во прашање, а како неприкосновена основа за човекот и за човештвото, чии темели не се поткопуваат и не се уништуваат.* А, истовремено таа е и применет модел, парадигма. Наспроти тоа имаме ,,зададена“ парадигма, која е едностранa и деструктивна, ги поткопува темелите на човештвото и на човечката цивилизација. А, кој ја задал истата и дали е оправдана нејзината ,,непобитност“ и ,,задолжителност“ која се наметнува како таква!? На ова прашање одговара овој магистерски труд.

Врз таа парадигматска основа, во нова светлина е разбирлив и механизмот на растечка репродукција на општествената интелигенција како единство на науката, моќта и образованието (Г.М. Иманов, А.И. Субето, година).

„Цивилизацијата на „културното човештво“ – бидејќи е форма на организација на нова геолошка сила создадена во биосферата – не може да биде прекината и уништена, бидејќи е голем природен феномен што одговара на историски, или поточно геолошки, воспоставената организација на биосферата. Со формирањето на ноосферата, таа е поврзана со сите свои корени со оваа земска обвивка, што не се случило претходно во историјата на човештвото во споредлива мера.“[43]

Едно од делата на В.И. Вернадски, со кое се дефинира неговото учење за ноосферата е погоре спомнатото дело *„Научната мисла како планетарен феномен“* и ја одразува оваа планетарна, колективистичка и ноосферска „димензија“ на научната активност, дејствува како еден од темелите и ја овозможува „инфраструктурата“ и општественото единство на научната активност и ја извршува функцијата на важен механизам за развојно движење во нагорна линија на колективниот/општествениот интелект/ум/интелигенција.

Во својот научен труд, во 1989 година, Субето ја воведува ,,општествената/социјалната интелигенција“ како нова социјално-филозофска и истовремено социолошка категорија, а во својата дисертација *,,Социјална интелигенција: социогенетски механизми за развој и преживување“* (1995) истата ја дефинира:

> „Социјалната интелигенција е севкупна интелигенција на општеството, којшто ги претставува социо-културните форми на синтеза на општествената свест и знаење, институции на науката, културата, менаџментот/управувањето и образованието, различни структури на групна интелигенција на различни заедници на луѓе во согласност со постојните механизми на социјално, економско, национално - етничка диференцијација, а која се остварува преку нејзините севкупно-интелектуални функции на управувањето со идните процеси- предвидување, планирање, дизајнирање, програмирање, создавање норми, донесување закони, формирање доктрини и идеали, коишто го определуваат/дефинираат вредносно

[43] Вернадскй, В.И. (1977). *Научная мысль как планетное явление*
Достапно на https://www.electroniclibrary21.ru/philosophy/vernadskiy/04.shtml

ориентираното управување на/со иднината. Интелигенцијата е управување со иднината и во тоа се состои неговата функционално-еволутивна определба - дефиниција. Таа се манифестира во космогониската еволуција како антипод на „методот на обид и грешка“ или механизмот на природна селекција во биоеволуцијата. Интелигенцијата е антиентропски принцип во еволуцијата, чиј развој доведува до комплексност на системите и раст на нивната органскост/организмичност.

Од оваа позиција, развојот на теоријата за социјална интелигенција е најважниот момент од револуцијата што темелите на општествените науки мора да ја претрпат кон крајот на 20-тиот и почетокот на 21-виот век во светлината на императивот за опстанок на човекот во 21-виот век“.[44]

А, тоа (што досега не се развила таа) е еден од епистемолошките извори на теоретската криза што ја доживува општествената наука како целина, и нејзините марксистички и либерални насоки.

„Науката обезбедува стратешки хоризонт за управување со иднината од страна на општеството“ [6, стр. 16, 17] (нагласено од авторот, С.А.), но за коешто препрека е пазарно - капиталистичката форма на економско управување со човештвото на земјата.

И за да може да опстане и еколошки и цивилизациски, човештвото бара промена на целиот систем на вредности, отфрлање на пазарно-капиталистичкиот систем, како „еколошки гробар на човештвото“ [9].[45]

Ова следново е доказ за јавување на „природната“, закономерната потреба од парадигмата како применет модел. Што значи, дека ова што сега сè уште опстојува како начин парадигма/модел и делување, во сите сфери, е неприродно или противприродно, а тоа сè повеќе и повеќе се докажува дека е така. Разните нечовечки политики: трансхуманизам, родова еднаквост, квир и др „култури“, кои, сега, откако го достигнаа врвот (после половина век) започнуваат да паѓаат, заедно со и како резултат на старата парадигма.

---

[44] Субетто, А.И. (1995) Общественный интеллект: социогенетические механизмы развития и выживания человечества и России, Публикуется по диссертации: Субетто А.И. Общественный интеллект: социогенетические механизмы развития и выживания (философскометодологические основания и начала теории общественного интеллекта), Нижний Новгород : НГАСА ; стр. 13-14 Достапно на https://s.esrae.ru/noocivil/pdf/2021/59/2269.pdf

[45] Ноосферизм – новый путь развития: коллективная научная монография. В 2-х кн. / Под науч. ред. Г.М. Иманова и А.А. Горбунова. – СПб.: Астерион, 2017. – 920 с. – Книга I. – 488 с. ; стр.368 Достапно на https://pureportal.spbu.ru/files/10088807/_._._1.pdf

Во своето дело, Субетто дава осврт на книгата *Моќ и морал. Кој треба да ги чува чуварите?* (1959)[46], во коавторство на двајцата автори: П.А.Сорокин и В.Ланден, кои „изразуваат загриженост за недостатокот на морални ограничувања кај „врховните владетели“ на земјите, што во историјата довело до премногу сериозни „криминални дела“ и што станува кочница за решавање на глобалните проблеми од кои зависи иднината на човештвото“. Во тоа дело директно поставуваат универзална човечка задача:

•прво - замена на постојните „влади на политичари“ со влади на научници, светци и мудреци;

•второ – создавање услови за целосно и општо разоружување, елиминирање на самата можност за „употреба на сила од страна на која било влада за зло“;

•трето – „замена на во голема мера застарени политички идеологии и дотраени вредности со нови“

•четврто – „доброволна мобилизација и соработка на сите креативни сили на човештвото... за изградба на поправеден и подобар општествен поредок на планетата.

Прашањето за формирање/креирање односно воспоставување на исправен, фундаментално заснован светоглед или парадигма за постоењето и за опстојот на човекот во хармонија со природните законитости, со својот вистински човечки идентитет и со општествените закономерности во човековиот свет, упатува на основните принципи и законитости кои се неприкосновени и го овозможуваат човечкиот и цивилизацискиот опстој во својата природна и хумана општествена средина. Од таа автентична и објективна положба на своето постоење и делување е потребно да се развиваат соодветни, автентично засновани обрасци или парадигми на истото.

Но, тој вистински објективен и закономерен процес на човековиот еволутивен развој е нарушуван, попречуван, пресекуван и изменуван од пристапот на поединечни

[46] Ibid.
Сорокин, П.А., Ланден, У.А. (1959) *Власть и нравственность. Кто должен сторожить стражей?* (главы из книги) Достапно на https://cyberleninka.ru/article/n/vlast-i-nravstvennost-kto-dolzhen-storozhit-strazhey-glava-i-ideologii-pravyaschih-grupp-tri-vzglyada-na-moral
Sorokin, P. A. with Lunden, W. A. (1959). Power and Morality: Who Shall Guard the Guardians?, Boston: Mass: P. Sargent

стестнети теории, кои поаѓаат од ограничена премиса, како дел од хипотеза, којашто не ги вклучува важните фундаментални природни компоненти и својства на човекот, како неделив субјект и личност, со својот идентитет којшто не може да се сведе само на една своја димензија односно таа да се опредмети како негова проминенетна диференција специфика, врз која ќе се докажува човековата предодреденост и начинот на ослободување од видот на условувањето и на кој тој се дефинира како слободен субјект, човек, граѓанин, суверен, во однос на таа предодреденост, но не и во однос на друга предодреденост/детерминираност, која притоа се допушта и од која таа теорија не го ослободува. А, всушност, човекот е неделив супстрат (природа, личност), комплексен и целовит.

Теориски, е легитимно во оптек да се разни теории, светогледи и ставови за човековата положба и улога во светот и за целите кои тие ги поставуваат. Но, од објективен и реален аспект на автентичниот човеков опстој и еволутивен развој, потребна е суштинска хумана парадигма која истиот ќе го опфати, истражи и нормира на повисоко универзално рамниште, на кое само објективно хумано развојните и најиздржаните од тој аспект теории и парадигма може да останат да важат и да бидат легитимна основа и модел за човечкиот развој во континуитет. Во сегашноста и за идното време, помеѓу кои суштински и реално нема дисконтинуитет. Дисконтинуитетот е резултат на сепаратните теории, најчесто спротивставени меѓусебе, а особено политичките теории кои најчесто се обидуваат да ги решаваат работите, прашањата и проблемите на политичко рамниште, како самодоволно (за нив, како што тие сметаат) и водечко во светот и во меѓународните односи, наспроти МП. А, оттука, сето тоа се пресликува и за одржливиот развој на планетарно и на цивилизациско ниво.

Во овој контекст, може да ги наведеме точните опсервации и укажувањата на Кузњецов за ,,ПРВАТА ЧОВЕЧКА ПОТРЕБА“ или човековата ,,КРЕАТИВНОСТ“, наспроти историската традиција на ,,апстрактниот труд“, во што ја гледа и историската грешка на советската економска школа, која довела ,,до игнорирање на УЛОГАТА НА ЛИЧНОСТА во процесот на историскиот развој на човештвото“, ,,преку „ИДЕИ“ кои се појавуваат само во свеста на луѓето,,, а дека ,,создавањето на човекот е создавање на

„КО-СОЗДАВАЧ““, кој учествува по волја на СОЗДАВАЧОТ, во природната еволуција на Космосот“.[47]

Цивилизациската теорија на руските мислители, е на линија на магистерската теза, дека во своето време на суштестување и живеење, луѓето како човечки фактор и капитал, веќе ги спознаваат проблемите и изнаоѓаат решенија за актуелните состојби. А, може да се каже дека е тоа цивилизациски приод, кој не зависи од разни *леви, десни (кон лево, кон десно)* или *центар идеологии* туку од самата основа на човековото постоење и како тој го опфаќа свекупно светот, со мислата, со чувството, моралот и со дејството, кое е последователно и треба да нè одведе во правата насока во нашиот развој, личен, општествен и цивилизациски. *Големите творци и мислители создаваат големи цивилизациски дела, а дотолку позначајни кога и самите ја третираат цивилизациската проблематика како своја творечка преокупација и авторски придонес во висока цивилизациска насока и смисла.* Такво цивилизациско создавање и творештво/дело се одвива изворно и независно од сродните мисли и пројавените т.н. цивилизацски теории. Но, битно е да се потенцира и да се заклучи дека и цивилизациското творештво и цивилизациските теории и парадигми, се општочовечки и позитивни, насочени кон позитивниот и висок духовен и културен развој на човештвото. За разлика од сепаратните, најчесто идеолошки и политички обоени теории, кои по природа самите не траат долго туку им се наметнуваат на државите и на народите, како и на целиот свет, цивилизациските се вонвременски/трајни и се соодветна алатка (интегрална) за да ги извлечат општествата, државите, народите и човечката цивилизација од пропаста (бездната) пред нив, кон која забрзано се туркани.

Од друга страна, делуваат антицивилизациски сили, кои го држат човештвото во постојана поделеност и меѓусебна одвојување и конфронтација на сферите на Западот и Истокот и нивните влијанија врз другиот дел од светот. Истовремено се одвиваат процесите на поширока соработка на земјите од разни континенти и создавање на големи организации (БРИКС, ШОС и др.) кои ги надминуваат гео-политичките бариери и ја менуваат гео-политичката слика, но се чини дека истата останува замрзната на евро-атлантското тло и со старата парадигма и политики.

[47] Кузњецов, П.Г. (2015). *Наука развития Жизни: сборник трудов*. Том I. Введение / Дубна: РАЕН, — 238 с.: ил.; стр. 83 Достапно на https://cosmatica.org/library/247-nauka-razvitija-zhizni-tom-1.html

Оваа ситуација некои ја објаснуваат со различните концепти, кои се спротивставени, а кои така имаат поголема сила, кога трае нивната меѓусебна конфронтација и борба и предизвикуваат тензија кај спротивставените страни и во глобалното општество, без оглед на суштината или исправноста на концептот.

Но, се поставува прашањето дали концептите сами по себе се доволни и дали спротивставените концепти треба како такви да се одржуваат, а не и да се исполнат, реализираат за добробит на човештвото, а не на негова штета!?

Во овој контекст е и мислењето дека „идејата и моделот за Евроазија и за цивилизацискиот модел промовиран и протежиран од Русија, непостоењето на досегашната граница помеѓу овие два света, парадоксално, но ќе го направи Евроазиството неактуелно“.[48] И дека Русија не се одвојува од Западот, прогласувајќи се себеси во 2022 г. за европска земја, каква и што е, од пред 3 столетија, но се заложува за алтернативен Запад или она што рускиот мислител, филозоф и стратег, Александар Дугин, го нарекува Не-запад.

Мислењата за тоа и советите за неа, исто така, се во тој дух дека самата си создава проблеми сакајќи да се вмеша во судбината на Западот, па затоа за да може да го избегне учеството во поголем конфликт треба да си создаде локална сфера на влијание и да си создава за себе одделена иднина.

Сите овие прашања, а од аспект на глобалната политика, се поврзани со реалноста, но претежно со политичката реалност, а далеку од реалноста на човечката цивилизација како хумана и мирољубива цивилизација, која е постојано напаѓана/атакувана од политичките теории и практики, кои се антагонистички, непријателски и антицивилизациски.

Поразлично од само легалните одредби, но во повтемелена поддршка на истите се јавува и новиот концепт на дефиниција на државата и на надворешната политика: „оригинална (уникатна) држава – цивилизација“ за каква самата се прогласува Руската федерација.[49]

48

49 Достапно на https://mk.rbth.com/istorija/84430-putin-rusija-je-zemja-civilizacija
https://novamakedonija.com.mk/mislenja/kolumni/za-denot-na-rusija-12-juni-2025-godina/

Овој концепт веќе ја подигнува парадигмата на меѓународниот и светски поредок, на меѓународните односи, но и на внатрешните и надворешните односи на државите, кој навлегува подлабоко во суштината и на прашањата: кои се, зошто и заради кого се и како е потребно да функционираат државите? Одговорот на овие прашања е потребно да понуди нова перспектива во нашето сопствено доживување и самоспознавање, меѓусебното разбирање на ниво на човечката цивилизација и толку потребното современо цивилизирање на човештвото западнато во заколнати непријателства, геноцидни и братоубиствени војни и антицивилизација. Коешто, исто така, може да поведе во разбирањето на целото човештво над политичкиот и тесен концепт на нацијата, како нешто што нѐ разделува и разграничува до степен на неприроден и нечовечки однос кон припадници на друга нација, како извор на опасност, зло и животно загрозување, што ни се случува во нашата сегашност и во реалноста.

Другиот аспект на разбирањето и дефинирањето на цивилизацијата е во оригиналноста или оригинерноста, не само како безлична, униформна рамка и постигнување на еднаквост на цивилизираниот уреден свет туку со богатството на секоја оригинална цивилизација и нивното меѓусебно поврзување, споделување и соработка. А, што е сосема поразлично од видот на меѓусебната поврзаност со членство во меѓународните и наднационални институции.

Притоа, станува суштински неважно кон која страна (Исток или Запад) треба да се сврти или да припадне некоја земја или држава, бидејќи „врз основа на дефиницијата за цивилизација, оваа поента е всушност секундарна. Цивилизацијата се врти во која било насока според специфичните потреби, но е ориентирана само кон себе. Нејзината основна карактеристика е тоа што е самоодржлива“.[50]

Овој конкретен и потесен концепт за цивилизацијата, како посебна и оригинална, без поширокиот поим, дефинирање и разбирање на цивилизацијата како

Остапенко, С.М. (2023). Цивилизационная парадигма России и становление культурной идентичности личности. *NOMOTHETIKA: Философия. Социология. Право,* 48(3): 591–602. DOI: 10.52575/2712-746X-2023-48-3-591–602 Достапно на https://cyberleninka.ru/article/n/tsivilizatsionnaya-paradigma-rossii-i-stanovlenie-kulturnoy-identichnosti-lichnosti стр.598

[50] *Цивилизационный выбор,* Федор Лукьянов о новой концепции внешней политики России, Газета «Коммерсантъ» №57 от 04.04.2023, стр. 6 Достапно на https://www.kommersant.ru/doc/5913250

единствена вредност на човештвото и на меѓународната заедница како целина, остава простор за неизвесност и продолжување на спротивставеноста и меѓусебните конфронтации, борби и непријателства на различните цивилизации или заедници и ја смалува ,, можноста за одржување на цивилизациската специфичност во променливите околности“.

Поаѓајќи од нивото на досегашната стара парадигма, на меѓусебна исклучивост на концептите за општественото и политичко управување и развој на човекот, еден таков пример е спротивставеноста на концептот за нацијата и концептот за цивилизацијата, па оттука и произлезената потреба, која во овој случј е наметната.

Но, во појаснувањето на самиот овој нов концепт стануваат јасни определбите: ,,Јадрото на новото размислување беше тезата за приоритетот на универзалните човечки интереси и вредности во еден сè повеќе холистички, меѓузависен свет. Новото размислување не ги негира националните, класните, корпоративните и другите интереси. Но, тоа ги става во преден план интересите за зачувување на човештвото, спасувајќи го од заканата од нуклеарна војна и еколошка катастрофа“.[51]

Но, дали е ова можно, без промена на владеачката стара парадигма, која се заснова врз тие национални, класни, корпоративни и други интереси, кои се причина за нееднаквоста, дискриминацијата, нерамноправноста, неправдата, вечната борба и конфронтација, сè до истребувачките војни и до самата закана од нуклерна војна и цивилизациска пропаст?

Со неотфрлањето на старата парадигма дали не е илузорно да се надеваме на демилитаризација на светската политика и на остварување на ,,разумна одбранбена доволна количина на пониски нивоа на вооружување“, како што е прифатливо за нормалниот човечки здрав разум?

Овој концепт го дефинира преминот од принципите на *реализмот* во надворешната политика кон поимот и концептот *цивилизација*, како алтернативна линија на размислување, но која сè уште не е востановена.

---

[51] Полынов,М. Ф. (2012). М. С. Горбачев и новое политическое мышление: истоки, основные идеи, результаты. *Новейшая история России / Modern history of Russia*. №2, стр. 136-152
Достапно на http://modernhistory.ru/d/polynov_1.pdf
види: Горбачёв, М.С. (1988). *Перестройка и новое мышление для нашей страны и для всего мира,* М., «Политиздат», с. 147

II МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Овој магистерски труд има карактеристика и се бави со *општествено* и *научно истражување*:

1. На *причините за негативните појави и за состојбите* во кои е димензионирано човековото и општествено однесување во постојните услови, на актуелниот светски поредок и парадигма, со сите последици од истите за современиот човек, за суверените граѓани, за суверените народи и за суверените држави, за општествата, за човештвото и за човечката цивилизација и врз научното однесување.

2. На *постојната деструктивна - „стара парадигма“ и нејзините антицивилизациски компоненти и вредности.*

3. За *воспоставување и примена на* новата *Парадигма за новото време - Универзален применет научен модел за интегрален одржлив развој.* Којшто е применет и во ова научно истражување и научен магистерски труд. Како нов творечко-истражувачки, филозофско-научен, применет научен модел и системски начин, приод, метод и методологија. Особено со пронајдениот *начин на кој создавале генијалците (*и на кој сѐ уште создаваат), кој е оригинално/изворно *македонско и цивилизациско откритие*, единствено и ново, во светски рамки. Истото е витален составен дел од творечко-истражувачкиот процес и од системот на научното истражување. Со заложба и посветеност на целите и примена на резултатите, како значајно и оригинално вложување и придонес за македонската наука и за науката воопшто, за човекот и за неговата личност, за македонското општество, за македонската држава, за човештвото и за човечката цивилизација. Имајќи предвид дека примарната цел на научното знаење е неговото акумулирање или *научниот развој*.

Врз основа на оваа детерминанта, ги истражував отворените бази на научни трудови и списанија, што е исто така и целта на *отворена наука*, за пристап и достапност до луѓето, а не само до истражувачите и научниците. Сознанијата се дека за парадигмата како научен поим и област на истражување нема нови истражувања и резултати. Со ова е поврзан и аспектот на условите под кои научниците можат да го издадат својот труд во научните списанија, што ја зголемува недостапноста на истите

до списанијата, како и на научната заедница и јавноста до релевантни научни трудови кои можеби и никогаш нема да се објават или да се има увид во објавените. Овој аспект, исто така е дел од старата парадигма која владее.

Главно е користен *квалитативен истражувачки метод* и *тематска анализа*, но исто така и *комбиниран* и *комплементарна примена на повеќе видови на методи.*

Во почетокот на истражувањето е користен *квантитативен пристап*, за истражување на постојните научни трудови за научното истражување на парадигмата и особено на научниот поим на парадигмата.

Понатаму темата се развива со примена на *историско-компаративни истражувања*. *Усвојување на перспектива и парадигма*. Овде, тоа се совпаѓа со самата тема, проблематика на истражување. Истовремено со *собирање, анализирање, интерпретирање на податоци и на добиените резултати,* со *т.н. движење напред-назад*. Со тенденција за создавање нова парадигма како применет модел (а не само нова теорија), а како одговор на старата парадигма и на ограничувачките теоретски интерпретации и врз основа на податоците и состојбата:

1 . Во постоечката или ,,владеачка“ теорија односно *парадигма* во науката, *воопшто* и

2 . *Посебно* во општествената и политичка парадигма,

3 . *Поконкретно* во универзалниот систем на меѓународноправниот поредок,

4 . *Воопшто* во парадигмата на општествено - политичкиот систем и

5 . *Посебно* на општествено - политичката парадигма или систем во државата Република Македонија.

2.1 Историско - компаративни истражувања

Во магистерскиот труд правам *историско - компаративно истражување*. Со движење по *нелинеарна истражувачка* и *циклична патека*. Со поврзување - *мрежа од значења* (теориски, научни и други релеванти поими, теории, правци, дисциплини, методи, области во науката, теоријата) воопшто, како и во посебните општествени и хуманистички науки, применета наука и други области, како и оние поврзани со

политичката теорија и пракса, со општественото и институционално функционирање и резултатите (позитивни и негативни од истото), со помош на *дескриптивен метод.*

Преземав *кванитативно истражување* за истражувањата и научните трудови во кои се третира *проблематиката на парадигмата* и како *воспоставена концепција, стратегија, модел, парадигма на глобално уредување и функционирање.* Коешто воедно се и *аргументите и доказите* кои ги користев за тестирање на хипотезата и за потврдување на тезата на овој магистерски труд, со следниве податоци на тестирањето: *меѓународни документи и договори, глобални, меѓународни и меѓувладини стратегии и политики, извештаи, национални стратегии и политики, извештаи од избори, владини политики, реформи, изјави* и други. За кои, во подолг временски период се покажало и научниците потврдуваат и докажуваат дека не се успеало со тој модел/парадигма и врз основа на истата создадените концепти/концепции, политиките и политиката на организирање и управување со општеството и со државата. Всушност, за нејзина неодржливост, поради тоа што *ги продлабочува старите и создава нови проблеми, а не ги решава.*

На ниво на Република Македонија, националните програми и стратегии и самите се доказ за заснованоста или за незаснованоста на овие модели и на практиките поврзани со нив. Согласно истите се усогласува и националното право и законите во државата. Во нашиот случај и примерот со Република Македонија, тоа насочува и кон менување на самиот Устав во делот на суверeното одлучување и импликациите по идентитетот, суверенитетот и независноста, нивно непочитување, непризнавање, а со тоа и на непочитување на меѓународното право, на принципите, на нормите, на обврските и на должностите што ги имаат државите едни кон други. Па, оттука, доказите и евиденцијата се јавно достапни и налагаат претпоставено или пожелно и изнудено однесување, за што станува излишна потребата од други видови строги истражувања, содажи и мерења кои би биле потребни за да се тестира хипотезата и да се докаже вистинитоста на тезата, во овој дел.

Ако одиме по обратен редослед, да истражуваме во одделни сфери, како функционира системот во државата и какви политики се носат, можеме да имаме релевантни и точни сознанија за таа проблематика, но со тоа воопшто да не навлеземе во третирањето на општата теорија или парадигмата врз која функционира тој и таков систем. Затоа, *релевантните податоци и докази,* во овој случај се оние што имаат

најопшто и најобврзувачко значење и важење, а тоа се документите донесени од страна на власта (трите столбови) и колку тие се во согласност со МП и со националното право, со највисоките правни принципи и норми, како и со највисоките меѓународноправни документи кои го пропишуваат тоа: *јус когенс*, владеење на правото, сувереност и независност, човекови права и слободи.

Овој модел како нова парадигма го подига нивото на релевантност и на универзалност. На важењето на предложениот начин и методологија на истражување што го овозможува, создава и воспоставува овој Универзален применет научен модел како нова Парадигма за новото време. Тој најнапред се применува во сегашноста и во реалните состојби, за да се избегнат теориските ограничувања и несоодветни насочувања врз основа на старата парадигма, која се темели врз стариот историсцистички пристап и ненаучна парадигматска основа, кои некритички ги воведува во сегашното и во новото време, кое се раѓа и создава свои нови концепти, потреби, приоритети, визии, пристапи и начини, парадигми и стратегии за опстој и за остварување/реализација.

Истражувањето е, исто така, *емпириско, акционо или дејствено истражување,* со лична вклученост, активности и примена во општествениот живот и во општествените процеси, а со посебен акцент на демократските, политички и изборни процеси. Со истото се врши најдобрата и најдлабока комплетна сондажа на состојбите во општеството, врз основа на реалната интеракција на субјектите и на чинителите во истите процеси. Притоа, резулатите се добиваат од прва рака, на тоа одредено ниво, објективно и аргументирано со излезните вредности - резултати од процесите кои и самите се предмет во еден дел на ова научно истражување. Од независна и натпартиска позиција, во поведените, реализирани и тековни активни граѓански и народни иницијативи и во изборните процеси. А, како еден од активните учесници (поведувачи на иницијативи (граѓански, општествени и пред надлежните институции и основачи на активни здруженија, асоцијации и организации и правни субјекти, организатори, гласачи, избирачи и кандидати) и заедно со нив имајќи релевантни повратни резултати и влијанија, кои ги истражуваме и ги квалификуваме како позитивни или негативни во однос на тезата за интегрален одржлив развој.

Тоа се резултати на истражување во одредено место, околности и во време на актуелните општествени и политички процеси, во коишто сме на тој начин вклучени,

секој од својата позиција и улога, како релевантен и квантитативно мерлив фактор, менлива.

Одредени состојби и резултати во тој контекст се забележани во официјалните извештаи на државните органи, институциите, меѓународните организации, медиумите, истражувачките центри, граѓанските здруженија и организации и во научните трудови, публикации и дела (студии, прирачници, водичи, емисии, видео содржини).

Затоа, овој труд, покрај другото, може да се смета и спаѓа во категоријата на *општествени истражувања* и се заснова и на овие докази кои се релевантни за утврдување на објективната, фактичката состојба на човекот, на поединецот, на народот, на граѓанинот во општеството, во државата и во светот. А, тоа е од примарно значење за оваа магистерска теза, како научен труд, со теориска и применета општествена и научна релевантност и вредност од интердисциплинарен научен вид.

Оттука и значењето и резултатите кои се универзално применливи во широк научен и дисциплинарен опсег, а и епистемолошки, на ниво на науката за знаењето воопшто, на самата наука за науката, како и за значењето и примената на научно-филозофскиот поим на парадигмата и на парадигмата како применет модел, на универзално ниво.

Истражувањето на новата парадигма е на ниво на *мета-теориско истражување*, но коешто е водено низ потврдувања и аргументи од конкретни реални процеси и состојби во науката. Поради тоа што највисоката научна теориска релевантност на одредена вредност, оргинално откритие или теза не може да се истражува ако не се поврзе со нејзината конкретна проверка и примена во реалниот и општествен живот, од кој се дел и со кои се во интеракција и научните истражувачи и нивните истражувачки и научни процеси, дејства и дела, како и на другите творци и истражувачи во другите области и дејности.

Со тоа, на почетокот на научното и/или општественото истражување му се дава релевантна и прецизна насоченост или поврзување на коренот - основата со новите резултати, надградбата. На тој начин се премостуваат многу меѓуфази на научно-истражувачкиот процес. Особено во општествените и хуманитарни науки, кои се

задржуваат многу повеќе на теориски докажувања или теориска борба на концептите, при што повикувањето на резултатите е повторно на теориско рамниште, а помалку на активното учество во општествените процеси, од кои еден е и научно-истражувачкиот процес. Тој е неодвоив и не може да се изолира од научната заедница и од меѓусебните односи и интеракцијата на творците, истражувачите и научниците, на кои се упатени и во кои се пресекуваат сите постојни општествени фактори, влијанија, факти, состојби, како влезни чинители (*инпути)* на самиот научно-истражувачки процес и целта на истиот и на резултатите (*оутпути)* до кои ќе доведат. *Особено на твореčките и на научните откритија кои треба да најдат своја примена за и во заедницата (научната, светската, човечката, општествената, цивилизациската), а не само за научниците или за науката како академска дисциплина.*

Тоа може да го објаснам со конкретен *пример*, применувајќи го овој образложен метод на истражување:

Ако се залагаме за нова парадигма во демократското одлучување, тогаш, за каква промена се заложуваме?

1. Дали за позиционирање на друго место (во друга структура, организација, субјект, група, партија, независни, коалиција) и на друг начин (апстинирање, бојкот и сл.) за да влијаеме на тој демократски процес?

2. Дали со промена на изборните одредби и правила?

3. Дали со промена на изборниот модел?

4. Дали со промена на видот на политичко уредување, општествено-политичкиот систем, што е веќе нова парадигма (во тој контекст)?

5. Или за промена на научно-истражувачката парадигма која го менува, целиот начин односно парадигмата на научното истражување, воопшто, и конкретно во нашиов пример: начинот на демократскиот пристап?

6. Со избирање нов начин или модел на одлучување, кој воопшто и не припаѓа на актуелната повеќепартиска парламентарна или претставничка демократија?

Во овој случај новата парадигма е на повисоко ниво и релевантност, кога му приоѓа на човекот како суверен, со своите неприкосновени, човечки, природни и демократски и граѓански права и начините на кои тој може истите да ги остварува. Кои, тој, може подобро да ги остварува надвор од актуелниот демократски модел или владеачка парадигма (на национално или на глобално рамниште).

А, всушност *тој применет модел на општеството и научно истражување, а во целина и како применет модел за интегрален одржлив развој, кој е отворен за новото време и кон иднината, е и предмет и тема на магистерскиот труд и истиот се користи како научно-истражувачки метод и модел.*

Притоа и самиот *се изградува врз принципот и правото на академската слобода придонесувајќи за истражувачката автономија на универзитетот на кој се брани овој магистерски научен труд.*

Тоа е во контекст на *интегритетот на истражувачкиот процес* и *проширување на знаењето за најважниот и највитален фактор, ресурс* или *капитал* на земјата, на државата и на општеството, а тоа е *човекот и творец на врвните и генијални вредности и дела, со кои тие се изградуваат*.

Сето тоа, наспроти видливиот јаз кој сè позасилено се продлабочува помеѓу релевантните научни сознанија и резултати за развојот на општественото знаење и однесување и политичките „методи“ и влијанија кои делуваат спротивно и најчесто надредено на истите или само како политичка идеологија без потребната релевантна и објективна научна заснованост, без *творечка и вредносна димензија*, која е *диференција специфика* на човековата општествена природа, *која го одредува и ја одредува смислата и целта на научното познание и контрола на дехуманизацијата и на антицивилизациските, деструктивни појави наспрема човекот и општеството.* Или вредносното наспроти позитивистичкото становиште во општествените науки.

2.2 Цели на истражувањето

Целта на истражувањето е суштински да се унапреди знаењето во науките за човекот, општествените или хуманитарни науки, кои се клучни за развојот и за квалитетот на живеењето, за создавањето, како и за решавањето на проблемите на општественото живеење и функционирање, на уставно-правниот поредок и на

институциите на државата, на меѓународно - правниот поредок, на човештвото и на човечката цивилизација, а *со воспоставување на новата цивилизациска парадигма,* наместо *старата* и сè уште актуелна *антицивилизациска, деструктивна, хомоцидна и геноцидна парадигма.*

За таа цел, академското истражување на оваа научна, филозофска и епистемолошка област, со овој магистерски научен труд, веќе содржи *применет научен и општествен модел за решавање на научните и општествени прашања, за долгорочна примена и интегрален одржлив развој*, со кој *се надминуваат проблемите и недостатоците, како и неодржливоста на „старата“ парадигма* која е владеачка и во науката, на глобално ниво и во најголемиот број општества на кои им е наметната.

Парадигматскиот пристап во овој труд, кој се совпаѓа со самата проблематика и теза на истиот е и *холистички пристап* во истражувањето и во решавањето на прашањата и на проблемите кои постојат во сите сфери и области на нашето живеење, создавање и делување, во науката (теориски и концептуални), како и во праксата и примената, а се создадени од старата парадигма. Истовремено, за објективност на резултатите и решенијата и нивна оптимална примена, со што се одвива процесот на промена на парадигмата/те и се воспоставува новата, во овој случај *цивилизациската, хуманата, хуманизирачка*, која е *заснована врз највисоките правни принципи и норми на МП, автентично „владеење на правото“ и ефективна примена на МП, со што го овозможува полниот, автентичен човечки творечки и цивилизацски интегрален одржлив развој.*

Оттука, *овој магистерски труд е заснован врз применето истражување за активност со цел и за општествена промена, со примена на новата парадигма како нов модел кој ја унапредува и науката, особено општествените и хуманистичките науки.*

Со тоа се прави надминување на старата парадигма која е спротивна на човековата суштина и природа и на интегралниот одржлив развој. Со придонесите на творештвата, на науката, во функција и за остварување на севкупниот човечки творечки и остварувачки потенцијал, а којшто е клучен за дологорчен одржлив развој и оптимално високо вредносно живеење.

За создавање и за примена на новото знаење, стекнато по/со *откриениот нов творечко-истражувачки начин/пат, оригинално*, со високи творечки и научни вредности, со *создадени нови изворни/оригинални методи (систем од методи) и методологии за истражување и развивање односно имплементирање на стекнатите сознанија во развивањето на високите фактори во човекот, личноста на човекот* (творецот, научникот, истражувачот, професионалец, професор, авторитет, создавач во секоја област и дејност). Неговото функционирање со *високите фактори* (кои се осознаени, истражени и елаборирани и ставени во *создадениот систем* и *откриениот начин на кој создавале генијалците* што е врвна функција или резултат на овој вид на творечко-истражувачкиот процес, во кој се доаѓа до *оригинални врвни и генијални* (поврзани со творечкиот/ креативен систем во човекот) *резулати или откритија.* За коешто, на многу пониско ниво од тоа, но сепак, насочено во тој аспект, се разбира и важноста, значењето и валидноста на творечко-истражувачкиот процес за доаѓањето до новите сознанија и резултати, откритија. Со проценка на општественото влијание, со примена на новата прадигма - применет модел, а особено во општествениот живот и создавањето на високи па сè до генијални вредности, кои го водат и кои можат, со нивната операционализација, да го трансформираат општеството, светот и човечката цивилизација, во позитивна насока.

Во овој контекст е важна и клучна проценката на потребите, за воспоставувањето на новите основи (новата парадигма) на функционирањето, со високата морална и вредносна димензија, а не со пазарната вредност и цена на чинење.

Овој магистерски труд е *истражувачко испитување* („што“ е новата парадигма?), ги истражува, опишува и објаснува и појавите и состојбите во кои парадигмата има централно значење. Како и самата парадигма, како поим и вид на поширока теориска рамка, концепција или модел. Притоа, изградувајќи ја и тестирајќи ја новата парадигма, квалитативно, но и со активно и непосредно учество, со емпириско и теренско истражување, во „природната“, во овој случај, општествената средина и во општествените и политички процеси.

Историско-компаративниот метод е особено значаен и соодветен поради тоа што вклучува користење на *долготрајна временска рамка* односно разгледување на факторите и на процесите што се случувале во подолг временски период.

Овде, самата долготрајна временска рамка упатува на непроменливо и *долготрајно постоење на иста парадигма, но која е одржувана со сила и не е во согласност со МП*, а тоа е *концептот* или *основната (стара) парадигма*: ***Стратегијата за глобализација***, која активно владее од завршувањето на т.н. Студена војна и падот на Берлинскиот ѕид (1989/1990 г.). А, таа се надоврзува, врз рамката на *повеќепартиска либерална демократија* (започнувајќи од 18-от век). Тие се поврзуваат и се преклопуваат, зацврстувајќи ја старата парадигма и нејзиното владеење. Таа парадигма е ограничувачка и деструктивна, што во овој случај, во вистинска смисла на зборот се одвива реално и објективно, кое е евидентно и лесно мерливо. А, тоа е уништување и распаѓање на моралниот систем на вредности и на човештвото/геноцид. Тоа е фактичка состојба, реалност, а не хипотеза, која не е идентификувана или истражена. И повторно, таа се верификува преку дејствата и постапувањето, преку однесувањето на главните субјекти на МП, за што постојат официјални записи - документи и аргументи во најразлични форми за спроведувањето на тие, како што се и наречени во документите: *агенди, стратегии, програми, концепции, визии, планови, договори, спогодби и друго.*

Оттука, можам да заклучам, како истражувач во оваа магистерска теза и труд, дека овие неброени докази директно нѐ соочуваат со реалноста и со ова прашање што не е само теориско и парадигматско прашање, *за потребата да се отфрли/укине старата парадигма и за воспоставување на нова Парадигма за новото време, како применет модел.* Со кој се прават потребните промени и реформи на основното суштествено рамниште:

1 . На *ниво на парадигма*, бидејќи новата парадигма за новото време е применет модел и

2 . На *ниво на примена* за вистински интегрален одржлив цивилизациски развој.

Во методологијата на научното истражување вообичено и почесто се користи поимот ,,теорија“ наместо ,,парадигма“. Но, во нашиот случај, истражувајќи ја суштината на парадигмата, се согледува дека токму во тоа е проблемот. Се прави проста замена или размена на ,,теорија“ и ,,парадигма“ и притоа со една теорија. Во овој случај, со ***неолиберална теорија*** *и врз неа заснованата* ***стратегија за глобализација****, проектирана врз целиот свет и врз сите општества, држави и*

народи, се дефинира и воспоставува како парадигма, модел или рамка со која треба да се уреди севкупноста на светот, светскиот поредок и сечие управување во него. Но, што не е можно да се направи без примена на притисок, сила, насилие и однесување и дејствување кое ги крши нормите на МП и правата на државите, како и човековите права.

Но, ако теориите се развиваат односно се отворени за развивање и за надминување на недостатоците на претходната теорија, што го обезбедува континуитетот на напредокот и кумулативниот развој на науката, овде, старата парадигма - теорија не се развива, а не се заменува со нова!?

Напротив, таа е цел сама за себе и сѐ што се уредува со неа.

Од друга страна, самата научна теорија/парадигма (ако е научна) е непристрасна и е одделена од сепаратно, идеолошко и политичко мислење, ставови или цели на некоја одредена општествена група или сектор во општеството и како таква е заснована врз најсуштинските темели за откривање на вистината, за автентично и вредносно постоење и еволутивен развој на човекот и на човечката цивилизација, со својот идентитет и специфики.

Мојата идеја и намера, е овој труд да биде истовремено создавање на една нова концептуална рамка на главната проблематика и тезата. Парадигмата се истражува и дефинира во една нова концептуална слика и применет модел, што е всушност парадигмата за новото време, како одговор на реалните потреби и состојби. Тоа е реалноста која тече и се одвива, непречено, на повисоките вредносни, духовни и творечки рамништа во луѓето, поединците творците, граѓаните, но од друга страна и на пониските рамништа во приземното човечко функционирање и во негатива, под притисок, под стрес, заплашуван, препуштен на негрижа, неодговорноста и нехуманите политики и агенди кои се спроведуваат од политичките елити и властите, но која не е видлива во ,,реалноста“ која ни се наметнува и нив ги сместува во пресметана вредност или ризик, кој е вкалкулиран во владеачката и официјалната парадигма. Како и за неофицијалниот дел од реалноста, која делува и е сурова на теренот, додека официјално е прикажана и спакувана во разни документи, теории, стратегии, визии, програми, концепти, коишто не ја прикажуваат на вистински начин фактичката состојба и суровата реалност.

Но, и двојно, особено на примерот на состојбите и на реалноста во Македонија, бидејќи кај нас се спорни и официјалните документи, кои се ништовни и неодржливи, невалидни, а истите суверенот и граѓаните се принудени да ги прифатат како валидни и легитимни.

Затоа, наместо преовладувачко класично цитирање на автори, цитатноста е вградена во оваа концептуална слика, како нова парадигма во однос на автентичната реалност во која живееме и на автентични барања и вредности со кои придонесуваме за воспоставување на новите односи и состојби во нашето општество и држава, но и во универзален контекст, на ниво на човечката цивилизација. Во тој процес може да предводат сите субјекти, со новата парадигма за новото време, натпартиски и натполитички, цивилизациски и универзално.

2.3 Хипотетска рамка

2.3.1 Општа хипотеза и посебни хипотези

2.3.1.1. Општа хипотеза

Суштинска, заснована и оправдана парадигма за одржлив развој е врз МП, со почитување и ефективна примена на МП и на задолжителните (јус когенс) норми, со укинување на средствата и начините за потчинување, експлоатација, принуда, обесправување, нарушување на мирното живеење и кршење на правото на мир, уништување и геноцид, коишто се спротивни и претставуваат негација на животот и на одржливиот развој на човештвото, на човечката цивилизација, на природниот дом - земјата и на светот во кој живееме.

2.3.1.1.1 Посебна хипотеза 1

Одржливиот развој е правопропорционален, можен и остварлив, доколку се почитува и ефективно се применува МП на сите рамништа во меѓународната заедница, во прв ред од сите субјекти на меѓународното право: државите и меѓународните организации, на меѓународно и на национално рамниште.

2.3.1.1.1.1 Поединечна хипотеза 1

Старата парадигма на управување со човештвото по пат на експлоатација, креирање на континуирани и постојани кризи и конфликти, нивно нерешавање по

мирен пат, започнување и водење војни, со производство и примена на секаков вид оружје за секаков вид деструкција/уништување на човекот, на народите (геноцид и етноцид) и на создадените добра, е главна причина за невозможност на одржливиот развој.

2.3.1.1.1.2 Поединечна хипотеза 2

Старата парадигма која директно се спротивставува и го оневозможува одржливиот развој е суштински незаснована, ненаучна и неоправдана и е неопходно да се отфрли како антихумана, деструктивна, штетна, геноцидна, антиразвојна и антицивилизациска.

2.3.1.1.2 Посебна хипотеза 2

На местото на старата парадигма е потребно да се воспостави нова прадигма за новото време како нов научен универзален применет модел за интергален одржлив развој, заснована врз почитувањето и ефективната примена на МП и на задолжителните (јус когенс) норми.

2.3.1.1.2.1 Поединечна хипотеза 1

Ефективната примена на МП и на задолжителните (јус когенс) норми е темелот на одржливиот развој кој првенствено значи еволутивен и цивилизациски развој, врз основа на создадени високи цивилизациски генијални вредности и дела кои единствено го овозможуваат и прогресивно го унапредуваат истиот.

2.3.1.1.2.2 Поединечна хипотеза 2

Создавањето на високите и генијални цивилизациски вредности и дела, во општествата и во државите, кај сите народи и цивилизации е правопропорционално со мирно и непречено остварување и уживање на основните човекови права и слободи, правото на мир и мирно живеење и создавање.

2.3.1.1.2.3 Поединечна хипотеза 3

Секој што го нарушува мирното живеење и создавање на човекот, на поединците и на народите, на идентитетот и на цивилизациските особености е

злосторник против човештвото и врши активен геноцид, којшто треба веднаш да се прекине и да се санкционира.

2.3.1.1.3 Посебна хипотеза 3

Воспоставувањето на новата Парадигма за новото време - нов универзален научен применет модел се заснова врз природните и неограничени човечки креативни потенцијали на човекот коишто се неексплоататорска вредност на човекот - најголемото човечко и цивилизациско богатство. Наспроти концептот на т.н. ,,човечки капитал“ кој е сè уште третиран како употребна вредност која создава профит во старата неолибералистичка, капиталистичка, класна, глобалистичка парадигма, со која се оневозможува одржлив развој, се деградира и се уништува човечката цивилизација и го попречува воспоставувањето на високовредносен човечки и цивилизациски светски поредок врз основа и со почитување и ефективна примена на МП и владеење на правото.

2.3.1.1.3.1 Поединечна хипотеза 1

Владеењето на правото како меѓународно-правен, уставен и цивилизациски принцип и вредност се над секој вид неправен и бесправен меѓународен и уставен поредок, кој истото го крши.

2.3.1.1.3.2 Поединечна хипоптеза 2

Новата Парадигма за новото време - нов универзален научен применет модел за интегрален (цивилизациски) одржлив развој ги оспорува и потврдува како неодржливи старите концепти и начини на уредување и управување, а особено актуелниот владеачки модел: повеќепратиската парламентарна демократија како непосреден опструктор и оневозможувач на владење на правото, со што се избегнува и сносењето на одговорноста, а особено на кривичната одговорност (личната).

2.3.1.1.3.3 Поединечна хипотеза 3

Изборите во повеќепратиската парламентарна демократија се самовластие и узурпација на сувереното изборно право на суверенот и партиско владеење со народот и со граѓаните, а не во нивно име и за вистински одржлив развој и за добробит на земјата и државата. Поради тоа овој вид на повеќепартиски политички систем е

потребно да се промени со суверен и хуман непартиски политички систем или непартиска демократија, нов начин на политичко учество и партиципирање во народното владеење, што е еден од неопходните демократски процеси и реформи во општествено-политичкиот систем.

Злоупотребата на демократијата и на власта во повеќепартиските либерални демократии е доведена до врвна криминално-коруптивна пракса која е над правото и над законите. Понатамошното продолжување на истата ќе доведе до целосна криминализација на и онака нефункционалната демократија и блокирање на општествено-политичкиот систем, до уништување на општеството и на државата и на сувереиот народ. Коешто се одвива во повеќедецениски континуитет, а врз основа на повеќевековна традиција на овој либерален владеачки модел воспоставен во државите со најдолга парламентарна традиција, којшто ги унапредувал само владеачките, но не и хуманите и развојни аспекти и димензии на сувереното владеење.

Со новата Парадигма за новото време - нов универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој се делува на потребното рамниште, за промена на оваа актуелна владеачка антихумана, антицивлизиаciска, антиразвојна и геноцидна парадигма која е ненаучна, неправна и спротивна на МП и на задолжителните - *јус когенс* норми.

III. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

3. МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО - ОСНОВА ЗА НОВАТА ПАРАДИГМА ЗА НОВОТО ВРЕМЕ

Сувереноста и суверенизмот, кои се во основата на МП, различно се сфаќаат, но сфатени на поново, повисоко, современо и развојно ниво, во суштината, е приод кој ги апсолвира и ги крева на повисоко ниво поимот и вредноста на суверенистичкиот пристап - суверенизмот, не само како политичко-правна доктрина туку и како основен принцип и вредност на човековиот опстој, преку суверени форми и начини на изразување, заштита и примена на својот идентитет и интегритет, како право и начин на слободно, мирно и непопречувано живеење и создавање, најнапред во својата земја и татковина. Којшто е фундаментален и преддржавен, а кое државата, како политички и правен ентитет го гарантира и го манифестира. Изворно, државата не го создава

идентитетот и народот - суверенот, туку обратно, народот - суверенот ја создава државата, државотворен. И оттогаш тие се неразделно поврзани. Има современи теории и обиди, кои се отидени и подалеку и се применуваат, одејќи во спротивна насока, да се идентификува народот-суверенот исклучиво со државата, па следствено на тоа, ако не постои државата, дека не постои и народот - суверенот или да постои државата, но без да се признае нејзиниот народ (како една од фундаменталните меѓународноправни и политички категории), којшто е еден од атрибутите на државата и на државноста. Но, тоа е апсурдно, бесмислено, бидејќи не постои држава без народ - суверен кој е државотворен и носител на државниот суверенитет и дава легитимитет на власта, која ја претставува. Иако, теоријата за државата познава и признава и создавање на нова нација, но коешто е поинаква уставно-правна традиција.

Модифицирањето или негирањето на суверенистичкиот пристап е и повод за предизвикување несигурност, непријателство, спорови и судири, војни, геноцид и етноцид, културоцид и секаков друг вид уништување, што е спротивно на принципите и законите на МП и се квазинаучни, бидејќи немаат основ во правната наука и воопшто во општествените науки, кои се засновани врз научни и непобитни и докажани аргументи. Но, поради тоа што овие теории и практиките изградени врз нив, внесуваат пореметување и раздор во човештвото и во светот, *тие е потребно континуирано да бидат оспорувани како дејства кои ги повредуваат вредностите на меѓународната заедница како целина и цивилизација*. За приврзаниците, креаторите и следбениците на овие теории и правци важи да бидат сметани како сторители на кривични дела и злосторства, отпадници и антицивилизациски чинители кои треба да бидат процесуирани како такви: сторители на кривични дела против човештвото, како и врз основа на законите и одредбите на националното и на меѓународното право, изведени пред суд или трибунал и пред лицето на правдата.

Од таа позиција и определба, сите состојби е овозможено да се променат во позитивна, создавачка и развојна насока. Притоа, не се ниту суштествени ниту основни принципите на пазарната логика: пазар на трудот, профит, конкуренција, даноци, каматни стапки, кредити, заеми, задолжувања и други. А, тоа е сè она што го карактеризира капитализмот како општествено-политички и економски систем и уредување, чии истурени видови се: либералната економија, договорната економија, новата економија, развојната економија и други, како дел од иста парадигма.

Притоа се покажува дека, напротив, тие се спротивни, некомпатибилни, внатрешно противречни на одржливиот развој. Одржливиот развој подразбира ослободување од стегите на теснопрограмираниот, редуциран светоглед, кој го попречува слободно развивање, насочување и примена на сите потенцијали, својства и ресурси за создавање високи вредности и дела, на ниво на личноста, семејството, општеството, државата, меѓународната заедница и човештвото и на човечката цивилизација. Коешто е предуслов за вистински одржлив развој.

Значи, претпоставува нов приод и ново регулирање на оваа суштествено важна материја која е од витално значење за човекот, за квалитетното вредносно живеење на личноста, семејството, заедницата, општеството, државата и човечката заедница и цивилизација на глобално и на планетарно ниво.

Во програмата за развој на ООН, одржливиот развој е дефиниран со *Целите на одржливиот развој* познати како *Глобални цели,* усвоени од ООН во 2015 година ,,како универзален повик за акција за да се стави крај на сиромаштијата, да се заштити планетата и да се осигури дека до 2030 година сите луѓе ќе уживаат мир и просперитет“.[52]

Во Извештајот за човечкиот развој 2023/2024 на ООН, со наслов *Раскинување на застојот: Преосмислување на соработката во поларизиран свет*, се забележува поларизација на групите меѓусебе, како и на луѓето во самата група, а коешто влијае на довербата и на соработката која е клучна за човечкиот развој, како и на политички блокови со взаемна недоверба „трансформирајќи ги политичките разлики во поделбени битки со нулта сума помеѓу нас и нив, со сите негативни последици“.[53]

,,Афективната поларизација е широко распространета и се зголемува низ целиот свет. Таа влијае на националната и меѓународната политика што ќе го обликува начинот на кој ќе се решаваат заедничките глобални предизвици во наредните децении.“ „Бидејќи многу од овие прашања создаваат спротивставени верувања и

[52] The 17 goals, Unated Nations, Department of Economic and Social Affairs, Sustainable Development Достапно на https://sdgs.un.org/goals Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, Uniteed Nartions Достапно на https://sdgs.un.org/2030agenda

[53] Human Development Report 2023/2024:Breaking the Gridlock - Reimagining Cooperation in a Polarized World, Chapter 6 Достапно на https://www.un-ilibrary.org/content/books/9789213588703

интензивна политичка конкуренција, поларизацијата претставува голема општествена пречка за справување со заедничките проблеми“.[54]

Авторот Галушко (2013)[55] ги разгледува/истражува современите научни погледи за суверенитетот на државата во услови на процесите на глобализација и регионална интеграција, поаѓајќи од становиштето дека суверенитетот се проширува на целиот народ на одредена територија и станува атрибут на државата со потпишувањето на Вестфалскиот договор (1648).

За првпат терминот *суверенитет* го употребил францускиот филозоф и правник, Жан Боден (*„Шест трактати за републиката“, 1576 г.*): „Суверенитетот е постојана и апсолутна власт на монархот“.[56] За, потоа, истиот да се надоградува и да добие сосема друго и спротивно значење, за повисока суверена власт, над монархот, а тоа е сувереноста на народот и на државата (поврзана територија), а што е воспоставено со *Вестфалскиот систем, на суверени национални држави и суверена власт, кои го сочинуваат меѓународниот (тогаш, европскиот) поредок*. Истиот е резултат на Вестфалскиот мировен договор после триесетгодишната војна (1618-1648) на европските империи, кралства (монархии), династии, војводства, кнежевства (поделениот народ) и сили за превласт и за меѓусебно позиционирање на верски, религиозен, општествен, политички план. Тој претставува *преседан и основа за воспоставување на нов политички поредок во Европа, кој внесува стабилност, независност - суверенитет, самоопределување, немешање во внатрешните работи и почитување на територијалниот интегритет, еднаквост - рамноправност на државите.*

Овој *развој на принципот на суверенитетот* ја потврдува тезата дека *различните сфаќања, дефиниции, одредби, концепти, идеологии, се неразделни од самиот историски контекст во кој се јавуваат, па и примената на истите во друго време, контекст и услови со истото значење е анахронизам*, што во извесни случаи значи и *ненаучност,* што е особено релевантен проблем и факт во науката. А, всушност, *принципот* е *константата* која има важност во секоја од тие различни определувања и затоа се одржува неговата валидност во континуитет и во други

[54] Ibid.
[55] Галушко, Д.В. (2013). О суверенитете государства в международном праве. *Вестник ВГУ Сериа Право,* Но.1 стр. 366-373 Достапно на http://www.vestnik.vsu.ru/pdf/pravo/2013/01/2013-01-37.pdf
[56] Ibid.

променети околности и не може да биде побиен така лесно и едностранo. А, всушност, такви се и актуелните обиди за модификација и ограничување или ослабнување на суверенитетот, кои се *„најнова генерација на правила“* во сфаќањето на неговата суштина, а „под влијание на глобализациските процеси и процесите на регионална интеграција“.[57]

Од друга страна, одредена мисла, концепт, теорија или модел има универзални вредности и димензии, што соодветствуваат на суштината на човековото постоење и создавање во позитивна и развојна насока, тие се безвремени вредности коишто се секогаш актуелни и применливи во секое време и доба, а ги надвишуваат „тесните парадигми“ кои се ограничени од многу фактори и коишто ниту во своето време не се докажуваат како оправдани, како потребни и со висока хумана вредност и цивилизациска димензија, со коишто ќе можат да придонесуваат во цивилизацискиот развој на човекот, суверенот, општеството, државата, човештвото и на човечката цивилизација. Тие воопшто не го издржуваат тестот ниту на своето време ниту на времето воопшто. Тоа е затоа што се спротивни на основните природни, животни, духовни и равојни законитости и на правните принципи кои се во заштита на правата на човекот, народите и на човештвото, кои слободно, творечки и научно му приоѓаат на светот и на општеството и позитивно придонесуваат за неговиот одржлив развој, врз основа на истите принципи, вредности и темели.

Во овој контекст, битна е *правната научна категорија*, којашто е најмеродавна за правниот и меѓународно-правниот поредок, кој врз тие основи овозможува стабилност, кое оди во прилог на тезата за непобитноста на *суверенитетот* како *правна категорија*, во МП, од коешто понатаму зависи како истото ќе се почитува и применува, и развива.

Но, има тенденции за создавање посебни правни системи - наспроти универзализацијата на МП и неговите принципи.[58] Во тоа е и една од аргументациите на хипотезата на овој мегистерски труд, поврзаноста со мојата теза за ***универзализмот*** како основа за автентични модели, но согласно своите автентични традиции. Наспроти *глобализмот* кој *ја разбива правната основа, втемелување, а претендира да биде единствен модел на планетарно уредување. А, со тоа е доведен во прашање и правниот и меѓународно-правниот поредок.*

[57] Ibid.
[58] Ibid.

„Всушност, глобализацијата придонесува за остварување на интересите на водечките земји во светот, придонесува за зголемување на нивните можности и богатство. Природно е дека колку е поголема економската, културната и политичката моќ на една држава, толку помалку таа делегира суверенитет на меѓународните структури и обратно. Општо земено, во современиот меѓународен систем, постои нееднакво учество на државите во процесите на глобализација, како и нивни нееднакви можности да го заштитат својот суверенитет. Може да се тврди дека државниот суверенитет како една од клучните категории на меѓународното право минува низ период на преиспитување, разјаснување на неговата суштина“.[59]

Во контекст на магистерската теза, новата парадигма - применет модел значи да се остварува полниот принцип на еднаквост на државите, кои се еднакви, но со различни можности и традиции, кои можат слободно и суверено да ги развиваат. Но, ова не е во согласност со глобализацијата или *глобализацијата* не е во согласност со оваа правна, реална и фактичка состојба, *наметнувајќи им фиксни униформни правила врз основа на нејзиниот концепт, а не врз принципите на МП за суверена еднаквост на државите и народите.*

3.1 Задолжителните (императивни) норми на Меѓународното право - основа на новата Парадигма за новото време - Универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој (НПУНПМ)

Во документот на Комисијата за меѓународно право на ООН за императивните норми на МП „*јус когенс - (jus cogens)*“[60] (анг. *imperative norms,* рус. *императивные нормы)* се образложува природата на императивните норми на општото меѓународно право. „Императивните норми на општото меѓународно право (jus cogens) ги *одразуваат* и *заштитуваат* основните вредности на меѓународната заедница. Тие се универзално применливи и хиерархиски стојат над другите норми на меѓународното право“.[61]

Притоа, Комисијата нагласува дека основните вредности имаат двојна функција во однос на императивните норми на општото меѓународно право. Зборот „одразува“

[59] Ibid. стр. 373

[60] Комиссия международного права, Организация Объединенных Наций,Семьдесят третья сессия Женева, 18 апреля — 3 июня и 4 июля — 5 августа 2022 года A/77/10, Глава IV, 11-101 и A/74/10, 2019, Глава V, 171-247 Императивныие нормы опщтего международного права (jus cogens) Достапно на https://legal.un.org/ilc/reports/2022/russian/chp4.pdf

[61] Ibid. стр.20

ја утврдува нивната делумна одговорност за императивниот статус на предметната норма на општото меѓународно право и дека предметната норма отелотворува специфични вредности. А, „зборот „заштитува“ има за цел да го пренесе чувството дека одредена императивна норма на општото меѓународно право служи за заштита на предметната вредност или вредности“. Оттука произлегува дека *императивните норми се засноваат на специфични вредности што ги споделува меѓународната заедница како целина, кои тие имаат за цел да ги заштитат, со почитување на таа норма.*[62]

Оваа врска помеѓу фундаменталините вредности и императивните норми на општото меѓународно право (jus cogens) е дел од праксата и на државите кои истата ја признале во официјални изјави, вклучително и во Обединетите нации.[63] Исто така и во литературата и претставува „доктрина чија доминација е несомнена“ во меѓународното право.[64]

Оттука, може да се заклучи дека секој што не ги почитува и не постапува согласно задолжителните норми на МП, ги поткопува неговите основи и меѓународниот поредок заснован врз него. Затоа оваа доктрина е и легитимна, за разлика од други доктрини, а особено „правни“ доктрини кои не се засновани врз правото и врз правните принципи и норми, истите ги кршат, па затоа и не се оправдани. Поради тоа се и невалидни, спротивни на вредностите, на принципите и на фундаменталните права и норми кои се во темелите на меѓународно - правниот поредок.

Се поставува прашањето во кој правец се движи потрагата по нови концепти, нови модели, нови визии, стратегии, агенди . . за иднината на човештвото и нов светски или меѓународен поредок? Од што поаѓаат сите тие и дали и каде можат да се сретнат едни со други? Одговорите се од витално значење, токму сега, во овие денови и недели кога се носат одлуки за мир или војна, за иднината на човештвото.

Истражувањето на прашањата поврзани со оваа хипотеза, одат во насока на презентирање на општата фактичка состојба во теоријата на правото и на сродните општествени науки и дисциплини кои ги дефинираат и објаснуваат принципите на правото во поширок оштествено научен контекст и примена во реалниот живот.

[62] Ibid. стр.21
[63] Ibid. стр.22
[64] Ibid. стр.24

Притоа, во сите тие научни истражувања и пронаоѓање на патот низ мноштво концепти, филозофии, погледи и теории за правната димензија на човечкото постоење и општествено организирање, се евидентира хаосот и покрај утврдените и/или наметнати правила според кои субјектите треба да се однесуваат и да функционираат. Особено поаѓајќи од фактот дека во најголема мера се развиени дебатите, големите расправи и форуми за самата природа на овие правни концепти и правила, а врз основа на кои веќе се устроени државно-правните уредувања и општествено - политички системи или државно - правната и политичка реалност во која ние сме ,,осудени“ да постоиме, да живееме, да создаваме и да делуваме. Од оваа перспектива, сосема легитимно може да го поставиме прашањето дали оваа сеприсутна состојба во меѓународно - правниот поредок во целина, вклучително и националниот уставно-правен поредок, кој и самиот се бара себеси надвор од правото (и не се пронашол сè уште) е легитимен за да поставува и наметнува право, поточно *правила*!?

Ако се има предвид дека современиот меѓународно-правен поредок се засновува врз изричната/јасно изразената волја на страните односно државите, како и на меѓународните организации, како субјекти на меѓународното право, чиишто согласности се олицетворени во постигнатите и склучени договори на валиден начин и во согласност со принципите и со нормите на меѓународното право, тогаш, *зошто е сеприсутно несогласувањето околу овие основни/темелни принципи и концепти, што продолжува да се шири, да се проблематизира, да не ги почитува и да ги крши истите, да ги доведува под прашање, да ги менува на неправен и недозволен начин!? Или, потребата за дополнителен консензус!?*

Од каде потекнува тој порив на оспорување на цврста и важечка меѓународна правна норма или право? А, коешто се случува на сите рамништа: академско, образовно, политичко, правно, административно, општествено, јавно, економско. На што ни укажува сето тоа? *И што ќе се примени правно во моментот додека се крши правото, според кое сè функционира и во светот/меѓународната заедница и во национални и државни рамки, а сè уште не е воспоставен поинаков правен поредок или правна норма!?*

Владеење на правото, на европско ниво, е заштитено со Договорот за Европската унија, во членот 2, како една од темелните вредности на ЕУ, дефинирано со 6 принципи: *законитост, правна сигурност, забрана на произволно практикување*

на извршната власт, ефективна судска заштита, поделба на власта и еднаквост пред законот.[65]

Од друга страна, стратегискискиот концепт за глобализацијата како *глобализам*: економска, воена, политичка моќ - диктира во сите случаи. И ненасилно и насилно.

Од меѓународно-правен аспект и меѓународното право оваа генерална појава е неправна, не потпаѓа под правото и под утврдените норми. Со тоа на мала врата, но на големата глобална сцена, се шири неправноста (самовластие, самоздобиеното право, врз основа на правото на посилниот, моќта), најпрво од научници, авторитети во науките и во образованието, кои имаат академска слобода да промислуваат, да преиспитуваат и да развиваат нови теории и додека го прават тоа, не се директно обврзани со правните пропишани норми.

Нив ги следат политички ентитети, организации/ институции (НАТО и други) и субјекти, од кои најрепрезентативни се политичките партии, кои во своите програмски определби ги вградуваат овие научно-теориски концепти гледишта и ставови. Слободата за ова им е загарантирана со демократските устави на државите, во коишто слободата на мислата и говорот се исто така загарантирано човеково право.

Понатаму, тие политички субјекти, но и поединците со својот индивидуален, непартиски вид/дел имаат слобода да ги презентираат своите програми и ставови пред јавноста и пред граѓаните во разни контексти и делување, водење политики (во секоја држава, вклучително и во Македонија, ги имаме примерите за тоа). Особено во изборни процеси, кога се кандидираат за пратеници, за советници, за претседател или за градоначалници. Но, не само ако и кога ќе дојдат на власт, туку и кога нема да дојдат на власт, тие промовираат и делуваат неправно или кршејќи ги правните норни на МП и на домашното, националното, а особено тоа се однесува на Уставот. Истовремено, пак, сите сме обврзани да го почитуиваме Уставот и законите и да не правиме противправни дејства. Дали во ова неправно делување не е најсконцентриран најприкриениот вид и наголемата потенцијална опасност од поткопување и уривање на МП, додека сите истовремено, декларативно и формално се повикуваат на него?

---

[65] Consolidated version of the Treaty on European Union, *Official Journal of the European Union* C 326/15, 26.10.2012 Достапно на https://eur-lex.europa.eu/resource.html?uri=cellar:2bf140bf-a3f8-4ab2-b506-fd71826e6da6.0023.02/DOC_1&format=PDF

Оваа состојба, која ја има токму оваа цел, може да ја наречеме *целна правна анархија.*

Доколку се потребни некои промени, а како резултат на самиот развој на правото и на воспоставениот правен поредок, тоа се прави, повторно, врз основа на правото и на правната рамка, а не надвор од неа. Ако се уриваат темелите на правото и на правниот поредок, меѓународен или национален, тогаш и ние кои и самите почиваме врз него се поништуваме. *Ex injuria jus non oritur* (*Од неправо не прозилегува право*).[66]

Ова е мојата теза, а врз неа помошните тези: Меѓународно-правниот поредок го дефинира и го заштитува правото и човековите права. Кога истото не се почитува и не се применува, тогаш немаме право, па ниту правото на посилниот, затоа што и тоа право почива врз правото кое посилниот смета дека го има, а не врз неправо. Тој го урива тоа право за да го воспостави своето, но такво право не произлегува од неговото право, кое е ограничено со нормите на МП, особено со задолжителните „јус когенс". Нивното кршење произведува правни санкции против сторителот. Тие дела на сторителот се меѓународно противправни акти. Заобиколувајќи го МП, дебатите и акциите се шират во сите пори на меѓународната заедница/општество и во државите, па влегуваат во научни трудови кои освен што се од разни области и дисциплини, а дел од потесна борба и дебата на различни концепти, фракции, струи, оддели или политики, се и на границата и на маргините на правото, но сметајќи дека на тој начин тие ќе бидат значајни и ќе влезат како такви и во извори на правото. Истото важи и за другите дејства и акти, кои се преседани, па како такви овозможуваат и други такви случаи. Но, едно е јасно и децидно во правото, а тоа е дека сè додека постои правен основ, носителот на тоа право може легитимно да го бара тоа свое право, па дури и поништување на договор, окупација, неправен чин, преседан и слично.

3.2 Незаснованоста и неодржливоста на старата парадигма со кршењето на меѓународното и домашно/национално право

Правната наука и праксата кои се изградуваат врз доследно почитување и примена на нормите на меѓународното и националното право се вистинскиот и

[66] Cassese, A. (1999) Ex iniuria ius oritur: Are We Moving Toward International Legitimation of Possible humanitarian Countermeasures in the World Community? *European Journal of International Law*, 23-30 https://www.ejil.org/pdfs/10/1/575.pdf

најголем бедем за заштита и остварување на човековите права и слободи (индивидуални и колективни), за заштита и за развој на оштеството и на државата**.**

Антинауката и неправото создаваат лоша пракса. Што и да се прави според стандарди, критериуми, доследно и согласно усвоени документи, уставиот и законите, сето тоа ,,паѓа во вода“, не доаѓа до потребната реализација бидејќи управувањето е политичко, политичко-партиско и насилно.

И покрај тоа што за најдемократско уредување се смета парламентарната повеќепартиска демократија, во стварноста резулатите се поразувачки. Самата демократската основа на тој систем, слободните, фер и демократски избори, се корумпирани и недемократски, бидејќи токму тие се полето на кое се вршат најголемите злоупотреби и измами на суверените. Таа антипракса започнува со изборните кражби и како таква владее со децении, низ целиот свет. Суверенот - народот - граѓаните никогаш немаат свој вистински слободно, фер и демократски избран претставник во власта. Една од забелешките кои се во оптек е тоа дека авторитарните влади усвоиле закони кои ги ограничуваат активностите на граѓанското општество и невладините организации во текот на изборниот процес. Но, тогаш, како е можно тоа да се случува во демократија, која дозволува авторитарен режим, кој опстојува при секоја промена на власта, без исклучок!?

Листата е долга ((Трамп во САД (2020), Ѓоргиеску во Романија (2025), АДФ во Германија (2025), ВМРО-ДПМНЕ во Македонија (2016), и на други избори, последниве години), се оспорува победата, добиените избори, што укажува на кризата на демократијата односно на парламентарната демократија, начинот на кој се избираат претставниците на народот во власта. Но, уште подлабоко, и од тоа ниво се поставува прашањето дали и претходните избори биле легитимни и сѐ така, до тоа дека е неодржлива и проблематична самата парадигма на претставничката демократија.

Позврзано со тоа е и нивната неодговорност, а во многу системи и неможноста за нивно отповикување (императивен мандат) и нефуционирање на другите воспоставени демократски механизми.

Но, прашањето треба да се постави на уште поосновно ниво. Каде е, всушност, проблемот? Кој и каков и да е систем или модел на управување или избирање, ако не се почитуваат законите, правото, повторно резулатот ќе биде негативен, нема ништо

суштински да се промени. *А, тоа е и тезата дека МП и правото и неговото почитување особено некршење на задолжителните „јус когенс“ норми може да доведе до пресврт, а тоа е и составен дел од новата парадигма за новото време, која почива врз МП и неговото почитување, особено на некршењето на задолжителните „јус когенс“ норми.* Со коешто е можно да се исправи одењето во погрешната насока на современиот свет и на човештвото, наместо во пад и уништување, војни и геноцид кон хуман и одржлив развој, заснована врз целосно почитување и остварување на правото на мир и на својот идентитет, на секој човек, народ, општество и држава, на човештвото и човечката цивилизација. *Цивилизациска парадигма.*

Според Иван Н. Тимофеев, доктор по политички науки, експерт за руска надворешна политика и програмски директор на клубот Валдаи, основните политички теории на современата политичка мисла: *либерализам, социјализам и конзервативизам („Големите три“)* можат да продолжат заедно да опстојуваат (имајќи многу варијации и гранки) и нивните фундаментални претпоставки да бидат зачувани.[67]

Но, потребно е токму тука, во овој „процеп“, да се најде излезот и отстранувањето на рецидивот на класното општетство, за да биде рехабилитиран реализмот не само како доктрина или теорија туку како природен концепт за опстој на државата, а којашто е досега најразвиената форма на колективно самоуправување, со права и обврски и за изградба на праведен меѓународно-правен поредок. *Правата на државите се неприкосновени, а со тоа и нивните обврски едни спрема други.*

Сосема друго ниво е уредувањето на државата. Притоа, *државата се уредува политички, со политички систем на управување и владеење*, кој, веќе, по својата структура и вид, е *начин како да се владее со народот и граѓаните*, а не тој да биде најдобрата и најбезбедната рамка во која тие суштински и на најдобар начин и до највисоко ниво ќе си ги остваруваат и уживаат своите права, загарантирани со МП и со уставот и законите. *На тој начин се прави најголемата злоупотреба на целиот меѓународно-правен систем и поредок.*

Поради оваа појава, а всушност, *развиена стратегија*, со така поставените цели, *илузорно е постигнувањето особено на очекуваната цел и вредност* на националната држава, како што е: *ослободувањето од класните граници и од предрасудите односно*

[67] Государство-цивилизација и политическаја теорија 18.05.2023, Иван Тимофеев. Мнениа. Валдаи Международни дискусиониј клуб Достапно на https://ru.valdaiclub.com/a/highlights/gosudarstvo-tsivilizatsiya-i-politicheskaya-teoriya/

недискриминација. А, тоа е поради тоа што *во основата на овие поредоци не е парадигма за бескласно општество туку за капиталистичко општество и пазарна економија базирана на профит од искористување на човечкиот труд.*

Дури и во државите со социјалистичко, планирано и недиктирано од слободниот пазар уредување, таа цел, идеал, е тешко да се постигне поради агресивниот налет на глобализацијата како планетарна стратегија, раководена од истата политичка и економска доктрина.

Оттука, исто така, станува илузорна и револуционерната промена на општеството и државата, при што остатокот од светот е со спротивната определба и ќе настојува истата да ја застапува и да ја применува, како и сега, како и досега.

Од друга страна, исто така е едностран и социјалистичкиот пристап на надминување на класната, но и на националната разлика, што доведува до друга крајност: групирање и обединување на луѓето по анационална основа, служејќи на државен обезличен систем, лишен од длабоки и низ еволуцијата на народот создавани традиции, кои се неговата особеност и самосвојност и извор на правото.

Тоа е еден упростен вид на национално управување и економија, во кој не се артикулираат и не се остваруваат некои од најтемелните човекови права: слободна мисла и говор, убедување, верување, и покрај формално-правниот начин на самоуправување, како висока политичка и општествена вредност, кое се воведе во некои социјалистички земји, меѓу кои и во Македонија. Но, и овој облик на уредување и за развој на државата ги покажа и своите негативни страни, особено забрзаниот развој на индустријализацијата, што по ништо не се разликува од пристапот на глобалистички сфатената пазарна економија, кога се испразнија селата од луѓе и најпрво замре сточарството и земјоделството, како една од главните стопански гранки, коешто до ден-денес не може да се опорави.

Номинално може да се воспостави најдобра демократија, наизглед, но во суштината и во праксата тоа да е најнедемократски чин. Може да се каже дека демократијата доведена до врвот во својот неолиберален вид е на удар и на штета на самата себеси. А, најлошата последица од тоа е дека атакува врз самата државност/ државата, за нејзино укинување, но без друга одржлива алтернатива. Напротив кон неодржлив развој, што е и хипотезата што требаше да се потврди.

Во таквата парадигма, и во капиталистичката и во социјалистичката, кога државата е поставена над или наспроти суверенот, народот и граѓаните (владеените), има системски корисни механизми на владеењето: реформи, протести, избори, но кои

се вешто контролирани и управувани, а преку кршење и нарушување на правата на ,,владеените“. Па, наместо владеените да протестираат против елитите од најразлични видови, особено политичката, која се покажа и најкриминогена (заедно со своите соработници од сите видови), тие протестираат против и наспроти државата која се самите тие.

Тој вешто изнајден систем ги изместува сите нешта од своите вистински места и во него е тешко обичниот и чесен човек да се снајде и да успее во својот исправен човечки начин за заштита на своите права, особено и поради тоа што сите ресурси и средства на земјата и на државата, како и медиумите се во рацете на тие *самоназначени и самопрогласени политички елити*, која се наметнуваат како *власт и опозиција*, преку *манипулативно добиваниот односно ,,измамамениот“ легитимитет на секои изборни циклуси.*

Всушност, повеќето политички и социјални теории, кои и самите се дел од старата парадигма, се неодржливи, најнапред поради својата котрадикторност. Зачудува фактот што и покрај тоа, тие сè уште имаат пресудно влијание во меѓународните односи и во општеството и во политиката која има легитимен статус во сите држави и општества, без разлика/оглед на различните општествено-политички системи и уредувања на државите.

Дури и на ниво само на политички теории, недостатоците се толку големи што како такви тие не би требало и не би смееле да имаат свое понатамошно клучно влијание и факторизирање. Уште повеќе, кога политичката теорија е испреплетена со идеологија, чијашто цел не е критички и самокритички творечки и научен однос кон стварноста. Ниту адекватна визија, стратегија и план за иднината на човекот, на човештвото и на човечката цивилизација, туку само заземање свое место меѓу другите теории и идеологии и бесполезно теоретизирање, идеологизирање, себепозиционирање и самопромовирање, бавење со самите себе - политички, идеолошки, општествен, па и научен ларпурлартизам, а не решавање на проблемите.

Затоа, кога се изучуваат разните политички и други теории и правци/школи во разните области на науката и на дејностите, неизбежно (поради зададената рамка на таквата/стара односно вообичаена парадигма и методологии и методи на истражување) се измолкнува суштината и предметот на научната расправа. Па оттука, истражувачот - научникот се движи во координатите кои ги постулираат разликите и начините како да се докажуваат односно да се оспоруваат предностите и/или недостатоците на

спротивната или на другите теории. Таа анализа и критика се задржува претежно на ниво на дебата и соочување, во коешто енергијата се вложува во тоа кој ќе успее со силата на својот аргумент (како доволна сама по себе), но не и за да се дојде до соодветното, потребно и релевантно решение (и од научен аспект).

Таа практика и појава е многу долго присутна и веќе одомаќинета во општествените и хуманитарни науки, области и сфери на дејствување, што може да се каже дека се претвора во својата спротивност: не борба на аргументите и настојување да победи оној чијашто сила е неоспорлива и тој да се земе како еден важен/релевантен камен темелник на решавањето на прашањето или на проблемот, туку да се остане на половина пат, на ниво на отворена дебата, која се чини нема интеција да дефинира и затвори некое прашање, најпрво, на тоа теориско рамниште, а потоа врз таа основа, на сериозните аргументи и сонанија, изведени преку научна дебата, да се премине на применетиот дел, на применување на истите. Или, во најлош случај се „наоѓаат“ решенија кои не се решенија, туку продлабочување на проблемот или конфликтот, на долг рок и тогаш е серизоен проблем.

Во тоа е и недостатокот на политичката дебата, но и значаен дел на научната дебата, во која се пресликува политиката и се прелева политичкото дебатирање, што е формат кој исто така нема своја повисока надградба и цел. Сфаќајќи ја, поради тоа, како дел од старата парадигма.

Ако се направи преглед и анализа (критички, компаративен) на секоја од тие теории и правци, ќе се види дека тие самите функционираат како своевидни догми или повеќе идеологии, отколку теории, кошто не трпат потребно корегибилно или побивачко влијание од поиздржани теории, приоди и/или модели. Па, со тоа немаат и поинаква цел. Освен сопственото самоодржување. Додека, внатре, во своите рамки или во рамките на старата парадигма, тие се особено критички насочени и отворени за дискусија и за дебата, а особено за воведување на промени. Но, на тој начин, промените не можат и долго време не се случуваат, понекогаш и еден цел век, откако е осознаена потребата за нив, а и причините кои ја оневозможуваат.

Има различни теории, секој дава сет на убедливи причини за нешто (во следниот наведен пример, за причините за војните), но додека меѓу научниците се водат дебатите и се постигнува консензус за одредена теорија и нејзино научно прифаќање, *на полето на политиката и во МО таков научен консензус не постои и разните теории можат секогаш да бидат во оптек бидејќи не се врзани на таков*

начин со причината како во другите науки, но исто така и не се врзани ниту со вистинскиот одговор или решение за состојбите кои ги предизвикале тие причини.

> ,,Застарените теории едноставно не се изучуваат, а напредните контроверзии се резервирани за професионалците. Како што видовме, дури и во толку основно прашање како што е дефиницијата на предметот, ова не е точно во меѓународните односи. Авторитетни личности се расправаат едни со други јавно на она што се чини дека е многу недостоен начин, и ниедна идеја никогаш навистина не умира - иако некои се приближуваат до точката каде што реанимацијата е тешка“.[68] Овој автор изразува загриженост поради постоењето ,,многу конкурентни теории бидејќи ниедна од нив всушност не е многу задоволителна,, но и дека ,,не можеме да си дозволиме да отфрлиме ниту една од нив бидејќи не сме сигурни која (ако има некоја) е точна. Бидејќи секое намалување на бројот на теории всушност може да го елиминира точниот одговор (под претпоставка дека постои една точна теорија), мора да ги држиме сите во игра. Не можеме едноставно да го уништиме погрешниот одговор, бидејќи не знаеме кој е погрешниот одговор.“[69]

Од друга страна, според овој автор полето на МО е многу интересно затоа што можат да продуцираат теории кои имаат поширок опсег, на глобално ниво, особено за различни култури. А, тоа значи ,,да останат во игра одреден број натпреварувачки теории за тоа какви се всушност нештата“[70].

Но, дали таа состојба и тие теории водат кон напредок и одржлив развој!? И дали е доволно само да се истражуваат причините односно *како* дошло до појавите и дејствувањето (во наведениот пример од него - за војната), а не и *зошто*, во крајна линија е потребно да се води војна?

Доколку ова прашање се поставува во областа на МО и се настојува да се дојде до најаргументиран одговор, тогаш би отпаднале многу од тие компетитивни теории кои нудат одговори за кои не сме сигурни кои од нив се вистинските. Па, дури и во тој случај, може да се извлече заедничката причина или именител на сите војни и да се искорне таа главна причина.

---

[68] Brown, C. with Ainley, K. (1997,2001,2005). *Understanding International Relations* Third Edition, New York: Palgrave Macmillan, pg.10 Достапно на https://www.hostnezt.com/cssfiles/internationalrelations/Understanding%20International%20Relations%20By%20Chris%20Brown.pdf

[69] Ibid., pg.11

[70] Ibid., pg.12

Затоа, *е потребно повисоко парадигматско рамниште.* Особено за опфаќање на овој теориски приод, *за да може да продолжи соодветното и научно третирање на теориите, нивната оправданост и докажување односно потврдување и отфрлање на непродуктивни и нерешавачки теории, особено во областа на меѓународните односи. Кои, сепак, треба да се засноваат на меѓународното право*. А, тоа е и потврдување на хипотезата на овој магистерски труд, дека е анахронизам владеачката глобална, глобалистичка парадигма на управување со светските и со меѓународните односи и процеси. Хипотезата ја потврдувам, а старата парадигма се отфрла.

Браун, всушност, на посреден начин ја потврдува тезата: „Да не се затворат дебатите поради прерани заклучоци. Истовремено одбивајќи да се дозволи на една теорија да ја структурира целината, одрекувајќи и привилегирана позиција на која било теорија или сет на теории".[71] А, тоа е всушност теоријата на „старата парадигма" која е една теорија која се наметнува како парадигма на глобално рамниште и којашто во својата суштина е деструктивна и спротивна на меѓународното право и на одржливиот развој.

Оттука, новата парадигма - применет модел, го решава прашањето на постоењето и кокурентноста на многу теории, коишто всушност ги имаме поради тоа што ниту една всушност не е задоволителна. Како во наведениот пример, за причините на војните, при што теориите го стават акцентот на разни фактори, како причина и секоја од нив ги објаснува некои аспекти на војната, но не и другите.

Оттука, новата парадигма е можно да претендира и да важи општо за сите, како универзален научен применет модел.

Една од објаснувачките теории во МО е и *теоријата за моќта*, којашто ја бараат и сакаат да ја имаат државите за да ги постигнат и остварат своите цели и национални интереси. А, дека потребата за моќ прозлегува од анархистичката природа на меѓународниот систем поради непостоењето на авторитативен систем на донесување одлуки во меѓународните односи, при што државите се упатени да си пружаат *самопомош (self-help)*, да се грижат за себе.

[71] Ibid., pg.34

Но, од аспект на меѓународното право, постојат јасни одредби и граници на претендирање на „национални цели“ и за зголемување на моќта и нејзина (зло)употреба и примена врз другите држави, понемоќните, но и конкурентните. Главната забелешка за таквата состојба се однесува на „анархистичката природа на меѓународниот систем“ [72], кој не е авторитативен во донесувањето одлуки во меѓународните односи, државите се суверени и имаат право и обврска на „самопомош“ во ситуации кога ќе бидат загрозени и да преземаат и насилни и воени дејства за одбрана на правото и на мирот. Тоа е основата за дозволеноста или допуштеноста на истите. Тоа е востановена парадигма на меѓународно рамниште, којашто го релативизира и крши меѓународното право, а ги антагонизра и милитаризира меѓународните односи. Како таква таа е деструктивна и антицивилзиаciска. Новата парадигма е миротворна и цивилизациска. Тоа значи, на друго рамниште, од аспект на поинаква пардигма, да се третира и решава проблемот (поврзано со миротворството, со престанок на воените индустрии итн.) Во таков контекст и со таква заложба во 2024 година е поведена и народната миротворна иницијатива, од миротворци од Македонија и на меѓународно рамниште. (Прилог 6, Мировна иницијатива од Македонија: заложбена хумана алтернатива - нова парадигма (2024)).

Во тоа е сржта на новата Парадигма за новото време. Таа е мета применета парадигма, на мета-теориско ниво, над сите парадигми/светогледи на пониско ниво, како и над сите теории кои се во игра, истовремено оттука и разликата на парадигмата со теоријата/иите. Најконкурентна и супериорна парадигма е таа која го решава проблемот, го дава точниот одговор и прави промена или подигање на парадигмата, а со тоа и потребните промени во реалниот живот, во реалниот свет и систем од кој и самите сме дел. *Нема причина и оправдување на теорија или парадигма што е ненаучна и неоправдана од аспект на човештвото, човековите права и вредностите на меѓународната заедница како целина, кои се заштитени со МП и особено со задолжителните (jus cogens) норми, а коишто се кршат од страна на самопоставените и претенциозни политички теории и играчи и коишто тоа кршење го протежираат и го афирмираат во меѓународните односи.*

[72] https://www.e-ir.info/pdf/8852 Is the anarchical international system the cause of war? Morgan Griveaud 22 2011

Тоа, е всушност и осознаено и разрешено прашање дури и за меѓународните односи: ,,нешто во системот на меѓународни односи што беше виновно, и разни мислители, политичари и филантропи размислуваа како да го променат системот за да спречат повторување“.[73]

Деструкцијата на бојните полиња повикува на одговорност (актуелни состојби и сега во светот, со војните). Се потврдува неодржливоста на такви меѓународни односи, на тој приод и на таа парадигма.

Сега, оваа магистерска теза, за неодржливоста на старата либералистичка и неолибералистичка парадигма, само го потврдува тоа што било преземено пред повеќе од неколку векови, со проектираната цел на либералните традиции на двете западни сили од англиско говорно подрачје: Британија и Америка, под моделот ,,либерален интернационализам“ истите да ги примени врз целиот свет и врз меѓународниот систем (кој го сочинуваат МП и МО). И тоа не само како дипломатија и меѓународни односи туку и како систем на функционирање.

Уште пред стотина години, со Парискиот мировен договор (1919) се направиле решенија кои не доведоа до долгорочен или траен мир, војните продолжија и се актуелни и денес, со алармантно висок биланс на човечки жртви и страдање, меѓу кои и најмасовно убивање на деца. ,,Очигледната неможност на либералните интернационалисти да се справат со овие настани сугерираше потреба за нов концептуален апарат или можеби за повторно откривање на некои постари идеи“.[74]

,,Како што често е случај, нова теорија се создава со неуспех на стара теорија“.[75]

,,,,Утврдените норми“ на современиот меѓународен поредок се сè уште во суштина оние од 1919 година - национално самоопределување, неагресија и почитување на меѓународното право во комбинација со поддршка на принципите на суверенитет“.[76]

[73]Brown, C. with Ainley,K. Ibid. pg.20
[74] Ibid., pg.24
[75] Ibid., pg.27
[76] Ibid., pg.28

Всушност, оваа доктрина: либерален интернационализам, со своите постулати, не е доследна во однос на начините и методите на делување, кои сега се насилно, воено, хегемонско, едностранo делување.

Од друга страна, во однос на позицијата на доктрината на реализмот и меѓународните односи, и последиците, важно е да се забележи дека ја изедначува државата со националниот интерес. И тука, се прават најгрубите манипулации, националниот интерес се претставува како оној за кој одлучила државата, парламентот, владата, а тоа да не е воопшто национален интерес. Ова е врската со претставничката демократија, и нејзината неодржливост и криза, како стара парадигма, којашто не ја отсликува волјата на народот. Оттука кон Новата парадигма. Што е сржта на тезата на овој магистерски труд.

Застарените концепти траат и делуваат и влијаат и денес, што е обратнопропорционално на успехот и на оправданоста на истите.

Спротивставеностите меѓу повеќето од нив, често не се суштински бидејќи се усвојува некој аспект од спротивниот концепт, што оди во прилог на тезата дека тие се дел од една поширока парадигма, која тие не ја менуваат, бидејќи се засновани на истата.

Таа матрица или стара парадигма сè уште е на сила и владее во светот. Најважно е да се постави јасно прашањето за проблемот, за причините за таквата актуелна и ,,статус кво“ состојба, поради што човештвото поминува низ најнови војни и не помало страдање и жртви, во 21 век, кога уште пред 80 години сме се согласиле за мирно постоење, сувереност, еднаквост на народите и на државите, ваемно почитување и соработка, согласно со Повелбата на ООН. Во Повелбата изрично не стои кои сè уредувања и политички системи може да се самоопредели/ да ги одбере народот и државата, иако може да наликува на либерализам (кој е изворен) и неизвитоперен (за разлика од тоа каков што е во сегашниот вид), но јасни се основните принципи и постулати на воспоставениот систем на меѓународен поредок на ОН, како прифатливи и во заштита на сите субјекти на МП и на секој поединец, од аспект на создаваното во континуитет, а во денешна форма Меѓународно право за човековите права.

Еден истражувачки и вредносно насочен творец и научник, кој и самиот е на патот да создава нов приод и метод, со помош на истиот лесно може да ја согледа

суштината на проблемот но и неговото решение, со надминување на постојната рамка (теориска, системска, идеолошка, практикувачка) или старата пардигма.

Притоа, новата парадигма треба да е токму таква и во таков обем што ќе го реши проблемот. Тоа е и целта на овој магистерски научен труд.

Особено, што станува збор за општествени и хуманистички науки, во кои вредностите и мерењата не се егзактни, од видот на природните науки, квантитативно и квалитативно точни и прецизни туку се сложени вредности/величини, кои се потпираат и зависат од вредносни компоненти и вредности. Кои се со т.н. животен или витален квалитет и значење во познавателниот, вредносниот, општествениот и културолошки систем на човековото активно вредносно спознавање и делување, кое се создава во истиот тој систем и опкружување. Уште повеќе одошто егзактното, апстрактно и неутрално научно значење и важење имаат живите хумани аспекти, вистинитоста и делувањето во согласност со истата, за самоодржување или долгорочен одржлив развој. Истиот не може да се одвива и да постои без човекот, со своите неограничени потенцијали и без оптимален план.

Во тој домен, на цврста и сигурна заснованост, врз правната доктрина и норми на МП односно со нивно почитување и развивање е можно да се изградува одржливиот развој.

Затоа во ова време, на старата владеачка парадигма во светот, која истовремено му се спротивставува на МП поредок и ги крши највиските меѓународни норми, потребно е научно побивање и отфрлање на истата, најпрво во правната наука, врз основа на правните норми, кои го овозможуваат цивилизацискиот пристап и одржливиот развој.

Правото, изворно не ги воспоставува човековите иманентни својства и вредности, врз кои се изградува и обликува неговиот личносен, индивидуален, професионален и општествен живот, туку ги заштитува како темелни основи на правната доктрина и на правото, кое истите ги регулира.

Како што Аристотеловиот *Органон* е средство/орудие на филозофијата, за правилно мислење и за заклучување, за изведување/докажување и утврдување на вистината, така и *правото (МП и националното) е нашето орудие за воспоставување на соодветен човечки и цивилизациски свет и поредок, кој е одржлив хуман и праведен.* Тоа е *реална и вистинска цел, правно издржана и оправдана, остварлива*, со надминување и разрешување на антихуманите и антицивилизациски појави, појави и

проблеми кои се создаваат со пролиферација на мноштво теории кои одат наспроти природата и вистината, кои се клучни за одржлив развој.

Таа основа е цврсто дефинирана во правната наука, а позитивното право се заснова врз основните темелни правни принципи кои се и универзални.

Новата парадигма за новото време се заснова на фундаменталните и иманентни својства на човековата хумана и социјална (политичка - *soon политикон* ζῷον πολιτικόν - општествено суштество*)* природа, која е неограничен потенцијал за создавање во сите области, ситуирана во единствениот соларен и био систем и косомос/макрокосмос, и самата појавувајќи се како микрокосмос. Таа природна човекова положба и состојба во светот му ги одредува координатите на себеодржување и делување. Иако нејзините потенцијали се неограничени во суштествена смисла (врз основа на нејзината иманентна суштина) во реалниот и општествениот свет, тие можности се самоопределуваат како *слободи* и *права*, кои се неопходни за неговото оптимално фунционирање и за самореализација во повисоките вредносни и духовни сфери.

Вредностите во човековиот свет се објективни состојби, а не апстракни категории и тие се остваруваат најнапред во општетвената положба и интеракција меѓу луѓето, во воспоставени и изградени взаемни односи, со меѓусебно признавање, почитување и разбирање. *Затоа, рационалистичкиот правен концепт ни ја дава потребната рамка за воспоставување на новата парадигма за новото време.*

Концептот *владеење на правото (the rule of law)* и неговата суштинска димензија, која е генеричка, се содржи и се провлекува во сите различни дефиниции на истиот. Но, и покрај тоа што во некои дефиниции тој се модификува спрема потребите на одредени пристапи, идеологии или теории, сепак, во оваа своја фундаменталност е релевантен и легитимен за секој здрав човечки ум и пракса и ги осуетува оние кои го заобиколуваат или девалвираат. „Концептот на владеење на правото (под кое и да било име) е развиен уште од Средниот век за да се спротивстави на произволното владеење и да се ограничи употребата на моќ од страна на оние што владеат“.[77]

Оттука и научниот приод допринесува „да го дефинира концептот на таков начин, што кои и да се точните зборови кои се употребени за да се преведе концептот,

[77] Gowder, P. (2016). *The rule of Law in the real World*. New York : (online) Cambridge University Press, pg.4 Достапно на https://doi.org/10.1017/CBO9781316480182

тој го има основното исто значење“.[78] Тоа е всушност, генерален став во правото во однос на дефинирањето на владеењето на правото, особено поради тоа што може да се јават разлики во самите држави или во Советот на Европа, на пример, на ниво на државите во Европската Унија, од Западна и од Источна Европа, но и во другите земји во светот.

„Нашата заедничка агенда“ (A/75/982)[79] е извештај на генералниот секретар на ОН од 5 август 2021 година, со кој ја објавува *Новата визија за владеење на правото,* која произлегува од *колективната посветеност кон мирен, просперитетен и праведен свет, со луѓето во неговиот центар односно во центарот на правосудните системи.* „Владеењето на правото“ е концепт во самото срце на мисијата на Организацијата. Се однесува на принцип на управување во кој сите лица, институции и субјекти, јавни и приватни, вклучувајќи ја и самата држава, се одговорни пред законите што се јавно објавени, подеднакво спроведувани и независно изрекувани, и кои се во согласност со меѓународните норми и стандарди за човекови права. Исто така, бара мерки за да се обезбеди почитување на принципите на супремација на правото, еднаквост пред законот, одговорност пред законот, праведност во примената на законот, поделба на властите, учество во донесувањето одлуки, правна сигурност, избегнување на произволност и процедурна и правна транспарентност.“[80]

Владеењето на правото:

- подразбира заштита на човековите права и основните слободи, во согласност со Повелбата на Обединетите нации и меѓународното право за човекови права.

- овозможува развој на праведни и рамноправни општества со силни институции кои ги штитат популациите и во конфликт и во мирно време.

- е темел за траен мир, безбедност, за спречување на конфликти, миротворство, зачувување на мирот, одржлив мир и градење мир.

Затоа, за ОН приоритетна акција е поддршката за владеење на правото, како суштинско за нејзиниот поширок ангажман за мир и безбедност. Исто така, тоа е

[78] Ibid., pg.3
[79] Our Common Agenda Report (A/75/982) UN General secretary 5 august 2012 Достапно на https://www.un.org/en/content/common-agenda-report/assets/pdf/Common_Agenda_Report_English.pdf
[80] The rule of law and transitional justice in conflict and post-conflict societies Report of the Secretary-General, S/2004/616 (23 August 2004), pg.3 Достапно на https://digitallibrary.un.org/record/527647?ln=en&v=pdf

длабоко поврзано со развојот и е од суштинско значење за одржливиот развој, а ,,целта за одржлив развој (ЦОР) *16: за мир, правда и силни институции*, е клучен овозможувач за спроведување на сите ЦОР“.[81]

Со промовирањето на новата визија за владеењето на правото, поврзано со Целта 16 за одржлив развој и врз основа на Декларацијата од 2012 година на Генералното собрание за владеење на правото на национално и меѓународно ниво (резолуција 67/1)), се дава поддршка на државите, на заедниците и на луѓето во обновата на нивниот општествен договор како основа за одржување на мирот и да се забрзаат активностите за справување со корупцијата, во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата.[82]

Стратегијата за младите на ОН, Млади 2030, ги става младите во центарот на глобалната трансформација и на забрзано постигнување на ЦОР.[83]

За да се постигнат овие цели неопходна е солидарност со помладата генерација *,,исполнувањето на приоритетите на младите луѓе и нивното значајно вклучување во процесот на донесување одлуки“ како ,,инвестиции што ќе донесат моментални резултати, . . . ќе изградат човечки капитал и социјална кохезија на подолг рок“*. (4) Се повикуваат владите да го слушаат гласот на младите, да работат со нив, *да промовираат политичко претставување на младите***,** вклучително и на младите жени и девојки и *нивно кандидирање за изборна функција и зајакнување на партиципативните тела на младите. Поддршката на политичкото учество на разновиден спектар на млади луѓе може да значи предизвикување на општествените норми.*

,,Младите луѓе се повикуваат да ги искористат можностите што им се достапни, вклучително и со остварување на нивното право на глас. Заедно со водечки истражувачи и академски институции, ќе истражувам индекс „млади во политиката“ за да го следам отворањето на политичкиот простор во земјите низ целиот свет што

[81]SDG16+ as an enabler for the 2030 agenda, Chapter 2, pg. 10 Достапно на https://sdg16now.org/wp-content/uploads/2023/05/Halfway-to-2030-Report-Digital.pdf https://www.un.org/ruleoflaw/wp-content/uploads/2023/07/New-Vision-of-the-Secretary-General-for-the-Rule-of-Law.pdf pg.5

[82]Strengthening and coordinating United Nations rule of law activities Report of the Secretary-General 22 July 2022, pg.2 Достапно на https://docs.un.org/en/A/77/213

[83] Достапно на https://www.un.org/youthaffairs/en/youth2030/about

помладите генерации го бараат толку многу, *како и учеството на младите луѓе во овие процеси"*.[84]

Ова се поврзува со пронајдениот *системски начин на справување со корупцијата и криминалот, со учество и кандидирање на младите на избори.* Истиот е дел од НПУНПМ.

Особено се става акцент на мултилатералниот систем за долгорочно размислување и предвидување, кое треба да ги претставува интересите на идите генерации, кои се очекува да се родат во текот на следниот век и за ефектите од сегашните одлуки врз луѓето во иднина, во Декларацијата за идните генерации, на ОН.[85]

Сето ова е во контекстот на новите ризици за кои предупредува ОН, ако продолжи уништувањето на човештвото, но и можноста и надежта да се постигне посакуваното и потребното за идните генерации.

Новата агенда за мир произлегува од потребата да е заштити мирот, кој е под постојана закана, како едно од глобалните јавни добра и централно ветување на Повелбата на Обединетите нации, за кои се основани Обединетите нации. Да се одговори соодветно на новите форми на нарушување и водење војна, со кои уште повеќе се зголемува опасноста и од традиционалните форми кои сега напредуваат и со помош на новите начини, како што е тероризмот, а особено вооружените конфликти, нови технологии за оружје кои се развиваат многу брзо, како и растечката подготвеност за директно учество во војни, насилието воопшто, раселените луѓе, ерозирање на довербата меѓу големите сили, беззаконие, со што ОН и Генералниот секретар признаваат дека постојат празнини во нивната архитектура на управување. *„Светот се приближува кон работ на нестабилност, каде што ризиците со кои се соочуваме повеќе не се управуваат ефикасно преку системите што ги имаме"*.[86]

[84] Достапно на https://www.un.org/youthaffairs/sites/default/files/2025-05/Youth2030-Phase2-May%202025.pdf

[85] Достапно на https://unric.org/en/the-declaration-on-future-generations-is-an-absolute-novelty-paving-the-way-for-a-sustainable-future/

[86] Достапно на https://www.un.org/climatesecuritymechanism/sites/default/files/2025-06/our-common-agenda-policy-brief-new-agenda-for-peace-en_0.pdf

А, бидејќи е приоритет заштитата и управувањето со глобалното јавно добро на мирот, на мировниот континуум, потребни се поефикасни колективни безбедносни одговори односно нова агенда за мир, која ги потенцира потенцијално шесте основни области:

а) *Намалување на стратешките ризици*, коешто опфаќа „разоружување со цел да се гарантира човековата, националната и колективната безбедност, вклучително и преку поширока поддршка за нешире̋ње, свет без нуклеарно оружје и друго оружје за масовно уништување, ефикасна контрола на конвенционалното оружје и регулирање на новото технолошко оружје“. Во 2021 година стапи на сила *Договорот за забрана на нуклеарно оружје* и истиот претставува чекор кон конечното елиминирање на нуклеарното оружје;

б) *Зајакнување на меѓународната предвидливост и капацитети за идентификување и прилагодување на новите мировни и безбедносни ризици.*

в) *Преобликување на нашите одговори на сите форми на насилство*.

г) *Инвестирање во превенција и градење мир*, што „вклучува збир на обврски за обезбедување на потребните ресурси за превенција, вклучително и на национално ниво, намалување на прекумерните воени буџети и обезбедување соодветни социјални трошоци, прилагодување на развојната помош за справување со основните причини за конфликт и почитување на човековите права и поврзување на разоружувањето со можностите за развој“.

д) *Поддршка на регионалната превенција,* во која се клучни регионалните актери, за одржување на мирот и спречување и реагирање на несигурноста.

(ѓ) *Ставање на жените и девојките во центарот на безбедносната политика*, врз принципите на превенција, демилитаризација и еднаквост, за еднакво учество на жените во сите одлуки за мир и безбедност и повторна проценка на основните претпоставки, вклучително и како мирот и безбедноста се дефинирани, преговарани и одржувани.[87]

[87]Ibid.

За справување со главните ризици централна е *превенцијата во сите нејзини аспекти*, за потребно *управување со глобалните заеднички и јавни добра*, при што се повикува на *етичкот императив* да се дејствува на *начин компатибилен со достоинството на човечкиот живот*, што нашите системи за глобално управување мора да го следат.[88]

Не постои поинаква меѓународна соработка од таа која е заснована врз меѓународното право. „Целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации и меѓународното право остануваат безвременски, универзални и неопходна основа за помирен, просперитетен и праведен свет. Меѓународните правни режими се основа и се од суштинско значење за заштитата на глобалните заеднички добра и испораката на многу од глобалните јавни добра идентификувани погоре, а пошироко и за меѓународен поредок заснован на почитување на човековите права и владеењето на правото. *Фактот дека меѓународното право, особено меѓународното право за човекови права, е основа на приближно 90 проценти од Целите за одржлив развој е силен пример за ова“*.[89]

„Владеењето на правото исто така бара сите лица да бидат еднакви пред законот и подеднакво одговорни според законот, а правдата да биде предвидлива, јасна и исполнета со гаранции за правично судење. Исто како што луѓето не се над законот, ниту државата е, и мора да има одговорност, отвореност и транспарентност во процесите и активностите на државата за донесување одлуки. Без одговорност, применета праведно и непристрасно, владеењето на правото ја губи виталноста и релевантноста во заедниците и општествата, а почитувањето на владеењето на правото еродира со потенцијално далекусежни ефекти во сите сектори на јавниот и приватниот живот.[90]

„Корупцијата го попречува економскиот раст и човековиот развој, генерира недоверба, ја еродира легитимноста на државните институции и се заканува на мирот и безбедноста. Мора да ги унапредиме нашите напори за поттикнување на одговорноста,

[88]Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, pg. 47 Достапно на https://docs.un.org/en/A/RES/70/1
[89]Достапно на https://www.un.org/pga/74/wp-content/uploads/sites/99/2020/07/UN75-FINAL-DRAFT-DECLARATION.pdf
[90] https://www.un.org/ruleoflaw/wp-content/uploads/2023/07/New-Vision-of-the-Secretary-General-for-the-Rule-of-Law.pdf, pg.5

транспарентноста и доброто управување, зголемувајќи ја довербата во институциите и заштитувајќи го уживањето на човековите права“.[91]

Компатибилна со Визијата е заложбата, поведената иницијатива во Македонија и *создаден оригинален автентичен модел за борба против корупцијата, спречување и сузбивање на корупцијата и криминалот и сносењето на кривична одговорност на сторителите на кривичните дела поврзани со коруптивно и криминално однесување и злоупотреба на службената положба***.** Најпрво, во 2010 година од здружението на граѓани *Граѓанска иницијатива за здраво, достоинствено и возвишено живеење Преродба,* чијшто претседател сум и еден од основачите. Во 2021 година започна емитувањето на *емисии од програмската серија* на *ТВ каналот Откритија - Надеж за иднината*, во кои се јавувам како уредник и ководител, а од 2024 година, заедно со авторот Ристо Мијаковски (исто така член и основач на Преродба) сме членови на Работниот комитет на Советот за национален развој на НРС (Национална развојна стратегија 2024-2044) во групата/Стратешка цел 4: *Владеење на правото и добро управување*, во кои од страна на здружението Преродба се предложени најсоодветни и особено правно издржани *Предлог мерки* против корупцијата и за да се примени владеење на правото. (Прилог 2)

Овој модел, кој е исто така дел од НПУНПМ, независно од истата, ја инкорпорира оваа Нова визија на ООН за луѓето и за човековите права, преку владеење на правото кое ги овозможува.

Ставот на ООН за владеење на правото, за тоа какво треба да биде, е категоричен и јасен: ,,Препознавајќи дека владеењето на правото се однесува подеднакво на сите земји-членки и на меѓународните организации, Организацијата ќе остане неуморен промотор на вредностите во својата Повелба, како и на принципите содржани во Декларацијата од 2012 година на состанокот на високо ниво на Генералното собрание за владеењето на правото на национално и меѓународно ниво“.[92]

[91] Ibid.
[92] Достапно на https://www.refworld.org/legal/resolution/unga/2012/en/89696 pg.7

„Сите засегнати страни - земјите-членки, регионалните организации, граѓанското општество и приватниот сектор - треба да бидат вклучени во остварувањето на оваа Визија“.[93]

ООН смета на проширување на авторитетот и легитимитетот на државата; враќање на довербата и социјалната кохезија.

3.3 Пазарно- економската парадигма и парламентарната демократија

Постои несовпаѓање на моделот на пазарната економија (неучеството во одлучувањето, на работниците) со моделот на управување со државата - парламентарната демократија, којашто се заснова врз „одлучувањето“ преку избирање свои преставници во власта. Значи, за второво е потребно учество на секој граѓанин, заради легитимитет на власта, а во пазарната економија, сопствениците (државата или приватните сопственици) си носат одлуки, кои најчесто во праксата не се во интерес на државата и на народот - граѓаните. А, ова е во контекст на современото сфаќање на националните демократии - држави, во коишто власта е највисокиот суверен, а не суверенот - граѓаните од коишто извира суверенитетот. Затоа, се присутни појавите власта да не го информира ниту да го праша својот народ и своите граѓани за многу одлуки кошто ги донела и ги спроведува, а дури потоа нив ги информира. Иако со уставите и со законите е пропишана и непосредната демократија или изјаснување на граѓаните за одредени прашања и проблеми или чекори што би се преземале од страна на власта (но, во праксата не се применуват, а кога се применуват се злоупотребуваат од страна на власта).

Овој владеачки модел, на тој начин, прави за него (во негова полза) потребно ослабнување на државата како политички конструкт и смалување на силата на Уставот и на законите, на националната суверена независност и отворање врата за упад во истите, притоа повикувајќи се на МП, а всушност и кон него приврзаниците на овој модел на истиот начин се однесуваат. Тоа е, исто така, доказ против самиот него и против неговата одржливост.

[93] https://www.un.org/ruleoflaw/wp-content/uploads/2023/07/New-Vision-of-the-Secretary-General-for-the-Rule-of-Law.pdf, pg.3

Својата критика на либералната економија, во својата книга *„Глобализацијата и нејзините противречности“* (2002),[94] нобеловецот Јозеф Штиглиц ја изразува после изгубената верба во процесот на приватизацијата на државните и на монополските претпријатија, особено во сиромашните земји, со политиката на натпревар и конкуренција, да се овзможи најдобар раст и услуги по најприфатливи цени за граѓаните. Откако се покажало нефункционирањето на пазарите, наспроти моделот на предвидување за нивна совршеност, признавајќи дека сите тие тешкотии и проблеми пазарниот капитализам ги имал од почеток. Но, сепак, и покрај таа очигледност и насоките што произлегувале од истата реална ситуација, биле спротивставени на насоките на кои често често се инсистирало од ММФ за децидно спроведување на тој модел (парадигма) и без алтернатива.[95] Всушност, тој им се наметнува на државите, немаат можност за избор, за дебата околу тоа, што е недемократски (антидемократски). „Во нашиот личен живот ние никогаш нема да дозволиме слепо да следиме некоја идеја без да бараме алтернативен совет. Но, земјите од целиот свет беа инструирани да го прават токму тоа“.[96] Исто така, дека по правило програмите на ММФ се придружени со страдање, но ММФ тоа го смета како „неопходен дел од болката што земјите треба да ја искусат на патот да станат успешна пазарна економија и дека нивните мерки ќе ја редуцираат болката на земјите со која мораат да се соочат на долг рок. Иако според процесите на глобализација и развој што ги прави ММФ, особено за земјите во развој таа болка е многу поголема од неопходната.

Таа прадигма сè уште е високо позиционирана во светски рамки и владеачка и во Македонија, која зависи од истата и од ММФ и други фондови и банки. И покрај тоа што води кон осиромашување, глад, невработеност, инфлација, нестабилност на цените, несоодветно утврдување на вредноста, високи каматни стапки, даноци и други оптеретувања: задолжувања, кредитирања, заеми и слично. И што е најважно, во сето тоа, дека тие политики не се доведувале во прашање од повеќето од луѓето од моќ во ММФ, од оние кои ги донесуваат критичните одлуки.

На местото на планската, се воведува пазарна економија, според капиталистичката идеологија, при што пазарот го диктира делувањето и иднината, што е бесмислено, имајќи предвид дека во тој случај суштината на парадигмата како

[94] Stiglitz, J. E. (2002). *Globalization and its discontents*. New York: W.W. Norton & Company, Inc. Достапно на http://digamo.free.fr/stig2002.pdf
[95] Ibid., pg. xii
[96] Ibid., pg. xiv

најширок концепт или идеја за градењето одржлива средина и иднина на сегашните и на идните генерации, е зависна од пазарот, кој патем го диктира една најмоќна и најбогата класа во светот: олигарси, банки, политички елити, кои самите се произнесуваат и ги бранат своите најтесни интереси, своето богатство, својата позиција и влијание во светот, со коишто средства купуваат/плаќаат се. Ги купуваат или да работат за нив: истражувачи, научници, професори, стручњаци, политичари и медиуми и влијаат на јавното мислење и на слободните луѓе, коишто патем немаат слободен избор поради наметнатата, владеачка парадигма, на глобално и на национално ниво. А, тоа е особено еклатантен ненаучен или квази-научен пристап, со кој, всушност, идеолозите, капиталистите и политичарите се гордеат бидејќи на тој начин се покажува нивната моќ, како успешна политика.

Затоа, во новата парадигма, моделот и плановите се креираат оддолу, од базата, со учеството и придонесот на сите чинители, според нивната професионалност, компетентност, заслуги, квалитетот и заснованоста и оправданоста од страна на науката и вредносната и заложбена компонета и активност, високата творечка и општествена вредност и важност на создадените дела и вредности (минати и сегашни), а кои се во поддршка на новата парадигма.

Во однос на ,,застојот“, ,,злонамерноста“, „проклетството“ на актуелната стара владеачка парадигма е и потполната идентичност на нејзиниот мртов - нечовечки метод, за кој во 2001 година (пред 25 години) пишува Штиглиц, а со кој и сега, пред вратата на Европската унија, се тормозат кандидатите за влез. Истиот, со кој се демонстрира силата не само врз послабите туку и врз посилните, од страна на тој здружен хегемонски глобалистички нео-либералистички блок што е вистинската реална закана за светот и за човештвото, со сите нивни вредности. Тоа е еден, униформен став, искажуван од ММФ, од ЕУ и од други инстанци.

,,Балканските политички елити се наоѓаат на играта на ,,Шаховската табла,, на големите политички сили помеѓу Исток - Запад со геостратешките интереси на Балканот, ги доведуваат до состојба на поделеност во градењето на своите суверени држави кои тежнеат кон политиките на ЕУ, САД, да се оградуваат од останатите

евроазиски земји кои нудат економски просперитет и почит кон сувереност, самоопределување на внатрешната и надворешната политика“[97].

Секоја појава на страдање е неопходен дел од болката што државите е потребно да ја доживеат на патот да станат успешна пазарна економија и дека неговите мерки, всушност, ќе ја редуцираат болката на земјите со која тие треба да се соочат на долг рок.

И сега, ставот на Европската Унија кој е потребно безусловно да биде прифатен од страна на кандидатите за членство е тој: *мора да донесете тешки одлуки*.

„Регионот веќе направи позитивни движења, сега е време ЕУ интеграцијата да земе полн замав. Дојдено е време за сериозен план за проширување од страна на ЕУ. Конкретен план со кој ЕУ ќе покаже дека не само со зборови, туку и со дела е фокусирана на евроинтеграцијата на регионот. Ние ќе испорачаме реформи и тешки одлуки, а ЕУ да испорача членство до догледно време“, (поранешен министер за надворешни работи на РМ, Маричиќ)[98]

„Тие треба да донесат некои тешки одлуки во однос на уставните промени кои од нив се бара да ги направат. Тие се подготвени да ги направат тие промени, но политиката е тешка. И тоа што треба да слушнат од сите нас е нашата поддршка да ги направат овие промени кои би изгледале минорни, но се политички доста тешки, а тоа ќе помогне да се отклучи следната фаза од нивниот процес за пристапување во ЕУ“. (високиот американски дипломат Дерек Шоле).[99]

„За да ги продолжи своите аспирации кон ЕУ, Северна Македонија е посветена да донесе уставни промени за признавање на бугарското малцинство. Силно го поддржуваме овој тежок, но неопходен чекор“ (американски заменик помошник државен секретар Габриел Ескобар).[100]

---

[97] Bieber,F. and Tzifakis, N.(2019).Western Balkans as a Geopolitical Chessboard: Myths, Realities and Policy Options, Balkans in Europe Policy Advisory Group Достапно на https://www.biepag.eu/wpcontent/uploads/2021/07/The_Western_Balkans_as_a_Geopolitical_Chessboard.pdf

[98] https://360stepeni.mk/marichik-ke-isporachame-reformi-i-teshki-odluki-a-eu-da-isporacha-chlenstvo-vo-dogledno-vreme/

[99] https://www.slobodenpecat.mk/shole-pred-senatot-s-makedonija-e-spremna-da-donese-teshki-odluki-za-eu-treba-da-ja-poddrzhime/

[100] https://mk.voanews.com/a/severna-makedoni%D1%98a-e-podgotvena-da-napravi-ustavni-promeni-no-politikata-e-teshka-reche-shole-/7099228.html

Штиглиц, во наведената книга, ги опфаќа сите аспекти на тој процес: транзиција од комунизам кон пазарна економија, консеквенциите на приватизацијата, несовршеностите на пазарот на капитал, за секоја пазарна екононија, но особено за оние коишто се во развој, разните модалитети скроени за тој премин, со особена терминологија и прецизно одредување за секоја постапка (структурални заеми за прилагодување, банана квоти, ќебе револуција, разни модели за инвестиции, без кои неможе да има одржлив развој, почитување трговски правила, но не и извезување пошироко, и не само трговија туку и оптеретување со заеми и враќање на заемите од страна на сиромашните).

Во таква атмосфера, започна патот и на македонската транзиција. „Во дебатата за политичкиот систем преовладуваше ставот за „нов демократски социјализам“ и „слобода на политичко организирање и здружување“. Сепак, повеќепартиски систем не беше декларирaн никаде. Во пресрет на 10-тиот Конгрес на ЛКЈ, членот на ЛКЈ Петар Гошев, во интервју за хрватската државна телевизија, се залагаше за воведување на повеќепартиски систем. Тој го нагласи плурализмот на интересите во рамките на социјалистичкиот сојуз [4, стр. 62].[101]

Еден важен аспект, како аргумент против моделот на пазарната економија, кој е сè уште актуелен и владеачки, е и неговата *недемократичност*. А, таа се потврдува преку дејствата на нејзините носители и спроведувачи, кои наидуваат на отпор во земјите на кои им се наметнува, а за тоа исто така не се информира пошироката јавност во развиените земји или на западот, а за што пишува и Штиглиц.[102]

Уште поважно е што сето тоа, е константна официјална политика за развој на земјите, којашто се спроведува преку владите. Истите константи важат и денес. Тоа може да го покажеме на примерот со Македонија, особено ако почнеме од најактуелниот момент на добивањето односно земањето заем, од Унгарија и од Обединетото кралство, и двата во 2025 година. Тие се земени без да се праша народот-граѓаните - суверенот, а претходно и без да се најави, а народот тоа за првпат го слушна на вести. А, заемите треба да ги враќа/плаќа токму народот -граѓаните-суверените односно државата, а не тој што ги договорил и ги земал.

[101] 4.(Интервју со Петар Гошев // Зборник «Македонија». Скопје, 2001)“
[102] http://digamo.free.fr/stig2002.pdf, pg.3

Штиглиц се фокусира на ММФ и СБ (Светска банка) кои се тандем за најголемо влијание и центар на најголемите економски прашања, во последните дваесет години од 20 век, како што се: финансиските кризи и транзициите на поранешните комунистички земји во пазарни економии. Тоа не е променето ни денес, после четврт век откако го пишува ова Штиглиц во споменатата книга.

За земјите колонии, одлучувале нивните европски господари и тогаш (после 1944 година) во кој правец и на кој начин тие ќе се развиваат.

Кога ќе се повлече линијата во економските движења наназад, во претходниот век, всушност, се утврдува дека капитализмот и пазарната економија имале сериозни кризи, кои оттогаш наваму закономерно се повторуваат. Значи, тој модел во основа е проблематичен и не може успешно да ги реши своите проблеми, сè додека истиот опстојува.

Оттука, залудни, а всушност за осуда и неоправдани се сите настојувања тој систем и модел да се одржи, по секоја цена, што е всушност и воспоставениот модел на ММФ, со притисок, за колективна акција за економска стабилност. Најпрво, нејзиниот статус е поинаков од она што таа го прави: „ММФ е јавна институција, воспоставена со пари/финансиски средства обезбедени и од даночните обврзници (tax payers) низ целиот свет. Ова е важно да се запомне бидејќи тој не дава отчет/извештај непосредно на граѓаните кои го финансираат или на оние на чиишто животи влијае“.„Туку тој дава отчет на министрите за финансии и на централните банки на владите во светот. Тие ја наметнуваат својата контрола преку комплициран аранжман за гласање, кој во голема мера е заснован на економската моќ на земјите на крајот од Втората светска војна“.[103]

Тоа е модел со кој ММФ станува постојан дел од животот на земјите во развој, а не само за решавање на кризата и на нивната економија, којашто, патем, и не ја решава, на што и приговараат земјите во развој на кои им се наметнува зависноста од ММФ.

Тоа е и аргументот дека тие модели и решенија не се едноставно за решавање на потребниот и издржан начин, согласно закономерностите на економијата и нејзините

[103] https://bpb-us-e2.wpmucdn.com/sites.middlebury.edu/dist/b/2714/files/2013/08/Stliglitz-Promise-of-Global-Institutions.pdf, pg.478

разни варијанти за секоја земја посебно согласно нејзините параметри и услови, туку за перманентна /постојана неуспешност и постојано „решавање“ на истата.

Со падот на Берлинскиот ѕид и на комунизмот е создадена нова арена: позајмувања од милијарди и милијарди долари, менаџирани од ММФ, со политики и СБ со паричните позајмувања на земјите.

Иста шема, иста матрица, исти одговори за сите земји и економии. Иста со ништо непроменета, ненадминатa „стара парадигма“.

Во овој дел, се јавува потребата овој проблем да се третира пошироко, во контекст на „намерата“ да се прави или направи нешто. Од таа гледна точка, може целата парадигма на ова монетарно мисионерство и месијанство да ја добие другата конотација, а тоа е дека е свесно спречување и уништување на економиите на земјите, особено на земјите во развој, а со тоа и уништување на нивната држава и популација. Тие не можат за ништо да одлучуваат независно и осиромашувањето започнува веднаш, со самите аранжмани за финансирање и краткорочни или мали активности и реализации или т.н. реформи, во директна поврзаност со „демократизацијата“ и демократијата во земјите, со кои се воспоставува долгот.

На ваков начин не може да има валидни и вистински демократски процеси, согласно воспоставените норми и стандарди за демократска и суверена власт во државите.

Штиглиц потврдува дека ММФ уште од почетокот, од своето основање е неуспешен во својата мисија, а кризите се многу пофреквентни и подлабоки. Од друга страна, со преранатa либерализација на пазарот на капитал е зголемена глобалната нестабилност. Наместо да резултира со ветен раст, ја зголемила сиромаштијата.

Всушност, на дело се „жешки пари“ (краткорочен меѓународен капитал кој на долг рок неизвесно влијае и ја погодува реалната економија на земјата), прием на погрешни економски теории и економски препораки врз основ на нивните идеологии и теории за слободен пазар.

Состојбите на сиромаштија, социјалниот и политички хаос се глобална појава и карактеристика на старата парадигма на владеење преку политичарите и партиите со народот, со граѓаните, со суверените.

,,Основниот проблем на ММФ и на другите интернационални економски институции е проблемот на владеењето: кој одлучува што прават тие“.[104] А одговорот е : ,,најголемите индустриски земји како и комерцијалните и финансиски интереси во нив кои стануваат доминантни во институциите на државите“. Притоа, ,,изборот на раководители на овие институции го симболизира проблемот на институциите и премногу често придонесува за нивната дисфункција. Раководителот на ММФ скоро секогаш е Европеец, а на СБ Американец, водени се од претставници на индустријализираните нации“.[105]

Оттука, Штиглиц го издвојува шаблонот кој се пресликува во поставувањето на главните луѓе во сите важни западни или евроатлатски институции и меѓународни организации, сојузи и слично, кои одлучуваат за судбината на целиот свет и на сите земји, секогаш бирани за затворени врати и без потребни барања и предуслови. Па, така, институциите односно претставниците, министрите и други во нив, не се претставник на нациите на кои им служат, туку на сферите, дејностите, заедниците, трговијата, финанаисите, банкарството, во кои си остануваат по престанокот на функцијата. И пред сѐ ги штитат нивните интереси.

Нивниот светоглед - парадигма е ,,преку очите на финансиската заедница“. ,,Одлуките кои ги донесуваат институциите ги рефлектираат перспективите и интересите на оние кои ги носат одлуките“[106].

Имајќи повеќевековно искуство на делување и спроведување на колонизаторска парадигма, развиените земји и нации, всушност, го задржуваат континуитетот на својата определеност и во современиот свет, преку видоизменети форми на истата парадигма и не е тешко да се видат главните стојалишта и насоки за нејзиното применување. Како и тогаш така и сега главниот двигател е интересот за зголемување на капиталот, на ресурсите и на профитот од истите, со помош на индустријализација и на финансиските институции, а коишто се во рацете на капиталистите. Ништо не е

[104] http://digamo.free.fr/stig2002.pdf, pg.18
[105] Ibid., pg.19
[106] Ibid., pg.19

суштински променето за „земјите во развој“, од кои повеќето се поранешни колонии на развиените земји. *Концептот на развој* за нив има значење на *статус кво*, коешто се одржува токму со востановените програми за развој на ММФ и СБ и на другите сродни фондови, агенции, банки и организации. А, тоа е така бидејќи капиталот нема поинаква, човечка и повисока вредност од самиот себе и од своето оплодување. Тоа е природна законитост и закономерност за капиталот, кој во оваа пазарна економска рамка нема друга и повисока цел. Сè му е нему подредено и зависи од него.

Ова е еден од основните аргументи за тезата дека актуелната „стара парадигма“ е спротивна и го оневозможува одржливиот развој, како суштински хуман развоен концепт, со оглед на тоа што човекот како создавач на вредности не е највисоката вредност и цел во човечката цивилизација туку средство и експлоатиран заради профит на капиталистите - највисоката цел. Инаку, како би можело да се објасни дека и покрај сите утврдени инструменти и механизми за земјите во развој, за да напредуват во својот развој, тој развој не се остварува, со децении и децении и сè уште ја немаат достигнато точката на поместување и на исполнување на обврските.

Многу брзо после отпочнувањето на процесот за глобализација, врз основа на *„Стратегијата за ширење“* на САД (21.01.1993), подоцна за „глобализација“[107] кој еволуира во *„Стратегија за национална безбедност за наредниот век“* (1998) и *Вашингтонскиот консензус* (декалог на консензусни политики, препораки, доктрини, на развиените пазарни економии, (1989)), поставен од Џон Вилијамсон, како комбинација на политичка демократија и слободниот пазар, а наспроти централно планираните економии, коишто овие политики треба да ги заменат, созреваат условите во кои се покажуваат нејзините негативни страни во земјите во кои се имплементира. Како и предизвиканите протести од народот поради немањето алтернатива на тој процес и на политиките на Вашингтонскиот консензус како единствен и вистински начин за раст и развој, напротив дека и на самите носители на тие политики им е јасно дека овој приод не носи бенефити за сите, туку само на малкумината на сметка на мнозинството, најмногу на сиромашните. Дека, во многу случаи, комерцијалните интереси и вредности ја замениле грижата за животната средина, демократијата, човековите права и социјалната правда. А, тоа е сè уште актуелната состојба и

[107] Нацев З., Котовчевски М. Дефендологија, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски“ -Битола, Македонска ризница, Куманово, 2005, стр. 178

целосната слика зад овој воспоставен меѓународен и економски систем и од него креираните политики, кои се без алтернатива (според нив).

Овие политики, пак, се засноваат врз т.н. *манифестирана судбина (Manfesto Destiny)* што ја имаат Американците во Северна Америка односно САД, уште од времето на колонијализмот и потоа, кога го препознале својот *интерес* да се шират на северноамериканскиот континент, а потоа и низ целиот свет, на другите континенти, сфаќајќи го тоа како свое *право* кое продолжуваат да го манифестираат, да го остваруваат и да го бранат во однос на секого.

Другиот важен дел од процесот на глобализацијата како *глобализам*, со ширењето на пазарната економија, е потребата од силни институции кои ќе ги овозможат тие политики и истите да бидат ефикасни. Креаторите на тие економски политики сметаат на солидна и одговорна администрација, а не заглавена во корупција, но, коешто не било потенцирано и предвидено со Вашингтонскиот консензус, па поради тоа се појавиле слабостите на овој пазарен економски модел, кој како што признава подоцна неговиот идеен творец, Вилијамсон, дека не бил пред своето време за да го предвиди тоа, фокусирајќи се претежно на политиките и дека развивањето на институционалниот фактор можело да се смета за клучна иновација во пазарната или развојна економија, а исто така и признавањето на клучната улога на државата за да може да функционира либерализираниот финансиски систем.[108]

Истовремено, опачината на оваа иновација е бирократизмот на интернационалните организации, нивната затвореност и нетранспарентност, како и нефлексибилност и немањето слух за проблемите, суштинските реформи и поместувања кон суштински раст и развој. Тоа резултира со наметнување на рамка на *„процеси„*, на којашто ѝ е подредена/потчинета „суштината“[109], а коешто доведува до бесмисла. Таков е примерот со Етиопија, којашто успеала да го отплати заемот, но тоа било помалку важно и не значело ништо бидејќи не го консултирала ММФ за тоа. Другиот пример, кој го наведува Штиглиц, е за ограниченото разбирање на економијата на САД од страна на ММФ и дадени лоши рецепти и препораки за

[108] https://www.piie.com/sites/default/files/publications/papers/williamson0204.pdf, pg.13, 14
[109] http://digamo.free.fr/stig2002.pdf, pg.33

политиките на САД, којашто пак не им обрнала внимание, а што не може да биде толку лесно за другите понемоќни и зависни земји.[110]

Но, сите тие иновации и усовршувања на либералниот и на неолибералниот систем, се само заради неговото сопствено опстанување, како цел сама за себе, заради неговите корисници и креатори, додека повисоките општочовечки и развојни цели се, всушност, споредни. И творецот на противничката економска теорија на неолибералната економија, Џон Мејнард Кејнс, исто така вложувал во опстојот и во развојот на капитализмот: „Неопходна е полна вработеност за да опстане и да се развива капитализмот, а тоа може да се постигне само ако владите и централните банки интервенираат за да ја зголемат вработеноста“.[111]

Од друга страна, пак, некои од приврзаниците на либерализмот, прават исчекор над поларизираноста на идеологите, теориите, политиките и праксите, и се заложуваат за единствен систем на функционирање врз цврсти правни одредби, со нивно доследно почитување и одговорност, во видот на теоријата и праксата на „ортолиберализам“ и социјална пазарна економија (*Валтер Ојкен, Ханс Вернер Син*) и врз неа градењето на сопствен економски модел (на Германија), како израз на потребите на општеството и државата.

Неолиберализмот навлезе во голем број држави и општетства, а со договорот од Мастрихт (1991) и во Европската унија, нудејќи се и како т.н. *„трет пат“*.[112]

Но, и покрај униформната димензија, проектиран да ги обедини сите држави, општества, идеологии и политики, сепак тој се покажува крајно ограничен и дискриминирачки за луѓето и во општетсвото, поради тоа што се заснова врз такви постулати, кои не ги помируваат основните класни, социјални, економски, политички и други разлики во општествениот систем. Воден од капиталот и од интересите на одреден мал слој на луѓе, но со најголеми финасиски средства и моќ и на тој начин кроејќи ги неолибералните реформи. „Во 1996 год. 358 најбогати луѓе имале еднаков

[110] Ibid., pg.4
[111] Ibid., pg.84
[112] https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2011/02/politicka_misla_28.pdf, Треновски, Б. (209). Пазарните економии во криза – замена на доминантните макроекономски парадигми, *Политичка мисла*, бр.28, Конрад Аденауер, Скопје, стр.86

имот како 45% најсиромашни (т.е. како 2,3 милијарди луѓе), а 1998 год. тројца најбогати имале повеќе имот од 600 милиони најсиромашни“ (во светот).[113]

Како таков, овој неолиберален модел и систем на управување и функционирање на државите е неодржлив и за да се одржи посега по мерки кои се спротивни на неолибералната доктрина: интервенција и регулација од страна на државата наместо оставање на слободата на пазарот, мерки од институционална економија и други економии. Оттука и потребата од нова парадигма за идното време (чијшто зародиш е во сегашноста).

Неолибералната доктрина и пракса доведува до криза во економската наука воопшто, осиромашување на сознанијата за економскиот живот и ги стеснува можностите за креирање на успешна економска политика.[114]

Неолиберализмот се јави како одговор на кејнзијанската економија, и стапи на светската сцена со политичката функција на Маргарет Тачер (премиер) во Велика Британија (1979) и на Роналд Реган (претседател) во САД (1981), а на полето на економијата со развивањето на економските политики на ,,тачеризам“ и ,,реганомика“.[115]

Неолиберализмот развил свои методи и тактики, како на пример, ,,морков и стап“ - награда и казнување, ,,гаранции и ветувања“ - политичко насилие и манипулации, *без правна основа*.

Оваа парадигма и политичка доктрина која промовора и почива врз длабока дискриминација и класен расцеп, значи (робо)владетелско и неоколонијално управување со сиромашните, немоќните, слабите и неразвиените, земји и народи во светот. Таа нив ги прецепира единствено како сиромашни и води такви политики кон нив, кои ги остават да опстојуваат на тоа (не)развојно ниво. Најсиромашните не го исполнуваат критериумот за да добијат воопшто помош.

Но, тука е, всушност, вистинскиот момент, за промена на парадигмата, за излезно решение, да продолжи земјата сама да се развива, легитимно, со своите ресурси. Наспроти ова, ММФ ги меша средствата со целта. На ,,земјите во развој“ и на

[113] Ibid., стр.87
[114] Ibid., стр.96
[115] Ibid., стр.86

најсиромашните им е потребна помош да се развиваат, а не да исполнат критериум за добивање помош и понатаму да не е извесен нивниот развој.

На тој начин се губи од вид она што е од највисока грижа. Тоа покажува дека во овие политики целта е ограничена (како на пример, патот до ЕУ), но, тоа не се целите на еден народ и држава. А, всушност, во праксата со овој пат и процес се попречува и одложува постигнувањето на вистинската цел и таа се заменува, што е сосема нелегитимно и неодговорно, и од страна на ЕУ и од страна на претставниците на земјите кандидати, во овој случај, и на Македонија.

Моделот на влијание и финансирање, кој е сè уште актуелен, но и постар и непроменет во однос на другите промени и иновации што се случуваат на разни полиња и во светот, е едноставна шема, која не трпи приговори или потребни модификации: Имателите на средства, фондовите, банките и организациите се суверени во својата работа и се во позиција да ги поставуваат условите за сите други чинители и области, а особено за суверените држави и власти, кои исто така им го отстапуваат својот суверенитет, де факто, и се ставаат во полна зависност од нив. На тој начин, тие се обврзани да ги исполнуваат и да ги применуваат сите: *рецепти, препораки, услови,* под кои се условени да примаат заеми, да овозможат странски инвестиции, инфраструктурни инвестиции, начини и рокови на отплата на заемите, водење на своите институции, дерегулација и менување и прилагодување на законските прописи за да одговорат на тие услови. Од друга страна, без самите тие да се прилагодат на особеностите, потребите и можностите на дадена земја, држава, народ и општество и креирање на соодветни развојни стратегии. Така, на пример, е забележано дека Етиопија креирала рурална развојна стратегија, скратени трошоци за вооружување бидејќи без тоа не може да се бори против сиромаштијата, а Уганда, под претседателот Мусавени, имала своја политичка филозофија и развојна стратегија, но коишто нивни локални автентични решенија не му се допаднале на ММФ и воопшто ги игнорира мислењата на домашните фактори или неговите „земји клиенти“, за развојот. Претседателот на Индонезија, Сухарто, бил присилуван да се откаже од економскиот суверентет, ставајќи го под ММФ и во замена за економската поддршка и за техничката помош што му треба (1998). Но, не за да и помогне на земјата туку за кредитирање на приватниот сектор на истите „колонијални сили“. А, писмото на намери од владата на Индонезија, всушност, било диктат од ММФ, како што било и

потпишувањето на договорот/спогодбата со ММФ. По слична шема и од истата парадигма е и дикататот врз Македонија со потпишувањето на Конечната спогодба со Р.Грција и Договорот за добрососедство со Р.Бугарија, со кои Р.Македонија се откжува од својот идентитет и од своите суверени права и атрибути. Но, во овој случај, македонскиот суверен народ никогаш не ги призна (со јасно изразена *референдумска волја* на 30 септември 2018 г.) овие два *ништовни* и *нелегални*, а со тоа и *нелегитимни* договори (според Виенската конвенција за договорно право од 1962 г.) и доследно, одлучно и континуирано бара нивно раскинување и поништување.

Во оваа диктаторска и колонизаторска стара парадигма, разните донатори (СБ, ЕУ и др.) даваат пристап до своите фондови зависејќи од зеленото светло/одобрување на ММФ. Без одобрување на ММФ не можат ниту да се отпишуваат долгови, дури и понатаму, не само што тој ги скратува неговите фондови туку ги обесхрабрува и им забранува и на другите фондови и инвестори да се доближат до земјите за кои ММФ има соменежи. Таа парадигма ја оневозможува секоја дискусија за алтернативни економски политики.[116]

Основните постулати: *дерегулација, либерализација* и *приватизација*, ја покажуваат целата *негативна слика и парадигма* на неолибералистичката доктрина и последиците од истата: *која прави пустош, нарушен и загрозен суверенитет, интегритет, безбедност и стабилност, уништени економии, уништени ресурси, уништени земји, уништени и обесправени народи, личности, семејства, општества, уништени вредности.* А, тоа е доказ за нејзината неодржливост во однос на целта за којашто се прокламира: економски развој на земјите и одржливост, а всушност создава континуирана зависност на земјите, која се продлабочува и засилува во примената на методите и мерките кон нив. Сето тоа, за единствена цел, за опстој на финансискиот капитал и сектор, кој е далеку над и воошшто не е загрижен за доброто на земјите/државите и на народите со кои постапува бескрпулозно и нехумано. Од многу поодамна веќе се јасно познати и за кого се бенефитите од глобализацијата, како и кој ги трпи штетите, хипокризијата, дискриминацијата, непочитувањето и кршењето на човековите права и слободи, злоупотребата, искористувањето, грабежот на

[116] http://digamo.free.fr/stig2002.pdf, pg.42, 43

националните економии и богатства и редефинирање на идентитетот и културата на народите.[117]

Зачудува и непоимливо е, суверени земји со сопствени ресурси да се повинуваат на такви произволни политики, незасновани на правото и спротивни на МП, а сите да остануваат неми. Одговорот на ова прашање е повторно истиот: тие кои остануваат неми и се согласуваат се од истата одбрана класа или елита, без одговорност и чувство за својата земја и за својот народ, кои ги доведуваат до пропаст. Со тоа заштитувајќи го овој насилен неправеден и неоснован пристап и парадигма. Што добиваат земјите и државите од тоа што ММФ знае дека овој начин е оспоруван, кога тоа нема никаква валидна правна последица, да не се прифатат нивните уценувачки услови!?[118]

Типичните договори на ММФ со земјите во развој, го покажуваат *немањето доверба*, што е чудно имајќи предвид дека според МП сите договори кои се склучуваат треба да бидат *„во добра верба“* и да не се склучени под притисок, уцена и друго.

Во тој контекст и Штиглиц вели дека на краток рок, неповолен начин создава многу големи дистурбанции и последици за државата, независно од тоа дали ќе има посакувани ефекти на долг рок, и во тој ран период, се уништуваат економиите, се прави штетата, и неможност земјата да го изодува долгорочниот пат. Покрај условите *(conditions)*, на земјите им се наметнуваат и условености *(conditionalities)*, односно каква перцепција или морална обрврска има ММФ (според него) да им помогне на земјите што се обратиле до него (а, всушност им е наметнато да се обратат). Такви услови може да има многу, миријади, но може да се издвојат околу стотина, со што се предизвикува лошата состојба на земјите во развој и нивната економија, од коишто потоа не можат да излезат. На тој начин, со ваквите услови и условувања тие ја одвлекуваат земјата од нејзината способност да се справува со главните проблеми во моментот и заради кои е важна потребата од заемите од овие фондови.[119]

Штиглиц наведува неколку причини за неуспехот на „условувањата“:

- Најголема и најтешка е злоупотребата на заемот ако оди преку властите,

- Отворањето на пазарите, независно од намената на заемот како сума на пари,

[117] Ibid., pg.4-10
[118] Ibid., pg.43
[119] Ibid., pg.44

- Не го подобруват економскиот раст, бидејќи имаат обратен ефект на земјите.

- Неодржливи, со доаѓање на новата власт која ќе ги напушти,

- Навлегување на новата колонијална власт во суверенитетот на државата,

- Политиките кои не можат да ги издржат променливостите на политичкиот процес.[120]

Општо место е дека програмите на ММФ се водени од политиката, а не е над истата (како што се преправа) и примена на моделот „една величина одговара на сите“, но притоа односот е сосема различен спрема голема и нуклеарна сила и спрема малите нации, кои треба да бидат послушни[121]

ММФ својата дејност ја заснова на становишта и модел кој противречи на валидни финансиски, економски и други сознанија и резултати кои се јавуваат на теренот, општо и во поединечните случаи за секоја земја. Ако малите земји ги игнорираат советите на ММФ ќе бидат казенти од ММФ, а не од пазарот.[122]

А, што, всушност, имаме во нашата реалност? Го имаме најприземниот облик на сервилност, зависност, обездушеност, автоматизираност и роботизираност на индивидуите кои се оштетени личности и суверени, наемници и експлоатирани од страна на големите безлични и нехумани агенди во кои треба да се вклопат, без сопствениот потпис и креација. А, и оние коишто се уште го задржуваат својот лик, набргу биваат вовлечени во оваа безлатернативна и безнадежна рамка. Во тој случај нивната визија и дело нема сила и не допира до вистинските луѓе и на начин кој е за добробит на општеството и на државата. Тоа се илјадници луѓе кои се изолирани од реалните општествени текови и од вистинските вредности, македонски и цивилизациски. А, работат на безличните, фалшиви, дискутабилни, неодржливи агенди и политики, кои се спротивни на човековиот и на одржливиот развој и опстој, коишто, иронично, ни се познати како *„ветувања“* до чие исполнување мора да се помине трнливиот пат, па и од другата страна на животот, со негација на опстојот, што е

[120] Ibid., pg.46
[121] Ibid., pg.47
[122] Ibid., pg.49

морбидна политика и доктрина. А, од целиот тој пат остануваат само „скршени ветувања“[123] што е еуфемизам, а вистинскиот резултат е „уништување“.

Еден од методите што се применува на замисленият пат, од ветувањето до реализацијата е и *самовластието, самоволието* и *нетранспарентноста* на креаторите, носителите и реализаторите на овие условувани развојни политики. А, истите, се предвидува да се реализираат со учество на народот/нацијата од земјите во развој во нивните програми за развој. Но, народот, граѓаните, суверените не добиваат целосни информации ниту автентичните содржини на договорите, пред тие да се бидат склучени. Дури и многу позагадочно: само претставник/ци на ММФ и некои овластени лица од земјите го затвораат кругот на одлучување и договарање.[124] А, тоа го потврдува и нашиот понов случај, за Македонија, аранжманот за заемот од Обединетото Кралство од пет милијарди евра за инфраструктурни инвестиции, склучен на истиот нетранспаретен и самоволен начин. Се заобиколуваат *правата* на народот (граѓаните, суверените), односно тие се обесправуваат, а власта и владата им овозможува *привилегии, а не остварување на правата.* Од изнесените констатации, приговори и аргументи против востановениот модел/начин, во цитираното дело на Штиглиц (2002 г.) до денес (2025 г.) продолжува да се одвива истиот начин на работа.

Конгресот, владите, собранијата во земјите, не добиваат доволно информации за тоа што се случува, додека истовремено нивните бирократии делуваат криминално-коруптивно со овие две, особено ММФ, и други меѓународни организации. Со злоупотреба од страна на властите на добиените средства, со кои не се спроведуваат потребните реформи. Значи, може да се заклучи дека целиот овој воспоставен систем е *неуспешен*, бидејќи дозволува да се случуваат такви крупни и несогледливи *„слабости“ и штети. Со самото тоа истиот не може да се одржува и да се оправда пред државите и во меѓународната заедница како валиден и потребен.* Особено ова се однесува на насилниот начин на приватизацијата, кога на патот на транзицијата од комунизам во пазарна економија, позитивна и повисока оценка добиле оние економии кои побрзо се приватизирале иако резултатите биле спротивни и се одвивало уништување.[125]

[123] Ibid.
[124] Ibid., pg.51
[125] Ibid., pg.54

Со приватизацијата се зголемуват трошоците на потрошувачите и на работниците и социјалните трошоци. Потенцирана е и несоодветноста и критиката на т.н. гринфилд инвестиции, со осигурителните компании, хипотеки и слично, со што се влошува состојбата во државите. Претпоставките за раст, на ММФ се шаблон, но кој нема остварување. За сето тоа најмалку од ММФ се очекува да ја преземе одговорноста. Негативните појави (криминал, асоцијалност, анксионост, оттуѓување, финансиски пречки, стравување, напуштање на училиштето на децата за да им помогнат на своите родители, неможност за продолжување на школувањето и други трошоци за невработеноста), кои се предизвикани од овој процес, не пречат тие приватизирани фирми да се сметаат за солидни за странците. „Приватизацијата ги уништува работните места наместо да креира нови“.[126]

Уште повеќе натежнуваат аргументите против ,,неопходноста“ од *приватизацијата* поради тоа што со неа е тесно поврзана *корупцијата*, која се зголемува доколку владите се корумпирани и заинтересирани за профитот од приватизацијата/продажбата на државните и национални капацитети, стопанства и претпријатија.[127]

Со брзината на процесот на приватизацијата, се пресретнуваа следните потребни процеси, кои можеле и да бидат успешни, ако се создале потребните и соодветни предуслови за прифатлив начин на пазарно функционирање или пазарна економија. Но, на овој, спротивен начин, веќе се попречува понатамошниот развој, бидејќи создадените монополи, приватни гиганти, веќе имаат моќ и средства да ги диктираат условите кои ним им одговараат, ако се едностранi, неврамнотежени и на тој начин ,, го дисторзираат политичкиот процес“ со влијанија.

Исто така, либерализацијата на пазарот ја покажува својата опачина, хипокризијата и двојните стандарди, но и наштетувањето, на различни начини, на другите земји, гледаќи ги како свои опоненти и конкуренти коишто имаат долга историја во западните земји. Ја туркаат либерализацијата каде што можат да го пласираат својот капитал и добра, но ги заштитуваат онаму каде што се јавува конкуренцијата и во земјите во развој, што може да ги погоди нивните економии.[128]

---

[126] Ibid., pg.57
[127] Ibid., pg.58
[128] Ibid.

Примерите со Кина, опиумските војни и опиумската зависност, како воено и економското насилие, во корист на западните земји, е индикатор за високата расипаност и криминализирање на политичко-економски начини и методи за „развој“ кои се всушност за деструкција и за уништување.[129]

Истата парадигма е актуелна и денес, со биолабораториите во Украина, Монсанто, глобалните експерименти врз светското население, отровните отпади, хемтрејлси, големите фармацевстки гиганти кои вршат насилие врз другите земји да ги купуваат и аплицираат нивните непотребни, а крајно штетни производи, којашто штета е вкалкулирана во нивната економска и финансиска добивка и план - и отштета ако платат за недозволено производство и примена на луѓето, особено „ин виво“ на штетните вакцини и производи, терапии и слично, тие се пак во добивка. Тоа е нивната пазарна логика, карајно нехумана и монструзона.

Дури и понатаму, како на пример, независното делување на САД, ниту преку ММФ, самите да донесуваат одлука за санкции против одредена држава, која ставила забрана на тие дејства.

Тоа е возможно во униполарен, безалтернативен центар на моќ, САД, која си го зема тоа за право, врз основа на својата посебност и изземање од сето она што важи за сите други држави (*american exceptionalism)* - американска исклучителност. Оттука и изведеното мислење за нивното самопоставување како: обвинител, судија и порота.

Следејќи ја развојната линија на парадигмата за мир (или владењето на мирот), после многу години на наизменични периоди на војна и мир, а последните 80 години и изучување на мирот, во подем, на мировни и безбедносни студии низ целиот свет, може да кажеме дека се наоѓаме во фаза на секогаш актуелно, незавршено време и процес на судири и воени конфликти и одново/повторно воспоставување на мир. Но, сè уште многу далеку од активно практикување на мирот или воспоставена состојба на траен мир. А, тоа е состојба во која се отклонети, отсуствуваат војни, судири, антагонимзи, непријателства, а се одвива мирољубива и пријателска соработка меѓу луѓето, народите, нациите и државите. Еден аспект е и принципот на „мирољубива коегзистенција“ воспоставен од СССР во времето Студената војна, за рамнотежа помеѓу големите светски сили (1952).

[129] Ibid., pg.77

Тој мир не само што е возможен туку, најнапред е и потребен и пожелен, но кој претпоставува мировна парадигма и платформа, која се заснова најпрво врз природната и цивилизациска, претполитичка еднаквост, по природа и по раѓање, а на денешен степен, и врз правна еднаквост на луѓето и со еднакви права и можности во општеството и државата. Којашто е третирана, но за која не се неопходни филозофско-политичките одредби и концепти на политичката теорија, во разните нејзини правци и теории (утилитаристичка, либералистичка, комутаристичка итн. . . .) Тоа, пред сè, значи да нема поделби по класи, коишто ги создава класата на богатите кои диктираат услови за сиромашните. Денес, во светот, се одржува парадигмата на нео-либералниот капитализам, кој почива врз најсуровата класна организација и поделба на државите и општесвата.

Па, оттука, може да заклучиме дека, во оваа парадигма, мирот, особено трајниот мир е илузија наспроти реалноста на војните и конфронтациите, особено во структурата на општествено-политичките системи, на државите и општествата, кои се насекаде исти, во светот: класни.

Легитимно е и круцијално прашањето зошто овој зол класен систем сè уште владее наспроти толку многу научно верификувани аргументи и докази за неговата штетност за човештвото, за секоја држава и за секое општество. Со неговото владеење се побиваат сите научно верификувани докази преку образовните институции, универзитети и научни институти, кои не можат да имаат своја потребна примена во живеењето и создавањето на луѓето во светот, за градењето на стабилен хуман свет и хумани држави, а не чудовишта - *Левијатан/и*.[130]

Како се доведе човештвото во целина, и сите ние поединечно, како суверени, држави и народи, граѓани на светот, да ја ставаме државата наспроти себеси и своите идеали, слобода и права, дека таа е репресорот, физичкиот принудител и дека институциите се целати на своите граѓани и на својот народ? Кога, всушност, државата е на народот, а граѓаните - тоа сме сите ние. Каква е таа нездрава логика, да се спротивставуваш на самиот себеси со самиот себе? Таквото „мислење“ и теорија постојат од поодамна, но дали е тоа валидно и дали одговара на човековата суштина и правна доктрина која има во предвид и за цел истата да ја заштити, да го заштити

[130] Делото на Томас Хобс, „Левијатан“ (1651) - чудовиште (Левијатан - змија или змеј), од Стариот завет, книга за Јов) кое ја симболизира апсолутната моќ на државата.

човекот и да му ги овозможи да ги оставрува сите свои иманентни, создадени и стекнати права и слободи, во својот цивилизациски од и опстој. Во процесот на создавање на своите вредности и својот вредносен свет - цивилизација, која нема крајна точка и граница во времето и во постоењето и значи отвореност кон највисоките состојби и скалила на своето човекување и полнотен смисловен човечки и цивилизациски живот.

Наместо тоа, нелегитимни, насилни и анти-човечки структури и субјекти во светот, во меѓународната заедница, воспоставуваат *нелегитимна парадигма* и ја одржуваат со насилие и антихуманизам, трансхуманизам, первертирање на сѐ што е човекот и неговата суштина и високиот вредносен, цивилизиран и цивилизациски свет што го создава, за да се одржува, развива и надградува со/ по пат на мировен светоглед, миротворна парадигма за траен мир, кој само на таков начин и врз длабоките стабилни човечки хумани темели може да се оствари и да дејствува. Проникнувајќи ги и поврзувајќи ги луѓето од сите меридијани и краеви на светот во една најцврста мировна заедница, со взаемно признавање, уважување и почитување и споделување на високите човечки и цивилизациски вредности.

Ако беа клучни и неопходни политичарите, банкарите, платениците, разузнавачите, партиите, повеќепартискиот систем - плурализам, парламетарната демократија за нашето движење кон просперитетот и благосостојбата на човечката цивилизација и остварувањето на трајниот мир, ние одамна требаше да го постигнеме тоа прво и најосновно скалило на човековото постоење. А, не истото да се смета како цел на сите војни и мировни договори. Она што денес во деновите кога се пишуваше и ќе се брани овој труд, е од најголема важност, а е насочено во обратен и негативен правец, со обратен и негативен начин, модел и парадигма, која е по својата суштина антагонистичка, деструктивна, ривалска и создава раздор, поделби, конфликти, кои сѐ додека се одржуваат, гарантираат немировна состојба и се потребни за да се одржува старата парадигма на владеење со народот и владеење со човештвото, за воспоставување трајна војна и трајно ропство. Дали, како и кој може да го гарантира мирот?

Значи, за 250 години антиколонијализам и 60 години официјално укинување на ропството во најдемократската по вокација земја и светска сила САД, денес истото се повеќе се етаблира, со *де факто*, робовска потчинетост и експлоатација, малтретирање

и ограбување на луѓето и народите од големи транснационални компании и меѓународни орагнизации, фондови и банки, кои се одржуваат со помош на ,,дозволениот“ или т.н. „институционален“ криминал, корупција, трговија со луѓе, осакатување и труење на луѓето, депопулација, убиства, уништување и користење на робови од страна на криминалните структури, што е глобална појава и се зацврстува во сите земји и општества.

Со Старата парадигма не може да се промени состојбата и затоа е беспредметно понатамошното заобиколување на коренот на проблемот, за да се реши оваа состојба.

Како што наведов, значаен и моќен дел од старата парадигма е стратегијата и доктрината „глобализација“, вткаена како цврста основна нишка на нејзината подлога. Таа и во сегашноста е вткаена во сите структури, поредоци, организации и институции на глобалниот свет и на меѓународната заедница, по пат на консензус.

Старата парадигма, која се покажува во меѓународните односи, не покажува резултати и не го одржува и зачувува мирот.

Исто така, Кина е пример за максималната посветеност на градењето на нејзината национална моќ, во првите две децении на 21 век, препознавајќи ги како важни стратешки можности, со решеност вимателно да ги искористат поради тоа што нудат светли перспективи (објавено од Цијанг Цемин на 16-от Конгрес на партијата одржан во 2002 година), а по една година подоцна во 2003 и официјално Кина важи за сила во подем под слоганот ,,мирен подем“ кој потоа се заменува со ,,мирен развој“.[131]

Во таа стратегија максимално проактивно се вклучени кинеските научници, внимавајќи и на можните слабости и проблеми кои би се јавиле. Кинеските политичари, новинари, академици го свртуваат вниманието кон концептот на ,,мека моќ“ (*soft power*) и промовирањето на кинеската култура. Се јавува и т.н. *Пекиншки консезус*. Во таа своја целосна спремност за меѓународна моќ и влијание како голема сила, Кина пристапила и кон едукативна компонента: дванаесет документарни филмови за големи сили. Притоа важно е да се забележи дека акцентот бил ставен на „институционалните, технолошките или менталните причини за подемот на големите

[131] Full Text of Jiang Zemin's Report at the 16th Party Congress. (2002). *China Through A Lens* Достапно на http://www.china.org.cn/english/2002/Nov/49107.htm

сили, а не на колонијалните војни, насилството и експлоатацијата“ 22. А, нејзиното „позиционирање“ да биде соодветно на „нејзината растечка економска, воена и политичка моќ за нејзиниот меѓународен статус, идентитет, место и улога во светот“.[132]

Белата книга за мирниот развој на Кина (2011), исто така, содржи список на основни интереси: „државен суверенитет, национална безбедност, територијален интегритет и национално обединување, политичкиот систем на Кина утврден со Уставот и целокупната социјална стабилност и основните заштитни мерки за обезбедување одржлив економски и социјален развој“.[133]

Со својот документ „Мирен развој“, Кина го проектира својот натамошен развој и меѓунароно позиционирање, а тоа е да продонесува за светскиот мир низ својот сопствен развој. Тоа е особено висока меѓународна позиција, што гледано од сегашна перспектива, Кина доследно ја задржува со својата мирна развојна политика. Останувајќи на патот на научен, независен и отворен, мирољубив, кооперативен и заеднички развој со другите земји, врз принципот на суверена еднаквост градејќи хармоничен свет на траен мир. Развој, кој на кинескиот народ му гарантира потполно уживање на демократските права, но и определба за стабилно и обединето општество. Промовирајќи го сето тоа како начин на кој ќе може повеќе да придонесува за човечката цивилизација. Значи, Кина, тоа го проектира во период кога и самата себеси се смета дека пред неа е целта да го достигне нивото на средно-развиените земји, а до 2020 година да има општество на повисоко ниво на почетна благосостојба/ просперитет, за бенефит на билионскиот кинески народ. Всушност, таа, својата развојна политика ја дефинира како хумано ориентирана, со човекот и народот во нејзиниот центар. Истовремено, изградувајќи пријателски односи со другите земји врз основа на *Петте принципи на мирољубива коегизстенција: еднаквост, взаемна придобивка и взаемна почит за територијалниот интегритет и суверенитет*, усвоени и прокламирани во 1949 година, на основањето на Народна Република Кина. Тоа, е исто така и *македонски принцип за градење на меѓународните односи*. Целите на надворешната политика на Кина се одржување на светскиот мир и промовирање на заедничкиот развој, за изградба на хармоничен свет.

---

[132] http://www.china.org.cn/english/2002/Nov/49107.htm pg.35

[133] China's Peaceful Development Information Office of the State Council The people's Republic of China September 2011, Beijing Достапно на https://english.www.gov.cn/archive/white_paper/2014/09/09/content_281474986284646.htm

„За да изградиме хармоничен свет, треба да ги направиме следните напори: Политички, земјите треба да се почитуваат едни со други и да се однесуваат едни кон други како кон рамноправни, и да работат заедно за да ја промовираат демократијата во меѓународните односи. Сите земји во светот, без разлика дали се големи или мали, силни или слаби, богати или сиромашни, се рамноправни членови на меѓународната заедница и треба да добијат должно почитување од меѓународната заедница. Земјите треба исто така да ја заштитат основната улога на ООН во справувањето со глобалните прашања, да се придржуваат кон целите и принципите на Повелбата на ООН, да се придржуваат кон меѓународното право“.[134]

Во овој документ се промовира и економска глобализација врз основа на соработка на земјите и силите и силите на секоја од нив, но во „баланисиран и „„вин-вин“ процес и развој од кој ќе имаат придобивка сите тие во 21 век, а истовремено и за исполнување на Милениумските развојни цели на ОН.

Културолошки, пак, со различностите, да се потпираат на силните страни една на друга и да бараат заедничка основа и да го промовираат напредокот во човечката цивилизација, без идеолошки предрасуди и недоверба. Да води независна надворешна политика за мир, со цврст став, никогаш да не дозволи надворешни сили да се мешаат во нејзините внатрешни работи, како што и таа нема да меша. „Таа е спротивставена на практиките на големите да ги малтретираат малите и силните да ги угнетуваат слабите, како и на хегемонизмот и политиката на моќ“. „Таа не ја наметнува својата волја врз другите и дејствува во согласност со фундаменталните интереси на кинескиот народ и заедничките интереси на сите народи низ целиот свет“. „Застапувајќи ја правдата, Кина игра активна и конструктивна улога во меѓународните односи“.[135] Активно ја исполнува своата меѓународна одговорност.

Еден од начините за постигнување на оваа цел и остварување на оваа заложба е промовирање на регионалната соработка и добросоедските односи преку *Еден појас - еден пат, кој е современо продолжување на* Патот на свилата, кој го понел со себе врвот на кинеската култура и технологија, како порака за мир и пријателство.

Овој начин и модел, е исто така, поврзан со фундаменталниот аспект на новата Парадигма за новото време.

---

[134] Ibid.
[135] Ibid.

„Бидејќи земјите се разликуваат во националните услови и се во различни фази на развој, тие треба да ја усогласат одговорноста со правата во согласност со нивната национална сила. Тие треба да играат конструктивна улога со исполнување на нивната должна меѓународна одговорност во согласност со сопствените способности и врз основа на усогласување на сопствените интереси со заедничките интереси на човештвото. Од своја страна, Кина ќе преземе поголема меѓународна одговорност како што се зголемува нејзината сеопфатна сила.“[136]

Ова важи и за другите големи сили, а не обратното.

Гледано од мета-парадигматско рамниште, неопходно е постоењето на рамнотежа помеѓу силите во светот за да е можен вистински или реален одржлив развој, а не само создавање на сепаратен и сопствен одржлив развој, а којшто негативно ги погодува другите земји/држави/општества. Таа рамнотежа на особен начин ја направи Кина, со градењето на својата моќ, на самосвоен начин, како „мека сила“, во којшто концепт за моќта на земјата влегуваат многу важните аспекти на мирољубив и мировно проактивен однос кон светот и во меѓународните односи.

3.4 Политичките номенкалтури - дел од старата парадигма

Евидентна е кризата на парламентарната демократија, која има свои крупни недостатоци и покрај постоењето на усвоените механизми како што е *поделба на власта* или „спреги и кочници“ *(*анг. *checks and balances*). Тој механизам и самиот е последица и е во функција на заштитата на самиот модел на парламентарната демократија, која се промовира како најдобар модел. Но, од друга страна, има значајна правна евиденција дека истиот дозволува или овозможува злоупотреба на власта во сите три столбови. Иако е своевиден вид на саморегулација на власта, со механизмот на спреги и кочници, внатре во власта, од надворешна перспектива и во воспоставената практика тој модел или таа парадигма на владеење не е воопшто развојна. Затоа што самиот механизам е повеќе начин на бавење на власта со самата себе и со своите недостатоци и со премолчаното (имплицитно) структурално и системско (внатрешно) допуштање на злоупотреба на власта и противуставно и противзаконито постапување, одошто да го овозможи тоа што е во нејзиниот првенствен домен и надлежност -

[136] Ibid.

развојот и просперитетот на државата, владеење на правото и правна демократска држава. Неговите суштествени и најголеми недостатоци се покажуваат во сите општества со ова уредување. Всушност, самото ова уредување, модел, ги создава проблемите во општеството и во државата. Оттука, останува да заклучиме дека сѐ што се прави како унапредување, реформи, промени и слично е за да се одржи тој систем, а не за да се промени. А, тоа, повторно, е потврда на нашата хипотеза за одржувањето на *статус кво*-то и отпор кон позитивните промени и нови развојни модели или нова парадигма, коишто веќе од поодамна се создадени. Затоа е потребна нова парадигма и иницирање на промени во или на системот од повисоко, мета-рамниште, што дава смисловно толкување, вистинско заклучување и овозможува излезни решенија. Во спротивно, се запаѓа во нерешливиот и проблематичен „маѓепсан круг“, каде причината се објаснува со последицата и сѐ така понатаму, без излез и без решение на проблемот.

Од друга страна, новата Парадигма за новото време - универзален научен применет модел, се заснова врз активниот и градбен придонес на сите чинители во општеството, со своите создадени вредности и дела, со коешто се овозможува да се надмине овој настанат јаз помеѓу сегментите на општеството. Којшто се повеќе се продлабочува и проширува затоа што не е воспоставен органски врз базата, туку вештачки формиран и се поставува над самата база - народот, над општеството и над државата, што е осведочен парадокс и потврда за бавењето на политичките претставници и органите на власта (3-те столба) со самите себеси. Всушност, тоа е една од формите на парадигмата за глобализација/глобализам, а не со потребите и правата на граѓаните, на суверените и на државата, од кои се избрани и заради коишто се должни да постапуваат и да носат одлуки во нивен највисок интерес и за остварување на владеењето на правото. Ова, исто така, особено важи и се однесува на демократијата во Република Македонија. Да се уважи, испочитува и да се спроведе волјата на македонските суверени - граѓани искажана на референдум, како највисок демократски израз.

Значи, во овој сегмент, власта во парламентарната демократија, веќе започнува насочено структурирано расцепување на народното и на општественото ткиво на државата, што е всушност и начинот и чекорот кон остварување на стратешката цел на глобализацијата, на која се подвргнале/потчиниле политичките системи и власта во

државата, а понатаму таа цел треба да се постигне и да се операционализира и во другите сегменти на општеството. По тој пат/начин/принцип/модел предодредено е да се одвива едностран и еднодимензионален процес, безалтернативен пат/модел/начин, а тоа важи за сите чинители, па и за најважниот, базата - суверенот - народот, да биде потчинет на тие зададености и сè што произлегува од нив во таа стратешка концепција/парадигма и конечна цел.

Во либералната демократијата еден од начините да се направат промени е промената на владеачката структра, но до каде и врз тие основи е можно да се промени стратешката концепција-определба?

Ова, од причина што овој вид на демократија значи и претпоставува целосна транзиција на општества со поинаков општествено-политички систем и економија, кои сега треба да одговорат на потребите на пазарна економија, со владеење на правото, но во тој процес се нарушуваат и кршат основните права и слободи, а тоа се нарекува хибриден режим. Но, всушност, самиот овој вид на демократија продуцира и ги продлабочува хибридните режими и авторитарниот стил на владеење и се остварува низ тоа статус кво, а не за напредок во остварување на демократијата.[137]

Карактеристиките на хибридниот режим се мешање на надлежностите на 3-те столба на власта и навлегување во надлежностите една на друга, при што исчезнува принципот на независност и нивната меѓусебна контрола и кочници.

Другата најнегативна компонента на овој дермократски систем и модел е *системската корупција* или феноменот ,,заробена држава“, ,,каде што одреден ентитет на пазарот ја заробува државата преку блиски односи со политичките елити и обезбедува поволни услови за профит особено во јавно-приватните партнерства како што се тендерите. „Заробувањето“ може да го изведат и самите политички елити“.[138] На тој начин, државата и државните институции се злоупотребуваат од страна на државните функционери, за нивни потреби и за лична корист.

Оттука, може да констатираме и да заклучиме дека системот, но попрво, парадигмата - тој тип на општествено-политички систем е нефункционален според

[137] *Работни студии: Како да профункционира системот на спреги и кочници во Република Македонија* (2016). Скопје: Институт за европска политика (ЕПИ) Достапно на https://epi.org.mk/docs/D4V_Democracy_and_Rule_of_Law_mk.pdf

[138] Ibid.,стр.5

својата структура и природа. Коешто создава, корупција, криминал, беззаконие и колапс на системот на либералната демократија.

Во Македонија, а и пошироко, во криза е демократскиот капацитет на Собранието, претставничкиот дом, особено поради тоа што не ја извршува својата функција за вршење контрола врз работата на извршата власт.[139] Тоа е така затоа што Собранието е гласачка машина, кое трпи влијанија. Во Македонија било такво, такво е и сега, со тенденција така и да продолжи да биде.

Од текстовите и од извештаите од меродавните европски и меѓународни тела за напредокот на земјата Македонија, на патот кон ЕУ, се гледа дека истите се пресликуваат со секоја нова година и декада што следи откако истите се објавени. Може да се заклучи дека во таа структура и рамка, напредокот станува дискутабилен. А, тоа се должи на повеќе *причини*: слабоста на рамката, барањата на меѓународата заедница, пристапот на ЕУ, изведбата на земјата и постоењето, но и злоупотребата на сопствените капацитети, ресурси и институции на земјата, кои повторно, во содејство ги продуцираат резултатите кои ги имаме. А, тие се движат и под долниот праг (на каков и да било напредок).

Во оваа матрица, се појавија и некои исчекори, за автохтонии реформи (Самит ЕУ за Западен Балкан, во Брдо кај Крањ (2021)), за напредување врз основа на неполноправно членство, но и тоа не беше согледано и исползувано од нашите челници и од политичките елити, бидејќи со тоа можеа да делуваат кон значителна промена на курсот кој традиционално го следат и ќе покажеа зрелост и сериозен ангажман да се свртат во насока суверено да го овозможат и да го постигнат развојот на својата држава и општество. Како и за други највитални процеси и придобивки, во прилог на сувереноста, тие истите ги извртуваа и ги толкуваа спротивно на фактите и на непобитните докази и аргументи (како што е референдумската волја на народот за непромена на името за влез во НАТО и ЕУ). Сè со цел да продолжи таа некрофилна состојба на државата, одржувајќи ја со *позајмици, задолжувања* и не правејќи ништо што е од витално значење: развој на стопанството и производството, менаџирање и ползување на сопствените ресурси и капацитети за долгорочен одржлив развој.

„Проширувањето на ЕУ мора генерално да се запре! На европските лаги за Западен Балкан мора да им дојде крајот. Место вештачки да одржуваат илузии за

[139] Ibid.,стр.18

пристапување, Европејците треба да ја кажат вистината, за да не продолжат да ги разочаруваат тие луѓе и со тоа сукцесивно да го дестабилизираат регионот. Јасната порака мора да биде: нема да има полноправно членство. Во случајот со Западен Балкан, трошоците за интеграција би биле превисоки, така што во рамките на Унијата би довеле до борба околу распределбата на средствата и ќе продолжат да ја еродираат и онака кревката ЕУ. Земјите од Западен Балкан мора да развијат силна волја за реформи и помирување, место да се занимаваат со химерите на идното пристапување“. (Christoph B. Schiltz, WELT, 08.10.2021)[140]

„Земјите од Западен Балкан не се само по своја вина заглавени во чекалната на Европската Унија“, „На крајот на краиштата, не се само недостигот на реформи и нерешените конфликти во регионот тие што доведоа до ќор-сокак во проширувањето на Унијата“. „ Во основа е правилно земјите како Франција да инсистираат прво да ја реформираат Европската Унија, пред да прифатат нови членки“. „Не би било паметно да им се каже на балканските земји датум на пристапување, дури и да е тоа во 2030 година, бидејќи никој денес не знае во каква состојба ќе биде тогаш Европската Унија или Западен Балкан“ (Франкфуртер алгемајне цајтунг, 07.10.2021)*[141]*

Дали негативноста на преговарачката рамка, блокираниот пат кон ЕУ е причина за зголемување на внатрешниот и надворешниот долг на државата?

Или за непроцесуирањето на сторителите за кривична одговорност, неказнивоста, коешто патем е дел од обврските од преговарачкото поглавје 23: Правосудство и фундаментални права!?

Кога постојат уставно-законски суверени и демократски механизми на внатрешно, национално ниво, за справување со злото, корупцијата и криминалот, за да ги користува едната од трите независни власти, судската, а да не се направи тоа, тогаш се зрели сите предуслови за промена на парадигмата:

1. на владеачката парадигма на национално ниво и

[140] Достапно на https://www.welt.de/politik/ausland/article234199702/EU-Erweiterung-Auf-dem-Westbalkan-geht-es-darum-Europa-abzusichern.html

[141] Достапно на https://www.dw.com/mk/%D0%B3%D0%B5%D1%80%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%B5%D1%87%D0%B0%D1%82-%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%BE%D0%BF%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BB%D0%B0%D0%B3%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BD-%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD-%D0%BC%D0%BE%D1%80%D0%B0-%D0%B4%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%B0%D1%82/a-59438903

2. на владеачката парадигма на меѓународно ниво

Воопшто, зрели се условите за промена на системот на либералната демократија, која е усвоена и во нашиот Устав. Најсериозните последици од нејзиното неоправдано одржување низ 20-от и нашиот 21- ви век ги живееме сите ние, сегашните генерации, кои мораат да го трпат јаремот на ропството од непокорениот и недокрај процесуиран фашизам и корпоративно нехумано интересно експолатирање и управување со државите и со народите, профитабилноста од вооружувањето и од водењето војни. Сето тоа спротивно на МП и на неговите норми.

Во најактуелните мигови и денови, додека се пишува овој магистерски труд и се одвива процесот на потврдување/докажување на хипотезата, се случуваат сериозни поместувања во меѓународниот поредок, но дел од нив, повторно противречни, недокажани, недокрај изнесени, незасновани и неоправдани, при што повторно се повампирува правото на посилниот кое може да го погазува МП и да го допушта геноциодот, етноцидот, присилното расселување или етничко чистење, купување територии и уништувањето на цивилизациските вредности и придобивки, на меѓународната заедница како целина (Украина, Палестина, Израел). Сведоци сме на времето во кое сигурно се разнишуваат темелите на постојниот меѓународноправен поредок и на МП, чиишто институти и механзими се замолчуваат, се забрануваат, се пасивизираат и се доведени во прашање од антихуманистичката и антицивилизациската геноцидна пракса на старата парадигма. А, која, наводно е воспоставена и се промовира со цел за спречување и за разрешување на овие негативни, деструктивни и геноцидни појави и делување. Но, всушност, таа истите ги користи за остварување на сопствените цели.

Суверенот има моќ да го менува и Уставот кога е загрозен опстојот, но овој воспоставен актуелен систем не го практикува суверенитетот на уставноправен и законит начин. Напротив, Уставот на Република Македонија, како национална држава на државотворниот и уставотворниот македонски народ, се менува, македонскиот народ се деградира на ниво на заедница, државата се преименува, а македонската националност се брише и наместо Македонец/-ка/-ци се создава *непостоечка припадност: граѓанин на Република Северна Македонија*. Вратата за нашето уништување е сè уште широко отворена. Сето тоа, противправно и без легитимитет. Па, заклучокот е дека суверенитетот на државата и на народот е заложник на воспоставеното самовластие, кое ја злоупотребува волјата и гласот на суверените, на

граѓаните кои стануваат окупирани поданици. Затоа, таа власт не е суверена и треба да биде сменета. *Но, попрво, основно и клучно е, приоритетно да се променат условите и старата владеачка парадигма: на владеењето на партиите со народот - суверенот, коешто е овозможено со повеќепартиската или парламентарна, претставничка демократија, а не го претставува.*

За ова имаме примери од нашите денови, слична ситуација во Германија, во Бугарија, во Македонија, *кога партиите што победиле и добиле мандат на избори ..не можат" да формираат влада, како тие да се над правото на давање мандат од страна на суверените и наместо да го стават во функција на остварување на највисоките национални и државни интереси, тие ќе го користат како средство за пазарење. Тоа е една од најпротивречните и најнегативните карактеристики и практики на повеќепартиското парламентарно владеење или дикатаура врз народот - суверенот, при што не е демократско управување со државата со помош на добиената доверба - власт* **(**по дефиниција, што значи демократија како политички систем):

> ,,Устав на Република Македонија I. Основни одредби. Член 1 Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Суверенитетот на Република Македонија е неделив, неотуѓив и непреносли в. Член 2 Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување".[142]
>
> ,, Закон за политичките партии I. Општи одредби Член 1 Со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии. Член 2 (1) Политичката партија е доброволна организација на граѓани, формирана за остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта. (2) Политичките партии своите цели ги остваруваат преку демократско формирање и изразување на политичката волја со учество на избори, како и на друг демократски начин. Член 3 Програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии не можат да бидат насочени кон: - насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија; - поттикнување или

[142] Устав на РМ, 1991 Достапно на https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

повикување на воена агресија и - разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост“.[143]

IV. ПРИМЕНА НА НОВАТА ПАРАДИГМА ЗА НОВОТО ВРЕМЕ ВО МАКЕДОНИЈА, ЗА ИНТЕГРАЛЕН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

4. ЗАПУШТЕНИ, ВОН УПОТРЕБА, НЕИСКОРИСТЕНИ ОБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на јавно достапните информации за запуштени, вон употреба, *не(ис)користени* објекти, оставени на времето, на случајот и на пропаѓањето, евидентно е дека нивниот процент во Република Македонија е многу голем. Но, не постои единствена евиденција, туку само во рамки на одредени работни документи и студии, како дел од регионални или државни планови и стратегии, кои истите ги евидентираат, но и таму не се опфатени сите на број.[144]

За причината кај нас, во Македонија, е опфатено погоре, најмногу поради транзицискиот период и последиците од истиот. Вклучително и неодлучната политика за ревитализација на старите градби, кои се од големо историско и културно значење и национална вредност (некои од нив подлежат и под Законот за заштита на културното наследство), кои се и во приватна сопственост, со начини за нивна ревитализација, употреба и во функција на живеењето и создавањето, туризмот и генерирање приходи, во прилог на целото општество и на државата, а пред сè на сувереиот македонски народ и суверените македонски граѓани.

Оваа парадигма на ,,запуштеност“ (Mallach, 2006, p. 2; Ellickson, 1996, p. 1175) или ,,синдром на скршен прозорец“ (Wilson and Kelling, 1982).[145] доволно говори самата за себе, за пораката што ја праќа на секого, домашните и странците, дека постои голема востановена негрижа, обезвреднување и уништување на јавното и приватно добро, кое е од јавен интерес и бенефити, доколку е ставено во функција. Исто така дека наведува на понатамошно несоодветно, неодговорно па и криминално однесување кон истите, дека нема ниту социјална грижа и стимулира понатамошна деликвенција, а

[143] Закон за политичките партии (Службен весник на РМ. бр: 76/2004) Достапно на https://levica.mk/wp-content/uploads/2022/01/Zakon-za-politichkite-partii.pdf

[144] Студија за неискористени објекти кои се атрактивни за странски инвеститори. (2019). Скопје: Туристика Достапно на https://eprints.ugd.edu.mk/24150/1/Studija%20za%20neiskoristeni%20objekti.pdf

[145] The role of civic actors in the revitalisation of unused public buildings PhD Candidate: Beatrice Maria Bellè, 2020, Milano: Politehnico Достапно на Phd Thesis_Polimi_Beatrice Maria Bellè.pdf, pg.7

што е веќе потврдено и во нашата и во поширокаата пракса и е присутно до денешни денови.

Најважна е, сепак, причината за таквите состојби, а особено точна констатција е тврдењето (Камерон и др., 1988: 119-120) дека неупотребата може да се смета за „структурен“ проблем, изведен од постиндустријализациските процеси (кои можеа да се спроведат само со структурни промени).[146]

Покрај оваа и повеќето други причини што може да се наведат за негрижата и неупотребата на овие објекти, во овој магистерски труд, сепак, се држам до *една основна причина,* поврзана со *суштината на старата парадигма*, со која се устројуваат сите аспекти на нашето живеење и функционирање, на сите нивоа.

Во овој случај, таа стара владеачка парадигма има утврден модел, обрасци и политики, чијашто цел е да го изберат, менаџираат и извлечат од државите и од општеството само оној потенцијал кој носи сигурна добивка за креаторите и за реализаторите на таа владеачка парадигма. Притоа ќе се направат одреден број т.н. успешни приказни, но ќе се занемарат уште илјадници потенцијални успешни приказни и дела, кои ќе останат во заборав. Во оваа стратешка цел и програма учествуваат здружено и креаторите на парадигмата, на глобалните политики и креаторите на домашните политики, а врз основа на првите. Регулативите и правилата се многу комплексни, однапред утврдени на повисоко, парадигматско и стратешко ниво, што скоро и да нема простор за какви било менувања или поинаков пристап за оние кои треба да ги усогласат и реализираат тие стратешки цели, агенди, програми, проекти. Па, затоа се работи само на усоглаување и реализирање на зададената рамка. Оттука, на самиот почеток, веќе се мали можностите/шансите за поголемо креативно учество и оригинален израз и приод. Таквата рамка не опфаќа поинаков начин и модел на грижа за сопствените ресурси, за јавното добро и за решавање на проблемите. Истата претставува и начин за оправдување на негрижата и нечинењето на домашните фактори, кои со тоа се покажуваат како најголеми оштетувачи на националното јавно и културно добро (кое може и да е приватно, но сопствениците не можат сами да го преземат тој голем зафат на реконструкција и ревитализација). Такви целини на јавно, културно, национално добро во светот, а особено во Македонија има многу и сè уште немаат потребен третман и заштита како уникатни општествени културни и духовни

[146] Ibid., pg.8

вредности. Една од иницијативите, а како еден од иницијаторите и магистрантот со овој магистерски труд, е селото Маркова Сушица да се прогласи за Еко-село, доставена со барање за покровители на истата до Архиепископот Охридски и Македонски Г.Г. стефан и тогашниот градоначалник на Скопје, Трифун Костовски. За обнова на старите традиционални куќи и живеалишта, од кои една третина беа во процес на распаѓање, друга третина се срушени, а на нивно место се кренати нови, а една третина сè уште можеа и се уште можат да бидат ревитализирани, но таа визија е многу нејасна и далечна за надлежните органи и институции, на кои не им се зададени тие приоритети или самите не ни помислуваат да си ги зададат, а и самите се креатори на политиките (што е празна флоскула).

Еден од најголемите недостатоци на системот на државно уредување, повеќепартиска парламентарна демократија и пазарната економија, кои се воспоставени и во Република Македонија, со прогласувањето независност во 1992 година, после стариот систем на социјалистичко самоуправување, е и несоодветното управување и постапување со разните видови државни и општествени капацитети (производствени, стопански, туристички и други). Тие во најголем број беа оттуѓени под сомнителни услови и околности и преминување во приватна сопственост, со процесот на приватизацијата, а исто толкав дел беа оставени на забот на времето и сè уште се наоѓаат во последната фаза на распаѓање. Притоа, не е утврдена одговорноста за таквата состојба на капацитетите кои беа создавани и изградувани од самиот народ, во кои вложуваа сите работници во државата.

Капацитетите, коишто се сè уште во сопственост на државата, на Република Македонија и на општините, е потребно да бидат ревитализирани и повторно да бидат ставени во употреба, во функција и на користење од македонскиот народ и на граѓаните, како и на други корисници, од разни категории, под одредени услови.

Основното прашање, на коешто треба да се одговори, е исплатливоста на таа ревитализација, дали нивната дејност ќе биде со зголемени приходи во однос на потребните инвестиции за нивно разработување. Одговорот на тоа треба да го даде овој истражувачки и научен магистерски труд, кој има за цел да воспостави и образложи соодветен применет модел за интегрален одржлив развој. Во овој случај истиот ќе има улога на *пилот преродбен-модел* за оригинално поврзување на сите потребни компоненти како фактори кои треба да резултираат со потребната и точна

проекција за одреден капацитет, за негова ревитализација и интегрален одржлив развој, во дадените услови и при постојната законска регулатива и насоки за одржлив развој во одредена средина и подрачје.

За таа цел, целата доказна постапка и аргументи во прилог на хипотезата во овој магистерски научен труд, за потребата од Новата парадигма за новото време како Применет модел за интегрален одржлив развој, ќе бидат применети во овој *пилот преродбен проект* кој се однесува и на ревитализација на долго време неупотребуваните објекти во Република Македонија, а низ примерите на:

1. *Одмаралиштето „Царина“* во Отешево, општина Ресен, објектите (Слики 1, 2 и 3, стр. 192) кои се сега вон употреба и во фаза на разградување и уништување, оставени на времето, на ограбувачи и уништувачи, а со присуство на неколку луѓе кои живеат во објектите, во субстандардни услови, без струја и вода, а поради нерешен статус на нивното живеење, што претставува дополнителен хуманитарен и општествен проблем.[147] и на

2. *Еден од објектите* (големиот објект (бр.3) од левата страна на фотографијата, Слика 4, стр. 192) *на Катлановска бања*, кој е исто така вон употреба.[148]

За да се воспостави исправниот однос и третман на капацитетот на одмаралиштето „Царина“, кој во целост го заслужува тоа заради тоа што ги поврзува повеќето и разни потенцијали на ова место, кое е целина на природно и општествено, културно и национално богатство, која е од суштествена полза на луѓето, на жителите, на народот, граѓаните, домашните и на странските корисници, туристите, на државата и општеството, најнапред е потребно да се истражат *причините* коишто придонеле истиот да се најде во оваа сегашна уништувачка состојба.

Во 2003 година од СМУ „Мијачки зограф“, Центар за применета наука и уметност, исто така, е доставен проект *Интердисциплинарна колонија* до Собранието на РМ (надлежно за објектот на Катлановска Бања), Министерството за здравство,

[147] Достапно на https://alfa.mk/%D0%B4%D0%B0%D0%BB%D0%B8-%D0%BE%D0%B4%D0%BC%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B2%D0%BE-%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%B2%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%B4%D0%B5-%D1%81%D0%B5/

[148] Достапно

Министерството за култура на РМ и до Владата на РМ, со кој истиот може да се ревитализира и да се стави на ползување на разни категории на корисници на програми за рехабилитација и регенерација со помош на откриените и создадените методи во длабоките творечки процеси во рамките на интердисциплинарното истражувачко творештво. За проектот добивме високо позитивно мислење од надлежните раководители на Министерството за здравство, како и од Проф.Др. Анте Поповски, специјалист по невропсихијатрија, тогашен директор на клиниката за Неврологија, кој притоа рече: „Со двете раце ќе потпишам“, за таков капацитет кој е потребен затоа што немаат каде да ги праќаат пациентите кои треба да одат на рехабилитација во такви добри услови. Од Собранието на РМ дојде претставник заедно со нас, на лице место, за да се видат можностите за ставање во употреба на тој капацитет. После некое време, добивме одговор дека за таа локација се планирала некоја странска инвестиција, од Италија, за градење на рекреативен центар, со терени и сл. Но, до денешен ден, после 22 години, објектот сè уште стои во слична и полоша состојба, неупотребен.

А, можело да биде сосема поинаку и за добробит.

Со Урбанистичкиот проект поврзан со Катлановска бања - Иницијативата за изградба на бања и лечилиште со престој и нега во КО Катланово, Општина Петровец, се предвидува ,,трансформација на традиционалниот тип на домување и проширување на основната функција на домаќинството преку остварување на блиски врски со јавните функции и пружање на квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој базиран на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина и пошироко. Во делот на јавни функции е предложена локација за изградба на бања и лечилиште со престој и нега во КО Катланово, Општина Петровец, со што се ,,поттикнуваат и охрабруваат локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кој ќе служат за потребите на стопанскиот развој.[149]

Овој проект е изработен во 2022 година и истата година од Министерството за животна средина добива Решение за услови за просторно планирање, а врз основа на Просторниот план на Република Македонија.

[149] Достапно на https://petrovec.gov.mk/wp-content/uploads/2023/12/5-UP_KBanja_01-2023.pdf стр.16/26

Според Изводот од катастарски план за КО Катлановo, КП 88, Имотен лист 91, земјиштето е сопственост на Република Македонија, а објектите се сопственост на Друштво за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација катлановска бања ДОО Катлановo, Имотен лист 1069. Објектот бр. 3, кој е вон употреба е градба која располага со простории со намена Б4 деловни простории во вкупна површина од 857 м2 и со намена Б5 хотелски простории во вкупна површина од 777 м2 и со намена В2-6 Лечилишта во површина од 34 м2 или сите заедно во вкупна површина од 1.668 м2.

Со урбанистичкиот проект е предвидена изградба на инфраструктурен објект-трафостаница помеѓу веќе постоечките објекти. Друштвото/компанијата - Катлановска бања (ДОО) е основано 2006 година и има 31 сопственик.[150] Иако (оттогаш, во 2003 г.) е променета сопственоста, објектот бр. 3 сè уште е во истата состојба, вон употреба.

Оттука, би можеле да почнеме, во заедничка соработка, во неговата ревитализација и користење, со високи и иновативни содржини и вредности, за благосостојба на сите страни и корисници.

Оваа појава, на неискористени и вон употреба објекти, е присутна и опстојува насекаде во светот, особено имајќи го предвид фактот дека станува збор за објекти вон употреба кои припаѓаат на различни „јавни домени“ вклучувајќи територијални агенции (држави, региони, провинции и општини)“.Оваа тема е опфатена со докторската теза: „Улогата на граѓанските учесници во ревитализација на некористени јавни згради“.[151] „Како плодна комбинација за социјална иновација“.[152]

Со промената на системот на општественото државно уредување, веднаш и најпрво се премина на *приватизација* на големите државни производствени и стопански претпријатија, фабрики, претходно прогласувајќи ги за ‚загубари“. Новите власти бараа начин како да се „ослободат“ од овие гиганти кои не го фатија чекорот и приклучокот кон пазарната економија, кои не можеа да бидат солвентни во новите услови. Како што образложуваа назначените и одговорните во процесот на

[150] https://www.companywall.com.mk/kompanija/%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B1%D0%B0%D1%9A%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%BB%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BE/MM7KNWYY/lica

[151] https://www.politesi.polimi.it/retrieve/9b506c81-3d48-4167-b133be13e7e798f8/Phd%20Thesis_Polimi_Beatrice%20Maria%20Bell%c3%a8.pdf, pg.3

[152] https://ideas.repec.org/a/gam/jlands/v12y2023i6p1166-d1161635.html, pg.1

приватизацијата во Република Македонија, тој процес требаше да оди многу брзо, бидејќи со секој миг опаѓаше драстично нивната вредност, а сепак со брзата продажба ќе се заработи нешто и за државата. Најпрво, сите тие беа ставени под стечај, а работниците стана стечајни работници, без заштита на своите работнички права. Овие големи производства и стопанства се продадоа за ефтини пари, работниците останаа без работа, на улица, по протести низ годините, без конечна праведна завршница, додека директорите на државните и општествени претпријатија, фирми, производствени капацитети и стопанства станаа нивни сопственици, добивајќи ги само по основ на директор!? и директорски привилегии и поволности за акционерско учество односно добивање акции, а не и на сопствен капитал за нивно купување. Што е сосема непознато и непостоечко во правото и законите. Богатењето е резултат на крадење, на криминал, од стартот на транзицијата па се' до приватизацијата.

После тој силен призатизациски бран, се појавија и првични и последователни утврдени факти дека приватизацијата во Република Македонија е во потполност незаконски и кривично-правен процес за кој никој не ја сносеше потребната одговорност. Нема обвинети, нема отштета.

Со оглед на тоа што промената на државно-уредувачката и владеачка матрица или модел беше во најголем процент изведена, со што беше и потврден докажан и прифатен тој нов светоглед или парадигма на управување со државата и со општеството, на новите функционери и директори-менаџери им претстоеше да продолжат по новотрасираниот пат и според нив веќе немаше резон да делуваат поинаку. Тоа што остана во државна сопственост, постепено почна исто така да се оттуѓува-продава, а тоа што не се продаде и се сочува од приватизацијата беше препуштено на времето и на случајот. Заклучокот е дека приватизацијата се покажа како најголем грабеж во историјата на независна Република Македонија, којшто потоа го овозможи и понатамошното ограбување на народот и на граѓаните, а односот кон државната и општествената сопственост како потполна *негрижа* и *обесправување* и уништување на државата, на општеството и на институциите.

Покрај спорната приватизација, спорна е и негрижата (со мали исклучоци), но тоа прашање не е дел од приоритетните и важни прашања на ниту една власт во Македонија. Зад тоа, сепак, стои најгрозоморната причина, а тое е дека времето и неделувањето, непостапувањето, непреземањето, игра голема улога во

обезвреднувањето на државните и општествените објекти и капацитети, за потоа веднаш да бидат купени за мали пари.

Во сето ова, каде се наоѓаме ние, сувереиот народ и суверените граѓани, гледајќи го сето тоа? Ги преземаме ли потребните чекори за спас и за сочувување, за ревитализација и за одржлив развој на своето севкупно национално богатство: природно, културно, духовно, материјално и нашиот идентитет, придобивките од истото за нас и за општеството и за државата, а исто така и за човечката цивилизација?

За разлика од либералната демократија и пазарно ориентираното стопанство и економија, коишто се раширени низ светот со своите најголеми капацитети и материјални и човечки ресурси, во Република Македонија, со вкупен број на жители од неполни 2 милиони, овие модели создаваат потполн расцеп и хаварија во нашето функционирање и опстојување. Тој резултат ни се покажа и во изминатите години, дека како мала држава и популација-државјани, ние не можеме да се справиме со таа несразмерна величина и силина со која функционираат големите либерални демокартии и глобалната економија. Тие не се соодветни и не можат ниту да се прилагодат на нашата природа и димензии, на нашите вредности и традиции, на нашиот начин на живеење и создавање и уставно-правни традиции и идентитет. Во спротивно, ќе се случи уништување, а на тој пат ние веќе од поодамна се наоѓаме, како суверен народ, суверена држава и идентитет.

Делот во кој се образложуваше и се изведуваше оправданоста односно неоправданоста и анахроноста на идеолошко-политичките системи и видови на политички системи и идеологии, сега го применуваме во овој дел, како применет модел, токму врз тој принцип, на сувереност и самоопределување, за видот и начинот на кој македонскиот суверен народ се определува, согласно своите својства, идентитет, вредности и уставно-правни традиции, што објективно важи за секој суверен народ и нација, од што природно произлегува и видот на неговото државно уредување и општествено-политичкиот систем, како и моделот на остварување на правата.

Врз таа основа, *наместо негрижата стапува суверената грижа за својот идентитет, наследство, севкупни човечки и други потенцијали, ресурси и капацитети.*

Во овој случај, *сувереиот народ и сувереите граѓани се супстратот, базата и насоката ,,оддолу - нагоре“ (bottom-up), оние кои одлучуваат за приоритетите и потребните промени, а не мртвиот политички систем и модел/ старата парадигма, кој ако не ги остварува и заштитува основните и универзални, најголемите права и слободи, идентитетот, вредностите, придобивките, резултати и ако не создава правна сигурност, преку правна држава и владеење на правото, е нужно потребно да се промени.*

Во тоа е суштината и значењето на промената на парадигмата, која може да го иницира менувањето на самиот внатрешен општествено-политички систем, особено оној кој е насочен кон уривање, негирање и уништување на суверeноста и идентитетот, сувереиот народ, сувереите и на суверената држава. Со тоа и на општеството во целина.

4.1 Нова парадигма на „јавно“ и „приватно“

Во општоприфатената актуелна (стара) општествена и државна парадигма (политики и законски одредби) јавното и приватното се две целосно разграничени сфери кои се спротивставуваат една на друга. Но, сè што е јавно, во праксата се покажа и сè уште се покажува дека не е и за јавното добро, а приватни дејности и иницијативи многу повеќе придонесуваат за јавното добро и интереси. Во таа превртена ,,јавност“, јавното е форма преку која се одвиваат и реализираат т.н. ,,јавни политики“ но кои се штетни по јавноста, по народот, граѓаните и по општеството и државата, додека голем број на индивидуални творештва, творечки иницијативи и т.н. ,,приватни“ иницијативи и дејности се сметат за нерелевантни и дека се од индивидуална природа и лична корист/бенефит и од мала општествена димензија и тежина за јавноста.

Па, така, е создаден непремостлив и сè поширок јаз помеѓу приватните иницијативи и придонес во јавниот живот и за јавното добро и оние големи јавни и државни институции и капацитети кои се во позиција да одлучуваат за јавната сфера и да ги пропишуваат условите за тоа придонесување. Може да кажеме дека тоа е една искривена слика (и самата стара „парадигма“), која не одговара на потребите на јавноста, на граѓаните, на општеството и на државата, но која е длабоко втемелена и го димензионира и дефинира придонесувањето или поточно неможноста за истото.

Поподробно отелотворување на оваа искривена слика или искривена парадигма е конструкцијата *Јавно-приватно партнерство* (ЈПП), кое како форма е прифатливо, но е засновано на нерамноправен однос помеѓу јавниот и приватниот партнер во самиот предвиден процес на изведбата (партнерството, соработката), како и врз формализација која одвлекува и не ја става во прв план суштината на взаемното создавање и придонесување, на народот, граѓаните и творците и за нивна добробит, преку кое е можно да се постигнува одржлив развој.

Во ЈПП:

1. Не може секој да биде приватен партнер,

2. Приватниот партнер е изложен на несразмерно отежнувачки услови кои треба да ги исполни,

3. Неизвесно е дали пријавените приватни партнери можат да понудат токму таква и до детали предвидена суштински изведена соработка предвидена со планот за ЈПП.

4. Согласно постојната законска регулатива неизвесно е дали пријавениот приватен партнер кој го има вистинскиот и најчесто начин и план за реализација на ЈПП, ќе го добие тендерот!?

5. Неможност јавниот и приватниот партнер однапред (во законска рамка) да се договорат за сите услови и начинот на реализација.

Тогаш, избирањето на приватните партнери по пат на јавен тендер, со пропишаните услови за поефтина понуда, а при реално непостоење на еднаков идејно-творечки план, концепт и парадигма за одржлив развој, е сосема некомпатибилно на потребата за оптимално и најефикасно и со најмали трошоци решение односно изведба.

Оваа непримерена ситуација на ЈПП, особено кон јавноста и дали на тој начин се остварува одговорноста спрема неа, е најприсутна во праксата, што го потврдуваат истражувањата и науката.

Овој извештај, *„Историјата се повторува II - зошто ЈПП не се решение“*[153] е сочинет врз основа н 7 студии на случај во разни земји (од Шпанија до Непал), е одобрен од 18 организации. ЈПП не успеале во многу земји, во различни делови од светот, со сериозни негативни влијанија врз граѓаните. „Овие влијанија ризикуваат да го загрозат исполнувањето на основните права“.[154] Како едно од најчестите проблеми се наведува нивната сложеност „како дел од зголеменото финансијализирање на инфраструктурата и обезбедувањето јавни услуги“ и нивниот капацитет „да испорачаат резултати во јавен интерес и повикуваат на активно вклучување на граѓанските организации во барањето за промена на курсот“. Бидејќи тоа ја засега „правдата, еднаквоста и одржливоста“. Проблемите со ЈПП се сложени и негативно се одразуваат на јавниот сектор, оптеретувајќи го јавниот и државниот буџет, иако се промовираат токму како решенија за јавниот сектор и јавните услуги и е модел кој особено го афирмира и промовира Светската банка, во политиките за развој и задолжувања на земјите, кои се спроведуваат со ММФ и разните банки за развој, но всушност е „лажно решение“. Всушност, се јавуваат „негативни влијанија на ЈПП врз демократското управување бидејќи тие честопати немаат транспарентност, се склони кон коруптивни практики и/или не се консултираат со засегнатите заедници.“

Агендата за намалување на ризикот предвидува поширока улога за државите во однос на креирање, промовирање и поддршка на нови проекти што се исплатливи со цел привлекување на капитални текови.[155]

ЈПП играат важна улога во пласирање на приватните инвестиции низ целиот свет, а за финансирање на јавниост сектор и услуги, а согласно т.н. „Вол стрит консензус“. Но, дека истото не функционира, поради следните аргументи:

- не носат нови пари туку создаваат долгови,

- приватните финансии чинат многу повеќе отколку владиното кредитирање,

- јавната власт го носи најголемиот ризик од неуспешноста на проектот,

- не гарантираат подобра вредност за пари,

- не гарантираат проектите да бидат на време или во рамките на буџетот,

[153] https://www.eurodad.org/historyrepppeated2?utm_campaign=newsletter_1_12_2022&utm_medium=email&utm_source=eurodad
[154] Ibid., pg.48
[155] https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/13563467.2022.2091534#d1e172, pg.224

- договорите за ЈПП се непросирни и можат да придонесат кон корупција.

- ги нарушуваат приоритетите на јавните политики и ги принудува јавните услуги да ги намалат трошоците.

Врз основа на емпириските докази, за ЈПП може да се заклучи следново:

- се покажуваат како скап и ризичен начин за финансирање на проекти и обезбедување јавни услуги,

- не е докажано дека ја зголемуваат ефикасноста,

- приватниот инвеститор го с ава приватниот профит пред општото добро,

- приватните компании се одговор и пред своите акционери, а не пред граѓаните,

- јавните сектори се заробени од корпорациите и ограничени во однос на приватните.

- подразбираат повисоки директни и индиректни трошоци за граѓаните за пристап до јавните услуги, кои обично доаѓаат со надоместоци за корисници и ограничување на правата и дискриминација на луѓето, во зависност од нивната социјална и финансиска положба, на пример да платат за здравство, образование, вода.

- не се во функција на намалување на сиромаштијата

- ги компромитираат глобалните обврски за постигнување на целите за одржлив развој.

Предвременото прекинување на работата на болницата во Лесото, една од земјите со најнизок човечки развој во светот, е како пример за неуспехот на ЈПП, поради зголемување на почетните трошоци, сè до трошење на повеќе од половината на буџетот за здравство во земјата.[156]

А, единствен начин, да се влијае наспроти истото, е *граѓанската акција* со барања до националните влади и институциите за финансирање и развој, за воспоставување на поинакви начини за финансирање на инфраструктурата и на јавните услуги на национално, регионално и на глобално ниво.

[156] Ibid., pg 234-234

Концептот за ЈПП кој во оваа законска форма, во најголем број во земјите во светот е започнат пред 30-40 години години, а кај нас со првиот *Закон за концесии и јавно приватно партерство во 2012 година*.[157]

> Државниот завод за ревизија извршил „ревизија на успешност на тема **„Подобрување и унапредување на јавните услуги и инфраструктурните објекти со јавно приватно партнерство“,** со цел да се оцени **дали преземените мерки и активности за воспоставување и реализација на договори за јавно приватно партнерство (ЈПП) обезбедуваат ефикасни јавни услуги и подобрени инфраструктурни објекти.**
>
> Ревизијата, спроведена за периодот од 2017 до 2024 година, покажа дека слабостите во законската рамка, институционалниот капацитет, постапките за доделување и надзорот над договорите за јавно приватно партнерство го оневозможуваат нивното ефективно функционирање, односно преземените мерки и активности за воспоставување и реализација на договори за јавно приватно партнерство не обезбедуваат ефикасни јавни услуги и подобрени инфраструктурни објекти.[158]

Ваквите состојби во оваа област, а која е непосредно поврзана со остварување на целите за одржлив развој, се составен дел на старата парадигма, како фактор и последица, при што не се решаваат на вистинскиот и потребен начин проблемите и прашањата на одржливиот развој. Од едноставна причина, што во тие поставени рамки и со предвидената форма, тие не можат да го проектираат, димензионираат и овозможат одржливиот развој.

Со оспорувањето и редефинирањето на ЈПП како соодветен и прифатлив модел за унапредување, ревитализација, користење и развивање на ресурсите и капацитетите на општеството и државата, се отвора патот за соодветен пристап и оправдан применет модел за одржлив развој во општеството и државата со автентичен инклузивен пристап и придонес на разни субјекти и дејности во развивањето ревитализација, користење,

---

[157] https://www.esm.com.mk/wp-content/uploads/2020/05/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%86%D0%B5%D1%81%D0%B8%D0%B8-%D0%B8-%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%BD%D0%BE-%D0%BF%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%BD%D0%B5%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-1.pdf

[158] Воспоставување и реализација на договори за јавно приватно партнерство не обезбедуваат ефикасни јавни услуги и подобрени инфраструктурни обекти 29.04.2025, Државен завод за ревизија Достапно на https://dzr.mk/mk/250429-vospostavuvane-i-realizacija-na-dogovori-za-javno-privatno-partnerstvo-ne-obezbeduvaat

стопанисување и економски бенефит од нашите (македонски, народни, општествени и државни) севкупни ресурси и нивно планирање.

Како вистинска автентична јавност се јавуваат самите суверени, граѓани, со своите иницијативи од јавен интерес. А, при што секој учествува од своите позиции, со својата дејност, образование, квалификации, знаење, искуство и портфолио. Овој процес на учество и придонес во одржливиот развој е потребно да биде *отворен, пристапен, инклузивен, транспарентен и со еднакви можности,* кои е потребно прецизно да се одредат/дефинираат, што значи и под кои услови се еднакви можностите. Соработката ќе се договори и ќе се одвива на нивоа и во обем со расположливите капацитети и вредноста на придонесот. На таков начин, кога ќе ги имаме најдобрите придонеси, учества во партнерството, ќе се дефииираат и потребните средства и изворите од истите. Несоодветно е „приватен партнер“ да се постоветува со висината и/или габаритот на потребните средства и изведувачки работи. А, исто така и начинот на користење од негова страна, со концесија или без концесија. Потребно е да се внесат други можни и потребни форми за да се овозможи соодветна и оптимална реализација на целите за одржлив развој.

Иако постојат многу позитивни примери на реализација на крупни инфраструктурни проекти преку моделот на ЈПП, неговото користење не може да се смета како решение за сите проекти. Постојат и многу пропаднати проекти што се реализирале како ЈПП.36 Овие факти укажуваат на тоа дека доколку една земја се одлучи да имплементира инфратсруктури прокети преку примена на моделот на ЈПП прво треба да се таргетира во кои сектори ЈПП е применливо и има најголеми резултати. Секако, не е препорачливо да се применува ЈПП по секоја цена само за да се развива приватниот сектор преку неговото учество. Согласно примерите од ревизија, сектори во кои ЈПП дава поголеми успеси е секторот на комунални дејности (уличното осветлување и третманот на отпадните води).[159]

За несоодветноста на простото копирање и примена на одреден концепт и програма врз секоја држава и општество говори и фактот што во различни земји, различно се дефинира што е „јавно“ и „државно“. Па, така, Во Македонија јавното и

[159] Мијовиќ Христовска, Б. и Мијовиќ Спасова, Т. Јавно приватно партнерство: проблеми и можности Република Македонија. Аналитика тинк тенк, Civica mobilitas Достапно на https://www.analyticamk.org/images/2018/PPP_Predlog-1_003_2dd65.pdf

државното, на институционално ниво се поклопуваат, што е вистинска позиција и рамка за димензионирање на функционирањето и дејствата што ги преземаат овие институции. А, сето тоа е во интерес на јавноста, на народот, на граѓаните, на општеството. Додека, во западниот свет, од кој ни доаѓа владеачката парадигма, јавното и државното се спротивставени сфери, дури и антагонизирани. Но, исто така, од друга страна, узурпацијата на државата од страна на владеачките партии, кои самите се поистоветуваат со државата, истовремено узурпирајќи ја и димензионирајќи го според своите потреби јавната сфера, е спротивно на оваа исправна поставеност и доведува до најголемите аномалии и деструкции во функционирањето на државните и јавните институции, преку кои е клучно градењето и имплементирањето на јавните политики.

Во сè уште актуелната „стара“ парадигма, поделбите по сите основи, по хоризонтала и по вертикала, се исто така сè поразгранети на подлабоки и внатрешни поднивоа/слоеви. Па, така, се губи смислата на самата поделба и детерминирање на една група, фракција, затоа што така изделена истата нема никакво суштинско значење во реалноста, освен номинално, но коешто не придонесува. Напротив се судира со пречки во реалниот живот, кој (треба да) е смисловен, внатрешно и надворешно поврзан - органски, како една органска целина, а не мноштво на делови, групи и актери, кои во основата се меѓусебно изолирани или поврзани на поширока теориска, политичка, стратешка, идеолошка или друга парадигматска основа, врз основа на која ги формираат и промовираат и опрационализираат своите ставови (и најчесто со тоа се затвора кругот на промислата, преиспитувањето и делувањето, зашто се дел од таа матрица и парадигма/модел). Таа пролиферација на разните улоги, но хипостазирани како посебни ентитети, се веќе фабрикувани субјекти, кои се фрагментарни и се само штрафче во механизмот на „старата парадигма“ во кој никој од нив не може да проектира и реализира одредена оригинална вредност самостојно и во целина, туку за тоа му се потребни другите за да го на прават функционален, оттука и неможноста за елементарно остварување на човековите права (кои се основата и целта на нивното дејствување). Ова е спротивно на човечкото достоинство и на интегритетот на личноста (како физичко, приватно лице и професионален субјект), како и на заедништвото и придонесување на комплетни личности со своите способности и како корпус на потенцијали и вештини и знаења, еден целосен човечки и професионален пристап кон сè и за реализација на поставената или проектирана цел. Така, истата

парадигма се одразува и во овие т.н. *носители* на одредена акција, дејност, реализација: *јавен, приватен, профитен, непрофитен, граѓански, владин, невладин, партиски, непартиски . . .формални , неформални*.

Зошто приватен субјект, кој создава вредности, не би се категоризирал и би можел да придонесува за општото добро, да е со непрофитни вредности, но исто така и да заработува соодветно и сразмерно на вредноста, интелектуалната сопственост или услугата што ја овозможува, па и да ги унапредува и развива истите, со надградба со потребни капацитети, услови!? (Но, дали тоа е во согласност со основната стратешка парадигма и цел: глобализацијата, ширењето на капиталот и пазарната економија и профитот како единствена цел и вредност сама по себе?)

Дали е објективно и научно издржана оваа тријада на разделени чинители/субјекти: приватен, непрофитен, јавен!? Всушност, инклузивноста е автентична ако секој чинител придонесува и е вклучен со она со што може најдобро и најмногу да придонесе кон заедничката цел и општото добро. А, тоа значи дека оној чинител кој може да придонесе со неколку способности, подготовки или во повеќе сфери, тој не треба да биде десеткуван, ограничуван и разделуван, за да се вклопи во одредбите и нормите на старата парадигма/и или модел/и која/и сепарираат, редуцираат, лишуваат, извитоперуваат, униформираат, претопуваат, обесправуваат и обезличуваат и го прифаќаат во само една негова, подобна димензија.

Идејата и заложбата на современите актери, во светот и во државите, на глобално и на локално ниво, да се подобри животот, за создавање на потребните услови за севкупно квалитетно живеење и развој, најчесто остануваат на тоа сегашно рамниште, во визијата, во изведбата, во плановите. Но, гледано од дистанца и од повисока визура, тоа е повторно бавење со самите себе, без поврзување со длабоките основи и вредности на нашето постоење и опстојување и без визија за иднината и за идните генерации, без размисла за она нешто коешто е наша највисока вредност и придобивка, а спрема коешто сме индиферентни, а тоа чека да биде секогаш повторно и повторно откриено, зашто сме го затрупале и заборавиле.

4.2 Одржливиот развој како концепт и цел

Има слични пристапи и дефинирање на одржливиот развој. Еден од нив е пристапот што го поврзува одржливиот развој со развојната економија. Но, без оглед

на каква било дефиниција за одржлив развој, од оние кои ги има досега, може да се каже дека идејата за одржлив развој е општа идеја која нè насочува кон осмислување и креативност на начините со кои може да се има одржлив развој, што подразбира долгорочен развој. Важен аспект и дел на дефинирањето на одржливиот развој е *грижата за идните генерации, неродените кои имаат право на одржлива животна средина и сопствен развој*.[160]

На ниво на ООН одржливиот развој се третира со „Агендата 2030“ и 17-те утврдени глобални цели за одржлив развој (2015-2030), со рамки за секоја земја посебно, со предвидено имплеметирање на програматски интервенции, по локации.

На веб страната на ОН во Македонија стои следново: „Целите за одржлив развој се глобален повик за акција да се стави крај на сиромаштијата, да се заштити животната средина и климата и да се обезбеди сите луѓе да уживаат во мир и просперитет. Ова се целите на кои Обединетите нации работат во Македонија:[161]

1 Нема сиромаштија
2 Нула глад
3 Добро здравје и балгосостојба
4 Квалитетно образование
5 Родова еднаквост
6 Чиста вода и саитарни услови
7 Достапна и чиста енергија
8 Достоинствено вработување и економски раст
9 Индустрија, иновација и инфраструктура
10 Намалена нееднаквост
11 Одржливи градови и заедници
12 Одговорна потрошувачка и производство
13 Акција за справување со климатските промени
14 Живот под вода
15 Живот на копно
16 Мир, правда и силни институции
17 Партнерства за постигнување на целите“.

[160] Достапно на https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs
[161] Обединети нации Македонија, Цели за одржлив развој Достапно на https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs

Ова е последната Рамка за соработка за одржлив развој на Обединетите нации (2021-2025) како главен стратешки документ, утврден од системот на ООН, за да ѝ помогнат на земјата за остварување на овие меѓусебно поврзани цели за развојот во Македонија, но и низ светот. Нејзината реализација вклучува 18 агенции, институции, изработени во партнерство со Владата и други партнери, а е усогласена со утврдените национални развојни приоритети, меѓународните човекови права и обврските од Агендата 2030. Новата рамка (2026-2030) сè уште не е утврдена.

Но, имаме увид во резултатите односно да се одговори на прашањето дали е постигнат позабележителен напредок или не во оставарувањето на развојните цели за овие изминати пет години. Одговорот е дека проблемите воопшто не се решени, напротив, се разгорува жариштето на проблемите.

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година планирана е ревизија на успешност на тема „Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година“.[162]

„ЦОР се расчленети во 169 таргети, кои се глобални по својата природа и универзално применливи, а при тоа земени се во предвид различните национални состојби, капацитети и ниво на развој и се почитуваат националните политики и приоритети“.[163]

Секоја влада може да си постави свои национални таргети, согласно околностите во земјата и ќе одлучи како овие глобални таргети да се вградат во националните процеси, политики и стратегии за планирање. ЦОР имаат глобален карактер и покриваат три критични димензии на одржливиот развој: социјални, еколошки и економски.

Во Македонија има законска регулатива и правна рамка за одржливиот развој на земјата Устав на РМ, 17 ноември 1991 и сите амандмани (член 8, 42, 43, 44 итн.), законите поврзани со заштита на животната средина, за еднаквите можности, трудот и

[162] Конечен ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност „Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на целите за одржилив развој до 2030 година“, Државен завод за ревизија на РМ https://dzr.mk/sites/default/files/202405/nastan/2_Revizorski_izvestaj_Podgotvenost_RSM_implementacija_SDGS_2030_MK.pdf

[163] Ibid., стр.11

социјалната заштита и сл., среднорочни и долгорочни плански документи и стратегии за разлини делови од одржливиот развој.

Оваа правна рамка е од 1991, но во меѓувреме има промени, кои се од областа на владеење на правото, што укажува дека не се почитуваат ниту Уставот и законите ниту пак дека е можно на таков противуставен и противзаконски начин да се има одржлив развој. Сите индикатори во државата, но и во светот, во сите општества и држави, а како резултат на таа универзална матрица или парадигма на управување и владеење во истите, го покажуваат растечкото невладење на правото и недемократичност.

Стратегијата и целите за одржлив развој се амбициозни, имајќи предвид дека со нив се цели за *правилен* развој, а кон тоа се усогласува и националната стратегија, а врз основа на главните стратешки документи односно принципите за одржлив развој, дефинирани и прифатени на глобално ниво: Конференција за животна средина и развој на ОН (Рио де Жанеиро, 1992), Агенда 21, Светски самит за одржлив развој (Декларација и план за имплементација од Јоханесбург 2002), Милениумска декларација на ОН - Милениумски развојни цели (годината), Стратегија за одржлив развој - (Европскиот совет, 2006 година).

Националната стратегија за одржлив развој (2009-2030) од 2010 година.[164] е фокусирана на шест главни области и тоа: *политика и правна рамка; животна средина; енергија; рурален развој; социјални прашања; мали и средни претпријатија; инфраструктура и транспорт и индустрија.*

Во 2021 година започната е изработка на Национална развојна стратегија за период од 20 години (2024-2044)[165], со која е опфатен и одржливиот развој со стратешката цел: *Владеење на право и добро управување*.

[164] Достапно на https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf

[165] Национална развјона стратегија (2024-2044) Достапна на https://www.nrs.mk/content/downloads/documents/thematic/%D0%9C%D0%9A%D0%94%20%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%202024-2044%20%D0%A4%D0%98%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%9D%D0%9E%2021.01.2025.pdf

Ревизијата на ДЗР утврдила дека на овој начин НРС не обезбедува солидна основа за постигнување па таргетите кои произлегуваат од ЦОР и дека е потребен национален стратешки документ за Агендата 2030.[166]

Во делот на стратешкиот приоритет, во посакувани резултати до 2025 г. стои: „ЦОР за мир - Транспарентно и отчетно демократско владеење (4) Луѓето во Република Северна Македонија ќе имаат придобивки од подобрено владеење на правото; антиципативни и родово одговорни политики кои се засновани врз докази; поголема социјална кохезија; и подобрена испорака на услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции“, но реалноста е индикатор на состојби кои се спротивни на оваа развојна цел и дека не се движиме во таа потребна насока односно дека тие резултати не се исполнети.

Со ревизијата се укажува дека за спроведување на Агендата 2030 е потребен е интегриран пристап за промовирање на сите димензии на одржливиот развој на балансиран начин, кохерентност и интеграција на сите нивоа на власт за процесот на спроведување да ги одразува локалните, националните и глобалните прашања.[167]

Најшироко прифатена (и прва) дефиниција е: *“Одржливиот развој е развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации без да ја загрози можноста идните генерации да ги задоволуваат своите потреби.”* од г-ѓа Гро Харлем Брутланд, претседавач на *Светската комисија за животна средина и развој*, поранешен премиер на Норвешка и извршен директор на СЗО (Светска здравствена организација), а е содржана во *Брутландскиот извештај* од 1987 под наслов „Нашата заедничка иднина“.[168]

Овој извештај е сеопфатен, со детектирање на проблемите и прашањата кои е потребно да се третираат и да се разрешуваат на глобално и на цивилизациско ниво, од страна на сите чинители во светот и во државите, со нагласена свест за меѓузависност

[166] Конечен ревизорски извештај (Ibid.) https://dzr.mk/sites/default/files/202405/nastan/2_Revizorski_izvestaj_Podgotvenost_RSM_implementacija_SDGS_2030_MK.pdf

[167] Ibid., str.27

[168] Unated Nations. *Report of the World Commission on Environment and Development: Our Common Future (1987)* Transmitted to the General Assembly as an Annex to document A/42/427 - Development and International Co operation: Environment https://www.are.admin.ch/dam/are/en/dokumente/nachhaltige_entwicklung/dokumente/bericht/our_common_futurebrundtlandreport1987.pdf.download.pdf/our_common_futurebrundtlandreport1987.pdf

и соработка наспроти самодоволност и само-сопствен развој и интереси, кој се покажува како илузорен, неодржлив и штетен за целото човештво.

Иако ,,сеопфатниот пристап кон меѓународната и националната безбедност мора да го надмине традиционалниот акцент на воената моќ и вооруженатa конкуренција, вистинските извори на несигурност, исто така, го опфаќаат неодржливиот развој, а неговите ефекти можат да се испреплетени со традиционалните форми на конфликт на начин што може да го прошири и продлабочи вториот.“[169]

Во истиот извештај е наведена изјавата на членот на Комисијата, Александар С. Тимошенко, од Институтот за држава и право, на Академија на науките на СССР (11 декември 1986 г.): „Денес не можеме да обезбедиме безбедност за една држава на сметка на другата. Безбедноста може да биде само универзална, но безбедноста не може да биде само политичка или воена, туку мора да биде и еколошка, економска и социјална. Таа мора да обезбеди исполнување на аспирациите на човештвото како целина.“[170]

Исто така, она што се чини дека е цел сама по себе и самодоволен приоритет, особено денес, решавањето на еколошките прашања, а неповрзувајќи ги со подлабоките и посериозни причини за екоцидот и геноцидот, е опфатено со изјавата на Др.И.И.Русин од Московскиот државен унивезритет, на Јавната расправа на Комисијата (8 Декември 1986 г.):

> ,,Сите младински организации веруваат дека еколошките прашања се високо на листата на приоритети на глобалните проблеми. Сепак, нивното решение зависи од зачувувањето на мирот на нашата планета. Потрагата по решенија за еколошките проблеми е невозможна без ограничување на трката во вооружување, бидејќи трката во вооружување апсорбира огромни интелектуални и материјални ресурси на човештвото. Решението на еколошките проблеми зависи и од начинот на живот на младите луѓе и нивната вредносна ориентација“.

Во поглавјето 11, оддел 2, глава 3 точка 28 „Трошоци на „културата на оружје“ се наведува: ,,Искривувачките ефекти на „културата на оружје“ се највпечатливи во распоредувањето на научен персонал. Половина милион научници се вработени во

[169] Ibid., pg.198
[170] Ibid., pg.199

истражување на оружје низ целиот свет, а тие сочинуваат околу половина од сите трошоци за истражување и развој“.[171]

Од друга страна, во однос на потребните средства како помош и во поддршка на програмите и активностите за одржлив развој се констатира негативна состојба за одржливиот развој од начинот на работењето на ММФ, (поглавје 12, оддел 2, глава 6 (инвестирање во нашата иднина), со поднаслов *Преориентирање на мултилатералните финансиски институции,* точка 104, се бара клучна промена: „ММФ, исто така, врши големо влијание врз политиките за развој на земјите во развој и, како што е опишано во Поглавје 3, во многу земји постои длабока загриженост дека *условите што го придружуваат неговото кредитирање го поткопуваат одржливиот развој* (забелешка:мој курзив)**.** Затоа е важно и ММФ да ги вклучи целите и критериумите за одржлив развој во своите политики и програми“.[172]

Во овој Извештај јасно се наведуваат *причините* кои го *условуваат или оневозможуваат одржливиот развој:* „Денешните проблеми не доаѓаат со ознака означена со енергија или економија или CO2 или демографија, ниту со ознака што означува земја или регион. Проблемите се мултидисциплинарни и транснационални или глобални. *Проблемите не се првенствено научни и технолошки***.** Во науката имаме знаење, а во технологијата алатки. *Проблемите се во основа политички, економски и културни* (забелешка: мој курзив). Според Линдблом, Меѓународна федерација на институти за напредни студии, WCED (Комисијата) Јавна расправа Осло, 24-25 јуни 1985 години“.[173]

Погледнато од денешна перспектива, после 38 години, овие причини не само што не се искоренети туку се уште посилно зацврстени и се сериозна опасност, активно штетно и деструктиво дејство за одржливиот развој. Без да постои поизразена намера за нивно разрешување.

А, причината за таквата состојба е содржана во тезата на овој магистерски научен труд: старата парадигма на управување со народите, државите и со светот, која е спротивна на МП и допушта негово кршење и општа клима и средина за

[171] Ibid., pg.202
[172] Ibid., pg.228
[173] Ibid., pg.229

неодржлив развој и за уништување на природата, планетата, човештвото и на човечката цивилизација.

Оттука, произлегува дека самата идеја за одржлив развој не е парадигматски суштествено поставена и конкретизирана, па најчесто тој толку важен аспект на нашето живеење и на нашата иднина останува само празна флоскула, иако е содржана во многу меѓународни и национални документи, стратегии, планови и програми, но сосема малку во реалноста, а обично задржувајќи се на најповршни сегменти или ситуации кои се последица на отсуство на парадигма за одржлив развој или на досегашната стара парадигма на владеење, со континуирано уништување, конфликти и војни.

Со децении, досега, во рамките на ООН се третираат елементарните услови за живот како цели за одржлив развој, а сè уште се субстандардни и под нивото на човечкото достоинство и никако да се искоренат (сиромаштија, дискриминација, нечиста и нездрава околина, вода, воздух, почва), развивање на производство, индустрија, инклузивност . . . Но, сето тоа е, всушност, гребење по површината, но не и зафаќање со основната причина за непостигнувањето и секогаш актуелното прашање за овие сè уште непостигнати цели за одржлив развој, што всушност, според резулатите кои досега ги имаме, е *неодржлив развој*.

Една од причините за таквата состојба е актуелната стратешка поставеност за одржливиот развој, којшто се третира на површен, формализирачки и сепаратен начин. Наместо на продлабочен, суштински начин, со кој иститот е потребно да се разбира и третира како органска целост и хумана вредност, која произлегува од високохумано изграден човек-личност со своите развиени човечки потенцијали и вредности, со своите високо поставени и заштитени права и слободи, во хуманизиран свет и општество. А, не само како единки и бројки кои не успеале во системот и кои тој треба да ги вообликува и да ги подигне, наместо обратното, тие да го креираат својот живот и системот кој најмногу одговара на квалитетното живеење и создавање, со и врз основа на хумани принципи. Ако во органската целина не функционира или се занемарува, се препуштени на неизвесност, некоја или повеќе компоненти/фактори, тогаш таа органска целина се нарушува и почнува процесот на нејзиното распаѓање. Токму тоа се случува со нашите општества и држави и со светот во целина. *Во праксата, имаме неодржлива парадигма, во која немаме основа за одржлив развој,*

просперитет, благосостојба, мир, слобода, соработка меѓу државите, народите, луѓето и внатре во општествата.

Во праксата се развиваат некои области или сфери, под една програма со која би се оправдала одредена политика дека трасира одржлив развој, но, истовремено истите не се развиваат продлабочено и суштински, ниту други сфери и области. И тоа е процес кој одново и одново се повторува без понатамошен развој. Напротив, развојот го ограничуваат со тесните институционални програмски рамки, наместо да ги развиваат самите институции и човечкиот потенцијал во нив. Тоа е истата институционална шема на работење, без суштествени промени. Таква апстракција се и „реформите“ од кои станува сè полошо, што е доказ дека тие не се за да се подобри и унапреди фукционирањето, квалитетот животот, развојот на државата и општеството, туку истите да се стопираат и да се оневозможат, додека истата „плоча“ се врти и се менуваат опциите, гарнитурите, кои се од истата политичка и бизнис елита (иако се именува во множина - елити), која ги обликува сите важни функции и позиции во институциите на државата и јавното мислење. А, сите служат за нивната основна стратешка цел: испумпување на средствата од народот и од државата, на криминално-коруптивен начин и со кршење на правото, на Уставот и законите и на нормите на МП. Само во Македонија бројните афери на таквите институционални играчи (во парламентот, во владата, во судовите, во обвинителството, во локалната самоуправа, во клиниките, во старските домови, во градежниот сектор-мафија, во катастар, вештаци, нотари, адвокати и други) го докажуваат тоа, додека народот и граѓаните се препуштени самите на себе и на сите општествени и државни штетници. Примерите се недобројни, но за илустрација ги наведуваме најсвежите примери во првата половина на 2025 година, за бесправните градби во општина Чаир, за што следеа и кривични пријави од Градоначалничката и од Градот Скопје, како и докажувањето на коруптивното и противзаконско однесување и работење на тогашната претседателка на Државната комисија за спречување на корупција и криминал (ДКСК).

Поврзан со идејата или концептот за одржлив развој е и концептот за *моќта на државите*. Суштински тоа се два меѓузависно и органски поврзани концепти, за нивното остварување. Не може да се остваруваат независно и едностранo.

И на овој пример, на потребата од нивна меѓузависност, може да се види и да се демонстрира квалитативната разлика меѓу старата владеачка парадигма и новата парадигма како применет модел за интегрален одржлив развој.

Моќта на државите, всушност е севкупноста на организација на системот на државата, нејзиниот институционален капацитет со кој таа се позиционира во светот. Во овој дел, е средишен ставот и аспектот на магистерската теза за релевантноста и потребата од новата Парадигма за новото време како нов универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој, во секоја земја, општество и држава, поаѓајќи од спецификите и различноста на државите и начинот на кои секоја, каква што е, да си го унапредува своето место во меѓународниот систем и соработката со другите држави, согласно меѓународното право. Тоа е примарна цел на државите, кои, пак, ги претставуваат народите. Кога службените политики на државите се во ред, народите се претставувани на правен и легитимен начин. Доктрината за свекупната моќ на државата (и економска) на Кузњецов, воглавно се применува, но на површина и со нагласување на аспектот на демонстрирањето на моќта, како средство за потчинување или ослабување на конкурентните помоќни држави како и на понемоќната и помала сила односно држава од страна на помоќните и поголемите сили. Всушност се допушта однесување врз ,,правото на посилниот“, кое не постои во правото. Само овој дел, исто така, потенцирано и сепаратно се демонстрира и манифестира под концептот ,,реалполитика“, којшто изворно има сосема друго значење, кое е поблиску на суверена одговорност и грижа за сопствената држава, отколку како начин/метод/механизам за практикување на заканување, притисоци и за потчинување на другите мали, понемоќни држави во меѓународните односи и политики, разјадувајќи го правото и принципот на суверена еднаквост на државите.

На таа линија е и осознавањето на потребата за ,,специфицирање на концептот на *државна моќ*“. За да се реши проблемот со концептуализирање на Новиот светски поредок, треба да се премине од старата економоцентрична парадигма (со нејзиното знаење) кон нова (која бара воведување на ново знаење/нови знаења).

Ова упатува на сосема друга страна и на поинаков, нов модел на однесување и делување, надвор од моделот на приватизацијата или раздржавување и диктатот на капиталот во сите сфери и области, чиј облик го заземаат и националните политики. Во

таа постава и рамка нема повеќе простор за поинакво делување, колку и да е потребно, издржано, ново и за вистински одржлив развој.

Оваа состојба ја потврдуваат и најголемите носители и експоненти на оваа парадигма на приватизацијата, како општ западен модел, заснован врз пристапот и моделот на САД. Овој модел овозможува приватните корпорации да имаат овластувања и да работат за државата, како советодавни и чии решенија органите на државата ги спроведуваат. Врз таа основа, е изграден моделот на транспарентно промовирање на целите на политика на САД (коишто се, всушност, поставени од големите приватни корпорации). Истиот модел е применет и на Сенатот, во кој клучна улога за тоа какви политики ќе се водат имаат лобистите кои истовремено имаат и најголем капитал кој го нудат за возврат на бараната политика. Другата западна економско-политичка конструкција и сила која го применува истиот модел, но на свој уникатен начин, е Европската заедница, сегашната Европска унија, која преку својот Европски институт за безбедносни студии, во 2025 година издава прирачник со наслов „Ослабнување на Русија“[174]. А, таа парадигма на ослабување и уништување на државите се применува и на други држави, од страна на сите држави кои ја застапуваат и спроведуваат оваа доктрина. Па, исто така, истата се применува и врз Македонија, на пример, од страна на Германија и Словенија, коишто во 2024 година настапија со отвореното барање за вработување кај нив на работоспособен и квалификуван кадар од Македонија, а со промоција преку нашите државни институции и медиуми, со што директно се атакува и се одзема од Македонија најважниот, човечкиот особено научно-образовниот кадар, во кој вложила нашата држава и целиот народ финансирајќи го нивното образование. Друг начин, е со разни притисоци и санкции, како замрзнување на капитал во странски земји на корисници од земјата која е под санкции, но и одземање на капиталот, како на пример, кога САД одлучија (2024 година)[175] замрзантите средства на руските сопственици во странските банки, да ги доделат на другата страна (Украина) во војната помеѓу нив, а потоа и тоа да бидат средствата со кои Европската унија ќе ја помага Украина во војната против Русија, што е надвор од

[174] Unpowering Russia: *How the EU can counter and undermine the Kremlin (eds.)* Ditrych, O. and Everts,S., European Union Institute for Securities Studies, Chaillot paper/186, May 2025
Достапно на https://www.iss.europa.eu/sites/default/files/2025-05/CP_186.pdf

[175] Достапно на https://makfax.com.mk/svet/%D1%80%D1%83%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B4%D0%B0%D1%81%D0%B5%E2%80%8B%E2%80%8B%D0%BF%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D0%B3%D0%BD%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D0%BA%D1%80%D0%B0%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BF/

правото за заштита на сопственоста на странски граѓани, според меѓународното приватно право, како и спротивно на меѓународното јавно право, кое ги гарантира и заштитува универзалните човекови права и бара нивно почитување. Руското министерство за надворешни работи ова го нарече ,,чист грабеж“, што и е.

Периодот на транзицијата (од социјалистичка или во некои земји - комунистичка, во пазарна економија, започната во светот од 80-те годинина на 20-век), спомнат во овој труд, во нашето општество и држава, нешто подоцна се совпаѓа со периодот на глобалната финансиска криза од 1997 во светот, кога се јавуваат и сериозните проблеми на глобализацијата и глобалната економија, но истите продолжија да се спроведуваат како пожелни и потребни, иако сите тие вклучени во тој процес, академици, политичари, професионалци, морале или требале да го знаат ова за коешто зборува Штиглиц. Иако, на секој чекор народот се соочуваше со неправдата, со негативностите од истото, но тоа беше одлука на власта и политичарите, којашто мораше да биде спроведена. И се така, до ден денешен, истиот образец истата парадигма на партиско-политичка диктатура.

Новиот применет модел и системски концепт и начин значи отворање на можностите студентите, *младите, заедно со своите професори и родители* да обмислуваат, да дебатираат и да ја креираат својата иднина. *Леге артис, творечко-истражувачки, стручно, натполитички, натпартиски и непартиски*. Притоа имајќи ја предвид и наспроти досегашната недозволена антиуставна пракса: партиската диктатура и партократијата, која е причината за криминалот, корупција и деструкцијата на сите рамништа во општеството и во државата.

Концептот на моќта на државите е компатибилен со ставот на новата парадигма за новото време како нов универзален применет модел за интегрален одржлив развој. Во прв ред поставувајќи насока на изградување самобитност и континуитет на опстој на еден народ во својата држава, со своја култура, обичаи, норми, право, уставно-правни традиции и поглед на свет - парадигма и државотворност.

,,Моќта на државата“ како специфициран вид на ,,моќта на земјата“, својата полна дефинираност и функционалност ја постигнува во *доктрината за суверена држава.*

„Доктрината за суверена држава обезбедува основа за развој на фер национални економски системи кои најдобро ќе ја одразуваат културата, традициите, природниот и човечкиот потенцијал на земјата“.[176]

На денешното ниво на глобалистичкиот развој, една од главните пречки за неограничено и непопречувано движење на капиталот се националните држави, кои имаат свои интереси и права и имаат воспоставено систем за нивна заштита. Но, тоа се спротивставува на глобалниот либерализам (неолиберализам) и една од неговите главни задачи е „денационализацијата“ и „дерегулацијата“ на сè што е под капата на државата, а тоа се всушност сите атрибути на суверената држава. Па, оттука, се јавува сериозен проблем кој го произведува оваа политичка и економска доктрина, којашто поради таквиот апсолутистички став, во суштина му противречи на правото, националното и меѓународното, истовремено поставувајќи го во ситуација и тоа да работи за остварување на антинародните (антинационалните) или глобалистички цели.

Во последните децении се јавуваат тектонски политички промени „континуирана ерозија на националните држави и растечкото влијание на меѓународните и невладините организации“.[177] Порелевантните и помоќните од нив главно ги менаџираат глобализациските процеси со промоција на „неолибералните реформи како доминантен модел на трансформација на национално ниво, „пренесен“ во економиите во развој преку програми за помош и со имитација (Миног, 2002)“.[178]

За разлика од овие пренесени (трансферирани), увезени, неприлагодени, несоодветни, потребно е развивање на автохтони реформи, кои ќе одговараат на потребите на секоја земја и народ посебно, органски поврзани со нејзините специфики, потенцијали и вредности.

„Така, новата доктрина за суверена држава воспоставува заедничка рамка за суверени држави на нации кои бараат свој пат на политички, социјален и економски развој во мултиполарен свет, врз основа на реална перспектива на меѓународните односи.“[179] Таа треба да ја замени наметнатата државна идеологија и практика и

[176] Шумкоски, Г. (2022). Глобальный трансфер неолиберальных моделей и доктрина суверенного государства // *Вестник Российского университета дружбы народов. Серия: Международные отношения.* 2022. Т. 22, № 4. С. 771—787 https://doi.org/10.22363/2313-0660-2022-22-4-771-787 https://cyberleninka.ru/article/n/globalnyy-transfer-neoliberalnyh-modeley-i-doktrina-suverennogo-gosudarstva стр.774
[177] Ibid.
[178] Ibid., стр.775
[179] Ibid.

национални стратегии кои се засноваат врз неолибералниите принципи, бидејќи таа ги ,,лишува од нивната најважна функција како субјекти на политичко донесување одлуки.“, во согласност со својата суверена волја.[180]

Оваа доктрина не е само критика на претходната неолиберална доктрина, туку таа води кон нејзина практична имплементација, на тој начин пополнувајќи го настанатиот ,,вакуум“ од претходната пракса и е во можност да ги реши проблемите од истата, но со помош на националните држави, кои ќе ги помогне да се вратат во својата вистинска функција и способности да управуваат со процесите во нив.[181]

,,Доктрината за суверена држава ја нагласува неопходноста да се вклучи процедурална правда во институциите, политиките и практиките за спроведување на законот кои треба да бидат перцепирани од учесниците како справедливи“.

,,Очигледно е дека сегашната критика на глобалниот неолиберален систем доведе до поткопување на неговите морални и идеолошки основи, откривајќи ги основните причини за неговиот неуспех и неизбежниот колапс“.[182]

Во таква поставеност, доктрината за суверена држава има задача да го поддржи вистинскиот глобализам, на слободни суверени народи и нации со фер глобален економски, општествен и политички систем на државно ниво, во кој никој не е запоставен и кој се темели на законите на природата, човештвото и Бога.[183]

Со ваквиот пристап и ниво на доктрина се решава и прашањето на разнишаниот и невтемелен легитимитет, којшто се најде во посед на транснационалните субјекти и фактори, меѓународните организации, кои го свдуваат на добро управување, ефикасност во решавањето на проблеми, а не и на неговиот вистински извор, суверените народи. Па за оваа т.н. транзиција постои и следнава формулација: „од легитимитетот на потеклото до легитимитетот на имплементацијата“ (d’Aspremont & de Brabandere, 2011).[184]

Според МП, меѓународните организации се легитимни, а исто така и нивните постапки, врз основа на овластувањата на нивните земји членки. А, секоја демократска

[180] Ibid., стр.773
[181] Ibid., стр.775
[182] Ibid., стр.780-781
[183] Ibid., стр.871
[184] Ibid., стр.780-781

земја/држава е управувана од власта врз основа на добиениот легитимитет од сувереиот народ. ,,Авторитетот заснован на правно-рационален легитимитет останува суштински услов за владеењето на правото“.[185] Во спротивно не може да се зборува за одговорност на меѓународните организации (дека тие постапуваат одговорно) бидејќи не е задоволен/недостасува основниот критериум на легитимитетот.

Сето тоа ја покажува современата состојба на длабоката криза на легитимитетот без суверенистичка доктрина на државите, како и нелегитимноста на меѓународните организации кои го пресекуваат и го ,,лажираат“ изворниот легитимитет.

Но, истовремено, земјите во развој „повторно се свртуваат кон реформите на индустриската политика што овозможуваат поголема улога на државата“. Таа практика ја поддржува и е дел од соодветната „теорија за развој на суверена држава“ која ја враќа улогата на „националните држави како доминантна развојна парадигма за 21 век“.[186]

Самиот концепт на ограничување или ставањето на т.н. „златна лудачка кошула“ (поим создаден од Томас Л.Фридман, во делото *„Лексус и маслиновото дрво: разбирање на глобализацијата“* (2000) [187] на земјите кои се определиле за глобалистичка неолиберална економија говори во прилог на тезата дека е деструктивен и антиразвоен за секоја земја и држава, вклучително и за најразвиените. Овој концепт и модел е противречен во основата. Не е возможно да се развива нешто ако не се слободни и задоволени или дозволени принципите на развој. Самата ,,златна лудачка кошула“ го означува токму тоа оневозможување. Во глобалистичктаа парадигма развојот е вкалупен, сегментиран, одделен и операционализиран во една насока и димензија, занемарувајќи ги и на штета на другите развојни компоненти. Зависи само од еден фактор - капиталот и неговата моќ да создава профит, на сметка и на штета на сè друго. Како таква таа е искривена слика, невалидна парадигма која не ја опфаќа и не може да делува на потребниот начин во стварноста. Значи, тоа е фиктивен „развоен“ концепт додека во суштина е со антиразвојни и деструктивни последици, токму поради неможноста и спречувањето на сувереното делување и слободната волја.

[185] Ibid.,
[186] Ibid., стр.773
[187] https://vdoc.pub/download/the-lexus-and-the-olive-tree-understanding-globalization-5mr6rqfv79n0

Поради тоа, на земјите/државите им е неопходна доктрина за суверена државност врз основа на која се изградува севкупниот развој на државата, во рамнотежа на сите развојни компоненти, области и сектори. Во оваа доктрина нема произволно ограничување, сепарирање, пренагласеност или наметнување на несоодветни начини и рамка, за коишто државата не може слободно да одлучува, за нивно прифаќање или не. Таа е спротивна на моделот, со кој на нелегитимен начин, државите се прават несуверени, „де факто“, наспроти правната основа на суверенитетот и на легитимитетот. Таквиот насилен и несуверенистички пристап продолжува да ги продлабочува и да ги мултиплицира проблемите и влошувањето на меѓународните односи, најпрво меѓу развиените и неразвиените односно т.н. земји во развој, а потоа и меѓу самите најголеми сили и најразвиени држави во светот, кои се на масата за решавање и носење одлуки од коишто зависи судбината на другите земји/држави, народи, на човештвото и на светот. Таа спротивставеност и конфронтација се засилува и доаѓа до својот врв, состојба којашто ја имаме во денешно време. Од таа позиција се можни само два исхода:

1. На *повторна прераспределба на позициите и на придобивките во рамките на старата парадигма* или

2. Разрешницата да биде на повисоко рамниште, на промена на старата глобалистичка парадигма и нејзината незаснованост со новата суверенистичка парадигма со нејзината заснованост во цивилизацискиот супстрат како основа за одржлив развој.

Новата Парадигма како нов универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој ја усвојува и ја инкорпорира најрелевантната и легитимно меѓународно-правно и уставно-правно дефинирана теорија (доктрина) и пракса на државен суверенитет, идентитет и легитимитет, која е со универзално важење и вредност, во цивилизациски контекст. Цивилизациската димензија и сушност е иманентна и додадена вредност на меѓународното право, на меѓународните односи и меѓународно-правниот систем и поредок како една неделива, органска целина.

Како последица на насилното, неприродно и неорганско расцепување и поделбено и антагонистичко третирање на оваа човечка, меѓународно-правна и цивилизациска сушност, се појавени и активно делуваат антицивилизациските,

антихуманите, несуверените практики и теории чијашто задача е да ги оправдаат своите недозволени цели. Но, тоа не е можно, затоа што го немаат под себе вистинскиот, непобитен, цивилизациски градбен и вредносен супстрат, создаден низ милениуми жива пракса и заложби на народите и на заедниците со своите идентитетски обележја. А, тие се неодделив дел од континуитетот на човечката цивилизација, кој продолжува и во сегашноста и ќе продолжи и во иднината, врз основа на заснованиот универзален модел за интегрален одржлив развој, што е заснован и се димензионира врз цивилизациската парадигма и бара да отпаднат сите антицивилизациски деструктивни теории односно парадигми и врз нив заснованите политики и пракси.

Оттука, произлегува дека „оваа доктрина (моја забелешка: на државниот суверенитет) се претставува како алтернативна визија за иднината преку сопствени суверени научни и образовни платформи, сопствена мрежа на алтернативни медиуми, кредибилни политички, социјални и економски модели и нивна популаризација преку образовни платформи, како и спротивставување на моменталната хегемонија преку локалните организации“.[188]

Таа е на линијата на нова парадигма, која е заснована, втемелена врз МП и како еден неодделив систем овозможуваат нов универзален применет модел за севкупно, организирање, образование, функционирање и управување кое го овозможува интегралниот одржлив развој на државите, на сегашните и на идните генерации во безбеден свет на соработка, во траен мир.

Органското единство на овие темели на одржливиот развој е неспорно, но е на силен удар на деструктивните политики и агенди, па поради тоа е потребно нивно научно-истражувачко расслојување, за да се проникне во таа непобитна втемеленост на овие доктрини и парадигми на: 1. *државниот суверенитет*, 2. *цивилизациската парадигма* и 3. *новата Парадигма за новото време - Универзалниот научен применет модел за интегрален одржлив развој* којшто ги опфаќа и ги втемелува на научно-парадигматски начин и модел којшто не е произволен, не е каква и да е теорија,

[188] Sumkoski, G. (2016). Towards socio-economic theory and practice of regulation. Evidence from OECD countries and Bangladesh, Cogent Social Sciences, 2 2: 1254840 Достапно на https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/23311886.2016.1254840 http://dx.doi.org/10.1080/23311886.2016.1254840

невтемелена, антихумана, трансхумана, антицивилизациска и антиразвојна. Имаат ист темел, корен, извор: сувереният човек и граѓанин, со сите свои човекови права, кои му овозможуваат да биде тоа што е, човек и креатор на својот свет и на иднината, со длабоките божји и природни обрасци или парадигми на човеков и цивилизациски развој. Кој, со тоа, е *над* и *не ги признава поделбите* на *една или друга страна, лева, десна, национална, глобална, меѓународна,* туку како едно човештво кое ги создава најдобрите начини за сопствениот одржлив развој и опстој во траен мир, како една од своите најголеми, капитални и цивилизациски придобивки.

Во Македонија, во цивилизацискиот континуум се одвивале најголемите преродби на човештвото, иницирани и трасирани од страна на македонските генијални духовници, творци, градители, преродбеници, од кои се создадени и најголемите и генијални македонски и цивилизациски вредности, дела и придобивки за целото човештво. Генијалноста е македонската диференција специфика и како и многупати досега во историјата на човечката цивилизација, и сега, таа се става во заштита и во одбрана на човештвото и на народите од антихуманизмот, непочитувањето на МП, невладење на правото и неправдата.

Единствено во Македонија, а не на друго место во светот, е *откриен начинот на кој создавале генијалците***,** од македонски творец и интердициплинарен истражувач, академски сликар Ристо Мијаковски, во рамките на чиешто *Иновативно интердициплинарно истражувачко творештво* (единствено од таков вид во светот) е создаден единствен оригинален/изворен *„Гениусистемс“*, со 20-тина сегменти на изворно творештво, подготвени за едукација и за примена од страна на разни категории на корисници. А, особено соодветен за да се примени во општеството и во државата во разни области, како врвен македонски и цивилизациски бренд, кој на органски начин на применето рамниште овозможува трансформација на непримерените, наметнати антицивилзиациски и антиразвојни, геноцидни модели, теории, доктрини и практики. Еден од тие сегменти, за примена во општественото живеење и создавање е и поведената *Граѓанска иницијатива за здраво, достоинствено и возвишено живеење и создавање* (2002), којашто во 2004 година е регистрирана како здружение на граѓани *„Граѓанска иницијатива за здраво, достоинствено и возвишено живеење - ПРЕРОДБА“*, во која како основачи се јавуваат и авторот Ристо Мијаковски и

магистрантот, кандидатот на овој магистерски труд - Ана Бобинкова Мијаковска, која е и Претседател на истата.

Круна на овие творечки откритија и примена е и изворната Парадигма за новото време, којашто за потребите на македонскиот народ, на општеството и на државата, но и на човештвото, се изградува и брани како универзален научен применет модел, со овој магистерски научен труд.

Авторот Ристо Мијаковски, своето повеќедецениско творештво го посвети на поединецот, на својот народ и на човештвото, коешто континуирано се развива со сè поголем интензитет и посветеност, како врвно анагжирано творештво. Во 2003 година, во рамките на воспоставената *ИИК (Интердисциплинарна истражувачка колонија Интермедија*, создадениот применет систем со методи и методолигии, овозможи во рамките на доставениот проект до Министерството за култура, Министерството за образование, Министерството за здравство и до Собранието на РМ, да се овозможи за ползување во областа на културата, образованието и здравството, со предвиден капацитет за тие потреби и за категории на корисници кои се во најголема потреба. Авторот редовно учествуваше на Годишните конкурси на матичното Министерство за култура со свои оригинални проекти за примена и унапредување на живеењето и создавањето и создавањето на високи, врвни и генијални, трајни вредности.

Во 2008 година, подносители сме на Барањето за заштита на македонскиот идентитет до УНЕСКО, во 2009 година, на барањето до Претседателот на РМ, Ѓорѓе Иванов, за покровител на ИИК Интермедија. Во 2010 година, и со официјално писмо на намери од авторот Ристо Мијаковски, до Министерството за култура, до министерката за култура, за поведување на заедничката цивилизациска заложба: Да ја поведеме ренесансата во живеењето и создавањето за новото време, за создавање во Преспа, со кое ќе биде овозможен развоот на Преспа, општината Ресен и регионалниот развој, враќајќи и г некогашниот царски сјај и да стане една од светките топ дестинации во новиот милениум (Прилог 1: Писмо до министерката за култура (2010), стр. 193) и воспоставување на Тв каналот Откритија - Надеж за иднината.[189]

И последователно иницијативите: *Да ја поведеме ренесансата во живеењето и создавањето (2010)*; *Да ја поведеме цивилизациската ренесанса (2011); Творечко-*

[189] Интернет Тв-канал Откритија - Надеж за иднината https://www.youtube.com/@otkritijardiscoveries2010

граѓанска иницијатива Цивилизациска порта: Исток -Запад (2015); *Движење за граѓанско цивилизациски вредности (2016); Меѓународно движење за хуманизирање на човештвото (2017), Заложбена и надежна визија и вертикала за иднината на младите во Македонија во Македонија (2024), Мировната иницијатива од Македонија: заложбена хумана алтернатива - нова парадигма (2024)* (Прилог 6, стр 203) и многу други, во општествен и цивилизациски контекст.

Циклусот на *ангажираното творештво* продолжи да делува пред Собранието на Р. Македонија, поведувачи на *Движење на носителите и бранителите на државниот суверенитет - Единствениот пат*, за да потоа се донесе одлука за негово трансформирање во *Движење Македонска преродба* и за негова регистрација како политички субјект, за што отпочнавме со собирањето потписи на нотар. Посветеноста на ангажманот, да се биде на вистинсото место со вистинските акции и дејства, даде приоритет на второто, со секојденвни и целодневни активности и непрекинато 24-часовно присуство и дежурство на родољубите од македонскиот народ, во *Камусот на бранителите* и т.н. Слободна територија Македонија во паркот *Жена борец*, спроти Собранието на Република Македонија. Како македонски суверени и родољубни активисти, заедно со нашите соборци сме поведувачи, учесници и членови во разни автентични македонски иницијативи, со кои се застапува и доследно се брани и остварува суверенитетот, самобитноста, идентитетот и независноста на татковината Република Македонија.

Во 2022 година е поведена постапка за регистрација на *Организација на македонскиот народ*, во чијшто Статут *е дефиниран начинот на функционирање според новата Парадигма за новото време, придонес и учество во демократските и изборни процеси во Македонија, со цел за имлементрирање на новиот модел и системски начин на кандидирање и претставување на македонскиот народ во институциите на државата.*

Во меѓувреме (2023 г.), поведена е иницијатива и доставено е *Иницијативно барање* за промени во *Изборниот законик на РМ* (Прилог 2, стр. 195) за негова суштинска демократизација и за промена на изборниот модел.

Во 2024 г. на Парламентарните избори, 20 македонски родољуби се кандидати на единствената *Независна листа* на овие избори, во која се јавувам како носител на

листата. Доставуваме *Отворено писмо Барање до пратениците, Собранието, ОБСЕ, медиумите, јавноста*. (Прилог 3, стр. 197)

Поради нерамноправните услови и третман од страна на креаторите на јавните политики, медиумите и на надлежната институција ДИК, листата не успева да го собере потребниот број на потписи за што до надлежните институции поднесовме *Претставка против дискриминација и повреда на избирачко право* до надлежните институции. (Прилог 4, стр. 199) и *Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на Изборниот законик* пред Уставниот суд на РМ (Прилог 5, стр. 201) Уставниот суд не поведе постапка, но добивме позитивно Издвоено мислење од Претседателот на Уставниот суд, Д-р. Дарко Костадиновски.

Потоа, по предлог од Работничката партија, ни овозможија, со нивен печат, целата листа да учествува на изборите, во Изборна единица 1. На парламентарните избори оваа независна листа успеа да освои исто, дури и повеќе гласови од повеќе помали политички партии кои самостојно излегоа на изборите, а некои од нив се присутни и по неколку децении на македонската политичка сцена.

Сега, на Локалните избори 2025 година, исто така, го продолжуваме тој македонски родољубен и патриотски активизам, со учество на изборите, како кандидати кои ќе продолжат да се борат против неправото, неправдите, корупцијата и криминалот во државата и општеството и ќе можат достојно да го претставуваат македонскиот народ и македонските суверени граѓани, со листи за градоначалник и за советници на Град Скопје и во други општини.

4.3 **Одржување на мирот и безбедноста**

Феноменот на вложување и одржување на мирот и безбедноста односно безбедносниот поредок, дома и во светот, е дека нема никаков позначителен учинок (импакт) за безбедносниот светски поредок:

- пролиферација на многу мировни и безбедносни политики, програми, институти, центри, студии и други форми, коишто не можат дури ни сите заедно, а многу се (милиони) во светот, подеднакво и во подрачјата кои се секогаш актуелни жаришта или во потенцијални, кои траат со децении, да стават крај на човекоубиството и братоубиството. Имајќи предвид дека се поминати само близу 80 години од нивното прво воспоставување на академските мировни студии во 1948 година во Манчестер

колеџот во Северен Манчестер (Индијана, САД), во рамките на мал колеџ на слободни уметности, спонзориран од црква.

- некои такви центри се затвораат, токму во најактуелниот момент на глобалните политики и промената на парадигмата на униполарноста со парадигмата за мултиполарноста. Таков е примерот со македонскиот *Центар за глобални промени*, на мировните студии на Филозофскиот факултет, УКИМ, чиј раководител беше Проф.др. Билјана Ванковска, кој беше воспоставен како истражувачка единица во 2023 година, а беше затворен/укинат на почетокот на 2025 година. И тоа, после многу успешна и значајна *меѓународна конференција* одржана во Скопје (3 и 4 октомври 2024 г.) на тема: *"Кооперативен мултиполарен систем: во потрага по нов светски поредок"*, од која прозилезе и книга, во која учесниците врвни и еминентни водечки научнни истражували и професори од повеќе од 20 држави од светот и од Македонија (проф. Џанг Веивеи - Кина, проф. Радика Десаи - Канада, проф. Ричард Саква - Обединето Кралство и д-р Јан Оберг - Шведска, проф.др. Радмила Накарада - Србија, проф.др. Ванковска, проф. др. Тони Милески, проф. др. Константин Миновски, проф. др. Антоанета Петковска, проф.др. Јован Пејковски, проф.др. Жидас Даскаловски) ги презентираа своите сознанија врз основа на истражувањата на ,,променливата динамика на глобалната моќ во ера на мултиполарност", геополитичките трансформации, економските престројувања и идеолошките оспорувања, ,,свежи сознанија за силите што ги преобликуваат меѓународните односи", за да помогнат да се разбере феноменот на светскиот поредок и неговиот развој.[190]

- формираните безбедносни факултети и студии во светот (и во земјите внатре), кои се многубројни, сепак, се доказ, гледано од аспект на крајниот резултат, унапредување на мирот и престанување на војните и конфликтните жаришта, за непродуктивниот начин на нивното функционирање, што значи и нефункционалност за целта за која се создадени, до одредено ниво и во рамки кои не можат воопшто ниту суштински, ниту реално да влијаат врз развојот на загрозувачките ситуации и конфликти, особено внатре во земјите.

[190] Достапно на https://www.facebook.com/people/Global-Changes-Center/61552055500877/

- Иако е таа основна/фундаментална заложба на МП и меѓународно-правниот поредок и систем, за да обезбеди негова одржливост, тоа се одвива и се свртува во својата спротивност и против себе, зашто основната дејност и должност, одговорност на сите овие кадри и институции е како да се обезбеди и чува мирот и безбедноста.

- Властите во државите, кои се надлежни и должни да го обезбедат мирот, стабилноста и безбедноста, внатре и надвор, во меѓународниот поредок, допуштаат војна!? Со непреземање дејства кога ќе се појави конфликт, спор, вооружен судир и сл. или со нивно започнување, иако спротивен на нив е императивот на МП, на решавање на конфликтите по мирен пат.

- ООН, кои се најголемата, главна, прва и основна меѓународна организација во светот, која е основана првенствено заради таа цел, а поради вековните војни, судири, убивање на луѓето во војна, геноцид, етноцид, културоцид и за да не се повтори никогаш повеќе, немаат поинакви начини и методи за да ги сопрат војните и да завладее траен мир во целиот свет. Таа организација, која постои веќе 80 години, како надеж за човештвото, после уништувачките и истребувачки војни.

4.5 Суверена државна и економска доктрина

Суверената државна доктрина и *суверената економска доктрина* се исто така македонска актуелна и современа конкурентна вредност создадена од македонски родољуб, независен истражувач, автор-творец и експерт, доктор по економски науки, Горан Шумкоски, кој е меѓународен економски и финансиски советник и практичар во креирањето и примената на соодветните модели за економски развој во државите. Тој, однатре го познава актуелниот глобалистички систем и неговите можности и неможности, за коишто јасно се произнесува во своите научни трудови, истовремено давајќи и воспоставувајќи негова алтернатива: *Доктрина на суверена државност* и *Суверена економска доктрина,* коишто со посебна посветеност и спремност би се воспоставиле и реализирале за потребите и за развојот на македонската држава (но и со универзална применливост).

Со концептот и применет модел за интегрален одржлив развој се надминуваат тешкотиите и воопшто неможноста за одржлив развој во услови на нерамноправен, неправеден, ненеаучен, хегемонстички и униполарен светски поредок и парадигмата којашто актуелно се промовира.

Доктрината за суверена држава и парадигмата за новото време е компатибилна со праведен меѓународно-правно заснован светски поредок (кој засега се нарекува мултиполарен, но коешто можеме да го прифатиме само како работна дефиниција). Всушност, светот и човештвото се една органска целина и секое „кроење и прекројување“, создавање еден или повеќе центри е нова поделба или нов тип на хегемонија.

Доктрината за суверена држава е основа и за економската суверена доктрина, а не обратно. „Со нејзина помош може да се спроведе компаративна анализа на сите модели, така што владите можат да го изберат најсоодветниот, вградувајќи го во нивните долгорочни концепти за економски развој. Националните планови за развој и стратешките документи усвоени до денес во повеќето земји во економската, социјалната, образовната, медицинската и од другите области се лишени од каква било значајна суверена политичка содржина и ретко се согласуваат со народот. Типично, тие беа развиени од технократски елити кои беа водени од документи од Светската банка, ММФ, АБР, ЕБОР, Африканската банка за развој (АФБР) и други институции“.[191]

„Според тоа, во областа на развојната политика, потребна е промена на парадигмата, преориентација од интересите на глобалистичките транснационални корпорации кон интересите на општествата“.[192] А, најголема примарна улога во развојните политики има државата. Со ваквиот приод ќе се надмине и поделениот, сегментарен развој: економски, политички, општествен, во прилог на единствен, целокупен, заокружен развој кој отвора вистински долгорочни перспективи и планирања. А, тоа не може да го озвоможи самоважечката и монополска парадигма на слободниот пазар, врз којашто се потпира глобалистичкиот неолиберализам.

Таа цел и економскиот одржлив развој се постигнува со активирање и користење на целиот национален интелектуален, човечки и институционален потенцијал и ресурси, кои создаваат одржлива и фер суверена економска доктрина.

Нејзината примена ќе резултира со промени и развивање:

[191] Ibid.https://cyberleninka.ru/article/n/globalnyy-transfer-neoliberalnyh-modeley-i-doktrina-suverennogo-gosudarstva , стр.783
[192] Ibid.

- длабока идеолошка промена во ставот кон суверенот - народот на националната држава

- структурата на стимулациите меѓу сите економски, политички и социјални фактори,

- односот кон националната економија и нејзината продуктивност, без оштетување, злоупотреба и пренасочување на природните и човечките ресурси кон непродуктивни активности кои не создаваат додадена вредност и не придонесуваат за раст на благосостојбата на населението.

- институционални промени

- развивање на човечките ресурси

- вештачката интелигенција[193]

Балканските политички елити се наоѓаат на играта на ,,Шаховската табла,, на големите политички сили помеѓу Исток - Запад со геостратешките интереси на Балканот, ги доведуваат до состојба на поделеност во градењето на своите суверени држави кои тежнеат кон политиките на ЕУ, САД , да се оградуваат од останатите евроазиски земји кои нудат економски просперитет и почит кон сувереност, самоопределување на внатрешната и надворешната политика.[194]

4.5 Нова парадигма на вештачката интелигенција во новото време

За разлика од живите суштества, вештачката интелигенција нема жива и живототворна структура. Самиот овој факт може да биде доволен да ја доведе во прашање легитимноста на нејзиното постоење, важноста и нејзиниот проектиран и неограничен (како можност) развој, со поглед на тоа дека две неистородни структури не можат да се развиваат по моделот или налик една на другата, во овој случај ВИ по моделот на човечката природна интелигенција.

Друго прашање, исто така е и интелигибилноста на нашиот свет, поточно целиот космички и биосистем во кој ние, луѓето, човекот опстојува, нематеријалниот, духовниот свет, во кој не е присутен само човекот и неговата интелигеницја и

[193] Ibid., стр.784
[194] Калоева Е.Б. (2008). *Балканы как шахматная доска для геополитических игр великих держав.* Достапно на file:///C:/Users/kosti/Downloads/balkany-kak-shahmatnaya-doska-dlya-geopoliticheskih-igr-velikih-derzhav.pdf

духовност, која е дел од повисоките духовни сфери и фактори, колективниот дух и ум, космичката интелигенција, во која човекот со своите човечки моќи, интелигенција, дух и душа содејствува.

Од таа позиција, веќе е ограничувачки пристапот кој досега го има вештачката интелигенција, која се заснова себеси на човечката интелигенција и човечките моќи, знаења и науки, научни парадигми и изведени теории во разни области, а кои потоа се пресликуваат со слични решенија и примена во други области. Еден таков пример е *теоријата на игра*, која се применува во многу научни обалсти: политика, социологија, менаџмент, ВИ, воена наука и др.

Ако таа првична разнородност или неистродност на човечката со вештачката интелигенција веќе создава сомнеж за нејзината „природа“ и развивање, со интелигентни моќи, тогаш зошто и до која граница би требало да се потпреме на истата и каде би не одвела, имајќи предвид дека не можеме да пледираме на нејзина извесност или напредок, бидејќи таа не може да се создаде самата себеси. Неа ја создава човекот, со своите ограничени способности за сложени прецизни опеарции, но кои се многу повеќе и повисокоразвиени како човечки природни моќи во однос на високите, но вештачки моќи на ВИ.

Имаме 3 можности - решенија - одговори на ова прашање:

1. Инструментално (и аугментативно - надополнување, продолжение на наш, најчесто, оштетен или со намалена функција орган) ВИ да ни помага , како средство за извршување ан комплексни, сложени операции и десјтва, во голем обем и за кратко време, но коишто во структурата воопшто не се интелигентни туку механички, компјутерски и без човечко разбирање или сатисфакција.

2. Аналитичко-Синтетичко (како што и е на денешен степен на развојот, коешто е придружено со многу проблеми, во неможноста од органско и смисловно креирање на одредена содржина, а поради самиот факт што не е жива структура и природен процесор на податоците, кои се од многу квалитативно различни нивоа, природа, а кои ги добиваме преку нашиот нервен и сетилен систем, во реално време). Иако, реалното време веќе одредени системи на ВИ го достигнуваат, но дали и значи синтетизирање на реални сетилни податоци, како што тоа се случува во вистинскиот природен живот на човекот!?

3. Нешто сосема 3-то, ново, кое ќе прозилезе од оваа комбинација, на човечката со вештачката интелигеција.

Дали веќе има нешто такво во светот на ВИ?

И во кој дел од интелигенцијата е направена таа промена на повисоко ниво и е иновативна промена или нова парадигма во ВИ?

4. Но, исто така, претходно, дали е направена разлика и дефинирање помеѓу интелигенцијата и креативноста? Иако 2-те најчесто ги мешаме и постоветуваме, затоа што кај човекот тие се поврзани и испреплетени. Но, дали се и на ниво на третирањето и во самата ВИ, од страна на науката?

Ако не се поврзани тогаш:

А) Еден пат на развој е ВИ да се развива неограничено, па дури и самостојно, но да нема односно да има сѐ помала поврзаност со природата и креативноста на човекот. И оттука и да има секакви можни последици и влијанија, што е неизвесно, непожелно и крајно опасно за човечкиот свет и за опстојот на човештвото.

Б) Друг пат на развој би бил, секогаш да е ограничувана и насочувана во зависност од потребите на човекот, а за тоа на човештвото му е потребен најширок и најголем консензус, за да не се измолкне од контролата и да направи фатални штети поради злоупотребите, од секаков вид.

Ако се поврзани, тогаш прагот на внимание и опасност е највисок:

В) Тогаш ВИ треба да се развива на сосема поинаков начин, кој ќе биде суптилен и со карактеирстики на природност и природни моќи, но тогаш се менува самиот концепт за ВИ и е отворено поле за истражување, каква ќе биде таа.

Ако со досегшниот начин и степен на развој на човечката интелигенција го имаме досега најразвиениот вид на ВИ, од една страна, но и фактот дека веќе се исцрпени и заситени домените на ВИ врз основа на овие создадени од страна на

човештвото, информативни ресурси, тие не веќе не можат да го ситуираат/хранат системот на ВИ,[195] од друга страна:

> „Според Илон Маск, и покрај извонредно брзиот напредок на вештачката интелигенција, човештвото можеби веќе наишло на критична бариера: а тоа е конечноста на вистинските човечки податоци за обука на вештачката интелигенција. Наречена „врв на податоци“ („Peak Data“), оваа теорија сугерира дека интернетот ги обезбедил сите корисни информации генерирани од човекот што ги има, оставајќи ги развивачите на вештачка интелигенција да бараат алтернативи. Останува суштинското прашање: дали сè уште имаме доволно податоци за да ги нахраниме овие сè погладни модели?“

Тогаш, развојот на креативната моќ/потенцијал на човекот, која е неограничена може да доведе до сосема нови хоризонти и достигнувања во ВИ и за човештвото, во позитивна насока.

Во оваа област, која е сосема ново поле, неистражено, нека се вклучат најдобрите и најдобронамерните умови и творци на целиот свет, а сето тоа да го воспостават и менацираат, како наша автентична македонска парадигма/концепт/бренд, а врз основа на откритијата и начинот на кој создавале генијалците и овој магистерски труд, ќе ја имаат можноста професорите од Меѓународниот славјански универзитет „Свети Николе“ - Свети Николе (МСУ) заедно со своите студенти.

За таа цел ќе може да се создаде создаде цел кампус, за истражување и едукација, со учество на најголемите авторитети, научници, професори, експерти, имиња од целиот свет, како и студенти, кои ќе ја пренасочат науката (за човекот и за животот - т.н. l*ife sciences),* како дел од поширокатa група на науки поврзани со човекот - хуманистичките и општествени науки, во вистинските хумани развојни насоки и димензии. А, сето тоа би се случувало на изворишето на преродбите/ренесансите, во Македонија (Преспа и Охридско).

[195] „Го достигнавме лимитот“: Според Маск вештачката интелигенција веќе го постигнала максимумот на податоците создадени од човекот, 13.03.2025, Пари Достапно на https://pari.com.mk/go-dostignavme-limitot-spored-mask/

ЗАКЛУЧОК

Современите политички системи и актуелните состојби и случувања, кои излегуваат надвор од МП рамка и длабоко навлегуваат во *неправна* и *бесправна* рамка, несакајќи имаат за цел да нè држат на ова цврсто правно стојалиште и да нè насочат кон *вистинската правна визија* која истовремено и е и *реално остварлива* во нашето опстојување во светот. *Вистинската политика, којашто е исто така и соодветна, издржана, и во таа смисла реална политика, може да биде само врз основа и во содејство со правото, а не самостојна.* Затоа и концептот за *реалполитиката* кој и самиот се злоупотребува и така сфатен „здраво за готово“, хипостазиран, како неминовен и кој мора да се прифати, ни се поттурнува на мала врата, е многу чест во праксата. Но, како таков, повторно, произлегува од неправо и е главниот и штетен фактор, кој го поткопува МП и уставно-правниот поредок, на човештвото, на државите и на народите. Тој нема своја основа во МП, тој е спротивен на принципот на правото и на правдата. И самиот ја потврдува ова хипотеза, бидејќи повикувајќи се на правото на силата, на тој начин реалполитиката, во прв ред, само сака да придонесе за својата земја, за својот народ, за своите граѓани, за својата моќ и удел, влијание во меѓународниот поредок, во делењето на колачот на човештвото. Оттука, признава дека тоа право можат да го имаат и другите, но поради немањето моќ и пари, тие не можат да си го земат.

Вториот, но многу поопасен аспект е дека и овој концепт на реалполитика е искористуван и употребуван против самиот моќен субјект/држава/хегемон во светот, бидејќи тоа право, самопрогласено, сепак не оди за сметка на правото и придобивките од истото на државата и народот/нацијата граѓаните туку на една мала моќна врхушка за сопствени големи интереси и богатства. Затоа, овој концепт, со ваквата пракса, која произлегува од истиот, во крајна линија е неодржлив и нема валидна оправданост. Сè што е нелегитимно (неправно), невалидно, деструктивно за меѓународниот правен поредок, за човештвото и за човечката цивилизација е противправен акт на државата/субјектот кој го промовира и го спроведува истиот.

Штом, согласно МП, веднаш ќе се постапи бескомпромисно, решително, во однос на секој субјект на МП во овој контекст, тоа ќе ја засилува и поврати својата универзална моќ и примена, како гарант за ослободување на човештвото од хегемонски, нерамноправни и нехумани, злосторнички концепти и политики, дејства и

за остварување на правдата и на праведен меѓународно-правен поредок. Истиот се пресликува и во националното право. Затоа, по овој принцип, на единственост на правниот систем и на правото на сите рамништа, е возможно функционирање на праведен меѓународно-правен поредок.

Во него, особено за правната моќ или за владеење на правото, има многу важни нијанси за концептот и за формите на спроведување на нормите на меѓународното јавно право. ,,Концептуалната серија што ја открива содржината на правната апстракција „спроведување (остварување) на правото“ ги вклучува концептите: „почитување на правото“, „користење на правото“, „спроведување на нормите на правото“, „примена на нормите на правото“. Оваа структурна серија на категоријата „имплементација на правото“ во општата теорија на правото е општо призната. Според А.М. Василиев, тој го конкретизира концептот на „спроведување на правото“, откривајќи разлики во формите на спроведување на правните норми и помага да се разјасни неговата содржина [Василиев А.М. Правни категории: Методолошки аспекти на развивање систем на категории на правната теорија. М., 1976. стр. 174.].[196]

Доследно изведен универзален научен применет модел врз меѓународното право е новата Парадигма за новото време, кое ја разрешува/укинува старата парадигма, која е спротивна на принципите на парадигмата како модел за вистинскиот човеков напредок и неговата суштина како мировно суштество, кое соработува, креатор на мирот и слободата во светот, кои му се инхерентни својства, а не како суштество кое војува, се спротивставува, се антагонизира и го прави злото.

Истиот е претставен преку третирање на концептот на парадигмата.

Во *првиот дел* се обработуваше поимот и значењето на парадигмата воопшто за науката, за нејзината примена и развој, поимот на научната парадигма и оригиналниот концепт на научната парадигма на Томас С.Кун, оригиналниот концепт на новата Парадигма за новото време - Универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој, од тезата на овој магистерски труд, кој е клучен за поставување на проблематиката на тезата. Се истражија основните елементи на парадигмата како

196 Сафронова, Е. *Очерки теории международного публичного права, стр.113* Достапно на https://www.academia.edu/5687144/%D0%A2%D0%B5%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%8F_%D0%BC%D0%B5%D0%B6%D0%B4%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D0%B3%D0%BE_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0_%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%8F

научен применет модел за интегрален одржлив развој и начинот на функционирање и остварување на новата Парадигма за новото време, а особено како применет модел за младите во Македонија, со откриениот (во творечките и истражувачки процеси) системски начин за сузбивање на корупцијата и на криминалот во општеството и државата, со и преку нивно активно учество во општествените и политичките процеси, со нов институционален и академски приод. Сето тоа како дел од новата одржлива парадигма и решенијата кои произлегуваат од истата.

Во *вториот дел* се изради методолошкиот пристап и методите на истражувањето, историско - компаративните истражувања на проблематиката и поимот и концептот на парадигмата и применетиот универзален научен модел во поврзаност со другите концепти: императивни норми на меѓународното право, одржлив развој, владеење на право, кој понатаму се потврдуваше во однос на поставените цели на истражувањето и хипотетската рамка: Општа хипотеза, 3 посебни хипотези и 8 поединични хипотези, а низ кои се развиваше комплексната содржина и структура на проблематиката и на тезата.

Во *третиот дел* ја направив анализата на истражувањето на тезата за меѓународното право - основа на новата парадигма за новото време и неговото почитување и ефективна примена, а поаѓајќи од задолжителните (императивни) норми на МП, што е фундаменталната, најцврста основа врз која се изградува соодветниот Универзален научен применет модел за интегрален одржлив развој. Со тоа се потврди незаснованоста и неодржливоста на старата парадигма со кршењето на меѓународното и на националното право, како и проблемите што произлегуваат поради тоа, а кои се составен и неизбежен резултат на пазарно-економската парадигма и парламентарната демократија со политичките номенклатури, како преовладувачка форма, парадигма/модел на уредување и во актуелниот светски поредок.

Се потврди дека тој тип на општествено-политички систем е непродуктивен, нефункционален и неодржлив, според својата структура и природа и како таков создава корупција, криминал, беззаконие и сопствениот колапс, на системот на либералната демократија.

Во *четвртиот дел* се аргументираа причините за отфрлање на старата парадигма и за примена на новата Парадигма за новото време во Македонија, за

интегрален одржлив развој, преку појавата и примерот на негрижа, запуштеност, неискористеност/неупотреба и злоупотреба на запуштени и вон употреба објекти во Република Македонија односно за нивна ревитализација со новиот преродбен-применет модел. Преку предлагање на нова парадигма на „јавно“ и „приватно“ , нова основа за изградување, развивање и промоција на севкупните ресурси, вредности, добра и наследство и севкупна средина на живеење и создавање, со ново повисоко ниво на взаемна соработка на сите чинители во општеството и во државата.

Тој се темели врз заснованиот, оправдан концепт за одржливиот развој и на владеењето на правото, кои се неодделиви од фундаменталната меѓународно-правна основа, принципите и нормите на МП и нивно почитување и ефективна примена.

Оттука, овој дел, го заокружувам со двата клучни аспекти на одржливиот развој: Одржување на мирот и безбедноста и Суверена државна и економска доктрина. А, всушност, во актеуелната пракса се случува обратното: разгорување и намера за проширување на војните, геноцидот, злосторствата и загрозување и укинување на суверените држави и економии, што е меѓународно-правно незасновано и неоправдано и нема правна сила.

На крајот, заради суштественото фундаментално значење на оригиналното и генијално создавање и дела на човекот - творец, се актуелизира прашањето на нова парадигма на вештачката интелигенција во новото време, како особено актуелно и важно прашање и проблем за правилниот одржлив развој на човештвото, во нагорна и позитива линија, а преку примена на новата Парадигма на новото време - Универзален научен применет модел за одржлив развој. Притоа, од особено значење е тоа да се одвива во рамките и во соработка со матичниот Меѓународен славјански универзитет, а врз основа на откритијата и со примена на начинот на кој создавале генијалците, како автентичен македонски и цивилизациски бренд.

Една од најновите потврди за високите резултати од примената на начинот на кој создавале генијалците се и двете добиени награди, во најтешката дисциплина ГОЛЕМ ФОРМАТ, за кратко време, по ред: 1. *Специјална награда Гран при на остен Биенале 2025*, во Струга (19-28 септември) и 2. Наградата на изложбата *ГОЛЕМ ФОРМАТ* на Друштвото на ликовните уметници на Македониа (ДЛУМ) 2025, во Музејот на Град Скопје, за делото *„Големиот духовен портал“* од реномираниот македонски автор Ристо Мијаковски, доделена со едногласна одлука на Уметничкиот совет на ДЛУМ. (Прилог 7, Награденото дело „Големиот Духовен портал“, стр.).

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Алан, Д. (2014). *Меѓународно јавно право,* Скопје: Арс ламина
2. Bondarenko, V.M. (2020). A New Scientific Paradigm as a key to Building a Community with a Common Future for Humanity. *Cadmus Promoting Lidership in Thought that Leads to Action* Volume 4 -Issue 3, November http://cadmusjournal.org/
3. Brown, C. with Ainley, K. (1997,2001,2005). *Understanding International Relations* Third Edition, New York: Palgrave Macmillan
4. Ванковска, Б. (2007). Теоријата на демократски мир: надворешно-политичка димензија. *Годишен зборник,* Филозофски факултет Скопје: 443-458
5. Crawford, James R. (2001) "Responsibility to the International Community as a Whole," *Indiana Journal of Global Legal Studies*: Vol. 8: Iss. 2, Article 2. Available at: https://www.repository.law.indiana.edu/ijgls/vol8/iss2/2
6. Cassese
7. Галушко, Д.В. (2013). О суверенитете государства в международном праве. *Вестник ВГУ Сериа Право,* Но.1 стр. 366-373
8. Гојар-Фабр, С. (2010). *Големите прашања на филозофијата на правото, Скопје: Арс ламина*
9. Gowder, P. (2016). *The rule of Law in the real World*. New York : (online) Cambridge University Press https://doi.org/10.1017/CBO9781316480182
10. Дворкин,Д. (2012). *Сериозен пристап кон правата, Скопје: Магор*
11. Докмановиќ, М. (2014). *Балканот и американската дипломатија во XX век, Скопје:* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“
12. Dugard SC, J. (2023) The choice before us: International law or a ‘rules-based international order’ (Edn.).*The Netherlands Leiden Journal of International Law*, 36: 223–232 https://doi.org/10.1017/S0922156523000043 (online) by Cambridge University Press
13. Jameson, F. (2000). Globalizacija i poitička strategija. *Politička misao,*Vol XXXVII(4):89–104
14. Kant, I. Perpetual Peace: A Philosophical Sketch 1795 достапно на https://dn790007.ca.archive.org/0/items/perpetualpeaceph00kant/perpetualpeaceph00kant.pdf
15. Kelle, U., Reith, F. (2023). Strangers in Paradigms!? Alternatives to Paradigm-Bound Methodology and Methodological Confessionalism. *Forum: Qualitative social research 24 (1) Art.20* https://doi.org/10.17169/fqs-24.1.4015
16. Кимлика, В. (2009). *Современа политичка филозофија*, Скопје: Академски печат
17. Kuhn, Thomas S. (1962/1970). *The Structure of Scientific Revolutions*, 3nd edition, Chicago: University of Chicago Press
18. Кузнецов, П.Г. (2015). *Наука развития Жизни*: сборник трудов. Том I. Введение, Дубна: Русское Космическое Общество, Российская академия естественных наук, Международная Научная школа устойчивого развития имени П.Г. Кузнецова
19. Марфи, Ш.Д. (2011). *Принципи на меѓународното право*, Скопје: Арс ламина

20. Мекоркуоел, Р. Диксон, М. (2010). *Случаи и материјали од меѓународното право* Скопје: Датапонс
21. Митревска, Я. и Сельцер, Д.Г. (2012). Дезинтеграционные процеси в СФРЮ и Социалистическая Республика Македония (1985–1990 гг.). *Вестник ТГУ*, выпуск 2 (106): 325-329
22. Митревска, Ј. (2020). Демократијата - кочници и рамнотежа во законодавниот процес на собранието на Република Северна македонија (аналитички осврт). *Меѓународен дијалог: Исток-Запад (право и политикологија*). *Единаесетта меѓународна научна конференција*. Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе - Битола VII (2) : 143-149
23. Нацев З. и Котовчевски М. (2005). Дефендологија. Учебник за државните универзитети во Република Македонија. Второ дополнето и изменето издание. Куманово: Македонска ризница
24. *Ноосферизм – новый путь развития*: коллективная научная монография. В 2-х кн. / Под науч. ред. Г.М. Иманова и А.А. Горбунова. – СПб.: Астерион, 2017. – 920 с.– Книга I.– 488 с.
25. Њуман, В.Л. (2009). *Општествено истражувачки методи: квалитативни и квантитативни пристапи* Скопје: Просветно дело
26. Oldfield, J. and Shaw, D.J.B. (2006) *V.I. Vernadsky and the noosphere concept: Russian understandings of society-nature interaction.* Geoforum, 37 (1): 145-154.
27. Putica, M. (2018). Umjetna inteligencija: dvojbe suvremenoga razvoja. *HUM XIII (20):198-213*
28. Розов, Н.С. (2018). Динамика гибридн*ых режимов и устойчивость/хрупкость неототалитаризма.* Парадигмы общественного развития. Полития № 1 (88): 30-46 DOI: 10.30570/2078-5089-2018-88-1-30-46
29. Скратон, Р. (2011). *Политичка филозофија*, Скопје: Просветно дело
30. Старостин, А.М. и Жуковский, Д.А. (2015). Цивилизационая парадигма в политической науке: МноговариантностЬ моделей в контексте цивилизационной безопасности. *Государственное и муниципальное управление. Ученые записки СКА ГС*. №3 (75):*75-81*
31. Stiglitz, J.E. (2002). *Globalization and its Discontents,*Достапно на http://digamo.free.fr/stig2002.pdf
32. Stiglitz, J.E. Neoliberalism, Keynesian economics, and responding to today's inflation, Initiative for policy dialog, Columbia university, *Edvard Elgar publishing* 01.31.2024 Достапно на https://ipdcolumbia.org/publication/neoliberalism-keynesian-economics-and-responding-to-todays-inflation/
33. Стоун, Д. (2009). *Политички парадокс: уметност на донесување политички одлуки,* Скопје: Академски печат
34. Судре, Ф. (2012). *Европското и меѓународното право за правата на човекот*, Скопје: Арс ламина
35. Субетто, А.И., Махатма Шанти, Лукоянов, В.В. (2023). Историческое призвание науки, культуры, искуства и образования в XXI веке - ноосферная революция в мировоззрении, ценостях и разуме человека и преобразование основ его бытия

на земле. Научный доклад, Санкт-Петербург: Астерион Достапно на http://ukros.ru/wpcontent/uploads/2023/06/%D0%98%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%87%D0%B5%D1%81%D0%BA.%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B2.-.pdf

36. Субетто, А. И. (2019). Ноосферизм новаяа система сохранения и развития человечества на земле. *Теоретическая экономика* №6: 27-43 www.theoreticaleconomy.ru
37. Треновски, Б. (2009). Пазарните економиии во криза - замена за доминантните макроекономски парадигми. *Политичка мисла:Пазарни економии во криза: кон закрепнување?,* 7(28), декември: 89- 98
38. Firinci Orman, T. (2016). "Paradigm" as a Central Concept in Thomas Kuhn's Thought, *International Journal of Humanities and Social Science* Vol. 6, No. 10; October
39. Фити Т. (2011) *Кејнзијанската економска филозофија (од Кејнз до денешни дни), Куманово:* Македонска ризница
40. Friedman, T. L. (1999,2000). *The Lexus and the Olive Tre*e, First anchor books edition, New York: Straus Giroux
41. Фукујама, Ф. (2012). *Градење држава: управувањето и светскиот поредок во 21 век,* Скопје: Слово
42. Шо, М.Н. (2009). *Меѓународно право*, VI издание, Скопје: Просветно дело
43. Шумкоски, Г. *(2022),* Глобальный трансфер неолиберальных моделей и доктрина суверенного государства // *Вестник Российского университета дружбы народов*. Серия: Международные отношения. Т. 22, № 4 : 71—787. https://doi.org/10.22363/2313-0660-2022-22-4-771-787

Интернет извори

https://www.bbc.com/serbian/lat/svet-68247396

https://www.youtube.com/watch?v=GpKRvCa6gLs&ab_channel=Beogradskicentarzabezbednosnupolitiku

https://archive.org/details/roadsincestructu0000kuhn/page/2/mode/2up?view=theater

https://www.undp.org/sustainable-development-goals

https://www.undp.org/sustainable-development-goals/peace-justice-and-strong-institutions

https://hdr.undp.org/system/files/documents/global-report-document/hdr2023-24reporten.pdf

https://strategicplan.undp.org/?_gl=1*17eqo5b*_gcl_au*MTc0OTk2MDA4MS4xNzQ2NjEzMDgz*_ga*NTY0NTgzMzMxLjE3NDY2MTMwODM.*_ga_3W7LPK0WP1*czE3NDY2MTMwODMkbzEkZzEkdDE3NDY2MTM3MzMkajYwJGwwJGgw

https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/3predlog-31a3.pdf

https://www.analyticamk.org/images/2018/PPP_Predlog-1_003_2dd65.pdf

https://www.politesi.polimi.it/bitstream/10589/178011/1/Phd%20Thesis_Polimi_Beatrice%20Maria%20Bell%C3%A8.pdf http://www.ejil.org/pdfs/10/1/575.pdf
https://www.analyticamk.org/images/2018/PPP_Predlog-1_003_2dd65.pdf
https://denar.mk/322631/ekonomija/dzr-vospostavuvanjeto-i-realizacija-na-dogovori-za-javno-privatno-partnerstvo-ne-obezbeduvaat-efikasni-javni-uslugi
https://doi.org/10.1017/CBO9781316480182
https://www.academia.edu/29310379/%D0%9E_%D1%81%D1%83%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%B5_%D0%B3%D0%BE%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0_%D0%B2_%D0%BC%D0%B5%D0%B6%D0%B4%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D0%BC_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B5?email_work_card=view-paper
https://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/X2H-Xref-ViewHTML.asp?FileID=11593&lang=EN
https://www.academia.edu/5687144/%D0%A2%D0%B5%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%8F_%D0%BC%D0%B5%D0%B6%D0%B4%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D0%B3%D0%BE_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0_%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%8F
https://www.academia.edu/5687144/%D0%A2%D0%B5%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%8F_%D0%BC%D0%B5%D0%B6%D0%B4%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D0%B3%D0%BE_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0_%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%8F
https://www.facebook.com/people/Global-Changes-Center/61552055500877/
https://urbact.eu/articles/lets-revitalise-forgotten-urban-spaces-green-cities-together
https://futurium.ec.europa.eu/sites/default/files/2021-10/CCH%20-%20A4%20-%20Toolkit%20-%20Without%20Annex.pdf
https://www.planradar.com/gb/everything-you-need-to-about-adaptive-reuse-of-buildings/
https://www.re-thinkingthefuture.com/architectural-community/a10935-environmental-benefits-of-reusing-abandoned-buildings/
https://billionbricks.org/blog/spaces-renewed-sustainable-solutions-for-abandoned-spaces/https://www.historichouses.org/building-on-the-past-repair-restoration-and-reuse/
https://www.re-thinkingthefuture.com/articles/reusing-abandoned-buildings-adaptive-reuse/https://dtascommunityownership.org.uk/sites/default/files/SUSTAINABLE%20NEW%20USES%20FOR%20OLD%20BUILDINGS%20PRINT.pdf

https://frameweb.com/article/hospitality/old-space-new-tricks-these-5-hospitality-venues-give-unused-buildings-a-new-lease-of-life
https://www.ciob.org/sites/default/files/M20%20%20REVITALISATION%20AND%20REFURBISHMENT%20IN%20CONSTRUCTION.pdf
https://baltimoreheritage.github.io/vacant-buildings-101/guides/barriers-reuse/
https://bgeeng.com/adaptive-reuse-revitalising-the-past-to-create-the-future/
https://www.falmouthpacket.co.uk/news/24043343.truro-new-life-city-buildings-project-places-work/
https://green.org/2024/12/16/a-sustainable-solution-for-addressing-vacant-abandoned-properties/
https://economictimes.indiatimes.com/news/new-updates/inspired-by-japan-keralas-k-home-plan-repurposes-vacant-homes-for-tourism/articleshow/118063181.cms?from=mdr
https://www.mdpi.com/2073-445X/12/6/1166
https://www.capsticks.com/insights/right-to-regenerate-an-easier-way-to-buy-unused-land-for-development
https://www.preprints.org/frontend/manuscript/c65286fdcb6177d8985b9da24736fcf7/download_pub
https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0264837720325230
https://www.mdpi.com/2071-1050/11/20/5662
https://www.politesi.polimi.it/bitstream/10589/178011/1/Phd%20Thesis_Polimi_Beatrice%20Maria%20Bell%C3%A8.pdf
https://russia.ru/news/budushhee-mezdunarodnogo-prava-obsudili-eksperty-na-simpoziume-sozdavaiabudushhee?utm_source=google.com&utm_medium=organic&utm_campaign=google.com&utm_referrer=google.com
https://www.mjil.ru/jour/article/view/1792/1693
https://www.cambridge.org/core/services/aopcambridgecore/content/view/9BF6FDE6A095E753C7A3F6BD465456A5/9781107136892AR.pdf/The_Rule_of_Law_in_the_Real_World.pdf?event-type=FTLA
https://cic.nyu.edu/wp-content/uploads/2024/10/A-New-Vision-for-Peace-Operations-October-2024.pdf
https://www.cambridge.org/core/services/aopcambridgecore/content/view/9BF6FDE6A095E753C7A3F6BD465456A5/9781107136892AR.pdf/The_Rule_of_Law_in_the_Real_World.pdf?event-type=FTLA
https://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/X2H-Xref-ViewHTML.asp?FileID=11593&lang=EN

https://www.academia.edu/29310379/%D0%9E_%D1%81%D1%83%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%B5_%D0%B3%D0%BE%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0_%D0%B2_%D0%BC%D0%B5%D0%B6%D0%B4%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D0%BC_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B5?email_work_card=view-paper пристапено на 14.02.2025 во 11:48
https://www.rfbr.ru/library/books/3168/
https://www.inesnet.ru/wpcontent/uploads/2021/11/%D0%9A%D0%BD%D0%B8%D0%B3%D0%B0_%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D0%BD%D0%BD%D1%8B%D0%B5.pdf
https://www.rfbr.ru/view_book/3168/
https://journals.rcsi.science/1997-0803/article/view/267678/246643
https://cosmatica.org/library/479-noosferizm-novaja-paradigma-vyzhivanija-chelovechestva-na-zemle.html
https://fishki.net/4232742-chto-takoe-paradigma-novaja-paradigma-smena-paradigmy.html
https://cyberleninka.ru/article/n/noosferizm-kak-nauchno-metodologicheskoe-osnovanie-dlya-resheniya-sotsialno-ekonomicheskih-i-tehnologicheskih-problem-novoy
https://pureportal.spbu.ru/files/10088807/_._._1.pdf
https://www.rypravlenie.ru/wp-content/uploads/2015/07/01-Kuznetsov.pdf
https://www.rypravlenie.ru/wp-content/uploads/2014/08/10-Shilin.pdf
https://antimilitary.narod.ru/antology/sorokin/Sorokin_Journey_2.htm
https://cyberleninka.ru/article/n/vlast-i-nravstvennost-kto-dolzhen-storozhit-strazhey-glava-i-ideologii-pravyaschih-grupp-tri-vzglyada-na-moral
https://www.oxfordreference.com/search?q=paradigm&searchBtn=Search&isQuickSearch=true
https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/paradigm
https://www.geopolitika.ru/en/article/towards-sovereign-doctrine-and-sovereign-economic-development
https://www.researchgate.net/publication/366939286_Global_Dissipation_of_Neoliberal_Models_and_the_Sovereign_State_Doctrine
https://www.rypravlenie.ru/wp-content/uploads/2014/08/04-Pudenko.pdf
https://www.rypravlenie.ru/?p=2800&lang=en
https://www.rypravlenie.ru/wp-content/uploads/2015/10/03-Kuznetsov.pdf
https://larouchepub.com/eiw/public/2001/eirv28n50-20011228/eirv28n50-20011228_037-

the_revolutionary_life_of_pobisk.pdf
https://utppublishing.com/doi/full/10.3138/9780802034410.002
https://zavtra.ru/blogs/nepriznannij_genij
https://samlib.ru/m/mamychenko_a_w/kniga3bezinflasionekonkmik.shtml
https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs
https://dzr.mk/sites/default/files/202405/nastan/2_Revizorski_izvestaj_Podgotvenost_RSM_implementacija_SDGS_2030_MK.pdf
https://eprints.ugd.edu.mk/4616/1/Odrzliviot%20razvojnova%20globalna%20paradigma,%20monografija,%20Matlievska,%202011.pdf
file:///C:/Users/kosti/Desktop/%D0%9C%D0%90%D0%93%D0%98%D0%A1%D0%A2%D0%95%D0%A0%D0%A1%D0%9A%D0%90%20%D0%88%D0%9F%D0%9F/stig2002%20Globalization%20and%20its%20discontents.pdf
https://360stepeni.mk/marichik-ke-isporachame-reformi-i-teshki-odluki-a-eu-da-isporacha-chlenstvo-vo-dogledno-vreme/
https://www.slobodenpecat.mk/shole-pred-senatot-s-makedonija-e-spremna-da-donese-teshki-odluki-za-eu-treba-da-ja-poddrzhime/
https://www.britannica.com/money/Washington-consensus
https://www.piie.com/blogs/realtime-economic-issues-watch/what-washington-consensus
https://carnegieendowment.org/posts/2002/10/washington-consensus-a-damaged-brand?lang=en
http://repozitorijumips.rs/1502/1/Neoliberal%20Myths_2024_Mi%C5%A1a%20Stojadinovi%C4%87.pdf
file:///C:/Users/kosti/Desktop/%D0%9C%D0%90%D0%93%D0%98%D0%A1%D0%A2%D0%95%D0%A0%D0%A1%D0%9A%D0%90%20%D0%88%D0%9F%D0%9F/stiglitz-lecture,%20change%20of%20a%20paradigm.pdf
https://www.imf.org/en/About/glossary
https://www.inesnet.ru/wp-content/uploads/2017/07/Blok_sist_dolg_celi.pdf
https://cyberleninka.ru/article/n/tsivilizatsionnaya-teoriya-v-rossii-proshloe-nastoyaschee-i-buduschee
https://yulielearning.com/pluginfile.php/4832/mod_resource/content/1/1.%20Reading%20%20Paradigm.pdf
https://educationalresearch.pressbooks.tru.ca/chapter/definition-of-research-paradigms/
https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S2590291121001029
https://educationalresearch.pressbooks.tru.ca/chapter/postmodern-paradigm/

https://plato.stanford.edu/entries/thomas-kuhn/
https://www.sciencedaily.com/search/?keyword=paradigm#gsc.tab=0&gsc.q=paradigm&gsc.page=5
https://www.researchgate.net/publication/249678327_Foundational_Paradigms_of_Social_Sciences
https://doi.org/10.3126/jps.v23i1.52289
https://www.opentextbooks.org.hk/ditatopic/28846
https://www.researchgate.net/publication/354528534_Understanding_Research_Paradigm_in_Social_Sciences_A_critique_of_Two_Papers_on_Critical_Success_Factors_for_BIM_Implementation
https://download.e-bookshelf.de/download/0012/0962/07/L-X-0012096207-0035445250.XHTML/index.xhtml
https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1154775.pdf
https://www.researchgate.net/publication/27399579_Paradigm_Change_in_Action_The_Role_of_Social_Movements
https://www.academia.edu/87336627/Theory_and_Paradigm_in_Social_Research
https://scispace.com/pdf/the-research-design-maze-understanding-paradigms-cases-1srbgpiwhb.pdf
http://repository.unusa.ac.id/10754/1/Epistemology%20of%20Paradigms%20for%20Positivism%2C%20Interpretivism%2C%20and%20Action%20Research%20in%20Educational%20Research%20A%20Literature%20Review.pdf
https://ethnographyworkshop.wordpress.com/wp-content/uploads/2014/11/guba-lincoln1994-competing-paradigms-in-qualitative-research-handbook-of-qualitative-research.pdf
https://journals.sagepub.com/doi/full/10.1177/16094069231165951
https://citeseerx.ist.psu.edu/document?repid=rep1&type=pdf&doi=3f72ea412239b4ebe091190cf5a427f092643635
file:///C:/Users/kosti/Desktop/%D0%9C%D0%90%D0%93%D0%98%D0%A1%D0%A2%D0%95%D0%A0%D0%A1%D0%9A%D0%90%20%D0%88%D0%9F%D0%9F/paradigma%20document.pdf
https://testbook.com/question-answer/the-paradigmof-research-which-focuses-on-the--5efc5ff1a8f1a0174beeb8ea
https://www.mdpi.com/2076-0760/8/9/255
https://www.lri.fr/~mbl/Stanford/CS477/papers/Kuhn-SSR-2ndEd.pdf
https://oro.open.ac.uk/49591/17/49591ORO.pdf

https://samples.jblearning.com/9781284262391/9781284262421_CH03_Richards_Secured.pdf https://www.intechopen.com/chapters/58890
https://www.intechopen.com/books/1004047
https://voidnetwork.gr/wp-content/uploads/2016/09/Strategy-or-identity.New-theoretical-paradigms-and-contemporary-social-movements-by-Jean-L.-Cohen.pdf
http://ijdri.com/me/wp-content/uploads/2020/05/4.pdf
https://www.ijmra.us/project%20doc/2019/IJRSS_NOVEMBER2019/IJRSS14Nov19-17227IJRSS.pdf https://www.sjsu.edu/people/marcos.pizarro/courses/8085/s1/Wilson.pdf
https://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ1080001.pdf
https://lo.unisa.edu.au/pluginfile.php/1205749/mod_book/chapter/122327/Paradigm%20proliferation%20as%20a%20good%20thing%20to%20think%20with.pdf
https://scholar.harvard.edu/files/hall/files/hall1993_paradigms.pdf
https://www.academia.edu/96707681/Global_Dissipation_of_Neoliberal_Models_and_the_Sovereign_State_Doctrine?auto=download&email_work_card=download-paper
https://plato.stanford.edu/entries/thomas-kuhn/
https://ecampusontario.pressbooks.pub/scientificinquiry/chapter/6-2-paradigms-theories-and-how-they-shape-a-researchers-approach/
https://portal.rcs.ac.uk/pglt-academic-toolkit/year-3-content/paradigms-and-theoretical-positions-of-educational-research/
https://en.wikipedia.org/wiki/Paradigm
https://www.researchgate.net/publication/24135071_On_Paradigms_Theories_and_Models
https://www.sobranie.mk/r-makedonija-na-pat-kon-eu.nspx
https://ipdcolumbia.org/publication/neoliberalism-keynesian-economics-and-responding-to-todays-inflation/
https://doi.org/10.4337/roke.2024.01.01
https://www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/Publications/Convention/0850026_E.pdf
https://www.researchgate.net/publication/377515284_METODOLOGIA_CIVILIZACIONNOGO_ANALIZA_V_SOCIALNO-FILOSOFSKOM_ISSLEDOVANII
https://sindikat-hsp.hr/lijepo-je-bilo-tamo-price-radnickih-odmaralista/
https://www.vecernji.hr/vijesti/odmaraliste-u-dramlju-treba-biti-dostupno-svoj-djeci-306210
https://www.index.hr/vijesti/clanak/drzava-iznajmila-14-odmaralista-i-nekadasnji-restoran/2049181.aspx
https://plusportal.hr/gospodarstvo/tko_je_zapalio_i_opljackao_koncarevo_odmaraliste_na_zvecevu-42954

https://www.ekapija.com/news/2770964/infrastructure/circular-economy/real-estate/projects
https://www.cins.rs/mokra-gora-dream-drzavni-hotel-bez-dozvole-kusturicin-drvengrad-pun-gostiju/
https://www.politika.rs/sr/clanak/237451/Srbija/Kako-je-Kragujevac-zastitio-odmaraliste-kod-Makarske
https://fokus.mk/sporna-prodazhba-na-nedogradeniot-hotel-na-granit-vo-dojran-za-150-000-evra/
https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%97%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%BE_%D0%B2%D0%BB%D0%BE%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5
https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/3predlog-31a3.pdf Просторен план за Охридско -преспаснки регион
https://novamakedonija.com.mk/ekonomija/%D0%B4%D0%B0%D0%BB%D0%B8-%D1%81%D1%82%D0%B5-%D0%B4%D0%B5%D0%BB-%D0%BE%D0%B4-%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%98%D0%B0/
https://novamakedonija.com.mk/ekonomija/shto-bi-bilo-podobro-za-makedonija-liberalno-pazarna-ili-pak-koordinirana-dogovorna-ekonomija/
https://finance.gov.mk/2023/08/19/%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%83%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%81%D0%B5-%D0%B7%D0%B4%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8-%D1%84%D1%83%D0%BD/
https://kurir.mk/vesti/makedonija/analiza-na-kostov-radar-i-pod-radarot-250-dena-presklipingiaudiovideomonitoring/?fbclid=IwY2xjawIQLW9leHRuA2FlbQIxMQABHWjKWc3vZHCo8kTaYrmX_Q4SnJlTfShwKGiB7KssAOuPr98Xqzvyoqfbq A_aem_6iCxCI02hAd3CuylNbb9CQ
https://kapital.mk/%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BD-%D0%B8-%D0%B4%D0%BE/
https://republika.mk/vesti/ekonomija/iniczijativata-tri-morina-nosi-golemi-mozhnosti-za-makedonija-i-za-regionot/

https://www.dw.com/mk/%D0%BD%D0%BE%D0%B1%D0%B5%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D1%86%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%B1%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%B0%D1%82%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BA/a-15906286
https://www.slobodnaevropa.mk/a/27151266.html
https://akademik.mk/praven-fakultet-justinijan-prvi-zabeleshki-i-sugestii-za-predlozhenite-izmeni-vo-zakonot-za-visoko-obrazovanie/
https://vecer.mk/komentari-i-analizi/325470c1-2a76-4d4e-88e2-230ca6173352-1?fbclid=IwY2xjawIS0bRleHRuA2FlbQIxMQABHQTh9eyMf63uWLh4LRXltFfSB5_5ar5Q9x6c0IByBNgWnbJkDS7TOlfGBA_aem_7q8pcK9CpN6yUJxyYW-uog
https://en.wikipedia.org/wiki/Argumentation_theory
https://webtv.univ-lille.fr/video/12092/les-desaccords-profonds-et-les-possibilites-de-leur-solution-rationnelle
http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/socr/SOCR%202019.1/SOCR%202019.1.14.%20Trajkovski,%20I.%20-%20Politickata%20isklucitelnost....pdf
http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/socr/SOCR%202017.1/SOCR%202017.1.09.%20Radulovikj,%20M.%20%20Semejstvoto%20vo%20tranziciskiot%20proces%20na%20R.%20Makedonija.pdf
https://www.pewresearch.org/internet/2018/12/10/artificial-intelligence-and-the-future-of-humans/
https://novamakedonija.com.mk/pecateno-izdanie/za-veshtachkata-inteligencija-2/
https://novamakedonija.com.mk/zivot/magazin/veshtachka-inteligencija-so-kriza-na-identitetot/
https://www.gatesnotes.com/the-age-of-ai-has-begun
https://link.springer.com/article/10.1007/s44163-022-00022-8
https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S2666675821001041
https://hrcak.srce.hr/219733https://www.vecernji.hr/vijesti/umjetna-inteligencija-je-vec-usla-u-nase-zivote-pitali-smo-strucnjake-kako-je-koristimo-a-da-nismo-ni-svjesni-1847373
https://umno.mk/vestacka-inteligencija-koj-ja-ima-kontrolata/
https://idei.org.mk/wp-content/uploads/2023/11/%D0%92%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D0%B3%D0%B5%D0%BD

%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0.pdf
https://sdk.mk/index.php/svet/stapi-na-sila-zakonot-za-veshtachka-inteligentsija-na-eu/
https://inovativnost.mk/2025/04/08/meta-go-pretstavi-svojot-najnov-model-na-veshtachka-inteligenczija/
https://almelaw.com/zakon-za-veshtachka-inteligenczija-ai-vo-eu-od-01-08-2024/
https://frontline.mk/2025/04/08/belata-ku-a-pobara-od-agenciite-da-razvi-at-strategi-a-za-proshiruva-e-na-upotrebata-na-veshtachka-inteligenci-a/
https://tocka.com.mk/vesti/512904/zagrizuvacki-prognozi-pocnuvajki-od-ovoj-datum-poveke-ne-ke-imame-kontrola-nad-vestackata-inteligencija
https://media.next.edu.mk/vestacka-inteligencija/
https://denar.mk/320584/tehnologija/google-predvivuda-deka-vestackata-inteligencija-ke-dostigne-covecko-nivo-za-pet-do-deset-godini
https://faktor.mk/briks-mirovna--namesto-antizapadna
https://lib.uni-dubna.ru/search/files/pk_idea/~pk_idea.htm
https://cosmatica.org/upload/redactorfiles/kuznecov-p-g-nauka-razvitija-zhizni-tom-4.pdf
https://korbel.du.edu/pardee/international-futures-platform
https://documents1.worldbank.org/curated/en/287171468323724180/pdf/348550REVISED0101Official0use0ONLY1.pdf
https://www.rypravlenie.ru/wp-content/uploads/2014/08/04-Pudenko.pdf
https://www.nbr.org/wpcontent/uploads/pdfs/publications/sr111_rolland_september2024.pdf
https://manu.edu.mk/wp-content/uploads/2017/03/def-kejnijanizam.pdf
https://www.nber.org/reporter/2022number3/value-intangible-capital
https://cordis.europa.eu/project/id/214576/reporting/de
https://eprints.ugd.edu.mk/2060/1/1.%20%D0%A4%D0%9E%D0%A2%D0%9E%D0%92-%D0%A1%D0%9E%D0%A4%D0%98%D0%88%D0%90%D0%9D%D0%9E%D0%92%D0%90%20%D0%98%D0%9D%D0%A2%D0%95%D0%9B%D0%95%D0%9A%D0%A2%D0%A3%D0%90%D0%9B%D0%9D%D0%98%D0%9E%D0%A2%20%D0%9A%D0%90%D0%9F%D0%98%D0%A2%D0%90%D0%9B%20%D0%98%20%D0%9D%D0%9E%D0%92%D0%90%D0%A2%D0%90%20%D0%95%D0%9A%D0%9E%D0%9D%D0%9E%D0%9C%D0%98%D0%88%D0%90%5B1%5D.pdf
https://www.ijhssnet.com/journals/Vol_6_No_10_October_2016/8.pdf
https://www.johnljerz.com/superduper/tlxdownloadsiteMAIN/id1383.html

https://warwick.ac.uk/fac/soc/wbs/subjects/orms/ormsevents/scenario2015/presentations/5b_-_r.wayland.pdf
https://philarchive.org/archive/DELTKP
https://www.merriam-webster.com/dictionary/paradigm
https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/paradigm
https://www.ijhssnet.com/journals/Vol_6_No_10_October_2016/8.pdf
https://cyberleninka.ru/article/n/globalnyy-transfer-neoliberalnyh-modeley-i-doktrina-suverennogo-gosudarstva
https://www.geopolitika.ru/en/article/towards-sovereign-doctrine-and-sovereign-economic-development
https://www.geopolitika.ru/en/article/failure-making-world-its-own-neoliberal-image
https://www.geopolitika.ru/en/article/counterhegemony-need-operationalizing-ideology-strategy-plans-vision-beautiful-free
https://www.geopolitika.ru/en/article/how-mergers-acquisitions-paved-wests-road-towards-corrupt-centrally-planned-economy
https://sumkoski.substack.com/p/freedom-declaration-of-the-sovereign
https://www.academia.edu/69911667/Dynamics_of_Hybrid_Regimes_and_Sustainability_Fragility_of_Neo_Totalitarianism?auto=download&email_work_card=download-paper
https://www.academia.edu/2941612/Developing_a_model_for_managing_intellectual_capital?auto=download&email_work_card=download-paper
https://csruso.ru/nashi-universitety/filosofija/noosfernyj-sojuz-civilizacij/
https://cyberleninka.ru/article/n/sistemogeneticheskaya-teoriya-vremeni-i-prostranstva-chast-i
https://cyberleninka.ru/article/n/sistemogeneticheskaya-teoriya-vremeni-i-prostranstva-chast-ii
https://eprints.ugd.edu.mk/6037/1/20.%20ZINOVJEF%20-%20final.pdf
https://csruso.ru/nashi-universitety/filosofija/noosfernyj-sojuz-civilizacij/
https://ekois.net/wp-content/uploads/2018/09/beseda_s_subetto.pdf
file:///C:/Users/kosti/Downloads/noosfernaya-tsivilizatsiya-i-noonomika-ot-teorii-k-praktike.pdf
https://www.trinitas.ru/rus/doc/0001/005d/2415-sb.pdf
http://www.med-obr.info/med-organisation/publikatsii_prepodavateley/sikorskaya_g_p.php?clear_cache=Y isto
https://vbudushee.ru/about/news/bf-vklad-v-budushchee-i-yunesko-uchastvuyut-v-mezhdunarodnom-dialoge-ob-obrazovanii/

https://www.taylorfrancis.com/chapters/mono/10.4324/9780429498268-8/processual-paradigm-donald-kurtz
https://is.muni.cz/el/fss/jaro2020/HMV420/um/Collin_Wight_Philosophy_of_Science_and_IR.pdf
https://www.undp.org/sustainable-development-goals/peace-justice-and-strong-institutions
https://hdr.undp.org/system/files/documents/global-report-document/hdr2023-24reporten.pdf
https://doi.org/10.1017/CBO9781316480182
https://www.un.org/ruleoflaw/wp-content/uploads/2023/07/New-Vision-of-the-Secretary-General-for-the-Rule-of-Law.pdf
https://docs.un.org/en/A/75/982
https://www.undp.org/sites/g/files/zskgke326/files/publications/Social_Contract_in_Situations_of_Conflict_and_Fragility.pdf
https://eur-lex.europa.eu/resource.html?uri=cellar:9e8d52e1-2c70-11e6-b497-01aa75ed71a1.0006.01/DOC_2&format=PDF
http://www.ejil.org/pdfs/10/1/575.pdf
https://www.bbc.com/serbian/lat/svet-68247396
https://www.youtube.com/watch?v=GpKRvCa6gLs&ab_channel=Beogradskicentarzabezbednosnupolitiku
https://www.encyclopedia.com/history/united-states-and-canada/us-history/manifest-destiny#3401802517
https://www.jstor.org/stable/pdf/1837859.pdf?refreqid=fastly-default%3Adf3a2b0d093d7ef7c5b7aa397c7f2085&ab_segments=&initiator=&acceptTC=1
https://documents1.worldbank.org/curated/en/848411468156560921/pdf/WPS5316.pdf
https://www.piie.com/sites/default/files/publications/papers/williamson0204.pdf
https://cyberleninka.ru/article/n/noosferizm-kak-nauchno-metodologicheskoe-osnovanie-dlya-resheniya-sotsialno-ekonomicheskih-i-tehnologicheskih-problem-novoy
https://pureportal.spbu.ru/files/10088807/_._._1.pdf
https://cyberleninka.ru/article/n/tsivilizatsionnaya-teoriya-v-rossii-proshloe-nastoyaschee-i-buduschee
https://ener.gov.mk/files/propisi_files/documents/705_%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD%20%D0%BA%D0%B0%D0%BF%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%20%D0%BF%D1%

80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5.pdf законза приватизација на државниот капитал
https://ener.gov.mk/files/propisi_files/documents/707_%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D1%81%D0%BE%20%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82.pdf законз а трансфпормација на општественбите претпријатија
https://novamakedonija.com.mk/pecateno-izdanie/partiite-go-diktiraa-procesot-na-privatizacija/
(https://www.dw.com/mk/%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%B5-%D1%83%D1%88%D1%82%D0%B5-%D1%98%D0%B0-%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-5442756)
https://doi.org/10.1080/13563467.2022.2091534
https://www.politesi.polimi.it/bitstream/10589/178011/1/Phd%20Thesis_Polimi_Beatrice%20Maria%20Bell%C3%A8.pdf
https://marh.mk/hotel_evropa_oteshevo_prespa/
https://futurium.ec.europa.eu/sites/default/files/2021-10/CCH%20-%20A4%20-%20Toolkit%20-%20Without%20Annex.pdf
https://eprints.ugd.edu.mk/4616/1/Odrzliviot%20razvoj-nova%20globalna%20paradigma,%20monografija,%20Matlievska,%202011.pdf
https://scholarship.law.cornell.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1509&context=cilj
https://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/X2H-Xref-ViewHTML.asp?FileID=11593&lang=EN
https://www.repository.law.indiana.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1196&context=ijgls#:~:text=I.,a%20new%20era%20in%20which
https://www.repository.law.indiana.edu/ijgls/vol7/iss2/13
https://vdoc.pub/download/the-lexus-and-the-olive-tree-understanding-globalization-5mr6rqfv79n0
https://doi.org/10.22363/2313-0660-2022-22-4-771-787

https://www.academia.edu/5687144/%D0%A2%D0%B5%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%8F_%D0%BC%D0%B5%D0%B6%D0%B4%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D0%B3%D0%BE_%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0_%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%8F

https://www.elgaronline.com/view/journals/roke/22/roke.2014.02.00.xml?rskey=gDBz02&result=79&print&tab_body=fulltext

https://shs.cairn.info/revue-l-europe-en-formation-2013-4-page-115?lang=en

https://s3.amazonaws.com/arenaattachments/1571544/47b3641edf55c464b0b3b2cf775a0386.pdf?1515221273

https://eng.globalaffairs.ru/articles/a-state-as-civilisation/

https://www.parleypolicy.com/post/the-rules-based-international-order-explained исто

https://www.cambridge.org/core/services/aop-cambridge-core/content/view/7BEDE2312FDF9D6225E16988FD18BAF0/S0922156523000043a.pdf/the-choice-before-us-international-law-or-a-rules-based-international-order.pdf

https://www.csun.edu/~vcsoc00i/classes/s680f14/Lakatos.pdf

http://strangebeautiful.com/other-texts/lakatos-meth-sci-research-phil-papers-1.pdf

https://e-space.mmu.ac.uk/41717/

https://www.ijhssnet.com/journals/Vol_6_No_10_October_2016/8.pdf

https://nielibrary.com/stream_pdf/publication/1094/6656be0887955.pdf

За листа на кандидати ДИК

https://www.sec.mk/izvestuvanje-za-sobiranje-na-potpisi-za-kandidati-za-pretsedatel-na-republika-severna-makedonija-2/

https://zamladite.com/

https://www.youtube.com/@otkritijardiscoveries2010/featured

https://www.youtube.com/watch?v=Bd8H22w3w1Y&list=PLLHj1BZj61ahf8rF1outTlDrEgoCqiPFr&index=11&ab_channel=OTKRITIJARDISCOVERIES

https://www.youtube.com/watch?v=oQ0hgdIfKg&list=PLLHj1BZj61ahf8rF1outTlDrEgoCqiPFr&index=7&ab_channel=OTKRITIJARDISCOVERIES

https://faktor.mk/bobinkova-mijakovska-dogovorot-so-grcija-e-protivustaven-nedozvolen-velepredavnichki

https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%81%D1%82-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%BE%D1%82-


%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B2%D0%BE-%D1%86/
https://mkd.mk/makedonija/bobinkova-chija-izborna-lista-ne-sobra-potpisi-pred-ustavniot-sud-ospori-odredbi-od-izborniot-zakonik/
https://www.youtube.com/watch?v=46b-9L82giE&ab_channel=IcoNajdovski-Perin
https://civilmedia.mk/prd-sobrani-s-protstirasch-protiv-dvoazitchnosta/
https://w.webohrid.com/2017/09/07/protestno-cestvuvanje-na-denot-na-nezavinosta-na-makedonija/
https://cyberleninka.ru/article/n/dezintegratsionnye-protsessy-v-sfryu-i-sotsialisticheskaya-respublika-makedoniya-1985-1990-gg
https://konferencii.msu.edu.mk/wp-content/uploads/000_Spisanie-9-konferentsija-PRAVO.pdf

ЛИСТА НА СЛИКИ





Слика 1 и 2: еден од објетите на Одморалиштето „Царина“ - Отешево, општина Ресен




Слика 3: Комплексот со објекти на Одморалиштето „Царина“-Отешево, општина Ресен



Слика 4: Катлановска бања (лево - објект бр. 3)

ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ



с. м. у. ТП
МИЈАЧКИ
ЗОГРАФ

Бул. Партизански одреди 127/2-14, Скопје, моб. 075/600-937
е-маил адреса: mizografi @ yahoo.com
ж.с-ка 200000092403356 Стопанска банка а.д. Скопје

ДО

МИНИСТЕРКАТА ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Г-ѓа ЕЛИЗАБЕТА КАНЧЕВСКА МИЛЕВСКА

Почитувана минис-

терке,

Ви се обраќам од авторски професионален аспект и создаденото авторско Генетичко интердисциплинарно истражувачко творештво, кое после четири децении, од кои последните две децении бавејќи се со интензивни творечки истражувања на творечките креативни процеси, се заокружи и е на пат да се реализира, со своите создадени сегменти (дваесетина), интердисциплинарно, интерперсонално и по пат на коавторство.

Во оваа прилика чувствувам потреба да му изразам благодарност на моето матично Министерство за култура што сите овие години ми овозможи користење на поволности како самостоен уметник, односно месечни надоместоци за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување и за персонален данок, што за мене беше голема помош, со оглед на тоа дека како автор докрај се посветив на творечките истражувања, без никакви други приходи.

Сега, кога целото авторско истражувачко творештво е заокружено и пред реализација, сакам да му возвратам на Министерството и Вам, како министерка, првиот човек во културата на Република Македонија, истото да го исползувате, во Ваш интерес, па преку Вас и за другите министерства, преку соработка од заеднички интерес и за регионален развој и на републиката.

Сето тоа ќе биде овозможено врз основа и со примена на создадениот нов креативно-научно-истражувачки Генетички/Дејствен приод и метод - **откриениот начин и пат за постигнување високи резултати и вредности во сите области - патот на генијалноста,** со кој е возможно **да се постигнат повеќе бенефити и поголеми профити,** а кој е создаден во рамките на авторското интердисциплинарно истражувачко творештво и Интердисциплинарната истражувачка колонија Интермедија, како еден негов сегмент. Интердисциплинарно, од повеќе аспекти и области, интерперсонално, со коавторства, интерпартнерства (на автори, инвеститори, општини, општината Ресен, Министерството за култура, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Владата на РМ и др.) со што ќе се создава првото **Генетичко/дејствено мултимедијално дело**, во Скопје и Преспа, со кое ќе се поддржи истражувачко-творечкото интердисциплинарно научно третирање и развивање на нови творечко-истражувачки научни области и создавање на продукти на културните индустрии, со што истовремено ќе ја поведеме заедничката цивилизациска заложба: **Ренесансата во живеењето и создавањето за новото време.**

Со мултимедијалното дело во Преспа се вложува во афирмација и развој на повеќе стопански гранки (туризам, градежништво) и на културните индустрии, со коишто ќе биде овозможен развојот на Преспа, општината Ресен и регионалниот развој, опфаќајќи го Дримскиот басен. Сето тоа ќе се одвива во духот на определбите и програмите на Министерството за култура, на европските програми, како и програмата и проектот за Дримскиот басен, "Дримски дијалог", што ги опфаќа петте земји: Македонија, Албанија, Грција, Црна Гора и Косово. Со што одговараме на Рамковната директива на Европската унија, за заеднички трансграничен пристап кон овој басен и за развој на туризмот, културата, економијата и за промоција на регионот.

Со тоа истовремено ИИК Интермедија ("Мијачки зограф") и фондацијата "Мијачки зографи" се става во служба на евро-глобалните заложби, политики и програми за севкупен развој и заштита, на животната средина, регионите, земјите/државите, преку национална, општинска, транснационална, трансгранична, меѓуопштинска, интерегионална, меѓудржавна, интернационална соработка, со градење на севкупните капацитети и човечки, материјални и инфраструктурни ресурси.

За таа цел, моја авторска определба и заложба е целото свое интердисциплинарно истражувачко творештво и идно, целиот имот (недвижен и движен: куќа, ателје, авторски дела) да го посветам на Преспа, воспоставувајќи ја исто така и својата професионална дејност во Преспа, за нејзиниот севкупен развој, а со тоа и на општината и на државата. Со заложбата за создавање нов Ерусалим, нов милениумски културолошки и туристички центар, интердисциплинарен, како прв нов отворен простор за интердисциплинарен развој (општествен, стопански, економски, културолошки, туристички, научно-истражувачки) во функција на туризмот кој ќе биде основна економска и стопанска гранка за развој на регионот пошироко. Со сите предуслови, обележја, услуги и поволности, бенефити и придобивки (приходи, профити) за сите учесници и фактори во заедничкото дело, во развојниот процес и на туристичката понуда, враќајќи и го некогашниот

Прилог 1: Писмо на намери до министерката за култура

царски (благороден, творечко-духовен, цивилизациско-ренесансен) сјај и да стане една од светските топ дестинации во новиот милениум.

Исто така и Фондацијата "Мијачки зографи" која е во процес на формирање, ќе се регистрира за реализација на таа глобална заложба и на заедничкото дело, врз основа на веќе создадените авторски проекти и сегменти, кои се поврзани со развивање на *иновативниот и конкурентен Генетичкиот / дејствен културолошки туризам,* со кој ќе се негува и промовира богатото цивилизациско и културно наследство и традиционалните вредности и придобивки на живеењето и на создавањето на овие простори. Ставајќи ги како висок вредносен аспект и традиционален дел на новиот туризам.

За таа цел во формирање е интердисциплинарен тим на ИИК Интермедија кој го подготвува Проектот и Програмата за соработка со општината Ресен.

Заедничката цивилизациска заложба ќе ја поведеме со еден *интердисциплинарно-творечки Генетички перформанс - мултимедијално дело*, сега веќе традиционално цивилизациско дејствено чествување на Бадник (2005-2011), кога го воспоставивме чествувањето на Бадник, неговото значење со суштествените специфики и поврзувањето на Христовото раѓање со ренесансата, преродбата, во човекот, и пренесување на бадниковиот оган, со *чудото* што се случи во Марков манастир и воспоставување на Бадник во Преспа, Курбиново, како традиционален дел од генетичкиот туризам во Преспа. На највисоко културолошко и цивилизациско и државно (национално) ниво, со што Преспа ја ставаме во центарот на светските случувања и на највисокото рамниште на цивилизациските и културолошки придобивки, со тенденција и заложба да прерасне во интерцивилизациско чествување.

За учесниците во неговото создавање ова дело ќе биде широка платформа за особено издржано, супериорно, компетитивно, конкурентно, иновативно и профитабилно, од сите аспекти, пренасочување на севкупните потенцијали и одржливо инвестирање на долг рок.

Да го поведеме заедно интертворечкиот цивлизациски дијалог и интердисциплинарното глобално дело, *ГЕНИУС*, на разни нивоа и со разни творечки изрази.

Оттука, од Марков манастир, во рамките на воспоставената *истражувачка интердсциплинарна КОЛОНИЈАИНТЕРМЕДИЈА* каде е создадено првото интердисциплинарно творечко дело со помош на генетичкиот метод, пренесувајќи го во Преспа да продолжиме да го создаваме заедничкото глобално генијално дело-инсталација.

Како *повеќенаменска и применлива вредност, дело за културната индустрија, тоа ги содржи вредносните иновативни и конкурентни елементи за повеќе бенефити и поголем профит.*

На тој начин, взаемните придобивки и достигнувања од неговата примена и ползување ќе бидат уште поголеми и позначајни.

За таа цел, Ве предлагаме и Вас, од Вашата клучна и респективна позиција на министер, и Министерството за култура да бидете поведувач, иницијатор, учесник, партнер во заедничкото подвижување и воспоставувањето на новото заедничко дело, коешто ќе биде почеток на воспоставувањето на меѓусебната соработка во повеќе значајни области и нивоа на создавањето и на реализирањето на финалното дело/продукт.

Да создадеме моќен начин на анимирање и заеднички настап и обраќање до јавноста со што ќе ги повикаме творците и создавачите во сите области, производителите, стопанствениците, трговците, инвеститорите, владите и банките и сите добронамерни луѓе да станат учесници и заедно да го создаваме и градиме ***најголемото глобално генијално интердисциплинарно творечко, интеркапитално, интерин-вестициско дело/продукт (со применливи димензии од сите аспекти)*** во екумената. Апсолутно ново, иновативно и престижно досега непојавено на пазарот, уникатно, многудимензионално.

Да го промовираме, презентираме и реализираме ***како висок конкурентен производ за новото време.*** Како особен репрезент и носител на културолошко-цивилизациски високи вредности во функција и на економскиот развој. За што би се направила заедничка стратегија.

За таа цел и во заеднички интерес, се наметнува потребата да Ве замолиме да не примите на разговор и консултации околу Проектот, првата можна прилика од Вашето драгоцено време.

Со особена почит,


25.11.2010 год.
С к о п ј е


С.М.У. Мијачки зограф
Акад. сликар Ристо Мијаковски

п.с. Поради моето заминување во Преспа, ве молам од Вашиот кабинет за терминот на приемот кај Вас нека ме информираат на тел. 075/600-937 .

Доставено и до: Раководителот на Одделението за ликовна и галериска дејност.

Прилог 1: Писмо на намери до министерката за култура (2010)







ДО

Предлагачите на Предлог законот за измени на Изборниот законик

Пратениците

Собранието на Македонија Република Македонија

Законодавно-правна комисија

Комисија за политички систем и односи помеѓу заедниците

Министерство за правда

Политичките субјекти/партии во Македонија

ДИК


ОБСЕ 16.11.2023

Венецијанска комисија

Канцеларија на Делегација на ЕУ во Македонија

Претседателот на Македонија

Предмет: ИНИЦИЈАТИВНО БАРАЊЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК И МОДЕЛ, ЗА ЕДНА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА, ОТВОРЕНИ ЛИСТИ, БЕЗ ПРАГ И ДРУГИ ВО ПРЕДВИДЕНИОТ ЗАКОНСКИ РОК, ЗА ДА МОЖЕ ДА СЕ ПРИМЕНИ НА ~~ПРЕТСТОЈНИТЕ~~ ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2024 г.



17.11.2023 год.

Почитувани,

Во законскиот рок за донесување на потребните и предложени измени во Изборниот законик, а врз основа на повеќе досега поднесени иницијативи и Предлог- закони до Собранието на Македонија, од коишто едниот, за една изборна единица, е веќе дојден во процедура на разгледување во Комисијата за политички систем и односи помеѓу заедниците и Законодавно-правната комисија во Собранието, додека за другиот, за отворени листи, без изборен праг и др. сè уште не е отворена дебата, го доставуваме ова барање, **во најбрз можен рок** (со оглед на тоа дека поминаа повеќе години откако се доставени предлози за измени) како приоритетни точки, а по прашање на изборите и демократското изјаснување на суверените, **во законодавниот дом ИТНО да се стават на дневен ред и гласањето по овие закони. Конечно да биде закажана и одржана седницата за правење на потребните измени на Изборниот законик и модел**, со усогласување на дадените предлози, со амандмани, во еден Предлог- закон за оптимално решавање и за завршница/комплетирање на овој високо значаен/релевантен демократски процес, **со донесување акт за наведените измени на Изборниот законик,** кој и самиот е предуслов за добивање законска висока и валидна демократска рамка за идните правични и легитимни демократски процеси во Македонија.

Аплеираме и бараме висока демократска, национална и државничка свест, совест и одговорност за носењето на потребните демократски измени на Изборниот законик кој конечно ќе ја одразува вистинската волја и гласот на суверените/граѓаните, еднаквоста на гласот, а за избирање на достојни, доблесни и одговорни народни претставници во власта и во институциите на државата.

Со цел за доаѓање до најдобрите модалитети и законски измени, бараме во тој највисок законодавен процес, освен номинираните претставници на предлагачите и другите политички партии, надлежните министерства и надлежните органи за спроведување на изборите процеси, во постапката и на седницата на

Прилог 2: Иницијативно барање за промена на Изборниот законик на РМ (2023)

која ќе се финализира текстот на предлог-измените, **да бидат вклучени и консултирани нашите докажани принципиелни правни авторитети и стручњаци, а исто така и помалите политички субјекти/партии и автентични македонски здруженија на граѓани и организации, кои совесно, одговорно, суверено јавно/транспарентно ги застапуваат и заштитуваат најсуштинските национални и државни интереси.**

Очекуваме истите и потписниците на ова барање да бидат повикани на дебатата/јавната расправа, како и на седницата која треба да биде јавна, за да се направат сите потребни, принципиелни и научно аргументирани/издржани законски измени и реновирања, а со тоа и за нивниот потполн/целосен легитимитет.

За таа цел ќе организираме и одржиме заедничка прес конференција на која ќе се постави ова **неопходно барање да се донесат измените на изборниот законик и модел, согласно препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија (Европска комисија за демократија преку правото), а особено кога одамна се завочкати и се во ек нефорналните предизборни кампањи на власта и опозицијата, а не го слушаме како нивно залагање ова коешто е најважниот предуслов за остварување на демократијата.**

Сето ова ќе има големо значење и значење за Македонија како актуелен претседавач на ОБСЕ која е надлежна за спроведување на демократијата преку правото, законодавството, за реформите на изборниот систем и владеење на правото.

Со почит,

14.11.2023 г.
С к о п ј е

Организација на Македонскиот народ

Координативно тело на Македонците од светот

Македонски манифест

Организација Жени, мајки родољубки на Македонија

Македонско обединувачко движење МОД

Од нас за нас

Учебници и настава мора да има

Коалиција за заштита на децата

Родина Македонија

Десна

Ера Трета - Суверенисти

Работничка партија МОРО

Интегра

Демократи

ТМРО

Движење Македонска преродба

Граѓанска иницијатива за здраво достоинствено и возвишено живеење „ПРЕРОДБА"

Контакт: 077/581-871
ana bobin@yahoo.com.au

Прилог 2: Иницијативно барање за промена на Изборниот законик на РМ (2023)



ОТВОРЕНО ПИСМО

БАРАЊЕ ДО ПРАТЕНИЦИТЕ, СОБРАНИЕТО, ОБСЕ, МЕДИУМИТЕ, ЈАВНОСТА

Од „група избирачи" Ана Бобиконова Мијаковска
Независна листа за кандидати за пратеници во Изборната единица бр.1
за Парламентарните избори 2024 г.

ИТНО - ВЕДНАШ ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ ИЗМЕНИ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК ЗА ЕДНА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА, ОТВОРЕНИ ЛИСТИ, БЕЗ ПРАГ И ДР.

Демократијата не може да биде половична и одложена!

ДА СИ ГИ СКРАТИМЕ МАКИТЕ!

СОБРАНИЕТО И ПРАТЕНИЦИТЕ ДА ГИ ДОНЕСАТ ПОТРЕБНИТЕ ИЗМЕНИ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК, БАРАЊО СО ИНИЦИЈАТИВНОТО БАРАЊЕ ОД 14.11.2023 ГОДИНА И ДА БИДАТ ПРИМЕНЕТИ НА ПРЕТСТОЈНИТЕ ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА. А, во контекст на најновиот преседан: свикување на денешната итна пленарна седница на Собранието, закажана за во 11 часот, за измени на Изборниот законик и тоа само во делот на личните исправи, медиумски плаќени кампања и сл., а не и на суштинските изборни одредби за едноста на гласот и почитување на волјата на суверенот и избирач.

ДОКОЛКУ НЕ ПОСТАПИТЕ, ИТНО - ВЕДНАШ, ЌЕ СЕ ПОВИКАМЕ НА Чл.2 ОД УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА НАЧЕЛОТО НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И НА КРШЕЊЕТО НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО ОД ВАША СТРАНА СО ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА СУВЕРЕНИТЕ, ИЗБИРАЧИТЕ И ГЛАСАЧИТЕ И ЌЕ ПОВИКАМЕ НА БОЈКОТ НА НЕДЕМОКРАТСКИ, НЕФЕР И НЕСЛОБОДНИ ИЗБОРИ!

Имате доволно време да ги донесете сите изборни измени и нема никакви изговори или оправдување за вас!

Под тие нови демократски услови, ќе бидат избрани тие за кого најмногу избирачите ќе гласаат, каква што е народната волја, на суверените!

Праведни демократски систем создава праведно и демократско општество и достоинствени суверени, избирачи, гласачи!

Да ги исчитуваме, применуваме и полземаме, на најдобар начин, за сите и од сите аспекти демократските начела и принципи, согласно Уставот, законите и меѓународните норми и стандарди, кои не можат да се остварат во постојечкиот изборен систем, модел и досегашните одредби во Изборниот законик и ќе држат нас суверените во потчинетост и заложништво на неодговорните пратеници/претставници!

Прилог 3: Отворено писмо до пратениците, Собранието, ОБСЕ, медиумите и јавноста, од Независната листа (2024)

БЕЗ ТОА, вие: ДИК, пратениците, Собранието, политичките субјекти/партии, медиумите, НЕ СПРЕЧУВАТЕ во остварувањето и почитувањето на нашето уставно, суверено , изборачко право, како **НЕЗАВИСНИ УЧЕСНИЦИ** на изборите, и истото брутално кршите.

ДОЗВОЛУВАТЕ ПАРТИИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ ДА СЕ ПРЕПУКУВААТ ПРЕКУ НАС И НАД НАС, НЕЗАВИСНИТЕ, НАТПАРТИЈСКИТЕ, ГРУПА ИЗБИРАЧИ И ДА НЕ ДИСКРЕДИТИРААТ?

ДЕМОКРАТИЈАТА ЈА ИМАМЕ ИЛИ ЈА НЕМАМЕ, СЕГА!
НЕ ПОСТОИ ДЕМОКРАТИЈА НА ОДЛОЖЕНО ВРЕМЕ!

Согледна тоа дека досегашната демократска историја на Македонија низ избори е поврзана со преседани, кои сè уште не се променети и е сè уште влечена практика, посочуваме дека и во овој случај е можно **СЕГА, ИТНО-ВЕДНАШ** на пленарната седница, закажана за во 11 часот, да ги донесете потребните ПАКЕТ измени на Изборниот законик, од Иницијативното барање и многу поранешен краткиот рок, а во однос на тој како што беше постапено во 2021 година, на 12 дена пред почетокот на изборната кампања, кога Собранието изгласа измени и дополнувања на Изборниот законик по Предлог-законот, за кој како предлагачи се потпишаани координаторите на пратеничките групи, кое донесе и по скратена постапка, а според тогашниот последен извештај на ОБСЕ/ОДИХР од 2020 година а сега, да се повеле според Извештајот од 2021 г., имајќи предвид дека веќе 4 години „се влечат“ отпорите од 2019 г. се подносени до Собранието?

Со доставената Претставка со барање (од 28.02.2024 г.) до ДИК, ОБСЕ И Шеф на мисијата амбасадор Килиан Вад, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Делегација на ЕУ во Македонија, Европска комисија, Венецијанска комисија, со кое истовремено бараме рамноправен третман и недискриминација од ДИК, од политичките субјекти/партиите, но и од медиумите, и **ПОЧИТУВАЊЕ, А НЕ ИГНОРИРАЊЕ** на нашата независна листа од група избирачи Ана Бобинкова Мијаковска во ИЕ 1, како и следната поддршка:

а) ПОДДРШКА од ОБСЕ/ОДИХР за итна промена на изборниот законик со една изборна единица, отворени листи, без изборен прат и амандманските измени од 21 јануари 2022 г., да се применат на претстојните избори 2024 г.

б) ПОДДРШКА за рамноправното учество на сиот родољубен македонски народ на сите кадешто се донесуваат одлуки за него и за државата.

в) ПОДДРШКА на настан на изборите на некорумпирани субјекти и суверените гласачи и одредби за забрана на настан и учество на изборите на корумпирани и криминализирани субјекти и структури и нивно процесуирање и одговорност за сторените дела.

г) ПОДДРШКА за пронаоѓањето ПРИНЦИПИЕЛЕН СИСТЕМСКИ НАЧИН за справување/елиминирање на КРИМИНАЛОТ И КОРУПЦИЈАТА во општеството.

д) ПОДДРШКА за обврзаноста/должноста на сите национални и меѓународни институции да постапуваат согласно одредбите за НЕДИСКРИМИНАЦИЈА, врз основа на стандардите и правото на ЕУ, кои се содржани во Европската конвенција за човекови права и основни слободи, дополнително засилени со стапувањето на сила на нов Протокол 12 кон оваа Конвенција, кој ја воведува Генералната забрана на дискриминацијата, а преточени во и согласно новиот *Закон за спречување и за заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година)* донесен во Македонија, според кој се забранува дискриминација ПО КОЈ БИЛО ОСНОВ, а токму македонскиот народ е дискриминиран и му се укинува правото на своето самоопределување и декларирање како Македонци и македонски народ, а тоа се пресликува во сите сфери и на сите нивоа, каде му се спречуваат загарантираните основни човекови права и слободи, „јус когенс“ нормите.

ѓ) ПОДДРШКА за сè друго, според меѓународните стандарди, Уставот и законите кои ги гарантираат овие права.

е) ПОДДРШКА за отворање на затворениот медиумски простор за суверениот македонски родољубив народ, единаква застапеност/правото во медиумите;

ж) ПОДРШКА за НЕМЕНУВАЊЕ на **документите за лична идентификација, ознаките на возилата и сл. со нелегитимни одлуки и одредби, произлезени од ништовни договори, акти и закони.**

07.03.2024 г.
Скопје

Контакт: 077/581-871
anabobin@yahoo.com.au

Подносител на листа „група избирачи“
Ана Бобинкова Мијаковска

Претседател на Граѓанска иницијатив за здраво, достоинствено и возвишено живеење „ПРЕРОДБА“

Претседател на Собранието на Организација на македонскиот народ

Прилог 3: Отворено писмо до пратениците, Собранието, ОБСЕ, медиумите и јавноста, од Независната листа (2024)

ВЕДНАШ - ИТНО!



ДО

Државната изборна комисија
Претседателот и членовите на ДИК

ОБСЕ/ОДИХР
Делегација на мисијата за следење на избори на канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР)

Шеф на мисијата
амбасадор Килиан Вал

Дирекција за спречување корупција

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Народен правобранител

Делегација на ЕУ во Македонија

Европска комисија

Венецијанска комисија

ПРЕТСТАВКА против дискриминација и повреда на избирачко право и барање за поддршка

Од Ана Бобинкова Мијаковска, подносител на листа од „група избирачи" за собирање потписи за кандидати за пратеници во Собранието за Изборна единица 1 за парламентарните избори 2024 година.

Бул. Партизански одреди бр.127/2-14, Скопје - Карпош

Ја поднесувам оваа претставка против дискриминација и повреда на моето избирачко право како носител на листа „група избирачи„ Ана Бобинкова Мијаковска, за собирање потписи за кандидати за пратеници во Собранието на РМ за Изборна единица 1 за парламентарните избори 2024 година и против дискриминација и повреда на избирачкото право на секој од 20-те кандидати кои се на оваа листа.

На веб страната на Државната изборна комисија (ДИК) не е објавено известувањето за нашата поднесена листа за собирање потписи за предложени кандидати за пратеници, со што се прави **директна дискриминација** кон мене и кон сите нас заедно, оневозможувајќи ни да имаме еднаков пристап и можност за учество на изборите.

Дискриминацијата станува очигледна бидејќи како **последица на оваа задршка, неизвестување и оневозможување од страна на ДИК кон нас, ниту во еден медиум не се соопштува информацијата дека воопшто постои и е поднесена таква листа од „група избирачи" која е и единствената досега поднесена листа за собирање потписи за независни кандидати за пратеници за парламентарните избори 2024 година.**

Со тоа веќе на почетокот сме многу оштетени, со оглед на тоа што таквата состојба на повреда на нашето избирачко првао и дискриминација, директно влијае за добивање на неповолен резултат односно неможност во предвидениот рок да ги собереме потребниот број од најмалку 1000 потписи од граѓаните, избирачите, гласачите во нашата Изборна единица 1, кои всушност не се информирани, најпрво од ДИК, чија обврска и надлежност е да ја објави таа информација.

А, уште повеќе и што е пострашно, избирачите кои доаѓаат да го дадат својот потпис за листата од страна на лицата задолжени за собирањето потписи во подрачните одделенија се враќаат назад со одговорот дека таква листа од „група избирачи" нема!?

Прилог 4: Претставка против дискриминација на избирачко право (2024)

постапка, а според тогашниот последен извештај на ОБСЕ/ОДИХР од 2020 година, а сега, да се донесат според Извешајот од 2021 г. , имајќи предид дека веќе 4 години „ се влечат“ откако во 2019 г. се поднесени до Собранието!?

Како што може да се види од материјалите објавени на страницата на Собранието, тогаш, ги поминале комисиските филтри и веднаш се нашле на собраниска седница и биле донесени со 78 гласа „за“, 2 „против“ и 1 „воздржан„ и 24 гласа „за“ и 1 „воздржан“ од пратениците од помалите етнички заедници.

Уште повеќе, што потпретседателот на владеачката СДС, Фатмир Битиќи бараше уставни измени за внес на Бугарите во Уставот на РМ, пред изборите, ***изјавувајќи дека претседателските избори ќе бидат потврда на победата на парламентарните избори во корист на сегашната влада и дека според него процесот на уставни измени не е мртов и затоа бараше ако има деловничка можност по изборот на техничка влада на 28 јануари, веднаш на истата седница да се стават и амандманите за устави измени.*** (11.12.2023 г., ТВ 24 Анализа),

Ако е така, **СУВЕРЕНИТЕ, ГРАЃАНИТЕ на Македонија имаат ОСОБЕНО ОСНОВНО ЛЕГИТИМНО ПРАВО ДА БАРААТ РАМНОПРАВНОСТ, ЕДНАКВОСТ НА ГЛАСОТ И НЕОПХОДНИ ИЗМЕНИ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК, КОИ СЕ ПРЕДУСЛОВ ЗА ВИСТИНСКИ ДЕМОКРАТСКИ, СЛОБОДНИ И ФЕР ИЗБОРИ, А НЕ ИЗБОРНА ЗЛОУПОТРЕБА НА СУВЕРЕНОТ, НА ГЛАСАЧИТЕ И ИЗБОРНА ИЗМАМА, НЕДЕМОКРАТСКИ, НЕСЛОБОДНИ И НЕФЕР ИЗБОРИ.**

Поранешниот шеф на мисијата, Клеменс Која во изјава за 360 степени од 7-ми февруари 2021 година: „потенцира дека ОДИХР не препорачува специфичен изборен модел, а земјите учеснички во ОБСЕ користат широк спектар на разни изборни модели и разни системи за спроведување на изборите, клучно е, нагласува, да се обезбеди инклузивност на процесот за изборна реформа“.

Како што можеме да видиме од сегашното постапување на надлежните органи и институции таква инклузивност воопшто не е обезбедена, си тераат самите со себе и по свое.

Како и тогаш, тие, така и сега, ние, со наша делегација бараме средба со шефот на мисијата за следење на изборите на канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР), господин амбасадор Килиан Вал, за да дискутираме околу горенаведените повреди и барања и особено поради фактот дека е започната собраниската постапка и процедура, за донесување на изборните измени, во целиот пакет, а по препораките на ОБСЕ/ОДИХР, истата треба да се комплетира со донесување на акт за усвојување на измените, доставени со Предлог законите и амандманите за измени на Изборниот законик.

Да бидат обезбедени сите гаранции за спроведување на изборите со примена на новите измени, на претстојните избори, според највисоки стандарди.

Да ни се овозможи еднаков третман и информирање на јавноста и на избирачите и евентуално продолжување на рокот за собирање потписи за нашата листа на предложени кандидати, бидејќи поминаа веќе 5 дена како истата се сокрива без да се објави.

Во прилог Ви ги доставувам:
-Известувањето до ДИК од 23.02.2024 год.
-Записници за прием: бр.18/31 од 25.02.2024 ДИК П.О. Кисела вода, бр. 18/56 1 од 25.02.2024 од ДИК П.О. Чаир, бр.18/35/2 од 25.02.2024 г. ДИК П.О. Центар,
-Листа на предложени кандидати од Образец бр.2 доставена до ДИК од 26.02.2024 г.
-Иницијативното барање за донесување на измените на Изборниот законик и модел, со приемни печати, од 14.11.2023 г.

28.02.2024 г.
Скопје

Контакт: 077/581-871
anabobin@yahoo.com.au

Подносител на листа „група избирачи“
Ана Бобинкова Мијаковска

Претседател на Граѓанска иницијатив за здраво, достоинствено и возвишено живеење „ПРЕРОДБА“

Претседател на Собранието на Организација на македонскиот народ

Прилог 4: Претставка против дискриминација на избирачко право (2024)

Исто така, ДА ДОНЕСЕ Решение за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на оспорувните како неуставни и незаконити одредби од членовите на Изборниот законик и другите подзаконски акти како што е наведено и прецизирано во Иницијативата, поради предизвикувањето на штетни дејства и последици поради организирање на неуставни, недемократски, неслободни и нефер избори, до конечната одлука на Уставниот суд по оваа Иницијатива.

Без тоа се доведува во прашање легитимитетот на изборите по основ на уставноста и законитоста која што е определена со Закон и Устав, а коишто се кршат со наведените оспорени одредби со оваа Иницијатива.

Со оваа иницијатива се оспоруваат и подзаконските акти за ДИК со кои се постапува неуставно во изборниот процес кој е во тек.

Ние, како подносители и иницијатори на оваа Иницијатива **се уште остануваме во изборниот процес под уставните одредби кои ни ја гарантираат еднаквоста на избирачкото право и еднаквоста на гласот на секој граѓанин суверен Член 22 од Уставот,** кој гарантира еднаквост на избирачкото право: **Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори и член 23 Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции, член 20 став 1 и Член 51 од Уставот, а коешто е прекршено со наведените неуставни одредби.** Со тие оспорувани одредби, изборите се антиуставни и незаконски.

Како подносители, БАРАМЕ да бидеме перманентно, навремено и **писмено известени** за понатамошното постапување, како и за исходот од оваа наша Иницијатива – согласно чл. 13 и чл. 22, ст.1-2 од Вашиот Деловник за работа.

Кон Иницијативата доставуваме:

Претставка против дискриминација и повреда на избирачкото право и барање за поддршка од 28.02.2024 г. до ДИК, ОБСЕ, Државната комисија за спречување корупција, Дирекција за спречување и заштита од дискриминација и др.
Иницијативно барање за донесување на измените на изборниот законик и модел за една изборна единица, отворени листи, без праг од 14.11.2024 г. до Собранието, пратениците и др.
Известување за поведување иницијатива за собирање потписи до ДИК, од 23.02.2024 г.
Отворено писмо до пратениците, Собранието, ОБСЕ, медиумите и јавноста од 07.03.2024 г.
Записници (4) за доставување на Образецот за собирање потписи за Независната листа до подрачните одделенија на ДИК во Центар, Карпош, К.Вода и Чаир на ИЕ 1
Записници (2) за предавање на Образецот за собирање потписи за Независната листа

Како доказ, предлагаме Судот да направи Увид во Документацијата на ДИК.

Подносители:

„Група избирачи" Ана Бобинкова Мијаковска
Независна листа на предложени кандидати за пратеници во ИЕ 1 за Парламентарните избори 2024 г.

Зоран Петковски

Скопје
15.03. 2024 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 14 MAR 2024

Прилог 5: Иницијатива до Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста на Изборниот законик на РМ (2024)



Кога оружјата звецкаат, кога се распламтени воени жаришта низ светот, со закани на употреба на нуклеарно и други слични оружја, кога пред очите на цел свет се вршат геноциди на народи и се случува повампирување на забранетиот фашизам, тогаш:

- Дојдено е времето за формирање на Совет на народите за посредувања, помирувања, договарања за мирољубиви разрешувања при воените и други конфликти со заложба и интенција да се спречи уништување на Човештвото со употреба на нуклеарно и други оружја!

- Дојдено е времето за воздигнување на храброста и доблеста за поведување на новата Ренесанса за хуманизирање на Човештвото!

До: Академик Проф.др. Љупчо Коцарев, Проф.др. Игор Јанев, Проф.др. Нестор Огинар, Проф.др. Милица Огинар, Проф.др. Билјана Ванковска, Проф.др. Јордан Ѓорчев, Др. Вера Лалчевска, Проф.др. Јагода Митревска, Др.Горан Шумкоски, Мице Јанкуловски, Проф.др Чедомир Цветановски, Проф.др. Душко Алексовски, Живко Поповски Цветин, Драгица Пандиловска, Мр. Драган Стоиловски, Ана Бобинкова Мијаковска

Хумано алтернативно миротворно писмо

Почитувани доблесни и мирољубиви Македонци

Ви го доставуваме ова *Хумано алтернативно и миротворно писмо*, со кое истовремено Ве предлагаме за член на ***Македонскиот национален народен совет*** кој ќе се формира од сите предложени членови кои од своите редови ќе изберат **македонски народен амбасадор**, кој заедно со другите избрани народни амбасадори од другите земји ќе го формираат ***Меѓународниот Совет на народите на светот*** со хуманата алтернативна заложба за потполн и траен мир во светот и меѓу народите.

Ние, поединците и народите, како најголеми жртви на безумните војни и милитаристички агенди и политики, се поврзуваме, соработуваме и преку нашите избрани народни амбасадори посредуваме за престанок на сите војни и вооружени конфликти и за воспоставување и одржување на траен мир!

Највисоките доблесни, морални и некорумпирани претставници на народите, преку формираните национални совети, избирајќи го својот народен амбасадор го делегираат во Меѓународниот совет на народите на светот, кои заедно, **како**

амбасадори на народите ќе бидат вистинските заложбеници и посредници за целосен престанок на милитаристичката доктрина и пракса низ целосен престанок на милитаристичката доктрина и пракса низ целиот свет.

За таа цел, го упатуваме ова Хумано алтернативно миротворно писмо до сите предложени лица за членови во Македонскиот национален народен совет, за **народен амбасадор** на македонскиот народ.

Поради тоа што не се почитуваат јасно изразените, особено референдумските волји на македонскиот народ и поради тоа што досегашните власти практично не ги спроведуваат определбите ниту пак стремежите на мнозинскиот македонски народ и држава, туку работат за партиски и други интереси, се наметнува потребата од делегирање на претставници на македонскиот народ во значајни меѓународни инстанци, каде ќе ги застапуваат и бранат интересите на македонскиот народ и држава.

- ДА СЕ ОСУЕТАТ И СПРЕЧАТ ГЕНОЦИДНИТЕ ПЛАНОВИ ЗА УНИШТУВАЊЕ НА НАРОДИ!

- Народот како носител на државниот суверенитет, на кого со војна му се нарушуваат правата, треба да одлучува по прашања поврзани со војна и на штета на народите!

На пример, за претставници на македонскиот народ во ООН, можат да бидат/ ги предлагаме: Проф.др.Игор Јанев и Проф.др.Нестор Огинар, Проф.др. Милица Огинар, во ООН-Женева: Др.Вера Лалчевска, во ШОС: Проф.др. Билјана Ванковска, во БРИКС: Др.Горан Шумкоски, во Совет на Европа: Мр. Драган Стоиловски, а понатаму самиот Совет ќе си предлага народни претставници и во другите значајни меѓународни инстанци.

Националниот совет на македонскиот народ од своите редови ќе го избере амбасадорот на македонскиот народ и ќе го упати ова Хумано алтернативно миротворно писмо до другите хумани, доблесни личности во други земји/држави, докажани со своите народни и немилитаристички ставови, убедувања, заложби и активности, во заштита на својот народ и на својата татковина/земја/држава. По истиот принцип и начин и тие да си предложат членови во својот национален совет на народот и да го изберат својот народен амбасадор.

За таа цел се одржа состанок за потребните чекори и активности за што поскора реализација на оваа хумана и миротворна заложба, во воени и немирољубиви дејства и околност, а најнапред ИТНО ДА ПРЕСТАНАТ СИТЕ ВОЕНИ ДЕЈСТВА И КРВОПРОЛЕВАЊЕ ВО СВЕТОТ И СПАСУВАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ И ЧОВЕЧКИТЕ ЖИВОТИ!

Прилог 6: Мировна иницијатива од Македонија: заложбена хумана алтернатива - нова парадигма (2024)

За кратко време ќе го договориме и следниот состанок.

За оние предложени членови кои живеат надвор од Македонија, овозможено е он-лајн вклучување преку конференциска врска (ќе се испрати линк).

Истовремено, дотогаш и вие предложете личности за народни амбасадори и испратете ги вашите предлози за да може и на нив да им се испрати писмото/материјалот.

Сето тоа во најбрз можен рок, за да може да ги преземаат потребните активности за посредување и стопирање на убиствените милитаристички/воени агенди, програми и дејства.

Тоа е НАСУШНА ПОТРЕБА на денешното современо човештво и НЕ ТРПИ НИКАКВО ОДЛОЖУВАЊЕ!

ИТЕН ПРЕКИН НА ВОЈУВАЊЕТО И НА ВОЕНОТО ПРОИЗВОДСТВО, НА СИТЕ ВИДОВИ НА ОРУЖЈЕ И НА НИВНАТА ПРИМЕНА!

„Како да се создаде зародиш што ќе се развива и шири и ќе го хуманизира човештвото?“ Р.М.

Со почит,

Организација на македонскиот народ

10.09.2024 г., Скопје

„Подигнување на парадигмата„ или Нова парадигма за новото време

Заложбена хумана алтернатива

Човештвото има

АЛТЕРНАТИВА за спас на секој човек, на народите и на човештвото од уништување и самоуништување: СТОП/ ПРЕСТАНОК на војните, вооружените и други конфликти, воените индустрии и производството и употребата на секакво оружје и воено профитерство!

„Подигнување на парадигмата„ или Нова парадигма за новото време и **Хумана**

Прилог 6: Мировна иницијатива од Македонија: заложбена хумана алтернатива - нова парадигма (2024)

алтернатива на целиот корпус на безбедносни политики, култура и безбедносен и кризен менаџмент, кои се сосема погрешни и затоа неуспешни во остварувањето на вистинска и потполна безбедност, сигурност и мир во светот.

Подигнување на ниво на нов корпус на заштита преку престанок на воената индустрија и производството на оружје и воена опрема и забрана на нивната примена и военото профитерство.

Подигнување на парадигмата од статистичка на ниво на хумана вредност, заштита на секој и сечиј живот, непролевање ниту една солза, поради вооружен или воен конфликт, најпрво, начин на кој ќе се намали насилието и убивањето и уништувањето на човечки животи, коешто на ова ниво, на старата парадигма е оправдано, целисходно и пожелно!?

Престанок на милитаристичката култура, образование и развој и небезбедносните т.н. безбедносни политики, досега и сè уште. Наместо тоа негување на духот и практикување на немилитаризам, пријателство, соработка и активен и траен мир.

Престанок на политиките на војување, вооружување и интервенционизам, коешто е тешка и монструозна манипулација, а со единствена цел, за воени профити.

Заложба за свет и иднина на човекот, народите и на човештвото без војни, без вооружување и оружје. А, како директна последица на тоа ќе се смалува насилието, антихуманизмот, тероризмот, местење и соборување влади, корупција и криминал, кои се само чисти продукти на милитаристичката парадигма, политики и анти-цивилизациски вредности, **кои се закана за разградување, деструкција и уништување на сите вредности.**

Наместо воено-безбедносна култура и образование кое всушност ја допушта и/или игнорира бесмисленоста на војувањето и уништувањето, невоено, немилитаристичко образование, **со заложба сите средства на народите, земјите, државите на светот наместо за воооружување и создавање и одржување на скапи безбедносни системи, да се пренасочат за образование, за создавање и живеење и интегрален одржлив развој во траен мир, хуманизам и слобода.**

Заложбена хумана алтернатива која и самата е централен суштински дел од новата парадигма за новото време и има **автентична миротворна моќ и убедување и став да го поведе човештвото за многу скалила нагоре и за многу чекори нанапред во иднината во која воопшто нема војување и убивање, ниту воена индустрија** за уништување на човекот и на човечката цивилизација.

Заложбена хумана алтернатива како неопходен предуслов за хуманизирање на човештвото.

Нова хумана наука ослободена од понатамошно развивање на воени и убојни техники и оружја, од сите видови (ладно, огнено, хемиско, биолошко, нуклеарно/јадрено . . .) и нивната примена.

Прилог 6: Мировна иницијатива од Македонија: заложбена хумана алтернатива - нова парадигма (2024)

Последна шанса за креирање хумана и благородна иднина на човекот и на човечката цивилизација, пред опасноста од целосно уништување и исчезнување.

Заложбата е актуелна, потребна, пожелна, насушна. Затоа, **час поскоро да се позиционираме објективно (а не само декларативно) како вистински заштитници и бранители на човечката мирољубивост, слободољубивост, соработка и свет и иднина без војни, човекоубиство, крвопролевање, непријателства, смрт и пропаст.**

НУЛА ВООРУЖУВАЊЕ - НУЛА ВОЈНИ И УНИШТУВАЊЕ!

ЦЕЛОСНО ПОЧИТУВАЊЕ И УВАЖУВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ И


СИТЕ НАРОДИ НА СВЕТОТ И НИВНИТЕ ЖИВОТИ, ИДЕНТИТЕТ,

СУВЕРЕНИТЕТ И ХУМАНИ ЦИВИЛИЗАЦИСКИ ВРЕДНОСТИ!

Организација на македонскиот народ

Скопје, Македонија 10.09.2024

Прилог 6: Мировна иницијатива од Македонија: заложбена хумана алтернатива - нова парадигма (2024)



Прилог 6: Наградено дело: Продолжение на циклусот Цивилизација - ГОЛЕМИОТ ДУХОВЕН ПОРТАЛ - 2025 Ристо Мијаковски